РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

# КРИТИЧКО ГЕОПОЛИТИЧКА, ГЕОСТРАТЕГИСКА И БЕЗБЕДНОСНА АНАЛИЗА И ДЕФИНИРАЊЕ НА КОНФЛИКТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**-ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА-**

**МЕНТОР**

**Проф. д-р Тони Милески**

**КАНДИДАТ**

**м-р Благица М. Котовчевска**

**СКОПЈЕ, 2018 ГОД.**

*Со неизмерна љубов до моите два ангели, Михаил и Никола,*

*мојот сакан сопруг, Сашо и*

*моите незаменливи родители, Митко и Сузана*

# КРИТИЧКО ГЕОПОЛИТИЧКА, ГЕОСТРАТЕГИСКА И БЕЗБЕДНОСНА АНАЛИЗА И ДЕФИНИРАЊЕ НА КОНФЛИКТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


## *Апстракт*

*Балканот, во новото геостратегиско и геополитичко позиционирање на големите сили за XXI век, се најде во зафатот на најопасниот геополитички и геостратегиски триаголник – најризичниот простор на кој ќе се одиграат големите игри и комбинации на големите сили за и на почетокот на XXI век. Земјите лоцирани во зафатот на овој триаголник, на кои избувнаа голем број на конфликти беа и постанаа колатерална штета на игрите на големите сили. Балканот многу одамна на геополитичката карта на светот е одбележен како значаен геополитички јазол каде што се судираат интересите на светските играчи. Македонија е ситуирана во центарот на еден од светските геополитички јазли.*

*За креирање на комплетна и прецизна слика на конфликтот во Р. Македонија во 2001 година, со нашето истражување се обидовме длабински да ги скенираме неговите основни и суштински детерминанти во една специфична тријада - геополитика (критичка геополитика со нејзините четири основни типови: формална, практична, популарна и структурална геополитика) - геостратегија и безбедност. Со овој концепт на специфични научни истражувања ги доведеме во корелација сите најзначајни сегменти и вредности на претходно потенцираните детерминанти за комплетно елаборирање и расветлување на анализираниот специфичен феномен.*

*Анализите презентирани преку истражувањата на формалната, популарната и преку истражувањата на практичната геополитика неизбежно поврзани и со структуралната геополитика имаат за цел креирање на комплексна и прецизна геополитичка слика, односно геополитичко огледало во функција на суштинска деконструкција на геополитичките дискурси кои креираат стереотипи за актерите инволвирани во определен конфликт, за државите и регионите во кои се води конфликтот, односно креирање на погрешна геополитичка слика или геополитички мозаик.*

*Од полемолошки и безбедносен аспект конфликтот по фаза беше разгледува како: инсурекција – тероризам од помал интензитет (во почетната фаза), тероризам со масовни размери (внатрешни и надворешни), прва фаза на вооружен бунт, атипичен пограничен вооружен судир, атипична воена интервенција. Од друг аспект беше разгледува и како мал вооружен конфликт, конфликт со низок интензитет, како „ транзициски конфликт“ (конфликт на идентитетот), како етнички конфликт, геополитички конфликт како етничко изразување.*



***Клучни зборови:** геополитика, геостратегија, критичка геополитика, безбедност,национална безбедност, конфликт*

# CRITICAL GEOPOLITICAL, GEOSTRATEGIC AND SECURITY ANALYSYS AND DEFINING THE CONFLICT IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA


## *Abstract*

*The Balkan in the new geostrategic and geopolitical positioning of the great powers of the 21st centuryfound itself in the grip of the most dangerous geopolitical and geostrategic triangle - the riskiest space where the great games and combinations of the great powers will take placeduring and at the beginning of the 21st century. The countries located in the grip of this triangle, where a numerous conflicts emerged, were and became a collateral damage of the games of the great powers. The Balkan for a very long time has been marked on the geopolitical map of the worldas a significant geopolitical knot where the interests of world actorscollide. Macedonia is situatedin the center of one of the world's geopolitical knots.*

*In order to create a complete and accurate picture of the conflict in the Republic of Macedoniain 2001, with our research, we tried to thoroughly scan its basic and essential determinants in a specific triad - geopolitics (critical geopolitics with its four basic types: formal, practical, popular and structural geopolitics) – geostrategy and security. With this concept of specific scientific research, we correlated all most significant segments and values of the previously emphasized determinants for the complete elaboration and clarification of the analyzed specific phenomenon.*

*The analyzes presented through the research of formal geopolitics, popular geopolitics and through the research of practical geopolitics,also inevitably related to structural geopolitics, aimed to create a complex and accurate geopolitical picture, that is, a geopolitical mirror in the function of an essential deconstruction of the geopolitical discourses that create stereotypes for the actors involved in a certain conflict, for the states and the regions where the conflict takes place, that is, a creation of afalse geopolitical picture or a geopolitical mosaic.*

*From polemological and security aspect, the conflict according to a stage was reviewed as: insurection - less intense terrorism (in the initial stage), mass scale terrorism (internal and external), first stage of armed rebellion, atypical border parallel armed conflict, atypical military intervention. From another aspect, it was also reviewed as a small armed conflict, a low-intensity conflict, as a "transition conflict" (conflict of identity), as an ethnic conflict, a geopolitical conflict as an ethnic expression.*



***Keywords:*** *geopolitics, geostrategy, critical geopolitics, security, national security, conflict*

# СОДРЖИНА

*Апстракт* ... iii

*Abstract* ... iv

1 ВОВЕД ... 8

1.1 ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И ФОРМУЛИРАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЧКИОТ ПРОБЛЕМ ... 9

1.2 ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ... 11

1.3 ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ... 13

1.4 СИСТЕМ НА ХИПОТЕЗИ ... 14

1.5 ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ... 17

1.5.1 НЕЗАВИСНИ ВАРИЈАБЛИ ... 17

1.5.2 ЗАВИСНА ВАРИЈАБЛА ... 18

1.6 НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И КОРИСНИЦИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ... 19

1.7 НАЧИНИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ - МЕТОДИ И ТЕХНИКИ ... 21

1.7.1 ПОСЕБНИ НАУЧНИ МЕТОДИ И МЕТОДСКИ ПОСТАПКИ ... 21

1.7.2 ОПШТИ НАУЧНИ МЕТОДИ ... 22

1.8 ВРЕМЕНСКА И ПРОСТОРНА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ... 23

2 КРИТИЧКА ГЕОПОЛИТИКА ... 24

2.1 ГЕОПОЛИТИКА – ИСТОРИСКИ ПРИКАЗ ... 25

2.1.1 ДЕФИНИЦИЈА НА ТЕРМИНОТ ... 29

2.1.2 ГЕОПОЛИТИКАТА СПОРЕД МАКИНДЕР ... 35

2.2 КРИТИЧКА ГЕОПОЛИТИКА – ИСТОРИСКИ ПРИКАЗ ... 39

2.2.1 МОДЕРНИОТ (ГЕО)ПОЛИТИЧКИ ДИСКУРС И КРИТИЧКАТА ГЕОПОЛИТИКА ... 43

2.2.2 ГЕОПОЛИТИЧКИОТ ДИСКУРС НА ХЕГЕМОНОТ ... 46

2.3 ОД ТРАДИЦИОНАЛНА КОН КРИТИЧКА ГЕОПОЛИТИКА ... 49

2.3.1 ФОРМАЛНА ГЕОПОЛИТИКА ... 57

2.3.2 ПРАКТИЧНА ГЕОПОЛИТИКА ... 58

2.3.3 СТРУКТУРАЛНА ГЕОПОЛИТИКА ... 59

3 РЕГИОНАЛНИ И ЕКСТРАРЕГИОНАЛНИ ТОЧКИ НА ПРИТИСОК, ГЕОПОЛИТИЧКИТЕ ИНТЕРЕСИ И ГЕОПОЛИТИЧКОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ НА БАЛКАНОТ ... 62

3.1 ГЕОПОЛИТИЧКОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ НА БАЛКАНОТ ... 63

3.2 ЕКСТРАРЕГИОНАЛНАТА ГЕОПОЛИТИЧКА ТЕНДЕНЦИЈА ... 64

3.3 РЕГИОНЛНИ И ЕКСТРАРЕГИОНАЛНИ АКТЕРИ ....................67
3.3.1 ГЕОПОЛИТИЧКОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА И РЕШАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ....................72
3.3.2 ГЕОПОЛИТИЧКОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ НА БАЛКАНОТ ПОСЛЕ ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА 77
3.3.3 РУСИЈА И БАЛКАНОТ ....................82
3.3.4 ВРАЌАЊЕТО НА ТУРЦИЈА НА БАЛКАНОТ ....................84
3.4 ЕВРОПСКИТЕ ГОЛЕМИ ДРЖАВИ И НИВНАТА ГЕОПОЛИТИКА НА БАЛКАНОТ ....................85
3.4.1 ПОЛИТИКАТА НА ФРАНЦИЈА ЗА БАЛКАНОТ ....................85
3.4.2 ГЕРМАНИЈА И БАЛКАНОТ ....................86
3.4.3 ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И БАЛКАНОТ ....................88
3.4.4 ИТАЛИЈА И БАЛКАНОТ ....................89
4 УДВОЕНИ (ДВОЈНИ ДРЖАВИ) ....................93
4.1 УДВОЕНИ (ДВОЈНИ ДРЖАВИ) - (ЗА ФРАГМЕНТАЦИЈА НА ДРЖАВИТЕ НА БАЛКАНОТ)...94
4.1.1 ДВОЈНИТЕ ДРЖАВИ – НОВА БАЛКАНСКА ЗАМКА ....................99
5 ГЕОСТРАТЕГИСКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ....................102
5.1 ГЕОСТРАТЕГИСКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ....................104
5.1.1 СОВРЕМЕНИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ....................108
5.1.2 ГЕОСТРАТЕГИСКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФОКУСОТ НА ГЕОПОЛИТИЧКАТА АНАЛИЗА ....................117
6 ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИСТОРИСКИ И СОВРЕМЕН КОНТЕКСТ ....................123
6.1 ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИСТОРИСКИ И СОВРЕМЕН КОНТЕКСТ ....................124
6.1.1 ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА БАЛКАНОТ ПОСЛЕ ЗАВРШУВАЊЕТО НА СТУДЕНАТА ВОЈНА ....................131
6.2 ГЕОПОЛИТИКА И ГЕОСТРАТЕГИЈА НА ЕВРОАЗИЈА - ГЕОСТРАТЕГИСКИ ИГРАЧИ И ГЕОПОЛИТИЧКИ СТОЖЕРИ ....................136
6.2.1 ГЕОСТРАТЕГИСКИ ИГРАЧИ ВО ЕВРОАЗИЈА ....................136
6.2.2 ГЕОПОЛИТИЧКИТЕ СТОЖЕРИ ВО ЕВРОАЗИЈА ....................139
6.2.3 ГЕОПОЛИТИЧКАТА И ГЕОСТРАТЕГИСКАТА ПОЗИЦИОНИРАНОСТ НА МАКЕДОНСКИОТ ПРОСТОР ВО РАМКИТЕ НА ЕВРОАЗИСКАТА ШАХОВСКА ТАБЛА ....................143
6.2.4 ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ЕВРОАЗИСКАТА ШАХОВСКА ТАБЛА ....................147
7 БЕЗБЕДНОСНА АНАЛИЗА ВО ФУНКЦИЈА НА ДЕФИНИРАЊЕ НА КОНФЛИКТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД 2001 ГОДИНА ....................154

7.1 ВООРУЖЕН КОНФЛИКТ, ВИДОВИ И ПОДЕЛБА......155
7.1.1 ГЛОБАЛНИ ТРЕНДОВИ ВО ВНАТРЕШНИТЕ ВООРУЖЕНИ КОНФЛИКТИ......157
7.1.2 КОНФЛИКТ СО НИЗОК ИНТЕНЗИТЕТ......159
7.2 КОНЦЕПТОТ НА ИНСУРЕКЦИЈА И ТЕРОРИЗМОТ СПОРЕД УЧЕЊЕТО НА ПОЛ ВИЛКИНСОН 168
7.3 БУНТОВНИШТВО – БУНТ (војна меѓу слабите и силните, концепт и структура)......173
7.4 НОВА ВОЈНА ИЛИ ИРЕГУЛАРНО ВОЈУВАЊЕ? - Судир помеѓу американската и француската воена мисла......183
7.4.1 ПРАВИЛНА/НЕПРАВИЛНА ДИЈАЛЕКТИЧКА РЕЛЕВАНТНОСТ И НОВАТА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА КОНФЛИКТИТЕ КОН КРАЈОТ НА XX ВЕК И ПОЧЕТОКОТ НА XXI ВЕК...184
7.5 АТИПИЧНА ВОЕНА ИНТЕРВЕНЦИЈА......191
7.6 ДЕФИНИРАЊЕ И КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА „ОНА“ СПОРЕД МИЛИТАРИ БАЛАНС......196
8 ПРИМЕНА НА ПРОГРАМАТА „АТЛАС“ ВО ФУНКЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ НА КРИТИЧКАТА ГЕОПОЛИТИКА И ДЕФИНИРАЊЕ НА КОНФЛИКТОТ ОД 2001 ГОД. ВО Р. МАКЕДОНИЈА......201
8.1 АТЛАС – СОФИСТИЦИРАНА АНАЛИЗА НА ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ, ПРИМЕНА И КОРИСТЕЊЕ......202
8.2 ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРОГРАМАТА АТЛАС ЗА НАУЧНИ ИСТРАЖУВАЊАТА ВО СФЕРАТА НА КОНФЛИКТОЛОГИЈАТА И КРИТИЧКАТА ГЕОПОЛИТИКА......203
8.3 ФОРМАЛНА ГЕОПОЛИТИКА......205
8.4 ПРАКТИЧНА ГЕОПОЛИТИКА......209
8.5 ПОПУЛАРНА ГЕОПОЛИТИКА......213
8.5.1 КАКО СТРАНСКИТЕ МЕДИУМИ – The Guardian - ЈА НАРЕКУВАА АЛБАНСКАТА СТРАНА ВО КОНФЛИКТОТ?......223
8.6 КРИТИЧКА ГЕОПОЛИТИКА......226
9 ЗАКЛУЧОК......231
9.1 ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА......232
10 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА......246
10.1 КОРИСТЕНИ ИНТЕРНЕТ СТРАНИ......261
11 ПРИЛОГ 1 - АНАЛИЗИ ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТВРДУВАЊЕ ИЛИ ОТФРЛАЊЕ НА ХИПОТЕЗИТЕ ОД АНАЛИЗАТА НА ТЕКСТОВИТЕ ПРЕЗЕНТИРАНИ И ОБРАБОТЕНИ СО ПРОГРАМАТА АТЛАС......263

# 1 ВОВЕД

*„Муравија се роди како резултат на стравот и љубомората на четири земји...Има многу малку нешта кои овие земји ги сакаа посебно,но ниту една од другите три не сакаше да дозволи четвртата да го има тоа. Единствениот начин да се решат работите беше од неа да се создаде посебна земја.“*

*- Дешиел Хемет-*

## 1.1 ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И ФОРМУЛИРАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЧКИОТ ПРОБЛЕМ

Со падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година следеа мошне брзи и непредвидливи последователни промени на подрачјето на земјите на тогашната Источна Европа. Интензитетот на настаните и брзината на радикалните промени на меѓународната сцена доведоа и до радикален пресврт во меѓународните односи. Со падот на комунизмот во Источна Европа, со дезинтеграција на Советскиот Сојуз, со распадот на Варшавскиот договор, со обединувањето на Германија, со крајот на политиката на Апархејдот во Јужна Африка, неминовно беше означен почетокот на една нова фаза на меѓународните односи. Огромните геополитички односи ги разрушија политичко – идеолошките темели на биполарниот систем на меѓународните односи кој функционираше од крајот на Втората светска војна. Исчезнувањето на биполарниот систем од глобалната светска сцена предизвика серија на мошне комплексни, политички, стратегиски и економски промени, формирање на нови држави кои прогласија своја независност- промени од кои ќе почне да се развива и новата фаза на евроатлантизмот и новата европска безбедносна политика.

Крајот на биполарниот блоковски систем за безбедност го означи и почетокот на формирање на своевидниот безбедносен вакуум на подрачјето на Централна, Источна Европа, во евроазискиот простор, а најповеќе и најдраматично на просторот на Југоисточна Европа. Настанувањето на голем број новоформирани самостојни држави на поширокиот европски простор, посебно на Балканот, покрај проблемот на новото дефинирање и прекројувањето на границите, отвори и многу сериозни проблеми поврзани со нерешените етнички, национални и верски прашања.

Новите дезинтегративни процесии рекомпонирањето на Југославија отвори серија на настани и мошне крвави граѓански и други внатрешни конфликти кои почнаа на нејзиниот северен дел и постепено се спуштаа се до југ на Косово и Република Македонија – балканското јужно буре барут (српско – албанскиот – македонски комплекс).

Балканот кој отсекогаш одново бил делен, целосно или парцијално, седум пати во последните два века 1829 – 1830, 1856, 1878, 1913, 1919,и 1945, не сметајќи ги поделбите настанати со скорешната дезинтеграција на Југославија, на оваа листа може да се додадат уште четири датуми: признавањето на Хрватска и Словенија од страна на

Германија и Европската Унија (1991), Дејтонските договори за Босна (1995), интервенцијата на Косово (1999) и во Македонија (2001).

Судирите кои следеа и кои се сменуваа после распадот на Југославија во деведесеттите години на XX век, го следеа истиот образец (Со интервенција на Западот преку различни форми на повеќе или помалку насилни форми на дејство).

Насилниот конфликт во Р. Македонија во 2001 година го елабориравме со прецизно дефинирано научно истражување со примена на паралелно комплексна и интегрална анализа на геополитички т.е. (посебно со примена на критичката геополитика), геостратегиските и безбедносни детерминанти.

За целосно расветлување и научно објаснување на суштината на овој конфликт беше неопходна мошне комплексна научна анализа на сите суштински детерминанти со цел да се профилира солидна научна основа за негово прецизно, методолошки коректно и научно дефинирање.

Конфликтот во Р. Македонија кои по времето на правењето, интензитетот на дејството, и бројот на жртвите спаѓа во категоријата на мал вооружен конфликт и конфликт со низок интензитет, сепак е повеќеслоен, комплексен, комплициран, и тежок за прецизно и сеопфатно дефинирање без комплексна анализа на сите суштински детерминанти во конкретниот историски и геополитички контекст.

## 1.2 ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Насилниот внатрешен конфликт што ја зафати Р. Македонија во почетокот на новиот век, историски и воено - историски аспект го означува крајот на серијата внатрешни конфликти на просторот на поранешна СФРЈ кои започнаа кон крајот на минатиот век (последната декада) и го означија процесот на нејзина дезинтеграција, фрагментација и рекомпонирање.

Балканот кои во себе содржел тековни, како и потенцијални кризни жаришта, претставува геостратегиска спојувалка спрема важните јужни одредници кои се стопански мошне значајни (Каспискиот регион), спрема потенцијалните кризни жаришта (Блискиот Исток и Персискиот Залив) и спрема сложеното и нестабилно подрачје на Медитеранот. Преку ова подрачје води најважната поморска комуникација помеѓу Атлантикот и Индискиот Океан (правецот Гибралтар – Малта – Суец). На овој простор, двете супер сили на минатото САД и СССР, и денес САД и Русија, ја прават линијата на разграничување на својата доминацијав о Европа, незанемарувајќи ги и интересите на Франција, Англија, Германија и Италија.

Во новото геостратегиско и геополитичко позиционирање на големите сили за XXI век, Балканот се најде во зафатот на најопасниот геополитички и геостратегиски триаголник – најризичниот простор на кој ќе се одиграат големите игри и комбинации на големите сили за и на почетокот на XXI век. Земјите лоцирани во зафатот на овој триаголник, на кои избувнаа голем број на конфликти беа и постанаа колатерална штета на игрите на големите сили.

За креирање на комплетна и прецизна слика на потенцираниот конфликт со нашето истражување се обидовме длабински да ги скенираме неговите основни и суштински детерминанти во една специфична тријада - геополитика (критична геополитика геополитика со нејзините четири основни типови: формална, практична, популарна и структурална геополитика) - геостратегија и безбедност. Со овој концепт на специфични научни истражувања ги доведовме во корелација сите најзначајни сегменти и вредности на претходно потенцираните детерминанти за комплетно елаборирање и расветлување на анализираниот специфичен феномен.

Со комплексна примена на критичката геополитика (која смета дека геополитиката треба да се концептуализира како форма на дискурс и политичка практика) за прв пат во нашата теорија и практика се направи обид за комплексно

корелирање на мноштво фактори кои имаат силно и одлучувачко влијание врз севкупниот политички, геополитички и безбедносен амбиент.

Со мултидисциплинарното истражување и повеќеслојна анализа на конфликтот од 2001 година ќе се овозможи јасна дистинкција на основните составни делови и рангирање на клучни параметри неопходни за научно прецизно, методолошко, коректно дефинирање на конфликтот во Р. Македонија во 2001 година во сите негови фази и во сите негови појавни манифестни форми.

Од полемолошки и безбедносен аспект конфликтот по фаза го разгледувавме како: инсурекција – тероризам од помал интензитет (во почетната фаза), тероризам со масовни размери (внатрешни и надворешни), прва фаза на вооружен бунт, атипичен пограничен вооружен судир, атипична воена интервенција. Од друг аспект ќе се разгледува и како мал вооружен конфликт, конфликт со низок интензитет, како „транзициски конфликт“ (конфликт на идентитетот), како етнички конфликт, геополитички конфликт како етничко изразување.

Научно заснованото и правилно дефинирање на конфликтот ќе овозможи правилни историски експликации, рационални и сериозни политички толкувања, презентирање прогнози и преоценки, научно збогатување на теоријата и историјата на конфликтот, како и креирање на нови можности и способности за управување, решавање и спречување на конфликтите во Р. Македонија и пошироко.

Со правовременото и брзо спречување на конфликтот на Р. Македонија беше спречена неговата кулминација и ескалација во граѓанска војна чија интернационализација ќе претставуваше вовед во нова регионална балканска војна со несогледливи последици за европската и светската безбедност во XXI век.

Со оглед на фактот дека во сите фази на конфликтот доминираше тероризмот односно терористичките активности, применетите форми на тероризмот кои ќе бидат во фокусот на нашето истражување се следните: етнотероризам, сепаратистички тероризам, верски – религиозен тероризам, нарко – тероризам, како и специфичните форми на криминален и партиско – криминален тероризам.

## 1.3 ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. Да се истражат геополитичките детерминанти кои преку методите на истражување на критичката геополитика ќе укажат на претекстот на конфликтот во Република Македонија од 2001 година;
2. Да се истражат геополитичките детерминанти за Балканот како закономерност која со одредени модалитети историски се повторува;
3. Да се истражат регионалните и екстрарегионалните точки на притисок, геополитичките интереси и геополитичкото дејствување на Балканот;
4. Да се истражат карактеристиките на подвоените држави во регионот (се мисли на оние кои се наоѓаат во т.н. расчекор помеѓу САД и Русија! (актуелно во последниот период, но дали можат корените на таа состојба да се бараат и во конфликтот од 2001 година);
5. Да се истражи геополитичкиот контекст на Балканот преку формулата на т.н. двојни држави (еден етникум е конститутивен народ во две држави- Србија и Република Српска, Албанија и Косово, Хрватска и муслиманско-хрватскиот дел од федерацијата БиХ);
6. Да се истражи перцепцијата на западните медиуми за конфликтот од 2001 година и дали таа перцепција се менувала во текот на конфликтот (терористички акти, борци за човекови права, бунтовници и сл.);
7. Да се направи анализа на сите релевантни авторитети и истражувачки центри за дефиницијата (типологијата) на конфликтот од 2001 година;
8. Да се истражи современата геостратегиска положба и значење на Балканот и државите негови конституенти (посебен осврт на Македонија во контекстот на конфликтот од 2001 година);
9. Да се анализира националниот безбедносен контекст пред, за време и после конфликтот (пост-конфликтно општество);
10. Да се истражат карактеристиките на конфликтот од аспект на применетата воена вештина и да се укаже на сите пропусти и предности од национално безбедносен аспект.

Во текот на истражувањето може да бидат дефинирани нови дополнителни цели во зависност од потребата за комплексно истражување на научно истражувачкиот проблем.

## 1.4 СИСТЕМ НА ХИПОТЕЗИ

ОСНОВНА ХИПОТЕЗА:

Интегралното истражување на геополитичките,геостратегиските и безбедносните детерминанти има суштинско значење за комплексна анализа во функција на прецизно и научно дефинирање на конфликтот на Р. Македонија од 2001 год.

ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 1:

Анализата на геополитичките детерминанти е во функција на целосно скенирање на геополитичкиот амбиент пред отпочнување и во текот на водењето на конфликтот.

ПОЕДИНЕЧНИ ХИПОТЕЗИ:

1.1 Анализата на конфликтот од аспект на критичната геополитика базирана врз анализа на нејзините основни типови: формална, практична, популарна и структурална геополитика овозможува согледување на геополитичкиот амбиент што владеел во периодот пред и за време на конфликтот.

1.2 Примената не практичната и популарната геополитика овозможува комплексно и детално расветлување на геополитичките услови што владееле во современиот свет во период пред и за време на конфликтот.

ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 2:

Определени геополитички проекции на Балканот историски се повторуваат како значајна закономерност со определени модалитети.

ПОЕДИНЕЧНИ ХИПОТЕЗИ:

2.1 Позиционирањето и ривалството на големите сили на Балканот во голема мера влијае врз отпочнувањето и резултатите на конфликтите.

2.2 Геостратегиските интереси на големите вонбалкански сили се доминантни за нивното инволвирање и вплетување во балканските замки.

2.3 Ориенталното и балканското прашање во целост се креација на геополитичките игри на големите европски сили.

2.3 Континуираните поделби на Балканот во последните два века во целост ја распламтува конфликтната енергија и иницира нови конфликти.

ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 3:

Дејствувањето на регионалните и екстрарегионалните точки на притисок суштински влијаат врз креирањето на геополитичките интереси и геополитичкото и конфликтно дејствување на Балканот.

ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 4:

Кај подвоените држави на Балканот постои голема веројатност да избие конфликт поттикнат или од страна на САД или од страна на Русија за остварување на нивните геополитички интереси.

ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 5:

Балканските удвојувања и креирање на т.н. двојни држави покажуваат во колкава мера етничките насоки се релативни.

ПОЕДИНЕЧНИ ХИПОТЕЗИ:

5.1 Двојните држави на Балканот во голема мера им одговараат на локалните политички елити.

5.2 Креирањето на двојните држави на Балканот првенствено им одговараат на вонбалканските политички елити за фрагментација и дезинтеграција на балканските држави и народи.

ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 6:

Анализата на перцепцијата на западните медиуми за конфликтот од 2001 год. честопати се менуваше и во голема мера ги одразуваше политичките национални цели и интереси на заинтересираните вонбалкански држави.

ПОЕДИНЕЧНИ ХИПОТЕЗИ:

6.1 Перцепцијата на западните медиуми за албанските екстремисти во текот на конфликтот еволуираше од терористи, борци за човекови права, бунтовници и герилци.

ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 7:

Дефинициите за конфликтот во 2001 год. во голема мера се разликуваат во зависност од ставовите на нивните творци - истражувачки центри, релевантни авторитети и експерти, државни претставници.

ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 8:

Сензитивната стратегиска позиционираност на балканските држави ја зголемуваше веројатноста за избувнување на определени конфликти во минатото и денес.

ПОЕДИНЕЧНИ ХИПОТЕЗИ:

8.1 Сензитивната воеnостратегиска положба на Македонија и нејзиното безбедносно опкружување во значајна мера го зголемија интересот на големите сили за нејзиниот простор.

8.2 Геостратегиската лоцираност на македонскиот простор на балканскиот стратегиски крстопат суштински влијаеше за брзината на реакцијата и итноста во неговото разрешување од страна на САД и НАТО.

8.3 Значајноста на македонската геостратегиска позиционираност и интересот за овој простор претставуваше "темпирана бомба" за негова трансформација во нов балкански конфликт.

ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 9:

Националниот безбедносен конфликт претставува сериозен индикатор за сеопфатно истражување од безбедносен аспект пред, за време и после конфликтот.

ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 10:

Успешноста на анализата и дефинирањето на конфликтот во сите негови фази првенствено зависи од комплексната анализа на формите, методите, стратегијата и тактиките на делување на албанските екстремисти.

ПОЕДИНЕЧНИ ХИПОТЕЗИ:

10.1 Тероризмот применет во конфликтот ќе биде разгледуван првенствено како стратегија која суштински се базира на психолошки ефект.

10.2 Тероризмот практициран во конфликтот неизбежно ќе биде разгледуван и како стратегија на вооружен бунт (прва фаза), метод на борба, неморална форма на нерегуларно војување, најдолна граница на герилата и како асиметрична закана.

## 1.5 ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

### 1.5.1 НЕЗАВИСНИ ВАРИЈАБЛИ

#### ГЕОПОЛИТИЧКА ПОЛОЖБА

Геополитиката се дефинира како дисциплина која истакнува дека земјата на која живее еден народ или на која е организирана државата има пресудна улога во организирањето на политичкиот облик на општеството и водењето на државната политика.

Геополитичката положба претставува географски аспект на надворешно политичките активностии реална политичка дејност, насочена на промена на целиот геополитички простор.

Геополитичката положба претставува резултанта на взаемното делување и взаемниот однос на географскиот простор. Со системска анализа можеме да ги дефинираме основните детерминанти на геополитичката положба: физичко-географска, економско-географска, расно-антрополошка, културно-конфесионална и семантичка и како цивилизациска обусловеност на динамиката на меѓународните односи, светската трговија и глобалната онтологија на човештвото.

#### ГЕОСТРАТЕГИСКИ ПРОСТОР

Геостратегијата претставува спој на географските, политичко-географските и геополитичките содржини со она што има воено и стратегиско значење. Од воена гледна точка геостратегијата претставува стратегиска практика за преобразување на просторот на начин кој најмногу одговара на интересите на одредена држава или држави.

Геостратегискиот простор ја детерминира големината, географската положба и военогеографските карактеристики на територијата во однос на постојните воено блоковски сојуз(и) и различното вредносно значење на тој простор за актуелните и перспективни интереси и цели на одредени замји.

#### НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

Безбедноста претставува состојба во која државите сметаат дека нема опасност од воен напад, политички принуди или економски присили така што може слободно да се развиваат (ООН – 1983).

## 1.5.2 ЗАВИСНА ВАРИЈАБЛА

## КОНФЛИКТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Конфликтот претставува ситуација во која се инволвирани најмалку две страни (поединци, групи, држави) и кои се стремат кон цели кои се некомпатибилни од самиот почеток или се стремат кон една иста цел која меѓутоа може да биде постигната единствено од една страна. Конфликтот на Република Македонија во овој докторски труд е разгледуван и анализиран преку следните детерминанти:

Животниот циклус на конфликтот може да се подели на три последователни фази:

- *Пред насилство;*
- *За време на насилство;*
- *По насилството.*

Клучни индикатори на конфликтите:

- *Историја на вооружените конфликти;*
- *Владина и политичка нестабилност;*
- *Милитаризација;*
- *Разновидност на популација;*
- *Демографски притисок;*
- *Економски перформанси;*
- *Човечки развој;*
- *Природен (еколошки) притисок и*
- *Меѓународна поврзаност.*

Системот на поими на науката за конфликти – конфликтологијата условно можеме да го поделиме на следните групи:

1. *Структура на конфликтот;*
2. *Динамика на конфликтот;*
3. *Управување со конфликтот, регулирање, разрешување и*
4. *Типологија на конфликтите (основна и суштинска цел на нашето истражување).*

## 1.6 НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И КОРИСНИЦИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Научната цел е оправдана, бидејќи со ова истражување ќе се обработи еден многу чувствителен проблем кој има за цел преку геополитичките, геостратегиските и безбедносните детерминанти да понуди соодветна анализа и дефинирање на конфликтот од 2001 година во Република Македонија. Темата која ќе биде проучувана добива оправдување од причина што научно – теоретски ќе биде дефинирана, а ќе биде и дефинирана, применета и верификувана научно – методолошка рамка на истражувањето на овој проблем.

Конфликтот што зафати определени делови од територијата на Р. Македонија во 2001 година претставува мошне комплексен феномен, последен во серијата продолжени внатрешни насилни конфликти што го зафатија регионот во последната декада на минатиот век и почетокот на првата декада на новиот век.

Сложеноста, непредвидливоста сериозноста и опасноста на овој навидум релативно мал воен конфликт претставуваат сериозен научен предизвик за целосно научно засновано интердисциплинарно истражување во функција на спроведување суштинска и продлабочена научна анализа и негово научно дефинирање во сите негови фази на реализација и во сите негови форми на манифестирање.

Со реализацијата на потенцираните научни анализи би се постигнале неколку суштински цели:

А. Би се направил обид за редефинирање на претходно изнесените ставови за конфликтот во Република Македонија од 2001 година и ќе се надополнат евентуалните празнини.

Б. Прецизната, комплексна и научна анализа и дефинирањето на конфликтот од 2001 година ќе биде во функција на целосно и ефективно запознавање со суштината и појавната страна на конфликтот, изведување на вистинити научни закономерности и сознанија за причините и суштината на конкретниот конфликт.

В. Новите научни сознанија директно ќе бидат поврзани со зајакнување на нашите можности директно поврзани со способноста за рано откривање, детектирање, управување, решавање и спречување на конфликтите во иднина (во Република Македонија и Балканот).

Г. Во голема мера ќе се придонесе кон развој за учењето за етнонационалните конфликти, забуните кои ги предизвикуваат во научната и пошироката општествена заедница, ќе се направи јасна дистинкција помеѓу етнонационализмот , опасниот национализам  и обичниот национализам.

Д. Ќе се креира специфична научна база која ќе овозможи континуирано следење на дејствувањето на новите геополитички тенденции и промени како основен генератор на новите геополитички конфликти како етнички изразувања на Балканот а посебно во Р. Македонија .

Од општествен аспект резултатите од ова научно истражување ќе бидат во функција за да се редефинираат сите досегашни научни и политички и етнички поддржани и засновани ставови за конфликтот, државата и државното раководство да имаат јасен и единствен став и прецизна дефиниција за конфликтот неопходна за креирање на нашите гледишта во функција на идната надворешна – политичка комуникација.

Добиените научни сознанија ќе бидат неопходни за конзистентно дипломатско – политичко презентирање на сликата за конфликтот. Исто така тоа е неопходно за промовирање на нашите научно засновани гледишта во  универзитетските научни кругови на секаде во светот , како и креирање на база на валидни информации за нашите идни истражувачи, посебно за нашите историчари и за сите наши идни генерации.

Резултатите од ова истражување ќе треба да ја дигнат вештачката магла од пред очите на сегашните и идните генерации, политичка магла која континуирано беше создавана за остварување на краткорочни  дневно – политички, партиски и етнонационалистички и други цели за конфликтот од 2001 година, неговите причини , неговите цели, и неговата (не)оправданост.

Научните сознанија во голема мера ќе ја расветлат инволвираноста на внатрешните и надворешните фактори и ќе ја разрешат енигмата за овој релативно краткотраен но многу валкан конфликт кои беше дел од новиот балкански јазол и новиот балкански лавиринт.

Поширока оправданост на истражувањето произлегува од фактот што ќе се добијат научно – втемелени и потврдени сознанија за конкретниот проблем кои можат

да бидат користени како основа за глобална општествена акција (вклучително и креирање на соодветни политики).

Корисници на истражувањето можат да бидат научни работници, сите заинтересирани академски, политички и невладини структури во Република Македонија како и поширока та заинтересирана јавност во Република Македонија и во странство.

## 1.7 НАЧИНИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ - МЕТОДИ И ТЕХНИКИ

Во текот на истражувачкиот процес за добивање на валидни и научно засновани одговори на сите поставени прашања и хипотези, ќе бидат користени научни методи со кои ќе се обезбеди единство на теоријата и методите.

Научните методи претставуваат начин за доаѓање до научно - сознание, односно начини или патишта за теоретско – практично стекнување, проверување и развој на научното сознание.

### 1.7.1 ПОСЕБНИ НАУЧНИ МЕТОДИ И МЕТОДСКИ ПОСТАПКИ

**А. Аналитичко – синтетичка метода**

Анализата претставува почетна, најосновна и најопшта посебна метода на научното сознанија (во истражувањето ќе се изврши целосна анализа на сите фактори значајни за остварување на истражувачките цели:

1. Анализа на содржината како општа методска постапка;
2. Структурална анализа;
3. Функционална анализа;
4. Причинска и каузална анализа;
5. Компаративна анализа.

За истражување на комплексните феномени како што се конфликтите неопходна е примена и на аналитичко – синтетичка метода за остварување на конечната цел на истражувањето – сознание за сложените појави како што беше и конфликтот во 2001 година.

**Б. Метода на генерализација и специјализација**

Генерализацијата како метод на сознанието се засновува на единствена аналитичко – синтетичка и апстрактно – конкретизациска метода.

**В. Метода на индукција**

**Г. Метода на дедукција**

## 1.7.2 ОПШТИ НАУЧНИ МЕТОДИ

Во истражувањето ќе бидат користени следните општи научни методи

А. Аналитичко - дедуктивна метода

Од основните општи методи на општествените науки ќе биде применета

Б. Компаративната метода

В. Структурално – функционални методи

Структурално – функционална анализа (ја сочинува основата и суштината на структурално – функционалната метода)

Од целите на научното истражување ќе бидат употребени: дескрипција (опис), класификација, научно објаснување и разбирање.

Од основните облици и принципи на научното мислење истражувањето ќе биде заокружено со изведување дефиниција на поимот (дефинирање на конфликтот) и тоа: предметна дефиниција, дескриптивна и експликативна (суштинска) дефиниција.

Во истражувањето ќе се користат и посебните принципи за научно истражување на конфликтите.

***Принципи на научно истражување на конфликтите***

1. Принцип на детерминизам, односно принцип на причинско – последична поврзаност на сите појавни дејства.
2. Принцип на систематичност – анализа / поврзаност на внатрешните компоненти на целиот систем – природни, социјални, психолошки.
3. Принцип на развој – Почитување на сите промени, преобразби и развој на сите предмети и појави на дејствување и преминот од една во друга форма.

## 1.8 ВРЕМЕНСКА И ПРОСТОРНА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Временската рамка на истражувањето се однесува на периодот од 2015 до 2017 година. Просторната рамка на истражувањето се однесува на просторот на Република Македонија, посебно на просторот на северна и северозападна Македонија кој беше зафатен со продолжениот насилен конфликт во периодот на 2001 година.

Истражувачките активности се одвива на просторот на Република Македонија, во поблиското географско опкружување и во поширокиот Балкански регион.

# 2 КРИТИЧКА ГЕОПОЛИТИКА

*Целата историја останува да биде испишана од простори кои истовремено ќе бидат историја на моќите (овие два термини се во множина) – од најголемите стратегии на геополитиката до најмалите тактики на средината.*

-MICHEL FOUCAULT-

## 2.1 ГЕОПОЛИТИКА – ИСТОРИСКИ ПРИКАЗ

Периодот помеѓу крајот на деветнаесеттиот век и крајот на Втората светска војна би можело да се дефинира како златната ера на „класичната геополитика" во поглед на теорија и практика. Од деветнаесеттиот век понатаму, како што ерата на географски откритија привршуваше и глобалното политичко ривалство беше во пораст, сите поголеми ривалски сили – Велика Британија, Германија, Русија и САД – имаа истакнати геополитички теоретичари кои градеа теории за да ја зајакнат или барем да ја зачуваат моќта на нивните држави. Овие геополитички теоретичари беа членови на академската заедница и државници и нивните теории во голема мера беа усвоени од носителите на одлуки на нивните матични земји. Така нивните теории имаа важна улога во односите помеѓу големите сили на тоа време.

Иако терминот геополитика беше создаден во 1899 година, од страна на Рудолф Кјелен, полето на геополитиката како интелектуална традиција и израз на државниот интерес и политиката на идентитет (Guzzini, 2010, p.17) датира уште од универзитетите, географските институти и центрите на учењето во ривалските империи на подоцнежниот деветнаесетти век. Ова беше период проследен со раст на империјалистичките институции и здружувања (асоцијации) кои се обидуваа да го легитимизираат колонијалниот експанзионизам. Во овој контекст, географијата беше подигната до ниво на „наука" и беше третирана како научна дисциплина. Од овој контекст произлегоа интелектуалците кои пишуваат и размислуваат на темата за влијанието на географијата врз државната и надворешната политика.

Од нејзиното формално зачнување, геополитиката доживуваше оспорувана и контроверзна интелектуална историја. Дефиницијата на Кјелен за геополитиката како „наука која ја сфаќа државата како географски организам или како феномен во просторот"(Cahnman, 1943, p.57) беше поволна во меѓувоена Германија. Обвинета за блиска поврзаност со експанзионистичката политика на нацистичка Германија, се сметаше за отровна од страна на некои пост-1945 англо-американски политички географи. И покрај критиките, геополитиката беше „теорија која патува" *par excellence* во смисла дека влезе во голем број дисциплини и географски региони вклучувајќи ги Латинска Америка, Индија и Јапонија. Академската работа на геополитиката отсекогаш беше конфликтна, контрадикторна и збунувачка поради големиот број

пристапи доведени до историско испитување на ова интелектуално поле и современи анализи на светската политика

Од нејзиниот официјален почеток како концепт во 1899 година, „геополитиката беше предмет на оспорувана и контроверзна интелектуална историја."(Dodds, 2000, p.31) Па така не е лесен обид да се наведе интелектуалната историја на геополитичкото размислување. Како што вели географот Додс:

> *Во текот на изминатите сто години, направени се многу обиди да се прикаже сложената историја на геополитиката, но малкумина успеале да ги опфатат историските и политичките сложености на полето. Во текот на дваесеттиот век, академските трудови за геополитика честопати беа противречени, контрадикторни и збунувачки поради разновидните пристапи применувани за историското испитување на ова интелектуално поле и современите анализи на светската политика.*(Dodds, 2000, p.31)

Теориите кои ги имаат создадено познавачите/државниците кои ја имаат основано, го сочинуваат она што денес се нарекува класична или традиционална геополитика. Иако не е можно да се дефинира традиционалната геополитика како унитарен (целосен) и поврзан пристап, може да се даде нешто што би било општ приказ на полето, бидејќи сите геополитички „татковци" ги засноваат нивните теории на одредени споделувани (заеднички) претпоставки и светски гледишта.

Пред да стане збор за овие општи претпоставки и светски гледишта, во ова поглавје ќе биде разгледана интелектуалната теорија на традиционалната геополитика. Накратко ќе опишам што се мисли со „традиционална геополитика" резимирајќи ги теориите на татковците-основачи, повикувајќи се на нивната содржина и лична позадина (основа) според потребите.

Една од најголемите иронии на дисциплината модерна географија е што толку долго останала значително слепа за политиката на сопственото гледиште и географската историја. Дисциплината дала суштински придонеси за воените заложби во сите земји, сепак, после војната, речиси сите нејзини водечки фигури избегнувале одразување врз политиката на дисциплината, особено геополитиката, што едноставно беше стигматизирано поради неговата претпоставена поврзаност со нацистите. Многу од оние кои имале позиции на надлежен орган во дисциплината во поствоениот период – во САД (како што е Ричард Хардшорн, истакнат американски геополитичар), во

Велика Британија и во Германија – работеле во различни разузнавачки служби за време на војната и многу не се грижеле да ја доведат во прашање или да ја оспорат политичката култура на Студената војна. Со почетокот на формалното деколонизирање на европските империи на почетокот на доцните педесетти и појавата на нова, но значајна дисидентска интелектуална култура во шеесеттите, почнало да се препознава и доведува во прашање империјалното наследство на модерната географија. Борбите за граѓански права, протестите против Виетнамската војна и растечката урбана криза во рамките на САД ја испровоцираа појавата на самосвесна радикална географија во англо-американското царство кон крајот на шеесеттите. Исто така, во Франција, политичките и интелектуалните превирања околу Виетнам и Алжир, како и периодот во 1968 година исто така создадоа радикализирана географија која започна да ги прикажува неоспорените претпоставки и епистемиолошка инфраструктура на модерната дисциплина. Кон крајот на осумдесеттите, Џон Агњу се обиде да го разгледа концептот на геополитиката со подетални термини.

Исто така се верува дека институциите на националната држава, иако не се преоптоварени со прекуграничните текови и процеси, сепак мораше да го разгледаат и да се соочат со сè понепослушниот свет. Сепак, капацитетите на земјите јасно се разликуваат и треба да бидат признаени нееднаквостите на моќ, пристап и влијание. Она што е важно, независно од тоа кое конкретно разбирање ќе биде усвоено во обидот да се толкуваат глобалните политички простори, е признавањето дека овие позиции ќе имаат импликации за разбирање и објаснување.

По геополитичката ера следуваше она што Агњу го нарекува натурализирана геополитика. Колонијалните и империјалните интереси, стратегии, начини на припојување (приграбување), контрола и територијални амбиции го зголемија цивилизациското размислување комбинирано со Дарвиновото размислување, што за возврат го легитимизираше колонијализмот. Во согласност со оваа перспектива, европските геополитичари предвидоа дека,

*(...) 'нашата' цивилизација е поголема, подобра и понапредна од другите, дека 'ние' имаме право да вршиме инвазија, припојување и контрола на територии кои во моментот служат како екумен (заедница) на цивилизации со различни амбиции; и дека 'ние' имаме морална должност да ги изнесеме и наметнеме*

*нашите концепти за напредок на други цивилизации независно од тоа дали тие го сакаат тоа или не. (Boyle, 2008, p.726)*

Ова беа темелите на традиционалната геополитика. Традиционалната геополитика, особено кон крајот на деветнаесеттиот век, се обидуваше да ја објасни со научни термини насоката кон која се движеше историјата.

*Традиционално, геополитиката тврдеше дека може да наслика неутрални и целосни слики за тоа „како функционира светот“: што ги води историските промени, што предизвикува војување меѓу земјите, што одредува дали една земја ќе стане голема сила или не. Класичните геополитичари од деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век се повикуваа на „господова птичја перспектива на светот“, давајќи едноставни истории или теории кои, како што тврдеа тие, не само што објаснуваа што се случуваше во минатото, но исто така укажуваа на конкретни политики за да информираат за постапките на нивната земја во глобална конкуренција со другите. Со други зборови, геополитичарите даваа сомнителни (двосмислени) тврдења за историската и теоретската „објективност“ за да го поддржат сопственото пристрасно гледиште на тоа како нивната сопствена земја треба да се натпреварува во светот. (Flint, 2006, p.33)*

Како што е истакнато во критичките геополитички студии, геополитичкото знаење е ситуирано знаење. Европските геополитички теоретичари ги конструирале своите рамки во конкретни политички контексти и со конкретни академски дебати (парадигми) кои беа влијателни во дадено време.(Flint, 2006, p.17) Како што беше прикажано во Флинтовиот *Вовед во геополитика*, дел од основните карактеристики на класичната геополитика се следните: автор во привилегирана позиција (бел, маж, елитен и западен), машка перспектива („сите гледаат“ и „сите знаат“), означување (етикетирање) / класификација (на териториите им се придава вредност и значење), повик кон објективната теорија или историја (универзални вистини кои се користени за да се оправда странската политика), поедноставување (позната фраза за да се поттикне јавна поддршка) и државен центрицизам (теорија во чиј центар е државата, државното управување) (политика на територијален државен суверенитет).(Flint, 2006, p.17)

Халфорд Макиндер (Halford Mackinder), Фридрих Рацел (Friedrich Ratzel), Рудолф Кјелен (Rudolf Kjellen) беа едни од највлијателните географи во Европа и сите

пристапија кон нивниот предмет со цивилизациско или биолошко гледиште на светот. (Kaerns, 2003, p.175) Сите тврдеа дека нивната раса е супериорна. За нив колку е подобра расата, толку поголеми се шансите за преживување во процесот на природна селекција. Овие нации би се прошириле кон територијата на „другите“ додека да ја достигнат границата на „еднакво“.(Kaerns, 2003, p.175)

Во второто издание на *Геополитика (Geopolitics)*, Џон Агњу (Agnew, 2002) тврди дека геополитиката на преминот на овој век била инспирирана од посебен начин на гледање на светот. Пронаоѓањето на терминот ‘геополитика’ се совпаѓаше со одредено модернистичко верување дека беше можно да се гледа светот во неговата севкупност. Првите текстови за геополитиката го одразија верувањето дека европскиот набљудувач ја поседувал потребната интелектуална и концептуална рамка за разгледување на светот како надворешен и независен „предмет“. Најновите иноватори на геополитиката во Европа и Америка како што се Макиндер и Сајкмен се обидоа да ја гледаат геополитиката како форма на географско размислување, кое го нагласуваше капацитетот на државите да делуваат во рамките на променлива глобална арена. Затоа геополитиката дефинитивно беше претпријатие во чиј центар е државата во смисла на тоа дека националната држава беше главна и географските писатели беа нетрпеливи да понудат политички совет. Понатаму, физичката средина беше честопати концептуализирана како фиксна фаза на која се случуваа политичките настани наместо динамички проблем на префрлување, што влијаеше на природата на светската политика.

### 2.1.1 ДЕФИНИЦИЈА НА ТЕРМИНОТ

Пред да се обидеме да дефинираме што е геополитика, би било разумно да кажеме неколку зборови за географија. Во Лонгман (Longman) речникот за современ англиски јазик географијата е дефинирана како „изучување на земјите во светот и на морињата, реките, градовите, итн... на земјината површина.“[1] Според Речникот за човекова географија (Dictionary of Human Geography), географијата „сега [во дваесеттиот век] може да се смета за изучување на земјината површина како *средина* и *простор* во рамките на кој живеат човековите суштества. Затоа географијата се занимава со структурата и интеракцијата на два поголеми системи – еколошкиот систем кој ги поврзува луѓето со нивната средина и просторниот систем кој поврзува

[1] https://www.ldoceonline.com/dictionary/geopolitics

определен дел од површината на земјата со друг дел." (Goodall, 1987, p.189-190) Според Енциклопедија Британика (Encyclopedia Britannica), географијата е „наука за површината на земјата, која ги опишува и ги анализира просторните варијации кај физичките, биолошките и човековите појави кои се случуваат на површината од глобусот и ги третира нивните меѓусебни односи и нивните значајни регионални модели", чии суштински елементи се следните: просторна анализа со акцент на локацијата, еколошка анализа со акцент на луѓето и нивниот однос со средината, како и регионална анализа со акцент на градењето региони.[2]

Развојот на геополитичкото размислување во Германија исто така беше приказ за класификацијата на планетата и нејзиниот народ во хиерархија која тогаш оправдуваше политички активности.

Германските географи, Карл Ритер (Carl Ritter) и Александер вон Хумболдт (Alexander von Humboldt) се сметаат за основачи на модерната географска наука. Пристапот на вон Хумболдт повеќе се однесуваше на физичката географија, додека Ритер, повеќе историчар отколку географ, го напиша она што стана познато како географско толкување на историјата.[3] Идеите на двајцата географи, особено оние на Ритер, значително влијаеа на географското истражување и размислување насекаде, иако тие можеби имаа најголемо влијание врз германските теоретичари.

Географијата е цврста (стабилна) наука. Познатото мото на амбасадорот Роберт Страуз-Хупе (Robert Strausz-Hupé) - *не можете да се расправате со географијата* - укажува на тоа дека географијата се однесува на тоа какви се нештата, а не на тоа како ги замислуваме или какви сакаме да бидат и на тој начин има суштинско значење како и која било друга природна наука. Земјата, после сè, се врти околу Сонцето. Ова не е само од гледна точка на Галилео. Со други зборови, како што вели Николас Спајкмен (Nicholas Spykman), географијата „не разубедува, едноставно е". (Spykman, 1938, p.13) Во завршната анализа, географското знаење/геозофија [4] е универзално кај луѓето.(Goodall, 1987, p.191)

Политичката географија се развила како гранка на дисциплината географија и често се користела до измислување на „геополитиката" во 1899 година. Според политичката географија, политиките на државите произлегле од нивната географија.

---

[2]http://www.britannica.com/ EB checked/topic /229637/geography.
[3]http://www.britannica.com/EB checked/ topic/ 504667/Carl-Ritter.
[4]Геозофија е термин воведен од Врајт (J. K. Wright).

Бидејќи територијата е еден од составните елементи на државите, географијата е од суштинско значење за меѓудржавната политика. Поради тоа, државите ја спонзорираа ерата на откритија. Од таа причина Наполеон, кој тврдеше дека секоја земја ја следи политиката на сопствената географија (Defay, 2005, p.13), го основаше првото седиште на географијата на Универзитетот Сорбона. Според Речникот за човекова географија, политичката географија е:

*„изучувањето на влијанијата на политичките активности врз човековата географија, вклучувајќи ја просторната анализа на човековите феномени. Традиционално политичката географија се занимаваше со изучување на земјите – нивните групирања и глобални односи (геополитика) и нивните морфолошки карактеристики, т.е. нивните граници. Во последните дваесет години, забележан е зголемен интерес за помалите политички поделби, т.е. оние во рамките на земјите, кои опфаќаат почитување на интеракцијата помеѓу политичките процеси и просторната организација, пр. природата и последиците на носењето одлуки од страна на урбаната влада, односот помеѓу јавната политика и развојот на ресурси, географијата на јавни финансии и изборната географија."*(Goodall, 1987, p.362)

Постојат голем број пристапи кон политичката географија. Она што ги обединува сите пристапи е основното начело дека разбирањето на географијата е од суштинско значење за разбирање на политиката. (Jones et all., 2004, p.170)

Доколку географијата е изучување на Земјата, а меѓународните односи се изучување на светот, би рекле дека геополитиката е изучување за „вртењето на Земјата кон светот." Геополитиката, како политичката географија, се занимава со концепти како што се моќ, политика, простор, место и територија и опфаќа безброј интеракции во рамките на овие различни полиња.(Jones et all., 2004, p.170) Според Пенгвин речникот за човекова географија (Penguin Dictionary of Human Geography), разликата помеѓу политичка географија и геополитика е јасна: „геополитиката се занимава со просторните *барања* на една земја, додека политичката географија ги испитува само нејзините просторни *услови*."(Goodall, 1987, p.191)

Па што е геополитиката? Според Енциклопедија Британика (Encyclopedia Britannica), геополитиката е „анализа на географските влијанија врз односите на моќта

во меѓународните односи“[5], додека Лонгман речникот за современ англиски јазик (Longman Dictionary of Contemporary English) ја дефинира геополитиката како „изучување на влијанието на позицијата, населението итн. на една земја, врз нејзината политика.“(Longman Dictionary of Contemporary English, p.433)

Пронаоѓачот на терминот, Кјелен, ја дефинираше како „теоријата за земјата како географски организам или феномен во просторот“. (Cahnman, 1943, p.57) Истакнатиот геополитички теоретичар Хаусхофер (Haushofer), од друга страна, ја дефинираше геополитиката како амбициозна наука: „геополитиката е новата национална наука на земјата (...) доктрина за просторниот детерминизам на сите политички процеси, врз основа на широките основи на географијата, особено на политичката географија.“ (Taylor, 1993) Па така, за разлика од географијата или политичката географија, геополитиката отсекогаш имала национална пристрасност. Како што вели Тејлор (Taylor), „во случајот на геополитиката, многу беше лесно да се утврди националноста на еден автор од содржината на неговите записи.“ (Cohen, 2003) Во однос на ова гледиште, уште една дефиниција на геополитиката дадена од Хаган е дека „геополитиката е современа рационализација на политиката на моќта.“ (Hagan, 1942, p.485)

Една од централните точки на заедништвото на геополитичките теоретичари е нивното настојување да постигнат корелација помеѓу географијата и историјата. Имено, геополитиката воедно може да се смета за комбинација од историја (политички процеси) и географија. Според ова гледиште:

*„геополитиката е анализа на интеракцијата помеѓу, од една страна, географските опкружувања и перспективи и, од друга страна, политичките процеси. (...) И географските опкружувања и политичките процеси се динамични и секое од нив влијае и е под влијание на другото. Геополитиката ги разгледува последиците на оваа интеракција.“[6] (Cohen, 2010)*

За Кахнман (Cahnman), пишувајќи во 1943 година, ова не е само перспектива, туку е задолжително:

*карактеристиките на важни делови од земјината површина како што се истражувани од географите, даваат на геополитиката рамка во која*

---

[5]http:/ /www.britannica.com/EB checked/topic /229932/ geopolitics.

[6]http://www.exploringgeopolitics.org/Publication_Efferink_van_Leonhardt_The_Definition_of_Geopolitics_Classicial_French_Critical.html

*соодветно мора да се поставаат политичките настани доколку треба да водат до успех на долг рок. За да бидат сигурни, чинителите на политичката сцена имаат слобода да направат отстапување од таквата рамка сега и тогаш, но блиската поврзаност на политичките настани со површината на земјата секако ќе биде почувствувана порано или подоцна. (Cahnman, 1943, p.56)*

Во геополитичкото размислување, влијанието на средината врз активностите на луѓето повеќе се смета за природна отколку за историска врска. (Cahnman, 1943, p.56) Според доктрината за географскиот детерминизам, се смета дека „средината, особено физичката средина, е примарен каузален (причинско-последичен) или одлучувачки фактор во човековата активност.“ Така, политичката историја е лабораторија од која геополитичкиот теоретичар ги врши своите набљудувања.(Hagan, 1942, p.485) Накратко, анализата на историјата и географијата беше и е заеднички фокус на геополитичките теоретичари. Од Алфред Махан (Alfred Mahan) и Халфорд Макиндер (Halford Mackinder) до Збигниев Брзесински (Zbigniev Brzezinski), геополитичките теоретичари бараа меѓусебна поврзаност помеѓу географијата и историјата.

Друго прашање за контроверзноста се однесува на тоа каде и кога прво започнала геополитиката. Многу стручни лица како што е Коен сметаат дека интелектуалци како Аристотел, Монтескје, Кант, Хегел и Хумболдт веќе ја разбираа геополитиката. (Cohen, 2003) Хаган тврди дека:

*односот кој постои помеѓу човекот и неговата географска средина беше предмет на шпекулации уште од времето на Грците. Одговорите на прашањето повремено се разликуваа, како и акцентот што се придава на тој однос. Грците и Римјаните ја третирале оваа тема и темата беше актуелизирана од Жан Боден (Jean Bodin) во шеснаесеттиот век. Подоцна Монтескје (Montesquieu) се обиде да формулира систематска теорија на влијанието кое средината го имаше врз политичките практики. Карл Ритер (на почетокот на деветнаесеттиот век напиша огромно дело обидувајќи се да ги следи односите помеѓу човекот и неговата географска положба. (Hagan, 1942, p.478)*

Според ова гледиште, како што појаснува еден од неговите основачи, Хаусхофер, „иако теоретските основи на геополитиката беа поставени во поново време, нејзината практична примена – инстинктивното чувство за геополитичките

можности, реализацијата на нејзиното длабоко влијание врз политичкиот развој – е подеднакво стара како и самата историја.“ (Haushofer, 1998, p.33) Светската историја после сѐ е приказна за натпревар меѓу властите за моќта да организираат, да окупираат и да управуваат со простор. (O'Toal, 1996, p.2)

Во оваа смисла, геополитиката, како што понатаму детално ќе стане збор, исто така може да се смета за „дискурс за светската политика, со особен акцент врз државната конкуренција и географските димензии на моќта.“ Според географот Кеарнс (Kearns), кој би можело да се смета за член на полето на критичката геополитика, „геополитиката е дискурс кој ги опишува, појаснува и промовира посебните начини да се увиди како се формираат и доживуваат територијалните сили.“ (Kearns, 2003, p.173)

Геополитиката, како и многу други термини во општествените науки, е несигурна. Прекумерната употреба и според тоа злоупотребата на кој било термин неизбежно резултира во одреден степен на двосмисленост. Овој исказ важи за терминот „геополитика“ како што важи и за секој друг термин. Не постои консензус за една дефиниција. Горепоменатите дефиниции на геополитиката треба да излезат на површина за да се добие идеја за она на што се однесува геополитиката.

Во завршната анализа може да се каже дека геополитиката е начин на гледање на светот. Таа пред сѐ се однесува на визуелизацијата на мапа, за целосно продирање во историјата и географијата истовремено внимавајќи на шпекулативната иднина. Геополитичките теоретичари како своја појдовна точка ја земаат глобалната сцена и применуваат „господова птичја перспектива“ (Dodds, 2007, p.4) на мапата. Секој геополитички теоретичар има одредени приоритети и создава теории за да опслужува *одредена цел. Геополитиката е термин (Dodds, 2007, p.4) кој е користен, прекумерно* користен и злоупотребуван од голем број луѓе – од нестручни луѓе до студенти, новинари, академици и политичари. Тоа е полунаучен зафат со национална пристрасност на пресекот на политичката географија и меѓународните односи.

Како што вели Флинт, за да ги постигнеме нашите цели кои се однесуваат на разбирање, анализирање и можност да се критикува светската политика,потребно е да работиме со повеќе од една дефиниција. (Flint, 2006, p.121) Имено, во текот на ова докторско истражување, геополитиката ќе се проценува како интелектуална традиција, како израз на државниот интерес и на крајот, како израз на политиката на идентитетот. (Guzzini, 2010, p.14)

## 2.1.2 ГЕОПОЛИТИКАТА СПОРЕД МАКИНДЕР

Во Англо-американското гледиште, во првенствените стратешки списи од 1800-1991 се искажуваше потребата да се избегне доминацијата во Европа, потоа на Евроазија и на крај на еден потенцијален начин само на една држава или една коалиција. Во еден извонредно добар и храбар аргумент даден од Сир Халфорд Макиндер британски географ, по повик на теоретичар и геополитичар, тој предупредува: контролата на континенталниот дел од Евроазија може да доведе до владеење со светот. Брајан Блулет, помлад биограф на Макиндер, предвиде дека оваа теза е во голема мера опширна со: Двете светски војни како и со Студената Војна, 20 век беше според геополитичката гледна точка, борба да се спречи остварување на предвидувањето на Макиндер. (Ferguson, 1998, p. 294)

Макиндер многу добро предвиде дека обединувањето на големите соседни континентални територии благодарение на железницата би значело дека иднината би припаѓала на копнените сили а не на поморските, барем од стратешка гледна точка. Тој тврдеше дека поморските сили на Атлантска Европа доминираа на светскиот пазар и тоа го користеа околу 400 години од 1500 до 1900 година, поради што се нарекува “Ера на Колумбо”. Најнапред од овие поморски сили, всушност како пример за ова општество биле оние на Британската Империја: Стравувањата за идната сигурност на оваа политичка организација му претставуваа најстрашна преокупација на оваа политичка организација на Макиндер.

Првата голема концепциска иновација на Макиндер беше онаа од 1904 година која тој ја нарече „Географска основа на историјата” (неговата втора иновација беше „Внатрешен океан“ во 1943 која што конечно ја означува НАТО заедницата центрирана на Атлантикот.) (Tilforrd, 2000, p. 151)

*„Не е ли основа на светската политика оваа широка област на Евроазија која е недостапна за бродовите, но во Антиката широко отворена за номадските коњаници за денес да биде опфатена со мрежа на железници? Тука се пронаоѓаат и здружуваат условите за мобилноста на една воена и економска сила која поседува карактер на голема, но сепак ограничена вредност. Русија ја заменува Монголската Империја.”*(Hamilton, 1921)

Тој предупредуваше дека силата која контролираше беше или Столб (во 1904 год) или Срце (во 1919, потоа и 1943) на Евроазиската зона - концепт кој еволуираше од една стриктна концепција на строго физичка географија во стратешка концепција – ќе биде во можност да се примени веродостоен начин за доминација на Евроазија. Таа ќе има корист од внатрешните комуникациски линии и од централната локација и богатите ресурси. Од тогаш, нејзината географска соседна континентална тврдина, ако не беше преместувана од големите промени на земјата – Државата (или коалицијата) од Срцето би била во можност да се здобие со средства потребни за да се преземе светска превласт, таа би можела да се натпреварува со помрските сили на земјите кои ги именувала на геополитички начин (надворешна полумесечина) особено Велика Британија и Соединетите Држави.

Што се однесува на континенталните противници Макиндер немаше заземено страна. Во 1904 год тоа беше Русија, во 1919 и 1943 год. Германија. Ако доживееше да го види почетокот на Студената војна тој несомнено повторно ќе ги пренесеше своите стратешки ставови во Русија. Помеѓу другото тој ја сметаше Кина како можна но и понатамошен наследник на доминантната сила на Хертландот (Heartland). Идентитетот на опонентот нема важност за точноста на територијата. Исто како што британската надворешна политика има традиционални причини што ја подржуваат да постои така и територијата на Хертландот идентификуваше постојан интерес и постулираше постојано политичко решение. Велика Британија имаше потреба да основа втора посилна Држава или коалиција со цел да ја одбие копнената (континенталната) превласт од најопасните земји во тој момент.

Геополитичката теорија останува да биде безвременска. Таа е осудена како едноставна, ограничена, со недостиг на пертинентност во ера на глобални информации и недржавна, како и силно истакната од здруженијата со германските теоретичари од *Geopolitik* кои прифатиле да ја користат како алат на нацистичка пропаганда. (Agner, 1982) Со исклучок на последната, сите други критики се неточни. Макиндер пишувал за ризици, опасности како и за трендови а не за сигурности. Во текот на четирите века на влијание врз светот поморската сила на Атлантска Европа никогаш не успеа да доминира, а уште помалку пак да го освои срцето (центарот) на Евроазија.

На ист начин, за еден милениум, и покрај супериорноста на Азиските вооружени војски тие никогаш не успееја да го освојат европскиот полуостров. Така

теоријата на Макиндер не е ограничена. Таа секогаш беше едноставна, но тоа е начинот на кој многу придонел кон убедувањето и корисноста на централниот концепт. Она што неговата геополитика го донесе не беше референтна рамка и објаснување на суштествената динамика со цел да се дешифрира стратешки текот на историјата. Оттаму и неговиот основен концепт одговара на фактите од 1800 па се до денес, а исто така може да одговара и на идните векови. Основна причина е неизбежната реалност на начин на кој континенталните народи беа природно подредени или групирани. Ни се допаѓало нам тоа или не, факт е дека сите светски адути се регрупирани во како што Макиндер велел "Свет - Остров" на Евроазија и на Африка. Подоцна во неговиот живот тој го препознава потенцијалот на Северна Америка како можен ривал на светската скала на евроазискиот Хертланд. Но и покрај тоа, тој водеше сметка за тоа дека Евроазија е навистина единствено место на моќта, место каде што можат да бидат лансирани кредибилни обиди за доминација и освојување на светот.

Наместо заклучок можеме да нагласиме дека креирањето на геополитиката стана можно тогаш кога беше можно да се гледа светот како целина. Оние кои ја гледаа сликата од светот беа Европјаните, и идентификувањето на Европа како различна од другите на другата страна на границата беше потребно за развој на европски идентитет. Како што тврди Агњу, Европското општество и самата идеја за Европа би можеле да произлезат само во поглед на она што не беше и во однос на тоа каде започна и заврши.(Agnew, 1998, p.20) Во текот на овој процес на идентификација, се разви она што Агњу го нарекува „бинарни географии".

Западниот идентитет и геополитички дискурс ги носат сите гореспоменати наследства на европскиот идентитет. Единствениот начин да остане безбедна и мобилизирана е да се нацртаат границите преку геополитички дискурси бидејќи западот, во завршната анализа, нема географски граници.

Со други зборови, како што на модерниот европски и според тоа и Западен идентитет, им недостасуваат потребните заеднички објективни елементи како што се јазик, култура, географија, и т.н., неговиот дискурс треба да зависи од негирањето на „другиот". Кога нема „друг", западниот идентитет е во криза. Поради тоа доминантните сили се повикуваа на Макиндер и Черчиловата „Железна завеса", Регановата „Империја на злото" и „Оската на злото на Буш" и ја користеа дихотомијата на Истокот-Западот и дискурсот заснован на истата.

За таа цел во функција на поцелосни и пообјективни научни истражувања ид геополитички аспект, неопходно е проширување и надминување на основните гледишта и стојалишта на традиционалната геополитика и нивно целосно разгледување низ светлината и фокусот на современите критички геполитички размислувања концепти, стратегии и теории.

**Борбата помеѓу „нас и нив“ во светската политика и современиот свет продолжува да егзистира независно од тоа дали разликата помеѓу „нас и нив“ е религија, јазик, раса, Исток или Запад, Западна Европа или Балкан...Модерната геополитика треба да има и да дава целосен и интегриран одговор на сите овие потенцирани и голем број значајни премиси за креирање на јасна, прецизна и целосна слика за светот околу нас, за „нив“ но и за „нас“ – односно за „сите нас“, како и за сите безбедносни предизвици и конфликти кои неизбежно ја креираат судбината на „сите нас“.**

## 2.2 КРИТИЧКА ГЕОПОЛИТИКА – ИСТОРИСКИ ПРИКАЗ

*Колку повеќе сме свесни за нашите основни парадигми, мапи или претпоставки и степенот до кој сме под влијание на нашето искуство, толку повеќе можеме да преземеме одговорност за тие парадигми, да ги испитаме, а со тоа ќе добиеме поголема слика и многу пообјективно гледиште. (Covey, 2004, p.29)*

Во последните сто години, паралелно со развојот на геополитиката се развивале и геополитичките критики. Она што може да се забележи е фактот што критиката на геополитиката била многу помалку застапена во јавноста од самите геополитички идеи. Тоа може делумно да ја објасни конзистентноста и цврстината на одредени геополитички погледи кои успеале да преживеат и до ден денешен, иако одредени работи се доста променети и во политичката и во историската сфера. Обидите за реализирање одредени геополитички идеи биле „ослободени" од критика затоа што таа не успеала да се афирмира и да ги наметне сопствените аргументи во јавноста. Постоењето на критиката е значајна од повеќе причини. Една од тие причини е што оправдувањата за меѓународните судири, речиси по правило, се пронаоѓале во геополитичките и геостратегиските консталации на односите. Постоела критика насочена кон таквите пристапи, кон оние што ги преземале и оправдувале таквите акции, но нејзините аргументи не ги уверувале државите во потребата за поинакво, ненасилно делување. Втората причина е тоа што е неопходно да се развиваат поинакви пристапи во современата геополитика кои ќе ги надвладеат опасните тенденции на поедноставување на геополитиката. (Tuathail, 1999, pp. 107-124)

Геополитиката можеме да ја опишеме како теорија за решавање на проблемите и практика на владеење во одреден простор. Таа ја зема постојната структура на моќ како рамка во чиј контекст настојува да ја оформи концептуализацијата на просторот и процесите, и да ги нагласи основните елементи за дејствување на надворешната политика. Доминантен метод во таквото делување на геополитиката е декларативна (работите се случуваат затоа што светот е таков) и императивна (ние мораме така да делуваме). Геополитиката ја создава културната и политичката верзија на вистината за светот. Делува во рамките на светската рамнотежа на силите и создава услови за постигнување на идните стратегиски вредности во анархичниот свет. Според овие

констатации, геополитиката по многу нешта е слична на политиката на реализам. Се разликува по тоа што ја има географијата како аргумент плус. Географијата, всушност е таа предност која овозможува поинаков видлив контекст во прикажувањето на светот, што во рамките на политичкиот реализам не е возможно. Токму поради тоа, се случува политичкиот реализам да ги користи „услугите“ на геополитиката, односно директно да пронаоѓа аргументација во географијата.

Критичката геополитика е незацврстено (лабаво) поле кое се појави во доцните 1980ти, на границата помеѓу политичката географија и меѓународните односи. Истакнати личности на ова поле се географите како што се Џон Агњу (John Agnew), Жерард О'Тул (Gearóid Ó Tuathail), Сајмон Делби (Simon Dalby) и Клаус Додс (Klaus Dodds). Терминот „критичка геополитика“ беше формиран и инспириран од работите на овие географи. (Dodds, 2001, p.470) Во 1991 година Сајмон Делби ја изрази потребата од критичка геополитика на следниот начин:

*Она за што станува збор овде не е ништо помалку од признавање на важноста да се проучува политичкото делување на форми на географски сознанија, признавајќи дека географите се спецификации на политичката реалност кои имаат политички ефект. Да се градат критички политички географии подразбира да се тврди дека не смееме да го ограничиме нашето внимание на проучување на географијата на политиката во рамките на претходно дадени разумни простори кои се земени здраво за готово, туку да ја испитаме политиката на географските спецификации на политиката. Ова значи да се практикува критичка геополитика. (Dalby, 1991, p.274)*

Во 1992 година Џон Агњу, заедно со О'Тул објави труд со наслов „Геополитика и дискурс: Практично геополитичко размислување во американската надворешна политика“.(Toal and Agnew, 1992, pp.190-204) За возврат, овој труд предизвика истражувачка агенда и заедно со статијата на Агњу и Корбриџ (Corbridge) насловена „Новата геополитика: Динамиката на геополитичкото безредие“ (Toal and Agnew, 1992, pp.190-204) создаде порив за проучување на критичката геополитика. (Dodds, 2000, p.469)

Накратко кажано, критичката геополитика има за цел навраќање и разјаснување на основните претпоставки на класичната геополитика. Се стреми да се наврати на епистемолошките претпоставки и онтолошките заложби на конвенционалната

геополитика. Критичката геополитика доведе до создавање на голем број темелни студии, кои заедно со прецизните биографски трудови, им помогнаа на познавачите подобро да ги разберат културните потекла, пристрасности и теоретски ограничувања на класичната геополитика.[7] (Bordonaro, 2010)

Критичката геополитика исто така ги испитува геополитичките практики со цел да го разбере географското и политичкото размислување и како ги условува практиките во светската политика. Ја испитува геополитичката традиција, навраќајќи се на историскиот и географскиот контекст на идеи за географија и политика, односот помеѓу геополитиката и народната култура, и на крајот, но подеднакво важно, ја проучува структурната геополитика која ги поврзува практиката на вешто управување со државните работи со практиката на глобализацијата и информациските мрежи. (Dodds, 2001, pp.470-471) Во поширока смисла, има за цел критички да испита сè што е поврзано со географија и политика. Помага да се процени како практиката на светската политика се спроведува преку различни геополитички поредоци и како нашето гледиште на светот се темели на овие премиси.

Политичките географи Џон Агњу и Стјуарт Корбриџ, во нивната книга *Совладување на вселената:Хегемонија, територија и меѓународна политичка економија*, (Agnew and Corbridge, 1995) го предложија концептот на „геополитички поредок" и истакнаа како геополитичките поредоци се поврзани со одредени геополитички дискурси. Според ова гледиште, трите различни геополитички поредоци кои преовладуваа од 1815 до 1990 година беа следните: геополитичкиот поредок на т.н. Европскиот концерт (Конгресен систем или Виенски систем), интер-империјалното ривалство и Студената војна. Работата на Агњу и Корбриџ покажа како географскиот дискурс ја оформи практиката и како практиките го оформија дискурсот за време на овие три фази, од кои секоја имаше своја комбинација на елементи.

Понатаму, во 1998 година, Агну дефинираше три периоди на геополитиката кои се развија во текот на периодот од почетокот на деветнаесеттиот век до 1980 година во неговата книга *Геополитика: Преиспитување на светската политика*. (Agnew, 1998) Овие три периоди се староста на цивилизациската геополитика, натурализираната геополитика и идеолошката геополитика, соодветно. Според ова гледиште, во првиот геополитички поредок, кој беше комбинација од Европскиот конгресен систем и

---

[7]http://www.exploringgeopolitics.org/publication_bordonaro_federico_rediscovering_spykman_rimland_geography_peace_foreign_policy/

Британската доминација, преовладуваше цивилизациската геополитика. Од друга страна, во геополитичкиот поредок на интер-империјалното ривалство, преовладуваше натурализираната геополитика, додека во текот на геополитичкиот поредок на Студената војна, преовладуваше идеолошката геополитика, пропратена од нивните геополитички дискурси.

Други географи исто така се обидоа да наведат голем број категоризации и смислија нови концепти и дефиниции. На пример О'Тул воведе нови концепти во неговата статија „Геополитички структури и култури: Кон концептуална јаснотија во критичкото изучување на геополитиката“ (Toal, 2004, pp.75-102) отстапувајќи од дефинициите на Агњу и Корбриџ. Некои од неговите концепти вклучуваат: „геополитичка структура“, „геополитички поредок“, „геополитичка економија“, „геополитичка состојба“, „култури на геополитика“, „географски фантазии“, „геополитичка култура“, „геополитички традиции“„„геополитички визии и геополитички теми“, „геополитички дискурс и дискурзивен политички процес“ и „геостратешки дискурси“.

Отстапувајќи од овие категоризации, оваа студија потврдува дека во текот на историјата на меѓудржавниот систем, во одредени периоди преовладувале одредени геополитички поредоци, со исклучок на времето на „геополитички поредок“ или „геополитички транзиции“. Имињата, дефинициите и временските рокови на овие поредоци би можело да се променат според гледиштето на познавачот, но без разлика како ги категоризираме, можно е да се тврди нивното постоење и одредени континуитети кои ги поврзуваат заедно.

Бидејќи она за што зборуваме овде се социјални процеси, оваа студија исто така потврдува дека не постојат остри линии на поделба помеѓу овие различни категории. Важно е да се забележи дека ниеден од овие геополитички поредоци/дискурси не ги има заменето претходните во апсолутна смисла. Поредоците/дискурсите продолжија да коегзистираат. Понатаму, во време на геополитичко нередие и транзиција, можно е да се следат сите историски дискурси истовремено со еднаква сила, како во случајот на периодот после Студената војна.

Можеме да констатираме дека трите геополитички дискурси, наведени од Агњу, сега коегзистираат. Цивилизациската геополитика можеби започнала во осумнаесеттиот век, но би било погрешно да се претпостави дека завршила кон крајот

на деветнаесеттиот век; никогаш не престанала да постои. Тезата за судирот на цивилизациите на Хантингтон служи како добар пример за ова. Овој континуитет е блиску поврзан со фактот дека овие поредоци/дискурси оформуваат како го гледаме светот и стануваме „реални“ од наша перспектива.

Основната карактеристика на геополитичките поредоци/дискурси/состојби или како и да ги наречеме, е дека сите тие набројуваат пријатели и непријатели. Модерниот геополитички дискурс произлезе со Ерата на откритијата и европското географско истражување и откривање на континентите како што се Америка и Африка, кои исто така значеа откривање на „другото“. Во неговиот центар се наоѓаат прашања кои се однесуваат на идентитет и разлика. Иако јазикот и акцентите на секој од нив се имаат променето во текот на историјата, суштината секогаш остана иста: дихотомијата нас/нив. Во завршната анализа, светската политика се состои од повеќе односи на „нас и нив“ и борбата помеѓу нив ќе продолжи да постои, независно од тоа дали разликата помеѓу „нас“ и „нив“ е религија, јазик, раса, боја или нешто друго.

Следствено, врз основа на идеите изнесени од страна на истакнати личности од критичката геополитика, внимателно акцентот ќе го ставиме на некои прашања кои се однесуваат на геополитичкиот дискурс и односот помеѓу геополитиката, дискурсот и хегемонијата, во обид да се анализираат карактеристиките на модерниот политички дискурс.

### 2.2.1 МОДЕРНИОТ (ГЕО)ПОЛИТИЧКИ ДИСКУРС И КРИТИЧКАТА ГЕОПОЛИТИКА

Дискурсот е доменот на употребата на јазикот, обединет со заеднички претпоставки и со кој се користат зборовите и добиваат конкретни значења. Во оваа смисла, дискурсот едноставно значи „начинот на кој го користиме јазикот за да конструираме значење или начинот на кој ги внесуваме зборовите со значење.“ (Steans and Pettiford, 2001, p.222).

Во пост-структурната анализа дискурсите се сметаат за практики кои „систематски ги формираат или создаваат предметите за кои зборуваат.“(Steans and Pettiford, 2001, p.137) Во оваа смисла, според пост-структурализмот, самите дискурси се форма на практика. Па така, линијата на поделба помеѓу теоријата и практиката се

руши, што значи дека теоријата е практика.[8](Grondin, 2004, p.1) Од оваа гледна точка, доминантните теории се сметаат за доминантни дискурси кои го оформуваат нашето гледиште на светот и нашите начини на негово разбирање. Според Грондин,

> *дискурс е начин да се научи за нешто таму во „реалниот свет“: тоа е начин да се докаже дека нешто е реално, препознатливо, подредливо, познато и според тоа, значајно. Дискурсот ги создава условите за знаење. За „реално“ го сметаме она што е значајно: дискурсот секогаш е толкување, приказна за повеќе реалности запишани според конкретен социјален или симболичен редослед. Затоа дискурзивниот приказ е неутрален; поединците на власт се оние кои се „овластени“ да ја создадат реалноста и според тоа и знаењето. Во овој контекст, моќта е знаење и способност да се создаде она што се смета за „вистинито“.*(Grondin, 2004, pp.6-7)

Доколку ги третираме дискурсите како практики, станува можно да се тврди за постоење на триаголен однос во кој теориите создаваат дискурс, што за возврат создава практика, за што повторно теоретизираат теоретичарите.

Една од основните цели на критичката геополитика е да се деконструираат хегемониските геополитички дискурси. Така анализата на дискурс го сочинува основниот елемент на овој пристап. Како што вели О'Тул:

> *(...) за да се проучи геополитиката мора да го проучиме дискурсот, кој може да се дефинира како репрезентативни практики со кои културите креативно сочинуваат значајни светови. (...)* ***Повеќето култури го прават ова со помош на приказни (раскази) и слики.[9] (...) Бидејќи геополитиката е дискурсот со карактеристични 'светски' составни амбиции (...) мора да внимаваме на начините на кој се означува глобалниот простор, како се распоредуваат споредбите и како се користат визуелните слики во овој процес на создавање приказни и конструирање слики за светска политика.[10] (Toal, 2009)***

**Критичката геополитика тврди дека географијата како дискурс е форма на однос моќ/знаење и според тоа критички треба да се истражува. Таквата анализа**

---

[8] http://www.allacademic.com/ meta/p72868_index.html, p. 1.

[9] Забелешка: Приказните, сликите и споредбите презентирани за Балканот не се само балкански, тие имаат и елемент на европската и светската култура, историја и политика

[10] www.exploringgeopolitics.org.

**ни овозможува да видиме како социјалниот и политичкиот живот е конструиран преку дискурси. Она што е кажано или напишано од политичките елити – целата заедница од владини службеници, политички лидери, експерти за надворешна политика и советници – е резултат на несвесното усвојување на правила на живеење, размислување и говорење кои се имплицитни во текстовите, говорите и документите.** Оваа група, од друга страна, исто така се смета дека е елитата која ги насочува масите во однос на тоа како тие треба да живеат, да размислуваат и да зборуваат. Според тоа, претставува готов начин на размислување и има сличности со карактеристиките на идеологиите. Оттука, анализирањето на геополитичкиот дискурс, со откривање на пишувањето на меѓународниот геополитички поредок, е од суштинско значење, бидејќи информира за активност и практика во светот. (Abercrombie, Hill and Turner, 1994, p.120) Како што истакнал Додс:

> *дискурсите имаат значајна улога во мобилизирањето одредени едноставни географски сознанија за светот кои помагаат во оправдување на одредени политички одлуки.* ***Политичките говори, на пример, нудат можности за промоција на одредени идеи на влијателни чинители во светската политика. Употребата на симболика, метафори и тропи (изразно средство) може да биде од суштинско значење за оформување на политичките сознанија (...) (Dodds, 2000, p.35)***[11]

Терминот „геополитички дискурс", како што го користат Агњу и Корбриџ, се однесува на тоа како географијата на меѓународната политичка економија е „напишана и прочитана" во пракса за време на различни периоди на геополитички поредок. Политиките во/на секој поредок се развиени и се извршуваат околу одредени карактеризации на простор, места и луѓе, дефинирани и утврдени со одредени начини на прикажување.

Основната карактеристика на модерниот геополитички дискурс е исцрпувањето на линии на поделба меѓу пријатели и непријатели. Модерниот геополитички дискурс произлезе со Ерата на откритијата, со откривање на „другиот". Според тоа, прашањата кои се однесуваат на идентитетот и разликите лежат во неговото јадро. Иако јазикот и

[11] Забелешка: За остварување на целите на нашето истражување анализирани се и говорите на светски државници, политичари и влијателни чинители на светската политика (претставници на ООН, НАТО, ЕУ, ОБСЕ и др.).

акцентите се менуваа со текот на историјата, суштината на дискурсот отсекогаш остануваше иста.

### 2.2.2 ГЕОПОЛИТИЧКИОТ ДИСКУРС НА ХЕГЕМОНОТ

Спротивно на правната претпоставка дека државите се еднакви суверени субјекти (ентитети), реалноста е сосема спротивна. Во кое било дадено време во текот на историјата на меѓудржавниот систем, отсекогаш постоеле одредени земји кои, како што вели Џорџ Орвел (George Orwell), биле „поеднакви од другите".

Како што наведува Рацел (Ratzel) уште во 1897, секој географски дел од светот е во некаков однос со други делови и сите тие заедно сочинуваат целина. Вкупниот простор е ограничен, па така сите политички проширувања на територија треба да запрат во даден момент. Бидејќи големината на површината на земјата го ограничува проширувањето, „зенитот" може да го постигнат само неколку земји истовремено. (Ratzel, 1897, p.299) Оваа географска аналогија воедно важи и за други видови на распределба на моќ, независно дали во поглед на население, богатство, технологија, воен потенцијал, итн.

Хегемоните (државите со хегемонистички - владеачки цели и интереси) по дефиниција делуваат по геополитички линии и имаат потреба од геополитичка анализа и совети со цел да ја одржуваат својата моќ и статус. Во однос на геополитичките теории, Земјата е даден природен/географски субјект. Светот, спротивно на тоа, е вештачки создаден политички/историски субјект. Според тоа, важно е да се разбере дека геополитиката не е дадена, туку претставува човечка конструкција направена од страна на или за хегемонот.

За да се создадат и зголемат сферите на влијание, доминантните сили или хегемонот, кога постои таков, треба да се стекнат со поддржувачи. Важна компонента на овој процес на создавање „сфери на влијание" е дискурсот. Хегемоните ги оформуваат геополитичките сознанија за светот преку дискурс. Процесот на „оформување на реалноста" од страна на хегемонот е блиску поврзан со процесот на оформување на дискурсот. Со други зборови, на хегемоните им се потребни дискурси кои се засноваат на дихотомијата непријател/пријател со цел да ја легитимизираат

нивната мисија и да го одржуваат нивниот статус и сфера на влијание. Од оваа причина треба да се создадат пријатели и непријатели, закани и опасности.

Како што истакнува Шорт, доминантните сили обично одат во пар; тие се борат и се натпреваруваат меѓу себе за доминација. (Short, 1993, p.54)

*Атина и Спарта, Рим и Картагина, САД и СССР; биполарностите продолжуваат низ вековите. Суштински елемент во нивниот однос е нивното меѓусебно омаловажување. Конкурентот станува „другата злобна страна", изворот на безредие и немири, држава населена од демони и ѓаволи. Во реториката на Студената војна, САД го гледаше СССР како закана за мирот и светската хармонија, пеколно наклонети кон доминација во светот. Спротивно на тоа, Советската страна, гледаше непријателска империја која имаше воени бази насекаде низ светот, која имаше употребено атомска бомба на невини цивили, која сакаше да го уништи нивното општество. Мислењата беа поларизирани; тоа беше случај на сили на доброто против сили на темнината. Идеологиите меѓусебно се хранеа, имаа потреба едни од други за да обезбедат непријател, лесно препознатлив извор на неволја. САД можеа да го обвинат СССР за социјалните немири ширум светот, СССР можеше да ја види раката на Американците секој пат кога населението во нивните сателитски држави (држави под нивниот доминантно влијание, т.н. клиент држави) сакаше повеќе независност. Постоеше симетрија. ЦИА можеше да види како работи КГБ, КГБ беа сигурни за вклученоста на ЦИА. Воената тензија во САД водеше до воена тензија во СССР, што водеше до тоа Пентагон да побара повеќе пари, што за возврат предизвика генералите на Црвената Армија да побараат повеќе воен хардвер.*(Short, 1993, p.54)

Така доаѓаме до друга дефиниција на геополитиката. Можно е да се тврди дека геополитиката е политиката која ја предизвикуваат и применуваат доминантни сили. Во оваа смисла, Додс наведува едно важно согледување:

*Тековната распределба на моќ во рамките на меѓународниот систем значи дека некои земји (...) се во подобра положба од други, за да влијаат на производството и циркулацијата на политичките дискурси, оттука тие поседуваат капацитет да го оформат геополитичкото разбирање на светот. (Dodds, 2000, p.36)*

Модерната геополитика и теоријата за меѓународните односи се западни иницијативи и зависат од западниот/европскиот идентитет. Според тоа, важно е да се разберат процесот и историјата на формирањето на западниот/европскиот идентитет и категоризациите и класификациите кои се добиваат со тоа, со цел да може да се постигне подобро разбирање на модерниот геополитички дискурс и неговата перспектива за светската политика.

## 2.3 ОД ТРАДИЦИОНАЛНА КОН КРИТИЧКА ГЕОПОЛИТИКА

Критичката геополитика се разликува од геополитиката по тоа што ги проблематизира теоретските поставки и е насочена кон истражување на комплексноста на глобалниот политички живот кој не може да се објасни само преку проучување на структурата и односите на моќта. Критичката геополитика е насочена кон критика на начинот на кој ортодоксната геополитика ја чита светската политичка карта. Имено, класичната (ортодоксна) геополитика ги проектира културните и политичките претпоставки на политичката карта, за да може да ги потврди своите претпоставки. Притоа, не се воочуваат вистинските односи, односно се настојува да се создадат. Со оглед на тоа, геополитиката се јавува како проширена културна практика на одредени експерти во моќни институции (војска, универзитети, разни институти и др.) кои не ги истражуваат односите на моќта, туку ги создаваат. Критичката геополитика го избегнува таквиот пристап и последиците преку проширување на јавната расправа за одредени прашања, вклучувајќи широк круг стручњаци и јавноста.

Во периодот на Студената војна разликата помеѓу класичната (ортодоксна) геополитика и критичката геополитика била прилично јасна. Класичната геополитика нудела прилично поедноставена перцепција на светот во чие средиште се наоѓал неизбежниот судир помеѓу големите сили. Поради тоа, предизивикана е засилена милитаризација, натрупување на оружје и воени сили како единствен начин за намалување на стравот од уништување. Критичката геополитика во истиот период настојувала да укаже на опасностите од таквата поедноставена перцепција на светот, и нудела проширена слика за светот во која биле вклучени, покрај воените, политичките, економските, сицијалните прашања и прашањата за заштита на животната средина. Современите геополитички услови ѓо намалуваат значењето на класичната геополитика која се темелела на „бинарните“ односи ние/тие, внатрешни/надворешни, домашни/странци, блиску/далеку. Ваквите односи своето објаснување го имале во геополитичките парадигми како што се Хертланд/Римланд, копнени сили/поморски сили, исток/запад и др. Во денешни услови концептуализацијата и објаснувањето на современиот свет врз база на претходно наведените констатации е прилично дискутабилно.

Главната разлика помеѓу **традиционалната геополитика** и покритичките пристапи е што вторите промовираат отворање на политичка географија за методолошка и концептуална повторна проценка (погледнете Табела 1).

Составена од различни нишки на општествена теорија, критичката геополитика се обиде да ги земе предвид начините на кои географските дискурси, практики и перспективи го мереа, опишуваа и оценуваа светот. Инспирацијата за критичката геополитика лежи во верувањето дека традиционалната политичка географија не успеала да ја наруши широко распространетата „деполитизација" на човековата географија во 1950тите и 1960тите. Студиите за граници, на пример, повеќе беа засегнати со функцијата и типологијата на границите отколку со обезбедувањето на критичка проценка на нивното значење во рамките на меѓународниот систем. Границите се од централна важност за дискурсот на суверенитет бидејќи тие обезбедуваат помеѓу другото средства за физичка и културна поделба на една суверена земја од друга. Во поново време, пионерската работа на францускиот географ Ив Лакост даде вреден придонес во агендата која се фокусираше на улогата која ја има географското значење во консолидирањето на воената моќ и политиката во чиј центар е државата.

| Традиционална геополитика | Критичка геополитика |
|---|---|
| **Национален суверенитет** | Глобализација |
| **Фиксни територии** | Симболични граници |
| **Државна работа** | Мрежи/меѓусебна зависност |
| **Територијални непријатели** | Детериторијалзирани опасности |
| **Географски блокови** | Виртуелни средини |
| **Физички/земјени средини** | |
| **Картографија и мапи** | Системи за географски информации (GIS) |

**Табела 1. Традиционална и критичка геополитика**

*Извор: Dodds, K. (2014). Global Geopolitics: A Critical Introduction. London and NY:Routledge, pp.31-32*

Ив Лакост беше професор по географија на Универзитетот Винсен во Франција за време на 1960тите и 1970тите. Неговото незадоволство од академската и политичката состојба на географијата го поттикна него и колегите да создадат ново списание наречено *Еродот* (*Herodote)* во јануари 1976 година. Во позната студија наречена *Географијата е прва и основна за војување (Géographie, ça sert, d'abord, à faire la guerre)*, тој тврдеше дека географското знаење придонело за воената моќ и политиката во чиј центар е државата. Во неговата анализа на американското бомбардирање на насипите на Ред Ривер во Северен Витенам, Лакост покажал дека географските информации собрани за регионот биле користени од американските сили да го таргетираат и уништуваат потенцијалот за одгледување храна на регионот. Политичките географи беа потсетени дека односот помеѓу географското знаење и политичката моќ всушност би можело да биде насилен. Лакост се одделил од аполитичните аспекти на француската политичка географија и јасно го кажал своето верување дека географската работа треба да биде лоцирана во рамките на тековни политички борби и загрижености. Понатаму, Лакост го користел *Еродот* за да покрене серија од прашања како што се деколонизација, имиграција, исламска политика и нуклеарни проектили. Многу од неговите идеи во врска со улогата на географското знаење во пренесување на надворешната политика и воената политика се подготвени во рамките на англофонската критичка геополитика.

Публикацијата на Ив Лакост насловена *Географијата е прва и основна за војување* одбележа нов суштински почеток во историографијата на дисциплината. Работата на Лакост, беше полемичка изјава за функционирањето на географијата како дисциплина која го поддржувала империјалниот поредок во странство и капиталистичкиот поредок дома. Заедно со работите на останатите (кои, како и Лакост, најдоа процеп за нивната работа во *Антипод*, важно радикално географско списание основано во 1969 година), неговата работа помогнала да се политизира географското знаење и проучувањето на просторот како општествено произведен (создаден). Што е уште поважно, тој ја посочувало потребата од темелен ревизионизам во рамките на дисциплината модерна географија. За прв пат, предизвикот на деколонизирање на географското знаење и простор може да се концептуализира како таков. Била започната постмодерната дезориентација на модерната географија. Геополитиката повеќе не се смета за изучување на државните работи и Големите моќи (управувањето со меѓународните работи и идеите кои влијаеле на практиките на дипломатијата).

Наместо тоа, сега се смета за оцртување на интелектуалниот терен засегнат со и под влијание на интеракцијата на географијата, знаењето, моќта и политичките и општествени институции. Писателите на критичка географија тврделе дека геополитиката е дискурс засегнат со односот помеѓу моќта-знаењето и општествените и политички односи. Усвојувањето на таквиот став ги води авторите како што се Џон Агњу, Героид О'Тул и Сајмон Делби кон тоа да предложат дека светската политика треба да се разбере според *толкувачка* основа наместо во смисла на серии од божествени „вистини" како што е основната поделба на глобалната политика помеѓу овластувањата на копно и на море. Затоа, за писателот на критичка геополитика, навистина важната задача се однесува на толкување на теории на светска политика наместо повторување на честопати лошо дефинирани претпоставки и разбирања на политиката и географијата.

Предизвикувањето на конвенционалните категории на меѓународна или глобална политика е дел од критичка проценка на улогата на географското знаење и нејзиното знаење врз општествените и политичките практики. Појавата на критичката геополитика и геополитичката економија во 1980тите е индикација за промена на политичката географија од емпиристичкото минато (кое претпоставува дека фактите зборуваат за себе) кон теоретски информирано поле на истражување. Во сојуз со критичките теории на меѓународните односи, критичката геополитика се обидувала да развие теории на меѓународни односи кои ја потврдуваат двосмисленоста, непредвидливоста и несигурноста на светот во кој живееме. Како и другите развојни настани во рамките на општествените науки и хуманистичките науки, критичките пристапи кон светската политика се обидуваат да го споделат постмодерниот скептицизам дека светот може рационално да се воочува и да се толкува преку конкретни техники.

Почетната точка за критичката геополитика е да се тврди дека конвенционалните перспективи на геополитиката и меѓународната политика ги игнорираат претпоставките кои првично се потпираат на тие позиции. Критичкото размислување поставува прашања како на пример, како настануваат тековните ситуации или како делува моќта за да се поддржат одредени контексти. Писателите на критичката геополитика, спротивно на реалистичните набљудувачи, тврдат дека претпоставката за независен и објективен истражувач кој ги евидентира воочливите реалности на меѓународната политика е лажна. Спротивно на тоа, критичките пристапи

кон светската политика би укажале на тоа дека ако не се предизвикаат или доведат во прашање современите структури и односи на моќта, тогаш академските пристапи се изложени на ризик од само опростувачки постоечки практики. Експертите за критичка геополитика сега признаваат дека нивните пристапи кон светската политика самосвесно се наоѓаат во рамките на тело од концептуални и методолошки претпоставки за светот. Теориите на светската политика не се одвоени од светот кој се обидуваме да го опишеме и објасниме и со признавање на оваа точка, критичките теоретичари може да придонесат за развојот на практични идеи во врска со прогресивната општествена и политичка промена и како истата може да се промовира (погледнете Табела 2).

| Реализам | Либерализам | Критичка геополитика |
| --- | --- | --- |
| **-Национален суверенитет**<br>**-Држави**<br>**-Воена моќ**<br>**-Анархиски свет** | -Национален суверенитет<br>-Државни и недржавни организации<br>-Ограничена меѓународна соработка | -Меѓусебна зависност<br>-Глобализација<br>-Мрежи и јазолни точки<br>-Претставувања на глобалниот просто |

**Табела 2. Теории на светска политика: клучни теми**

Аналитичката рамка на критичката геополитика произлегува од мешавина на извори, вклучувајќи анализа на дискурси, меѓународна политичка економија, феминистички пристапи и постмодерна општествена теорија. Најголемото влијание на литературата врз критичката геополитика беше настојувањето на Фуко дека мора да се истражи врската помеѓу моќта и знаењето во дискурсот.

Како што забележале О'Тул и Агњу, основна премиса е тврдењето дека географијата е општествен и историски дискурс кој секогаш е непосредно обвиткан со прашањата на политиката и идеологијата... географијата сама по себе е форма на моќ-знаење. Спротивно на претходните записи, геополитиката сега не се смета за неутрална техника или уред за разгледување на светот; наместо тоа се смета за дискурс кој може да се употреби за да се претстави светот на одредени начини. Така, првиот и најзначаен извор на критичката геополитика беше добиен од испитување на дискурсите на

геополитиката и меѓународните односи. Таквата позиција подразбира дека перцепциите на светот произлегуваат од серија од претпоставки, правила и тврдења кои се применети од оние кои се обидуваат да ги објаснат настаните и околностите.

Работата на Едвард Саид за Западните преставувања на Блискиот Исток дава еден од најјасните примери за тоа како видувањата на Фуко за дискурсот и генеалогиите на моќта-знаењето се прилагодени на истражувањето. Познатата книга на Саид, *Ориентализам (Orientalism)*, го наведува создавањето и еволуцијата на серија од измислени географии кои го сочинуваат Средниот Исток во рамките на Западните географски замисли. Со употреба на британски, француски и американски книжевни извори за Блискиот Исток (Ориентотот), тој тврди дека комплексното место и културни карактеристики на Блискиот Исток биле сведени на неколку дефинирачки карактеристики како што се „заканата" наметната на евро-американската култура од арапската и муслиманската вера. Загриженоста во *Ориентализам* за распределбата на геополитичката свесност во естетски, експертски, економски, социолошки, историски и филозофски текстови беше екстремно провокативна.

Се гледа дека дискурсите влијаат на правилата и тврдењата со кои политичкото однесување се структуира, регулира и расудува. Критичката геополитика тврдеше дека дискурсите имаат главна улога во мобилизирање на одредени едноставни географски разбирања за светот, кои помагаат во оправдувањето на одредени политички одлуки. Политичките говори, на пример, нудат можности за промовирање на одредени идеи на влијателните субјекти во светската политика. Употребата на симболи, метафори и тропи може да има суштинска важност за оформувањето на политичките разбирања на специфични околности.

Критичката геополитика смета дека геополитиката треба да се концептуализира како форма на **дискурс** и политичка практика. Агњу и О'Тул го потврдија во нивното испитување на Студената војна географското размислување на американските политички лица како што е Роналд Реган:

Политичките говори и сличните активности ни даваат средство за надоместување на личните омаловажувања на влијателни субјекти во светската политика. Тие ни помагаат да ја разбереме општествената конструкција на световите и улогата на географското знаење во таа општествена конструкција.

Геополитиката реконцептуализирана како дискурс и форма на политичка пракса има неколку импликации според Додс:

1. Геополитиката треба да се смета за политичка активност која се извршува од одреден број на политички субјекти и која не е ограничена на мала група од специјалисти од академската сфера.
2. Геополитичкото размислување кое го применува американскиот државник за време на Студената војна го посочува фактот дека незабележителните претпоставки за местото и нивните конкретни идентитети може да бидат многу значајни. Претпоставуваната закана на Советскиот Сојуз која ја обзема американската или западната цивилизација честопати привлекуваше долгогодишни географски прикази на евро-азиската површина населена од Азијатски орди со намера да ги освојат Европските и Словенските народи.
3. Тековната распределба на моќ во рамките на меѓународниот систем значеше дека некои земји како што се САД имаат подобра позиција од другите да влијаат на производството и циркулацијата на политичките дискурси и така поСедуваат капацитет да се оформат геополитичките разбирања на светот.
4. Критичката геополитика смета дека изразувањата на географската разлика придонесувале за политика на формирање на идентитетот. Широко распространетото прикажување на Советскиот Сојуз како „другото зло“ за време на Студената војна не само што помогнало да се обезбеди идентитетот на Америка како бастион на слободата и демократијата, но исто така ги овласти последователните администрации да таргетираат кој било кој се сметал за внатрешен пресвртник или крипто-комунист.

Критичката геополитика поаѓа од тврдењето дека геополитиката е многу поширока и покомплексна проблематика, отколку што таа се подразбира во класичната геополитика. Сите држави во светот се организирани на одредена територија и нивната надворешна политичка стретегија и практика се во одреден дел условени од географските фактори, а првенствено од нивната положба. Исто така, надворешно-политичката стратегија се базира и на географската интерпретација на светот, со што таа се потпира на геополитичката анализа. За своите истражувачки потреби, критичката геополитика ја дели геополитиката на формална, практична, популарна и структурална.

| Типови | Објект на истражување | Проблематика | Истражувачки пример |
|---|---|---|---|
| Формална геополитика | Геополитичко мислење и геополитичка традиција | Интелектуалци, институции и нивниот политички и културен контекст | Мислења на врвни научни имиња за состојбите во Р.Македонија од 2001 година |
| Практична геополитика | Секојдневна практика во управувањето со државата | Практично геополитичко размислување и концептуализација на надворешната политика | Како поимите и синтагмите „Балканизација“, „Борба против тероризмот“ и влијаат на надворешната политика на САД, В.Британија, Франција, Германија кон Република Македонија. Односот на соСедните држави и нивните практични политички акции во периодот на конфликтот од 2001 година. |
| Популарна геополитика | Популарна култура, масовни медиуми, географско разбирање | Национален идентитет и конструкција на „сликата“ за народите и просторот | Улогата на масовните медиуми во проектирањето на сликата од Република Македонија во западните држави и нивното јавно мислење за настаните од 2001 година |
| Структурална геополитика | Современи геополитички услови | Глобални процеси, тенденции и спротивности | Како глобализацијата, информатизацијата и другите услови имаат влијание на трансформацијата на геополитичката практика во периодот на конфликтот. Геоекономски апсекти на кризата со геополитичка и геостратегиска одредница. (економски текови, оружје, информатичка технологија и сл.) |

**Табела 3: Поделба на геополитиката според критичката геополитика**

Извор: Colin, S. and Sloan, G. (2013). *Geopolitics, Geography and Strategy*. London and NY: Routledge, p.111.

*Формалната геополитика* воглавно се однесува на истражувањето на геополитичката мисла и геополитичката традиција. Со таа проблематика се занимаваат интелектуалците, институции и други кои имаат влијание на формирањето на геополитичките мисли. *Практичната геополитика* се занимава со проучување на географските елементи кои имаат влијание во секојденвното надворешно-политичко делување. Таа се занимава со проучување на тоа како заедничкото географско

разбрање и перцепција ја обликуваат надворешнополитичката концептуализација и какво влијание имаат врз донесувањето на одлуките. Пример за тоа е, како географското, историско и политичко поимање на Балканот и сè што е поврзано со него влијае на обликувањето на надворешната политика на САД и другите западни држави, односно на нивното повеќегодишно делување. *Популарната геополитика* се однесува на оние фактори кои влијаат, по пат на медумите и популарната култура, на обликувањето на геополитичкото мислење. Се однесува на социјални конструкции и постојано разбирање на обележјата на местата и луѓето внатре и надвор од границите. *Структуралната геополитика* се однесува на структурните процеси и тенденции кои ја обликуваат надворешнополитичката практика на современите држави. Денес, тие процеси ги вклучуваат: глобализацијата, информатизацијата, ширењето на ризиците кои произлегуваат од научно-технолошката цивилизација во целиот свет.

О' Тол ја анализира практичната и популарната геополитика преку три прашања:

- како критичката геополитика ја развива критиката на учењата на одреден геополитичар или геополитичка традиција?;
- како практичната и популарната геополитика влијаат на надворешната политика? и
- какви геополитички услови владеат во современиот свет?

### 2.3.1 ФОРМАЛНА ГЕОПОЛИТИКА

Најголемиот број стратези и геополитичари во дваесеттиот век своите истражувања ги насочувале кон управувањето со државата во смисол на разбирање на геополитичката положба и делувањето за опстанок во анархичниот свет, односно за зголемување на моќта во услови на светска рамнотежа. Нивните тези се воглавно евроцентрични заради запоставувањето на проучувањето на геополитичките мисли во Русија, Кина и Јапонија, како и фактот дека најголемиот дел од нив се однесувале државнички и се обидувале да создадат доволно јасна слика според која државата требало да се однесува.

За разлика од ваквиот пристап, критичката геополитика настојува да ги постави во одреден контекст геополитичките фигури и погледи, односно да ги проучи

пошироките услови во кои настанало одредено мислење и геополитичко однесување и да го поврзе со одредено време. Така, на пример, критичката геополитика смета дека класичната геополитичка употреба на геополитичките фигури честопати го занемарувала контекстот во чии рамки нешто се случувало. Таквиот пристап во голема мерка може да се види низ литературата која го проблематизира учењето на Халфорд Макиндер. Макиндеровата империјална идеологија настојувала да создаде слика за светот во кој Велика Британија морала да го запре процесот на нејзиното опаѓање на моќта, да ги контролира клучните точки во светот со што ќе се зголемат можностите за зајакнување на нејзината сила.

Формалната геополитика со својата содржина има тенденција кон создавање митови, затоа што ги претставува со неверојатна јаснотија односите во комплексниот свет. На тој начин создава погрешна слика затоа што плуралниот карактер на светот е редуциран во неколку геостратегиски вистини. Географската различност сместена е во геополитичките категории како што се: Хертланд, Римланд, Шатербелтс и сл.

### 2.3.2 ПРАКТИЧНА ГЕОПОЛИТИКА

Практичната и популарната геополитика воглавно ја применуваат креаторите на надворешно-политичките активности. Носителите на одлуките во сферата на надворешните односи, кои се потпираат на практичната и популарната геополитика, главно користат практично и прагматично заклучување. Овој пристап го имаат секогаш кога се обидуваат просторните односи во светот да ги објаснат врз база на географските сознанија, културните и други сознанија. Оттука, можеме да констатираме дека практичното геополитичко заклучување се потпира повеќе на секојдневниот контекст, отколку на геополитичката традиција. Нејзината популаризација, во голема мерка е потпомогната од современите медиуми. Според својата практика и содржина, често е етноцентрично, стереотипно и затворено знаење за светот кое произведува негативни надворешно-политички концептуализации и практики. Пример за ваквите концептуализации и практики можат да се согледаат во дејствувањето на големите сили на просторите на поранешна Југославија. Имено, нивните насоки на делување се поттикнувани од стереотипите за повеќевековните недоразбирања и војни помеѓу различните етнички групи, поделени со специфичните географски карактеристики на Балканот, иако зборуваат ист или многу сличен јазик. Како главен клуч во дешифрирањето на односите на Балканот, западните држави ги

имаат иторијата и географијата. Односно, преку нив се објаснуваа војните кои се случуваа во поранешна Југославија. Или, војните се случуваа заради тоа што станува збор за Балканот, а не заради други причини, што претставува опасно поедноставување на работите затоа што во самиот финиш ги изедначува и агресорите и жртвите. Со време терминот „Балкански Полуостров" се претвора во „Балкан" кој не е само географско именување за одреден географски простор. Меѓународниот политички вокабулар, исто така, апсолвира и уште еден термин „балканизација" која алудира на нестабилни подрачја и подрачја полни со конфликти и тензии. Ваквиот стереотип за Балканот почнува да се формира во периодот по распадот на Отоманската Империја и преку Балканските војни, што се манифестирало со големи насилства над муслиманското население на Косово, јужна Србија и Македонија. Познато е дека во Втората балканска војна се судираат сојузниците од Првата, што, исто така, придонело за развивање на негативната перцепција за конкретниот географски простор. Во контекстот на последиците врз Македонија и Македонците и стереотипите од тој период, основната перцепција за периодот на Балканските војни во Македонија и кај македонскиот народ е дека тоа претставува период во кој се разнебитува единството на македонскиот народ и геополитичката целина на територијата на Македонија. На тој начин Балканот се стекнува со „епитети" заради кои никогаш не е набљудуван како дел од западната цивилизирана Европа, односно се апсолвира како простор кој се наоѓа помеѓу западната цивилизација и источните тоталитарни тенденции. Ова се доминантните дискурси за објаснување на просторот на Балканот. Моментот што отсуствува е избегнувањето на анализата на интересите на големите сили на балканскиот простор, кои, исто така, во одредени временски периоди придонесувале за зголемување на насилствата.

Задачата на критичката геополитика, всушност претставува давање придонес кон деконструкцијата на геополитичките дискурси кои создаваат стереотипи и неоправдано ги поедноставуваат работите. Во истражувачкиот дел критичката геополитика го признава значењето на современата технологија и нејзиното влијание на создавањето на геополитичките размислувања.

### 2.3.3 СТРУКТУРАЛНА ГЕОПОЛИТИКА

Пред завршувањето на Студената војна започнуваат процеси кои полека ги трансформираат односите во рамките на светската политика. Еден од тие процеси е

глобализацијата. Глобализацијата претставува разноликост на културните и економските тенденции кои ги поврзуваат најголемите светски економии и ги намалува капацитетите на индивидуалните држави да можат во целост да ја контролираат и управуваат сопствената економска судбина. Со глобализацијата доминираат економските и финансиските односи, кои во состојби на кризи многу лесно прераснуваат во геополитички и геостратегиски проблеми. Како втор клучен елемент, којшто го окарактеризирал перидот на карајот од дваесеттиот век бил процесот на информатизацијата на производството и работењето со компаниите. Во такви услови територијалноста на одреден простор го губи своето значење. Односно, геополитиката влегува во својата постмодерна епоха. Како трет процес кој се појавува во современиот свет се издвојуваат ризиците и заканите кои произлегуваат од современите достигнувања во сферата на науката и техничко-технолошкиот развој. ПоСедувањето нуклеарно оружје, го прави човекот примарен фактор којшто може во целост да го уништи животот на Земјата. Покрај тоа, ефектите од девастирањето на животната средина сè повеќе се укажуваат како сериозни закани. Ваквите современи тендеции ја детерминираат денешнината како време во кое се појавуваат голем број ризици и закани кои многу потешко се откриваат од оние во минатото, кои доминантно беа воени и беа насочени кон одреден географски простор.

Претходно напоменатите фактори ја трансформираат просторноста и територијалноста на геополитиката на крајот од дваесеттиот век. Врз основа на овие аргументи, одредени аналитичари ја промовираат тезата за крајот на геополитиката, што всушност е заклучок кој се базира на класичните геополитички перцепции. Во денешни услови, националната безбедност во голема мерка зависи од геополитиката, информатичките достигнувања и новите ризици и закани. Оттука, според Колин и Слоан критичката геополитика развива три аргументи за современите геополитички услови (Colin, S. and Sloan, G., 2013, p.119). Првиот аргумент се однесува на фактот што националната безбедност во современиот свет сè повеќе се здобива со глобални атрибути и содржини. И покрај присутноста на регионалните закани по прашањето на безбедноста, се поголемо значење добиваат новите безбедносни предизвици како што се: тероризмот, организираниот криминал, пролиферацијата на оружјето за масовно уништување и др. Овие предизвици, од аспект на западната безбедносна заедница, сè повеќе се вградуваат во современите стратегиски концепти. Истовремено, се прават обиди за воедначување на механизмите за борба против нив преку дипломатијата,

меѓународната помош, воената и безбедносна соработка, контролата на вооружувањето и сл.

Вториот аргумент се однесува на институциите на Западот кои доживуваат т.н. „криза на победата". Поконкретно, станува збор за неуспех на институциите и механизмите кои им стојат на располагање, по основ на одредени прашања, односно не се соодветни за новите предизвици. Такви институции се слободниот пазар, државата на благосостојба, повеќепартиската демократија, националниот суверенитет и бирократијата на националната безбедност.

Третиот аргумент се однесува на современите геополитички услови и опасностите кои произлегуваат од нив. Како пример, може да се напомене процесот на антимодернизација кој произлегува како израз кој постанал на темелите на опасностите кои модернизмот ги промовирал во општествената заедница. Основни карактеристики на антимодернизмот се поедноставувањето и користењето на класичните геополитички фигури. Во контекстот на овој аргумент, се настојува на одредени парцијални користења на класичните геополитички теории за оформување на надворешно-политичкото или внатрешно-политичкото дејствување. Исто така, се употребува студеновоената реторика и рационалноста. Основната интенција е насочена кон редуцирање на глобалните закани употребувајќи „или-или" логика и претставување на заканите како непријатели, притоа исцртувајќи граници против тие непријатели и употребувајќи „рационални" инструмнти за решавање на конретните проблеми. Оттука, се промовира терминот „rogue states" (непослушни, опасни држави), држави кои се окарактеризирани како извори на одредени закани, и кон кои се преземаат одредени соодветни инструменти (Ирак, Авганистан, Србија, Либија, Сирија). (Cvrtila, 2004, 45—56)

# 3 РЕГИОНАЛНИ И ЕКСТРАРЕГИОНАЛНИ ТОЧКИ НА ПРИТИСОК, ГЕОПОЛИТИЧКИТЕ ИНТЕРЕСИ И ГЕОПОЛИТИЧКОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ НА БАЛКАНОТ

## 3.1 ГЕОПОЛИТИЧКОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ НА БАЛКАНОТ

Периодот на Студената војна за Балканот и балканските народи го означи релативно мирниот период и затишје после многувековната историја на континуираните балкански крвави војни. Избувнувањето на конфликтите на Балканот најчесто се припишуваше на експлозивната природа на историските сеќавања, трауми, на прастарата омраза, на ѕверскиот лик на „homo balkanicus“ и неможноста за религиозна споивост.

Историските непријателства на Балканот најчесто се земаат како дефинитивни и крајни одредници кој повеќе се третираат како причини отколку како симптоми.

Овој историски долг и континуиран процес беше прекинат, односно засенет од постојаноста на геополитичките граници на биполарниот систем воспоставен после завршувањето на Втората светска војна. Неговото промовирање и воспоставување во голема мера беше поддржано и од воспоставените приоритети за безбедност на неговите примарни учесници.

Крајот на Студената војна и биполарниот свет дозволи оваа геополитичка тенденција да продолжи со своето карактеристично дејствување. Во суштина, тоа значеше, продолжување на старата вековна закономерност, односно повторно реактивирање на можноста таа да постане современо сведоштво за новата политичка и геополитичка реалност на Балканот. На просторот на конфликтниот Балкан постоела и постои забележлива тенденција која претставува дериват на долготрајните геополитички особености. Нивното целосно проучување и научно елаборирање е неопходно за прекинување на стравотниот магичен круг на повторливи конфликти во регионот во кои се создаваат и егзистираат вековните и типични балкански конфликти.

Конфликтите што се повторуваат на Балканот сведочат за една тенденција на меѓународно дејствување што беше воспоставено во регионот постепено низ вековите (повеќе од дваесет векови).

Гореопишаната тенденција може да се замисли како два геополитички неусогласени триаголника, кои се преклопуваат и се определени од даден број точки што пак одговараат на конкретните географски црти во регионот.

Триаголникот Белград – Букурешт – Атина (ББА), кој ги има дунавските рамнини како своја основа и го допира Средоземното Море, е пресечен од

триаголникот Загреб – Тирана - Истанбул (ЗТИ), кој ги поврзува Јадранското крајбрежје и протоците Босфор и Дарданели. Дихотомиите на двата триаголника создаваат една хоризонтална и една вертикална оска, чие меѓусебно дејствување е натпреварувачко и непријателско. Овие оски можат да се опишат **како северно – јужна оска и источно – западна оска.** Триаголникот ББА има одреден степен на геополитичко согласување. Во историска смисла, властите и институциите засновани на заеднички геополитички интереси ги контролираат крајните точки на овој триаголник и врските помеѓу нив можат да се опишат како општоослободени од антагонизам и дека се со тенденција кон пријателство. Можеме да кажеме дека врските помеѓу нив се стабилни и предвидливи. Исклучок претставуваат одделни настани наметнати од екстрарегионални фактори и околности, што ќе бидат дискутирани подоцна во ова поглавје. Освен тоа, страната што сега го претставува Букурешт често има тенденција на променливост од страна на Југоисточна Европа, бидејќи неговата почит од регионот мора да се урамнотежи со интересите поврзани со Централна Европа и со реалноста во евроазискиот дел (Трансилванија и Молдавија како региони што се засегнати непосредно).

Страните на триаголникот ЗТИ се контролирани од институции и власти чија основа е политички сложена, чии интереси се стремат да бидат предмет на политички дихотомии и полемики, чии што меѓусебно врски се општо непредвидливи и чија што историска соработка е резултат на непријатни компромиси и сезонски политички нужности што ќе бидат објаснети подоцна во ова поглавје. Гледајќи ги врските меѓу двата триаголници може да се види дека постои една тенденција на неволие, која или ги вклучува конкретните точки на секој триаголник или, пак, опфаќа се. Историски, врската меѓу двата триаголника не ретко се карактеризира со екстремен антагонизам. Периодите на соработка и договор обично не траат долго и се ограничени по обем. Она што следи брзо е продолжено неволие и нивно неискористување како основа за градење доверба и верба. (Јанакос, 2009)

## 3.2 ЕКСТРАРЕГИОНАЛНАТА ГЕОПОЛИТИЧКА ТЕНДЕНЦИЈА

Содржината на врските меѓу двата триаголника во голема мера е под влијание на четири екстрарегионални точки на притисок, што можеме да ги замислиме како

точки на еден круг што ги опфаќаат двата преклопувачки триаголника што ги споменавме погоре. (Јанакос, 2009)

- Првата, можеме да ја опишеме како точка на притисок од Блискиот Исток. Нејзините корени се во Блискиот Исток и нејзината предна страна се протега долж континенталната гранична линија меѓу Европа и Азија или, уште попрецизно, од Босфор и Дарданели на долниот брег на Мала Азија, па се до Кипар.
- Втората точка на притисок е медитеранската. Таа почнува во западниот дел на Медитеранот и нејзиното замислено поле оди преку западниот и југозападниот брег на Југоисточна Европа.
- Третата точка на притисок почнува во Евроазија и нејзиното замислено поле оди по западниот брег на Црно Море.
- Четвртата точка почнува во Централна Европа и нејзиното замислено поле е покрај северозападната периферија на Балканскиот Полуостров.

Историската врска меѓу четирите екстрарегионални точки на притисок, онака како што се однесуваат тие врски на нивните цели кон балканскиот регион, се движи од апсолутна неспоивост до целосна споивост. Точката на притисок на Блискиот Исток, на пример, речиси никогаш не била споива со таа на Евроазија. Медитеранската и централноевропската се неспоиви само под одредени околности, а сигурно е дека никогаш не се целосно неспоиви. Слично, медитеранската точка на притисок отсекогаш била неспоива со евроазиската, додека пак, нејзината врска со точката на Блискиот Исток донесува различни расположливи и сразмерни нијанси и на споивост и на неспоивост. Исто така, врската меѓу централно – европската и евроазиската точка е сложена. Двете точки се стремат кон неспоивост, освен кога Централно – европската точка станува неспоива со точката од Блискиот Исток. Исто така, точката на фокус на двата триаголника и кругот што ги опфаќа нив е средиштето што го претставува она што обично го нарекуваме **македонско прашање.**




**Слика 1. Македонското прашање - точката на фокус на триаголниците Белград – Букурешт – Атина (ББА) и Загреб – Тирана – Истанбул**

## 3.3 РЕГИОНАЛНИ И ЕКСТРАРЕГИОНАЛНИ АКТЕРИ

Врската меѓу екстрарегионалните точки на притисок и двата триаголника е доста сложена, но може да се скицира една периодична општа тенденција.

Точката на притисок на Блискиот Исток главно е неспоива со триаголникот ББА (Белград, Букурешт, Атина).




**Слика 2: Неспоивост на блискоисточната точка на притисок со триаголникот ББА (Белград, Букурешт, Атина).**

Меѓутоа, евроазиската точка на притисок, која е неспоива со таа од Блискиот Исток, Истанбул).




**Слика 3: Споивост/неспоивост меѓу евроазиската и точка на притисок со блискоисточната точка на притисок и со триаголниците ББА и ЗТИ.**

Медитеранската точка на притисок создава рамнотежа меѓу својата споивост со двата триаголника и својата неспоивост со евроазиската точка на притисок.




**Слика 4: Споивост/неспоивост меѓу медитеранската точка на притисок со евроазиската точка на притисок и со триаголниците ББА и ЗТИ**

Тогаш кога дејствува споивоста меѓу евроазиската точка на притисок и триаголникот ББА, врската меѓу медитеранската точка на притисок и тој триаголник станува неспоива.




**Слика 5: Споивост на евроазиската точка на притисок со триаголникот ББА и неспоивост на медитеранската точка на притисок со триаголникот ББА.**

Тогаш кога дејствува споивоста меѓу медитеранската точка на притисок и триаголникот ББА, врската меѓу тој триаголник и евроазиската точка на притисок станува неспоива.




**Слика 6: Неспоивост на евроазиската точка на притисок со триаголникот ББА и споивост на медитеранската точка на притисок со триаголникот ББ**

Централноевропската и медитеранската точка на притисок имаат иста врска со двата триаголника само во случај кога централноевропската точка на притисок е споива со медитеранската точка.




**Слика 7:Споивост на медитеранската со централноевропската точка на притисок и со триаголниците ББА и ЗТИ и споивост на централноевропската точка на притисок и со триаголниците ББА и ЗТИ.**

Во спротивен случај, кога централноевропската точка на притисок и медитеранската точка на притисок се неспоиви, тогаш централноевропската точка е неспоива со триаголникот ББА.




**Слика 8: Неспоивост на централноевропската точка на притисок со медитеранската точка на притисок и триаголникот ББА.**[12]

[12] Забелешка: Претходните карти и варијанти на решенија за влијанието на екстрарегионалните точки на притисок и триаголниците ББА и ЗТИ претставуваат оригинални авторски решенија.

### 3.3.1 ГЕОПОЛИТИЧКОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА И РЕШАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

Мошне карактеристичен, специфичен и поучен пример за инволвирањата на европските држави во „спасувањето" на балканските народи и држави од Отоманската Империја е случајот со „решавањето на македонското прашање" од периодот на Илинденското востание, балканските војни се до крајот на II Светска војна. Напорите на Австро - Унгарија и Русија во насока на интервенирање на страната на христијанското население, примарно беа фокусирани кон создавање на административни области покрај воспоставените етнички линии. Нивната стратегиска грешка во овој историски контекст произлегуваше од погрешната проценка на историските апетити и амбиции на клучните регионални фактори – „големите" балкански сили. Интересите на регионалните центри на моќ мошне активно и континуирано делуваа со своите комплексни антимакедонски пропагандни, политички, разузнавачки (пара)воени кампањи да го оневозможат успехот – ослободувањето на Македонија и формирање на самостојна држава.

**Како резултат на немоќта, односно валканите геополитички комбинаторики на големите држави (империи) – главни актери и промотори на екстрарегионалните точки на притисок на Балканот, процесот на ослободување и создавање на македонска држава беше попречен и пролонгиран за „неопределено време".**

Во овој контекст мошне поучни и крајно некоректни и штетни за балканската судбина се примерите на „ангажирањето" на значајните европски сили Австро – Унгарија и Италија, во временскиот интервал пред и после Берлинскиот договор кога Турција ги вратила териториите што ги држела под своја власт. Австро – Унгарија го зголемила своето влијание и ангажирање во Албанија истакнувајќи го правото на заштита на католичкото население на Балканот, па и во Албанија. „Таквата политика особено се спроведувала откако Австро – Унгарија ја окупирала Босна и Херцеговина и откако започнала преку Новопазарскиот санџак да продира кон Косово и Македонија. Присуството на Австро – Унгарија ја реафирмира програмата на Призренската лига". (Милески, 2005, стр. 181)

„Победата на балканските држави во првата балканска војна која била мошне брза и успешна го спречила создавањето на автономија на Македонија и Албанија во рамките на Османлиската Империја". (Милески, 2005, стр. 181-182)

Австро – Унгарија и Италија кои во 1901 година се договориле за одржување на *status quo* во Албанија, по поразот на Турција, дипломатски и политички се ангажирале да не им дозволат на соСедните држави да ја поделат Албанија, односно да овозможат излез на море. „Австро – Унгарија ја оневозможи Србија да има пристаниште и ја создаде независна Албанија со цел ва српското кралство да им го затвори излезот на море". (Wiskemann, 1975, p. 357)

Австро –Унгарија *de facto* ја користеше Албанија да го спречи создавањето на блокот (сојузот) помеѓу Србија, Црна Гора, Бугарија и Грција.

Во оваа меѓусебна игра за истиснување на противникот, Италија и конкурираше на Австро – Унгарија која беше главниот креатор на Албанија во 1912 година, сепак не и ги задоволи нејзините големоалбански претензии за приклучување и спојување на четирите вилаети – Косовскиот, Скадарскиот, Битолскиот и Јанинскиот.

Овој големоалбански сон ќе го реализира Италија во 1939 година со вклучувањето на Албанија во составот на италијанската империја. Уште во текот на 1941 година, после окупацијата на овие територии, преку креирањето на новата творба „Голема Албанија" како италијански протекторат, ги стави под доминација четирите вилаети кон кој Албанија историски тежнеела.

Геополитичките игри вонбалканските сили и инволвирањето на вонбалканските држави во нивните комбинаторики немаа граници и траат до денес. Овие два примери се само незначителен сегмент од големиот балкански геополитички мозаик на кои во континуитет своите интереси ги проектираат и ги одмеруваат меѓусебните односи и потенцијали големите балкански сили, во сите историски и цивилизациски епохи.

Во овие дипломатски игри повторно индиректно губитник ќе биде Македонија која повторно влегува во плановите за поделба од страна на „големите балкански играчи" а во овој контекст посебно се потенцираат интересите на Србија.

„Спречувањето на Србија да ги оствари териториjалните претензии и излегувањето на Јадранското Море преку Албанија уште повеќе ги поттикнало нејзините претензии кон Македонија и ривалството со Бугарија што било од полза и за Австро – Унгарија и за Италија бидејќи го доведувале во прашање балканскиот сојуз, а со тоа се создавале поволни услови за нивно делување во Македонија". (Wiskemann, 1975, стр. 182)

Паралелно со активностите на големите сили околу Албанија која *de facto* беше ставена под нивен протекторат, карактеристично е да се потенцира и залагањето на Италија на Париската мировна конференција во 1919 година за создавање македонска држава „се со цел да се спречат територијалните проширувања на Србија, Бугарија и Грција кои не оделе во прилог на територијалните интереси на Македонија во Југоисточна Европа“. (Wiskemann, 1975, стр. 183)

Наместо заклучок можеме да констатираме дека дипломатските игри и геополитички интереси на „европските големи сили“ на Балканот првенствено биле во функција на остварување на нивните национални интереси, а на втор или трет план била националните интереси на балканските народи, посебно интересите на македонскиот народ.

**Оваа европска политика само го продлабочи јазот и недоразбирањето помеѓу балканските народи, неповратно ги вовлече во нови вековни етнички спорови и ги запали етничките конфликти за геополитички цели на Балканот кои сеуште не се завршени. Најголем губитник и колатерална штета на нивните пазарења и недоразбирања околу решавањето на Македонското прашање беше Македонија и во периодот пред и во периодот после Илинденското востание.**

Балканските „големи сили“ го отворија патот кон натпреварување за остварување нови позиции, односно го отворија патот кон пеколот, наивно исчекувајќи ја претстојната демаркација на границите (пред и после балканските војни се до денес), со надеж за остварување на нивните погубни проекти историски стремежи и соништа за формирање на „големи балкански држави“.

Во македонскиот случај, регионалните точки на притисок (од соСедните држави) постанаа жртви на плановите на големите сили за воспоставување на нова регионална рамнотежа на приоритетите на моќта на државниот систем кој беше на повидок во регионот (периодот после Втората светска војна).

Резултанта на оваа историска и балканска реалност е фактот што на просторот на Балканот никогаш не беше организиран единствен и стабилен геополитички простор, (геополитички простор со еден јак господар), туку тој, заради меѓусебното влијание на надворешните интереси, беше разделен – распарчен на повеќе мали држави, додека нивните спротивставени и парцијални интереси кои во минатото, но и денес, ги попречуваат целосните европски интеграции на балканските држави.

Според мислењето на двата познати геополитичари, Расел и Макиндер, на Балканот отсекогаш била тесна „поврзаноста на борбата за простор". (Susic, 1995, p. 6)

Геополитичките кошкања на големите сили на Балканот резултираа со тоа што ниедна сила не беше во можност да оствари апсолутна надмоќ и превласт на овој турбулентен простор, а во исто време да не го предизвика противењето на другите играчи – ривали. Овие состојби и самата положба на Балканот му ја обезбеди улогата на „сива зона". Со крајот на студената војна, идеолошките судири и интереси на големите сили повторно се заменија со судири на геополитичките интереси за нивно стратегиско гео – позиционирање на Балканот за XXI век, игри во кои Македонија го плаќала и ќе го плати најголемиот данок.

Во суштина, конфликтот кој во 2001 ја запали и Република Македонија, претставува само уште еден еклатантен пример за геополитичко дејствување на големите светски играчи и на регионалните сили на просторот во Југоисточна Европа. Тоа е само уште еден пример на манифестирање на геополитичките конфликти како етнички изразувања кои на Балканот и во Македонија пожестоко и поинтензивно се случуваат во последните двесте години. Главни актери повторно се екстрарегионалните и регионалните актери во контекст на екстрарегионалните геополитички тенденции во рамките на геополитичкото дејствување на Балканот. Конфликтот во суштина претставува практичен израз на силно изразените геополитички интереси на најзначајните регионални и екстрарегионални актери кој се случи во новонастанатиот амбиент на безбедносен вакуум на Балканот после нарушувањето на биполарната рамнотежа и „истиснувањето" на Русија од овој значаен геополитички простор. На балканската сцена почна жестоко да настапува единствената супер сила САД, истиснувајќи ги вековно присутните европски ривали, но и Русија (но не и нивните вековни аспирации и интереси за Балканот).

Во новонастанатиот геополитички амбиент кога евроазиската точка на притисок беше ослабена и целосно истисната од Балканот, кога централноевропската точка на притисок беше релативно ослабена, на балканската сцена „жестоко" настапи медитеранската точка на притисок која е неспоива под определени (односно тогашните актуелни) околности. Во овој случај, и во анализираниот период (почеток на XXI век) медитеранската точка на притисок создава рамнотежа помеѓу својата споивост со двата триаголници (ББА и ЗТИ) и неспоивост со евроазиската точка на притисок (Русија и делумно Украина), како и со точката на притисок на Блискиот Исток. Во еден таков

безбедносен вакуум и борба за ново репозиционирање на геостратегиските и геополитичките интереси на големите сили  и светски играчи, избувна серија на конфликти на Балканот (на просторот на поранешна Југославија) кои беа заокружени со конфликтот во Р. Македонија во 2001 година.

Новонастанатата геополитичка реалност траеше се до креирањето на новата геополитичка пресвртница и повторното зајакнување и враќање на Русија на Балканот.

На сцена повторно стапува старата и потврдена закономерност а тоа е дека кога дејствува споивоста меѓу евроазиската точка на притисок и триаголникот ББА, врската меѓу медитеранската точка на притисок и тој триаголник е неспоиво. Моменталната состојба на оваа релација во сегашната констелација на половина пат, повторно се водат „жестоки битки" за доминација на просторот на овој триаголник, судир кои балканските држави од овој регион неизбежно и против нивната волја „првата линија на огнот" помеѓу САД и Русија. Дали тоа ќе резултира со нов или нови геополитички конфликти ќе покаже разврската на актуелната и сериозна политичка криза во Р. Македонија која повторно може да ескалира во геополитички конфликт (изјави Хан и Могерини – високи европски претставници) да го запали Балканот и Европа.

Во актуелниот контекст, на Балканот почнува силно да дејствува уште една нова  (за прв пат во историјата) кинеската (далекуисточната) екстрарегионална точка на притисок со која уште повеќе се заплеткува Балканскиот јазол.

Во Р. Македонија како продукт на претходнопотенцираниот распоред и однос на големите сили на Балканот – само ја продолжи рашомонијадата и во XXI век. Во 2001 година во Р. Македонија се роди уште една глува борба помеѓу англо-американската и франко – германската оска, борба која уште пожестоко продолжува и денес. Во оваа битка денес се поактивно се вклучуваат силите од евроазиската точка (Русија), од блискоисточната точка (Турција и делумно Иран) збогатени со новото присуство на точката на притисок од Далечниот Исток (Кина).

### 3.3.2 ГЕОПОЛИТИЧКОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ НА БАЛКАНОТ ПОСЛЕ ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Геополитичкиот и историскиот проблем и длабока конфронтираност и нерамнотежа воспоставена на Балканскиот Полуостров после балканските војни и Првата светска војна, после Втората Светска војна мораше да бидат „разрешени" според новите гледишта на големите сили – првенствено Русија (СССР) и Велика Британија.

Во октомври 1944 година, по иницијатива на Черчил овие две држави презедоа целосна одговорност за воспоставување на регионална рамнотежа на моќта преку создавање на сфери на влијание. Овие „разграничувања" преку дефинирањето на сферите на влијание „останаа да важат" се до крајот на Студената војна, овозможувајќи им на балканските држави полувековен период на релативно стабилен мир и замрзнување на долгите историски конфронтации.

Од аспект на претходната анализа, тие овозможија замрзнување на воспоставената геополитичка тенденција и законормерност на меѓусебното дејствување и конфронтирање на регионалните точки на притисок кои ги генерираа крвавите балкански конфликти.

На конференцијата во Јалта одржана во февруари 1945 година, беа проектирани новите меѓународни односи и позиции на големите сили во антихитлеровата коалиција. Одлуките на оваа историска конференција го трасираа патот на новата биполарна поделба на сферите на интерес и влијанија на Балканот.

Во Втората светска војна Балканот за сојузниците претставуваше „резервен фронт" и потпора (оперативна основица) за дејствување против силите на Оската, додека за фашистичка Германија и нејзините сојузници, Балканот со подунавскиот басен претставуваше – требаше да послужи како „прехранбена и индустриска резерва".

За време на биполарната рамнотежа Балканот беше „скротен" и диференциран според формулата 2+2+2, т.е две држави, Грција и Турција, беа членки на НАТО, Бугарија и Романија, членки на Варшавскиот договор, додека Југославија и Албанија неврзани и неутрални држави. Кога станува збор за Балканот, припадноста кон истиот блок не значеше, односно не значи исклучување на судирите помеѓу балканските држави, што го потврдуваат и перманентно заострените односи и конфликти помеѓу Турција и Грција.

После крајот на биполарниот свет и биполарната рамнотежа во светот, балканските држави повторно останаа на „опасна ветрометина“, уште повеќе изложени на влијанијата и конфронтациите на вонбалканските сили, кој ќе настојуваат на тој простор и преку него да ги реализираат „глобалните интереси“ како параван за реализација на своите национални цели и интереси. Регионалните и екстрарегионалните точки на притисок повторно и уште поактивно настапија на балканската политика и воено – политичка сцена.

На Балканот во минатото, но и денес, опасно се вкрстуваат интересите на вонбалканските и балканските национални држави. Балканскиот простор е „предизвик за американските планетарни- воени и економски позиции, за руските трансатлантски визури, германската средноервропска завеса од Балтикот до Јадранот, на Турција замислена од Јадранот до Кинескиот ѕид, на италијанско – католичката „Spirta Verso Loriente“ и т.н. Овие интереси истовремено се во колизија со егзистенцијалните интереси и автохтоните народи“. (Susic, 1995, p. 250)

Втората светска војна и „новата поделба на сфери на влијанија“ повторно го промени односот на силите во Средоземјето, а во тој контекст на Балканот.

Наместо дотогашното доминантно влијание на Франција, Велика Британија, Германија и делумно на Италија, на сцена се појавува новата супер сила – САД. На Балканот, двете супер сили, САД и СССР ја исцртуваат новата линија на разграничување на својата доминација во Европа. САД како единствена суперсила со својата геополитичка, а посебно воено политичка позиционираност на Балканот, преку своето продирање на овој стратегиски крстопат имаа за цел да ја попречат доминацијата и присуството на сегашните континентални сили – Германија и Русија.

Повторно на сцена (посебно за Балканот) настапува Макиндеровата теза според која превласта во Евроазија може да ја има само оној кој владее со централниот дел на евроазискиот простор. За достигнување на оваа „империјална“ цел, Балканот, во минатото и денес служи како цврста и мошне значајна стратегиска точка на потпирање. Со контролата на Балканот, САД реализираат две основни цели: контрола на германскиот транзит преку Дунав со Блискиот и средниот Исток, и преку сојузот со Грција, можноста за „блокирање“ на црноморските мореузи (околу кој се води „вековна војна“), со што практично би го затвориле излезот на руската флота во

Средоземното Море (во ситуација на поголеми воени тензии и голема воена конфронтација).

Како што Европа со „Балканизацијата" на својот југоисток ги злоупотребуваше народите на овој регион за реализирање на своите пошироки геостратегиски интереси на Блискиот Исток, така САД со „балканизацијата" на цела Европа (процесот започна со новите војни на просторот на поранешна Југославија) која практично беше дезинтегрирана, суптилно конфронтирана и практично исфрлена од рамнотежа, надвор од новите геостратегиски комбинаторики целосно неподготвена и неспособна да ги решава европските проблеми и првенствено да се „занимава" самата со себе. За таа цел најнапред беше неопходно да се обедини Германија (која се трансформира повторно во нов европски лидер) која неминовно ќе тежнее кон нова експанзија, да се неутрализира воената моќ на СССР и да се разбие Југославија. **Денес на повидок е и заокружувањето на последниот чекор од оваа „стратегија" дезинтеграција на Европа на економски (процесот со Грција и други држави), на политички план (процесот во Велика Британија и други држави) како и серија други дезинтегративни и „сецесионистички" процеси во рамките на ЕУ.**

Во суштина, на крајот на 20 век преовладуваше офанзивната стратегија на Запад (посебно на САД) во која Балканот служи како оперативна основица за поход кон Исток, во Евроазија, со цел доближување до богатите суровински наоѓалишта во јужните региони на поранешниот СССР, контрола на Босфорот и Дарданелите, контрола на поморските патишта преку Суецкиот канал и преку дестабилизација на Украина доближување до дворот на Русија и нејзино комплетно „блокирање, неутрализирање и пасивизирање".

Паралелно на оваа стратегиска цел, односно примарен и нескриен интерес на Запад за Балканот е „креирање на безбедност" за осигурување на патиштата за експлоатација на изворите на нафта, гас и руда во Централна и Јужна Азија, бидејќи овие патишта преку исламските држави се несигурни. Црноморскиот регион односно црноморскиот поморски пат, постанува нова стратегиска алтернатива за дотур на овие стратегиски суровини од Азија преку Бугарија, Македонија и Албанија кон Запад.

**Со Американското присуство во Македонија може да се контролира целиот простор на југоистокот на Европа, на запад до Виена, на север до Киев, на исток до Багдад и на југ до Каиро.**

Исто така „од овој простор може да се контролира и германскиот пат на Исток, кој претставуваше германска империјална константа уште од владеењето на Карло Велики.“ (Velike sile I Balkan, 1999, p.17) Исто така, преку стратегиски значаен простор може да се контролира – „пресече“ алтернативниот „железен“ пат значаен за времето на Австроунгарската монархија кој водеше преку Рашка, Косово, Македонија, Солун и Блискиот Исток (причина за „превентивната војна“ против Србија во I светска војна).

Позиционираноста и контролата на Балканот носи уште една голема стратегиска предност – попречување на реализацијата на долгорочните руски интереси преку Балканот до Медитеранот, кои датираат и се познати уште од времето на Петар Велики и Катерина Втора. Заради тоа, САД со сите средства се обидува (ризикувајќи и нова светска војни) да го запоСеднат просторот на Балканот, со цел да ја ограничат експанзијата на својот најголем стопански ривал – ЕУ и руската амбиција спрема југ.

Распадот на биполарниот систем на меѓународните односи го постави Балканот во нова светлина. Балканот, кој за разлика од другите европски делови никогаш не успеал да изгради сопствена нормална геополитичка конфигурација која би овозможила создавање на некој прифатлив централен актер и однос со геополитичката периферија. Исто така, Балканот не беше во состојба да изгради сопствен систем за безбедност, што беше пресудно, после распадот на блоковската рамнотежа да настане сериозен безбедносен вакуум.

Балканот остана „наследник“ на геополитичката нерамнотежа и во времето на исчезнувањето на биполаризмот. Русија како значајна евроазиска континентална геополитичка сила (но и значајна екстрарегионална точка на притисок на Балканот), беше значително осакатена со губењето на своите позиции во рамните пробалтички држави, во Украина, во кавкаските држави и на Балканот, така што беше извадена од геоцентричната рамнотежа. Овие „неочекувани“ и вештачки продуцирани состојби и геополитички кршења кај Русија само ги зајакнаа настојувањата за воспоставување на поурамнотежена состојба и нејзино повторно вражање на големата отворена (гео)политичка сцена.




**Слика 9: Скица на геополитичкиот јазол на Балканот (екстрарегионалните точки на притисок)**

Извор: Nisic, S. (2002). *Globalna sila i bezbednost Balkana*. Beograd: Vojnoizdavacki zavod.

Овие тенденции на Руската геополитка уште повеќе се зајакнуваат после се поотворените обиди на САД преку ширењето на НАТО на Исток (преку Украина) да се доближатдо предворјето на Русија, загрозувајќи ја нејзината национална безбедност и државните стратегиски и регионални интереси на просторот на поранешниот СССР.

Нестабилноста на Балканот и големиот безбедносен вакуум влијаеше врз формулирањето на новите политички пристапи од страна на Германија, Франција, Русија и Турција – значајни сили кои има долга традиција на односи со овој регион, исполнет со традиционални цивилизациски, религиозни, политички и економски разлики.

Традиционалните „гости“ кои биле историски присутни на Балканот беа исправени пред нови предизвици пред налетот на новите настани, - регионални и глобални. За нивното после/студеновоено позиционирање мораше да бараат нови упоришта битни за „раздвижување“ на нивните планови и новите стратегиски интереси, за повторно враќање или одржување на воспоставените позиции.

**Американската политика, после неуспехот на Европа во справувањето со балканските конфликти, се постави како најважен арбитрар и централен актер во решавањето на безбедноста на Балканот.** Колку долго ќе трае нејзината доминацијана Балканот ќе пресуди факторот време кој имаше пресудно влијание за судбината на сите империјални сили во минатото, но и денес и во иднина.

### 3.3.3 РУСИЈА И БАЛКАНОТ

Колку било важно позиционирањето на Русија на Балканот и нејзината контрола на значајните стратегиски правци, говори еден нереализиран „пазар“ и понуда од страна на Хитлер за новото прекројување на територииите. Попрецизно, во 1940 година Хитлер на Сталин му понуди Германија да ги признае советските освојувања во Азија, во замена за доминацијата на Балканот. Сталин по цена за влегување во војна за која беа неспремни, сепак рекол „*њет*“. Сталин, како и сите руски цареви знаел дека кој владеел со Балканот, владее и со Европа.

Балканот со својата геостратегиска позиционираност претставува влезно – излезна капија на Европа за нејзиниот животен простор на Исток, додека за Русија претставува влезно – излезна капија за нејзиниот животен простор кон Медитеранот – топлите мориња и пошироко кон Јужна Европа, Блискиот Исток и Африка.

Русија секогаш настојувала да има слободен излез од Црното Море бидејќи само на тој начин би имала доминација и на Балканот и на Блискиот Исток. Во реализацијата на овие највисоки геополитички приоритети никогаш не успевал до крај – секогаш била блокирана од другите екстрарегионални точки на притисок.

**Оваа значајна цел, запоСеднување на најосетливата геополитичка точка на Балканот (Босфорскиот теснец – кој го спојува Црното и Мраморното Море и Дарданелите кој го спојуваат Егејското и Мраморното Море), Русија не успеа да ја оствари дури ни после победата над Турција во 1878 година.**

**После завршувањето на Втората светска војна во која Турција била неутрална, САД ја зедоа Турција под своја заштита и со тоа практично овозможијаконтрола на Босфорот и Дарданалите, држејќи ги Русите „затворени“ во Црното Море.**

Балканскиот геополитички јазол кој беше формиран во минатото и денес е актуелен, само со променети актери. Ако во 19 век за влијанието на Балканот се бореле репрезентите на четирите основни екстрарегионални точки на притисок – Турција, Австрија (Австро - Унгарија), Русија, Германија, Англија, Франција и Италија, денес главни претенденти за Балканот се Германија, САД, но и Русија која преку Србија го подготвува своето враќање на Балканот.

Русија, после дезинтеграцијата на Варшавскиот договор и СФРЈ беше истисната од Балканот и Средоземниот басен (Спротивно на договорот во Јалта).

Косово е новата држава после распадот на СФРЈ и СРЈ како препрека за Русија да „продре“ до Јадранското Море преку Романија, Бугарија и Србија. Во исто време, неговата територија се користи за притисок на Србија од страна на Германија од јужниот дел (улогата на Германија во косовскиот и македонскиот конфликт беше мошне забележителна).

Русија со војните против Турција, се зацврсти на бреговите на Црното Море и на Крим (денес составен дел на територијата на Русија). Во големата „источна криза“, Русија со заклучувањето на Санстефанскиот мир (март 1878 година) ја доби и делтата на Дунав што значеше и копнено поврзување со Балканот. Со овој договор Русија (водена првенствено од своите интереси) се обидела да ја формира „Голема Бугарија“ преку чија територија би добила излез на Егејското Море. Бидејќи овие руски геостратегиски комбинаторики не им одеа во прилог на Англија и Австрија, тие издејствуваа ревизија на овој договор на Берлинскиот конгрес (јули 1878 год.) на штета на Русија.

На 9 октомври 1944 година, Сталин и Черчил во Москва ги договорија следните сфери на влијание: во Југославија 50 : 50, во Романија и Бугарија 75% во корист на СССР, а во Грција 90% во корист на Велика Британија.

Со нарушувањето на биполарната рамнотежа на Балканот и ширењето на НАТО на Исток и југоисток на Европа, Русија беше истисната од просторот на Балканот и Средоземјето, но и беше доведена во прашање регионалната безбедност на Русија.

**Овие нови геополитички игри ги зголемија тензиите помеѓу Запад и Русија кои после воената ескалација на украинската криза светот повторно го доведоа на работ на големата војна.**

### 3.3.4 ВРАЌАЊЕТО НА ТУРЦИЈА НА БАЛКАНОТ

Турција – новата регионална сила, правовремено ги процени своите шанси дека 21 век, после сите драматични превирања, ќе и припадне нејзе и на нејзиното регионално и меѓународно промовирање и зацврстување. Нејзините шанси на овој план посебно се зголемија после распадот на Советскиот Сојуз и СФРЈ. Овој брз и неизвесен развој на настаните во нејзиното непосредно опкружување значеше нова шанса за Турција и нејзиното позиционирање и дејствување на просторот на поранешните советски азиски републики, на Балканот и природно, на подрачјето околу Црното Море.

Конфликтите во некои од овие држави, посебно на Балканот, за Турција претставуваа отворена врата за нејзината пенетрација и за уште посилно и интензивно политичко, и дипломатско делување, но и силно економско настапување.

Турција, на почетокот на овие конфликти цврсто застана зад муслиманската заедница во БиХ како најголем донатор на хуманитарна помош, воена помош за армијата на БиХ, во нивниот фронт против Србија и режимот на Слободан Милошевиќ.

Во овој контекст на Македонија и беа понудени безбедносни гаранции, со Албанија беше потпишан договор за воена соработка, во Бугарија отпочна силно инвестирање на турски капитал со цел да се ослабат врските помеѓу Грција и Бугарија (создаден беше и посебен безбедносен режим со Бугарија). Во периодот на рекомпонирање на поранешната СФРЈ, Турција мошне активно се вклучи во следењето на состојбите во Санџак и Косово (посебно за време на српско – косовскиот конфликт), а подоцна и во Македонија.

Турското „проширување“ на Исток, со поранешните советски азиски републики наиде на сериозни препреки, првенствено стопански и религиозни (поинаков религиозен концепт од турскиот) од Иран и Саудиска Арабија. На запад, Европската Унија, на исток, Иран и Саудиска Арабија претставуваат сериозни препреки кои го намалуваат турското регионално делување во Европа и Азија. Судирот на двете

концепции на исламот во голема мера ја ослободуваат можноста за побрзо турско враќање на Балканот (посебно во БиХ и Косово) и можноста за создавање на „алијанса“ која би се протегала од Загреб, Сараево, Тирана, Скопје – „сите српски непријатели“.

Сепак Турција е земја членка на НАТО, со огромно влијание на американската политика и обременета со кревките грчко – турски односи . По големото воено ангажирање на Турција на Балканот што ги надминуваат рамките на нејзината надворешна политика, големите играчи го лимитираат односно го дефинираат нејзиното ангажирање во обем веќе виден на просторот на БиХ, Албанија и Косово. Однесувањето на Турција на поширок регионален и глобален план сепак првенствено ќе зависи од пошироките меѓународни односи и од нивните креатори. Во однос на рушењето на поранешните формули на балканската безбедност Турција во никој случај немаше примарна улога.

## 3.4 ЕВРОПСКИТЕ ГОЛЕМИ ДРЖАВИ И НИВНАТА ГЕОПОЛИТИКА НА БАЛКАНОТ

Иако Европа се обидуваше да изгради единствена политичка платформа за Балканот, (посебно за југословенската криза), големите европски држави имаа различни погледи, односно различни интереси за овој дел на Европа. Нивните ставови, аналогно на тоа и нивните погледи биле условени од историските искуства, геостратегиските и геополитичките интереси, како и од односот и политиката на внатрешните политички сили или политички промени во власта.

### 3.4.1 ПОЛИТИКАТА НА ФРАНЦИЈА ЗА БАЛКАНОТ

Франција – традиционалниот пријател на Србија во двете изминати војни која заедно со Чехословачка и Романија помеѓу двете војни, во малата Антанта биле најзначаен столб на француската политика во овој дел на Европа. Франција во суштина беше против идејата за создавање на нови мали државички во реализацијата на големиот европски потфат.

Во овој контекст, значајно беше и традиционалното гледање на улогата на Германија, односно можноста во новите држави, посебно во Словенија и Хрватска, Германија да се избори за некои посебни позиции. Тоа гледиште во голема мера го

пролонгираше признавањето на овие две нови независни држави после рспадот на СФРЈ.

После српските злосторства направени за време на војната во БиХ, Франција ги промени своите ставови во однос на Србија и се залага за нанесување на ракетни удари врз српските позиции во БиХ. После „влегувањето“ на американската политика на Балканот, САД постануваат водечка сила и воените сили во Босна се потчинуваат под командата на НАТО во Европа.

За време на југословенската криза, Франција паралелно со „европските интереси“ енергично се обидува да реализира некои од своите национални интереси и долгорочни надворешно политички цели. За реализација на овие цели, француската политика во континуитет ги зајакнуваше своето воено, но и политичко и дипломатско ангажирање. Нејзиното силно воено присуство во Хрватска, БиХ, Македонија и на крајот во Косово ја промовира како најважен европски партнер на САД. Но и после воената интервврнција на НАТО врз Србија, француската дипломатија не ја поддржуваше промената на границите на Балканот, а во тој контекст нити излегувањето на Косово од Југославија (Србија).

Франција, на оваа релација, паралелно се обидуваше да го ограничи американското водство преку јакнење на улогата на ООН, преку формирање на Група за контакт (САД, Велика Британија, Франција, Русија, Германија и Италија), но и преку заеднички контакти и активности со руската дипломатија.

### 3.4.2 ГЕРМАНИЈА И БАЛКАНОТ

Германската политика на почетокот на избувнувањето на југословенската криза заземаше поинаков став и правец за разлика од политиката на Франција. Германија се залагаше за забрзано признавање на Хрватска и Словенија, односно даваше приоритет на самоопределување на народите (која сериозно го поттикнуваше и целосно го помагаше). Целокупноста, непроменливоста и неповредливоста на државните граници германската политика во оваа фаза ја ставаше на втор план (слично и во случајот со Косово).

Заговарањето за што е можно побрз распад на Југославија и брзо признавање на новите држави (Словенија и Хрватска) претставуваше историски аргумент во функција на остварувањето на вековната културна, цивилизациска и религиозна поврзаност, но и

од конкретните геополитички интереси на Балканот. Овие определби кои имаа континуитет уште од Австро – Унгарската монархија има соодветно значајно влијание во новото германско расудување и нивното повторно враќање на Балканот кои историски претставува и „патека на соништата" за продор на Германија кон Исток (Drang nach Osten). Германското ангажирање околу поддршката на Словенија и Хрватска, во западноевропските кругови беше интерпретирано како некој вид на повторно обновување на поширока *Mittel Europe.*

Исто така новото „враќање" на Германија на Балканот се толкуваше и како своевидно германско продирање кон Блискиот Исток, но и како обновување на новите германски стопански позиции во Европа и пошироко.

Геополитичките и геостратегиските ривалства и кошкања на старите европски „пријатели", ривали и конкуренти, Франција и Германија (делумно и на Италија) повторно почнаа де се појавуваат на Балканскиот пејзаж и да го оживуваат балканскиот кошмар.

Балканската криза на германската политика и понуди извонредна прилика за решавање на некои сопствени прашања кои ја оневозможуваа во нејзината надворешно – политичка определба да дејствува како голема сила. Војната во поранешна Југославија на германските судски власти им овозможи побрзо и поцелисходно да донесат одлука за можно учество на германските војници во колективните акции за заштита на мирот. Југословенските конфликти им го отворија патот на германските војници на Балканот кои ќе кулминира со испраќање воени контингенти на Косово, како и свои сили за време на конфликтот во Македонија.

Заедно со Франција, но и со ЕУ, Германија во заеднички настап почна да ја зајакнува нејзината моќ и јакнењето на позицијата како голема политичка и економска сила во европски и светски рамки. Во нејзините напори да се промовира како голема сила и да ја потенцира својата нова улога на воено – политички, економски и воен план, Германија го изработи нацрт Пакетот за стабилност како целосен план за разрешување на балканската криза, предложен до ЕУ. Југоистокот на Европа со длабочината на својата криза и нејзиното продолжено траење, несомнено и овозможува на Германија и на нејзината политика влез во клубот на големите држави и влез на „мала врата" како најзначаен глобален арбитер.

### 3.4.3 ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И БАЛКАНОТ

Распадот на Југославија и создавањето на серија мали самостојни држави Велика Британија го дочека релативно неподготвена. На британската надворешна политика и требаше време да се соочи со „исчезнувањето" на Југославија што резултираше и со крајно внимателно признавање на новите држави. За нивната надворешна политика беше мошне индикативно германското протежирање на Хрватска и Словенија. Во определени британски кругови овој чин беше протолкуван како ново и сукцесивно враќање на Германија на Балканот.

На почетокот на кризата, Велика Британија првенствено се залагаше за пружење на хуманитарна помош, за подоцна, со настапување на првите сили на ОН, Британските сили постанаа значаен дел од мировните сили во сите фази на решавањето на југословенските конфликти (вклучувајќи го и нивното водечко учество во операцијата „Суштинска жетва" во 2001год. во Р. Македонија).

Во новите балкански потреси и позиционирање на екстрарегионалните точки на притисок, Велика Британија со своето големо присуство и ангажман, релативно брзо се преструктуира во потрага на нејзиното ново место, улога и геополитичко настапување во Европа.

Во почетниот период, Велика Британија распадот на Југославија го следеше од дистанца, но со разгорувањето на кризата и се поактивното ангажирање на европските сојузници (посебно на Германија), Британија виде нова шанса и отворена можност повторно да ја игра својата стара и вековна омилена улога на главен европски арбитрар. Приближувајќи ги ставовите на Германија и Франција, британската надворешна политика почнува поинтензивно да го отвора патот на нејзиното враќање на Балканот во кој играле клучна улога во поновата историја.

Подоцна, со се поактивното вклучување на САД на Балканот (посебно кога нивната политика добива примат во БиХ), Велика Британија почнува да се изјаснува за поголемо европско ангажирање во разрешувањето на кризата, формирање на сили за брзо реагирање. Паралелно со овие активности, Велика Британија се спротивставува на одлуките на бомбардирање на српските позиции со воздухоплови на НАТО.

Во овој период тоа значеше благо приближување до француските ставови до нивната трансформација и осуда на режимот на Милошевиќ. Лондон ги трансформира повторно своите ставови се до донесувањето на одлуката за прифаќање и поддржување

на американското водство на акциите во БиХ. За спроведување на својата политика за активно присуство на Балканот, Велика Британија се вклучува во ИФОР, а подоцна и во СФОР, дејствувајќи заедно со своите НАТО – сојузници. Во суштина, Велика Британија во овој период, но и во периодот кој ќе следи, мораше да ја игра улогата на мост помеѓу САД и Европа, односно нејзината политика да биде цврсто поставена помеѓу САД и Европа и паралелно одржување на традиционалните британски – американски врски и проевропскиот настап.

Британските воени сили доаѓаат во Македонија, а после и на Косово каде што командант на силите во Косово постанува британски генерал како доверба и награда за британскиот придонес пред и после операциите на НАТО во спроведувањето на воената интервенција против Југославија.

### 3.4.4 ИТАЛИЈА И БАЛКАНОТ

Југословенската криза на Балканот, за Италија значеше нов предизвик, но и нова можност за изнаоѓање на мировни решенија со оглед на нејзината близина и географски контакт со новосоздадените држави, како и историската и традиционална присутност и односи со земјите од регионот (посебно со Југославија). Во новото декомпонирање на Југославија, Италија виде добра прилика за соСеди да ги добие Хрватска и Словенија за кои најповеќе се застапуваше ватиканската дипломатија. Околу решавањето на судбината на БиХ, Италија застапуваше позиции идентични со ставовите на европската заедничка политика. За време на конфликтите во Југославија, посебно за време на внатрешната контролирана криза во Албанија во 1997 година, Италија беше погодена од големи ударни бранови на бегалци, посебно на албански бегалци од Албанија и Косово, состојба која Италија уште подлабоко ја вовлече во виорот на балканските случувања.

Италија активно учествуваше со своето воено присуство и партиципирање во мировните сили во БиХ манифестирајќи висок степен на евро – атлантско единство со останатите членки на ЕУ. Во рамките на НАТО, Италија ја подржа и прифати одлуката за напад на Југославија, што значеше и согласност за користење на воените бази за воздушните напади кои ќе следат.

Осудата на воената интервенција врз Југославија, од страна на Папата Иван Павле II и заложбите на изнаоѓање на политичко решение, како и големиот број на бегалци во Италија, имаат снажен одѕив (одек) во делови на италијанското јавно

мислење. Јавното мислење се повеќе се поларизираше и неминовно се наметнаа и прашањата и дилемите дека „нема решение на косовската, а нити на балканската ситуација врз проект кој би го зафатил постјугословенското пространство и целиот Балкан“. (Caracciolo, 1998)Во спротивно, на подрачјето му се „заканува создавање на серија протекторати (БиХ, Албанија, Србија и т.н.), банда на авторитарни држави, рај за мафијата“. (Caracciolo, 1998)

Во суштина на Италија и одговара стабилен мир на Балканот кој претставува централна точка на нејзиното делување. Италија овие стратегиски цели може единствено да ги постигне со вклучување во изградбата на заедничката сојузничка политика, оставајќи простор и за нејзино посебно ангажирање и канализирање на настаните. За Италија, оптимално решение е изградба на нова Југоисточна Европа, како составен дел на Европа.

Наместо заклучок за исклучителното влијание на екстрарегионалните и регионалните точки на притисок како мошне значајни фактори и индикатори кои ја креираат вкупната состојба на Балканот низ историјата и кои ја детерминираат конфликтната околина и конфликтите на Балканот, ќе презентираме еден мошне илустративен пример од неговата понова историја. Во суштина станува збор за најновиот – конфликт на просторот на поранешна СФРЈ кои експлодираа после падот на комунизмот и рушењето на „берлинскиот ѕид“.

Во исто време, овој конфликт претставува најилустративен пример на неговото манифестирање и изразување преку претходно презентираните линии објаснети – „исцртани“ преку геополитичките триаголници. Преку овој пример уште еднаш недвосмислено се потврдува постоењето на петнаесетвековната балканска историја на конфликти. Во овој значителен големвременски и историски интервал карактеристичен за регионот, конфликтите егзистираа, пламнуваа и се вжештуваа уште пред луѓето на овие простори да ја развијат групната свест како христијани (православни и католици) и муслимани, како капиталисти и комунисти, како Македонци, Бугари, Срби, Хрвати, Црногорци, Босанци, Грци…

Овие „вековни“ конфликти повторно излегоа на површина со целата своја жестокост заедно со крајот на Студената војна (кон крајот на XX век). Поранешната СФРЈ една од најголемите држави на Балканот (со најголема воена моќ и со најголеми регионални и глобални амбиции), го зајакна „југословенизмот“ што значеше и

зајакнување на регионализмот. Југословените, идентично како и Византијците и Отоманците во минатото кои своето функционирање го засновуваа врз силата и религијата, го зајакнаа регионализмот потпирајќи се првенствено на комунистичката идеологија.

Но без оглед на фактот колку нејзините планови во постигнувањето на хомогеност – хомогенизација на политички и економски план беа амбициозни, СФРЈ не успеа да го исполни политичкото и економското чудо што го ветуваше како крајна голема стратегиска цел.

Кога во рамките на југословенската федерација повторно се појави метафорички кажано „современиот феудализам“ изразен преку формите на насилен етничкинационализам, насилен сепаратизам и сецесионизам, екстерните точки на притисок реагираа на еден специфичен, атипичен и крајно некоординиран начин на новопројавената, крајно опасна и непредвидлива ситуација. Нивните напори – реакции беа крајно неусогласени, недоволно „дозирани“ – со мал интензитет, со преголемо задоцнување, „*post – festum*“ делување, несоодветни и неадекватни повеќе на психолошки и морален план, без соодветна и ефикасна стратегија.

Анализата на историјата и карактерот и суштината на Балканот од аспект на утврдувањето на меѓусебното геополитичко дејствување покажува дека географската реалност создава еден специфичен облик на регионална фрагментација. Исто така, низ историјата, на Балканот се создавале и соодветни политички и економски интереси што се самоизразувале преку продуцирање на определена народна идеологија во определено време (борби против ропството, религиозни борби, етнички борби, национални борби). Со комплексна историска, геополитичка, социолошка и политиколошка анализа недвосмислено се наметнува заклучокот дека многубројните проблеми во регионот во најголема мера произлегуваат од неуспехот за креирање или одржување на стабилен и конзистентен одржлив систем во функција на обезбедување на севкупен развој и оптимални можности за издигнување и напредок на сите ентитети и поединци во регионот. Фрагментацијата на Балканот која произлегува и од самата топографија (збогатена и со намерната политичка и економска фрагментација иницирана од надворешните фактори)поттикнува и одржува едвај одржливи (многу слаби, нестабилни и кршливи) политички и економски ентитети. Овие „балкански ентитети“ збогатени со нивните вековни стремежи кон неприфатливи и неумесни воени потфати и авантури и претенциозни, преамбициозни визии и соништа за

територијални проширувања и освојувања, само го зголемуваат бројот на акцелераторите на балканските конфликти и вкупните проблеми на штета вкупните потреби и интереси на поединците и на Балканските народи во целост. Овие старо нови состојби непрекинато го отвораат магичниот круг на локални и меѓурегионални насилни конфликти што светот ги запамети преку општоприфатениот термин балканизација.

Од аспект на делувањето на надворешните точки на притисок (екстрарегионални) карактеристични се нивните аспирации, тенденции, односно стремежи развојот на регионот првенствено да го перципираат како одлична можност за промовирање и реализирање на нивните специфични национални интереси. Исто така, нивните „ангажмани" може да бидат насочени во правец на детектирање на несоодветната политичка ситуација на Балканот (или во определени негови делови) која по секоја цена треба да се избегне во дадената политичка констелација или во конкретниот историски миг. Во овој контекст е и надалеку познатиот израз дека Балканот за Европа претставува буре поло со барут.

**Наместо заклучок мошеме да потенцираме дека само силно манифестирана регионална соработка на рамноправни основи може да го заштити регионот од негативните импликации и тенденции на делување на екстра регионалните точки на притисок. На екстра регионалните точки на притисок треба да им се оневозможи непречено и континуирано да ја користат регионалната фрагментација во функција на зачувување или промовирање на своите посебни национални цели и интереси.**

# 4 УДВОЕНИ (ДВОЈНИ ДРЖАВИ)

## 4.1 УДВОЕНИ (ДВОЈНИ ДРЖАВИ) - (ЗА ФРАГМЕНТАЦИЈА НА ДРЖАВИТЕ НА БАЛКАНОТ)

Во период помеѓу 1995 и 2000 година произлезе најавата на идејата за „креирање“ на т.н. удвоени (двојни) држави на Балканот.

Процесите на отцепување и создавање на удвоени национални држави мора да се анализираат и толкуваат преку анализа на процесите кога се појавуваат и трансформираат новите класи, интелигенцијата и локалните елити, настанати во времето на „сталинистичкиот парадокс“ (Veiga, 2003, p.46). Овие нови општествени групи и слоеви имаат огромна потреба и желба за преземање на власта дури на се помали и помали територии. Да не беа интензивните сплетки и вршењето на притисок од страна на новите класи кои сакаа по секоја цена да дојдат на чело на државите (во кои власта се „тркалаше по улици“), немаше да дојде до погрешно наречените „етнички војни“ во поранешна Југославија во текот на последната деценија на XX век, па дури и пред тоа.

Во суштина, во последната декада на минатиот век се појави една единствена појава: удвојување на националните држави (првенствено на Балканот – зона на експериментирање на глобалните актери).

Овој процес *de fakto* започна кога Молдавија стекна независност и кога локалните лидери одлучија дека не сакаат повторно да се обединат со Романија. Иако жителите на Молдавија во најголем дел имаат романско потекло, иако нивното знаме беше идентично со знамето на нивната мајка – држава, политичката елите и локалните водачи одлучија да останат надвор од новите „обединувачки“ процеси. Оваа „нова“ независна држава во минатото (помеѓу 1919 и 1940 година) претставуваше дел на Велика Романија под името Бесарабија. (Veiga, 2003, p.61-69)

Интересен е и феноменот на оваа релација помеѓу Македонија и Бугарија, посебно после осамостојувањето на Р. Македонија и стекнувањето на нејзината независност. Повторно и уште поинтензивно на сцената настапија бугарските националисти кои бараат да им се врати (Македонија) бидејќи претставува продолжување на нивната татковина.

За разлика од сите случаи на удвоени држави македонскиот случај е многу специфичен и премногу комплициран со оглед на фактот што албанската заедница на Р. Македонија веднаш би ги активирала другите „центри на гравитација“. Исто така суштинско прашање е дали и Р. Бугарија би прифатила таков сериозен и опасен предизвик познавајќи ја генезата и пејзажот на новите меѓуетнички односи во Р. Македонија кои кулминираа со конфликтот во 2001 година.

За проектите на „Голема Бугарија“, Македонија сепак и останува да биде предмет на аспирациите на бугарските националисти. Бугарија ја призна Р. Македонија како држава, но не ја призна Македонската нација: тоа е како таа да смета (во суштина тоа е и резонот на нивната политика) дека со македонската независност се формира втора бугарска држава (т.н. „двојна држава“).

Што се однесува до Грција, таа упорно се спротивставува на прашањето на името, додека пак Србија, исто така, е заинтересирана за Македонија бидејќи тука поминува најкраткиот и главниот пат што оди покрај Вардар и ја поврзува со Грција и осигурува излез на Егејското Море (моравско – вардарски правец).

Турција, македонското прашање го гледа како лесен начин и оптимална варијанта за вмешување на Балканот, од стратегиски причини, но и од аспект на заштита на муслиманите што живеат на овие простори.

Најпосле, но не и последно по важност, ќе ги потенцираме и проблемите со албанското малцинство, поточно со албанската етничка заедница која го поврзува македонското прашање со косовското прашање и со она на Голема Албанија, односно нивните сепаратистички амбиции за отцепување и присоединување на териториите населени со Албанци кон Албанија (или евентуално кон Косово како посилно гравитационо јадро).

Помеѓу сите проблеми (главно жариште на тензија на во Балканот), македонското прашање претставува една од поголемите опасности и закани за безбедноста, стабилноста и иднината на Балканот. Македонија се наоѓа на местото (епицентарот) каде што се вкрстуваат мините на тензија. „Така една македонска криза започната, евентуално по албанското прашање, би можела да предизвика трета балканска војна во која би биле вмешани Албанија, Србија, Македонија, Грција, Бугарија и Турција“. (Prevelakis, 1993, p.39) Правовременото разрешување и

деескалација на конфликтот во 2001 година ја спречи разврската од овој тип на територијата на Македонија од страна на претходно потенцираните балкански актери.

Прашањето за излегување на Бугарија на Егејското море исти така можеше да биде поставено во случај на проширување на југословенската криза во врска со македонското прашање, со што би се предизвикале сериозни проблеми и ново жариште на тензија меѓу Грција и Бугарија.

Ако Балканот е буре барут на Европа, тогаш Македонија е буре барут за Балканот. Во многубројните наврати Грците, Србите и Бугарите влегувале во конфликти братоубиствени војни за поделба на Македонија. Македонското прашање повторно почна да и задава голема главоболка на европската дипломатија во моментот кога се чинеше дека сето тоа е минато и заборавено, во ситуација кога се уште никој, како да не може да утврди потврди *staus quo* состојба. Во светот создаден после Втората светска војна се чинеше дека македонското прашање е решено. Но со крајот на Студената војна кога заврши контролата на големите сили (на Русија и САД врз Бугарија и Грција со цел да не оспорува постоењето на Р. Македонија) на глобалната светска сцена повторно беше отворено односно имаме повторно враќање и актуализирање на македонското прашање кое во изминатиот половина век привидно беше затворено, но не и целосно решено.

Во анализата на двојните држави неопходно е да се потенцира и Р. Српска во Босна која, исто така, не сакаше премногу да постане дел на српската држава. Денес, оваа „нова држава“ под притисок на новите евроазиски комбинаторики на големите сили е пред одлуката за референдум, а во исто време и пред блокадите за спречување на евентуалниот референдум за дефинирање на нивниот иден статус и нивното ново позиционирање.

Во овој контекст е и „приказната“ Херцег – Босна која на крај би можела да се отцепи од Босна со цел да се присоедини кон Хрватска како и Косово кое постана суверена држава независна од Албанија.

Сепак претходница на овие поделби беше Кипар за време на војната во 1974 година. Тогаш островот, после извршеното етничко чистење (раселување на 160 000 кипарски Грци на југ и 50 000 кипарски Турци на север), беше поделен на две држави: грчка и турска кои во теориите немаат врски со Грција и Турција.

Во секој случај, балканските удвојувања (дуплирања) само по себе покажуваа колку (во која мера) етничките насоки се релативни. Молдавците, босанските Срби, косовските Албанци, кипарските Грци и Турци, а можно е на крај и босанските Хрвати (во западните комбинаторики се споменуваат и Македонците, односно релацијата Македонија – Бугарија), избраа статус на независност кои од една страна им одговара, одговара на локалните политичките елити, но првенствено им одговара на вонбалканските политички елити за дезинтеграција и фрагментација на балканските држави и народи, формула стара повеќе од 100 години.

„Босанската криза и Берлинскиот конгрес претставуваат клучни точки на современата историја на Балканот. Големата поделба од 1878 година беше направена со цел првенствено да се расчистат недоразбирањата помеѓу големите сили и заради загрозувањето на Русија на која и беше оневозможено нов напад на Истанбул. Интересите на балканските народи беа исфрлени на страна, посебно интересите на Босна и Македонија, кои со овој вештачки договор овие „коцкички“ ги сложија за новите кризи. Ова прво преуредување на Балканот беше вистинската слика за настаните што ќе се случат сто години подоцна, со цел целосна дезинтеграција на Југославија, вклучувајќи ги и деталите како протекторатот над Босна или создавањето на вештачка (втора) Румелија, што во суштина беше и најава на образецот (опасна варијанта) на дуплирани (двојни) држави помеѓу 1995 – 2000 година.“ (Veiga, 2003, p.71).

Денес, оваа „спасоносна формула“ на вонбалканските држави се уште е активна со нејзините севкупни бранувања, но со појавата на обратни – реверзибилни процеси и тенденции.

Кога некоја од овие мали, полунезависни држави би се обидела да се припои кон својата матична татковина, тоа во целост веднаш би ги развеало нејзините надлежности и амбиции.

Дуплирањето на еднонационалните држави на Балканот може да се согледа во позитивно светло доколку тие држави со изворните татковини навистина остваруваат врски кои во суштина се од сојузен тип. Во суштина на почетокот на XXI век тие претставуваат единствени варијанти и разумна алтернатива за одржување на оваа идеја. Ова ќе биде посебно значајно доколку пропадне и последната вистинска

федерација што „опстана“ – република Босна и Херцеговина која беше искреирана со Дејтонскиот договор од 1995 година.

Во игрите на вонбалканските актери многу вешто, но и со многу претерувања активно се вклучуваат сите новокомпонирани балкански политички актери, и националистички профитери.

Вистински случај на операта од овој вид и кулминација на Балканското лудило поттикнато од странски акцелератори, претставуваат дејствата и амбициите на албанската ОВПМБ која во 2000 и почетокот на 2001 година дејствуваше на југот на Србија.

Во овие и други идентични вештачки искреирани состојби лежи клучот на големата општествена поддршка кои ги уживаа режимите на Слободан Милошевиќ и Фрањо Туџман во текот на цела една деценија, или неспособноста на Алија Изедбеговиќ во Босна да ја контролира ситуацијата. Всушност, да не беа сплеткарењата и притисоците новите „класи“ (амбициите и одлуките на новите националистички политички елити и нивните лидери), во поранешна Југославија немаше да дојде до погрешно наречените „етнички војни“ во последната деценија на XX век, дури ни пред тоа.

Во овој контекст, постои еден многу добар пример со кој се затвори циклусот на југословенската дезинтеграција, процес кој започна уште во далечната 1974 година . Во функција на охрабрување и поттикнување на режимот на Ѓукановиќ за спротивставување и оттргнување од контролата на Белград и Слободан Милошевиќ на Црна Гора и беше одобрена помош во вредност од 485 милиони германски марки. Финансиската помош доделена од страна на САД и ЕУ беше насочена кон зајакнување на црногорската јавна администрација која постепено требаше да се зголемува и да ги превзема се повеќе функциите на сојузната држава, чекор поблиску до целосно раздружување со Србија и растурање на последната југословенска творба – Сојузна Република Југославија. Со оваа масовна и безусловна меѓународна помош се одржуваше енормно големиот број на администрацијата (вклучувајќи огромен број полициски и паравоен апарат на новата еднонационална држава. Овој процес имаше далекусежни геостратегиски последици кои кулминираа (беа крунисани) со почетокот на зачленување на Е. Црна Гора во НАТО и елиминирање на можноста Русија преку Србија и Црна Гора повторно да излезе на топлите мориња (Медитеранот). Режимот

Ѓукановиќ во 2015 само го заокружи процесот на новото геополитичко позиционирање и преструктуирање на Црна Гора започнат уште во 1999 и 2000 година. Со овие потези во целост заврши процесот на дезинтеграција на поранешната комунистичка СФРЈ на Балканот.




**Слика 10: Најкомплицираната мапа на историјата на Балканот**

Извор: Veiga, F. (2003). *Balkanska Zamka (1804-2001)*. Beograd: Biblioteka Spanskih Autora, p. 541

### 4.1.1 ДВОЈНИТЕ ДРЖАВИ – НОВА БАЛКАНСКА ЗАМКА

Панорамата на Балканот на почетокот на XXI век, и понатаму, во глобала, останува многу несигурна, непредвидлива и се уште некомплетирана.

Постепено, Балканот го заокружува посебниот контекст и се повеќе постанува израз со кои се означуваат сложените проблеми во меѓународните односи. На тој начин, Балканот од географски, се повеќе постанува политички и социолошки поим.

Двојните или т.н. „дублетни држави", кога еден ист народ населува две самостојни соседни држави претставуваат мошне специфичен феномен, посебно кога станува збор за Балканските енигми.

Овие нови геополитички и геостратегиски креации имаат една добра и позитивна страна за нивните граѓани кои сметаат дека така живеат подобро, дека добиваат повеќе привилегии во матичните држави (татковини), бидејќи ни таму не се странци. Граѓаните на овие држави со леснотија влегуваат и излегуваат преку порозните граници и имаат „среќа" да поседуваат двојни државјанства (но со однапред длабоко осмислени и искалкулирани намери на „матичните држави").

Но оваа „идилична слика" ја расипуваат постоечките балкански политички стереотипи и традиционални комплекси чие опстојување има важно дестабилизирачко значење и стои во основата на најкарактеристичната тенденција на современиот развој на Балканот. Во овие специфични тенденции примарно место зазема продолжувачката (континуирана) несигурност и зајакнувањето на потребата од мешање на надворешните сили претставени во лицето на ЕУ и НАТО. И покрај тоа што денес се смета дека е надмината опасноста од избувнување на нова (трета) балканска војна, ситуацијата во регионот се уште не е целосно ставена под контрола и безбедносно заокружена во сите нејзини значајни сегменти.

Многугодишната фрагментација на балканскиот етнодржавен поредок и трансформацијата во мини држави (нова балканизација на Балканот)во меѓународни протекторати денес претставуваат главни фактори за отсуство на стабилност во регионот. Паралелни со овие процеси се и процесите на зајакнување на стремежите за воздигнување на националната идентичност и етничкото хомогенизирање на одделни региони со што и дефинитивно се профилира новото појавување на трајно радикализирање на национализмот и стремежите кон сепаратизмот.

Најновите „тектонски "- „сепаратистички" пореметувања и поместување на овој план во Босна, Р. Српска, Косово, Молдавија и во зафатот на другите балкански удвоени држави (но и пошироко) во целост ја потврдуваат претходната современа

закономерност која во најголем дел е и геополитички иницирана, првенствено за потребата на големите светски играчи.

# 5 ГЕОСТРАТЕГИСКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 5.1 ГЕОСТРАТЕГИСКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Геополитичката сензитивност на македонскиот простор и во својата територијално- етничка целовитост (анализирани се вообичаените граници на македонскиот етникум така како што беа сфатени пред балканските војни, т.е. со соодветните делови во подрачјето на денешна Грција, Бугарија и делумно Албанија) и во рамките на денешните национални граници на Р. Македонија, секогаш резултираше првенствено од три значајни факти (фактори):

- „Прво: Тоа е најзначајниот концентрационен и транзитен (коридорски) простор во Југоисточна Европа;
- Второ: Оваа територија била одлучувачка за излез на Србија, а донекаде и Бугарија, спрема морето;
- Трето: Овдека се вкрстувале интересите на Германија, Австрија, Италија и Русија". (Pavic, 1973, p. 263)

Причините за овие суштински констатации и геостратегиски детерминанти не е тешко да се прецизираат, набројат или да се сфатат во целост.

Според својата просторна положба (позиционираност) Македонија заедно со Србија го претставуваат главниот сообраќаен скелет во Југоисточна Европа, додека територијата на Македонија претставува најважен јазолен простор.

Според анализите на Ј. Цвијиќ по должината на Моравско – вардарската долина се наоѓа **централното јадро на Балканскиот Полуостров**, попрецизно со неговиот центар во Скопско – прешевската зона.

Република Македонија со целата своја површина припаѓа на Балканскиот Полуостров, односно на неговиот централен дел кој го опфаќа просторот на Краљево – Приштина – Скопје – Софија. Тоа всушност претставува и централниот балкански маневарски простор со значајни комуникациски јазли, од каде што комуникациите и проодните зони се насочуваат во сите делови на овој полуостров. Овој дел на Балканот во кој е лоциран и просторот на Македонија во минато, а и денес, ќе има пресудно влијание за ширење на моќта, влијанието иуспешното водење на воените операции на Балканот и значително пошироко.(Котовчевски, 1999, стр. 36)




**Слика11:Положбата на Република Македонија на Балканскиот Полуостров**

Извор: Котовчевски, М. (1999). *Македонија воена алка на светот.* Скопје: Македонска цивилизација, стр.31.

Таквите јадра (јадра од овој вид) очигледно мора да заземаат централна положба да имаат, соодветна комуникациска поврзаност во сите правци и мора да имаат релативно поголема аграрна вредност – карактеристики што се значајни обележја на Моравско – вардарската долина и нејзиниот централен дел.

Со цел да бидеме уште по прецизни во овој контекст, неизбежно е да е потенцираме позиционираноста на Скопје и Скопската котлина кои имаат најголема сообраќајна вредност и концентрациона улога. На овој централен геостратегиски простор на Балканот, со Моравско – вардарската сообраќајница се спојуваат Босанскиот и Зетскиот „друм", а од таму сите патишта водат кон Солун и Истанбул (односно спрема Блискиот Исток и Северна Африка). Исто така, во Скопје се концентрираат сите внатрешни сообраќајни правци на Македонија, како и на нејзините соСедни земји.

Преку Моравско – вардарскиот правец поминува главната сообраќајница од Белград до Скопје која по долината на реката Вардар продолжува до Солун. По долината на Сава патот води до Загреб, а потоа и до Љубљана. Заеднички, овие две

сообраќајници го формираат магистралниот пат Љубљана – Загреб – Белград – Скопје – Солун кој е главната врска на Балканот со западна Европа поминувајќи низ просторот на цела екс Југославија. Овој сообраќаен р'бетен столб на поранешна Југославија истовремено е и папочна врвца со која Грција е поврзана со останатиот дел на Европската Унија. Кон оваа главна сообраќајница се надоврзуваат и други патишта со што се зголемува нејзината стратегиска и геостратегиска улога.

Низ историјата , низ овој простор поминуваше и најголемиот римски пат Виа Игнација која го поврзуваше Јадранското и Црното Море и го затвараше триаголникот Ниш – Истанбул - Солун, чии други две страни ги сочинуваат патиштата Морава – Вардар и Белград – Истанбул. Од Истанбул до Солун Виа Игнација без поголеми пречки го следи морскиот брег. Од Солун до пристаништето Драч, релјефот претставува се повеќе и повеќе пречка (Солун – Лерин - Битола - Преспанското и Охридското Езеро) и излегува на албанскиот брег во пристаништето Драч (преку Елбасан и Тирана).

Во Солун - вистинското балканско пристаниште се вкрстуваат Виа Игнација и магистралата Морава – Вардар, пристаниште кое е најблиску до центарот на балканско јадро – Скопје и до еден од најголемите балкански крстопати – Белград, точно преку Вардарско – моравскиот правец.

Коридорот што се протега од Дунав до Егејското Море според улогата што ја има и според регионите што ги поврзува, би можел да се спореди со оној на Сона и Рона во Франција, но според севкупниот прогрес ниту Белград е Лион, ниту Солун е Марсеј.

Балканската географија и историја во минатото и денес во голема мера си го наплатиле својот енормно висок данок за државите што гравитираат првенствено на овој правец.

Помеѓу Средна Европа и Источен Медитеран, Вардарско – моравскиот коридор претставува **јужна зона на контакти**, на размена и посета без разлика на културата, обичаите и јазикот. Солун низ вековите остана лесно достапно пристаниште, кое на Полуостровот важеше како мост помеѓу Истокот и Средна Европа, посебно како мост помеѓу Истокот и Германија во експанзија (во подоцнежниот период до денес). Балканот кој е на раскрсницата на трите континенти претставува солидна појдовна основа и претпоставка за непречено струење на значајните цивилизациски текови.

Исто така, не може да се негира и фактот дека Балканот со право е наречен и „Југоисточна капија на Европа" во чие пристаниште Солун впловуваат бродовите од Блискиот и Далечниот Исток и другите меридијани, стапувајќи во прв контакт со „стариот континент".

Идеите за забрзување на севкупните цивилизациски текови на Балканот датираат уште од порано. Мошне занимлива е идејата на Јован Цвијиќ со неговата основна замисла за пресекување главен пат помеѓу Солунскиот Залив и Дунав (идеја која е реактуелизирана денес со најавите на кинеските инвестиции за изградба на брза железница, но и главен канал токму на овој правец). Проектот Дунав – Рајна – Мајна веќе е реалност, останува уште долината на Велика Морава и Вардар со што би се отворила и вертикална водена комуникација од северот кон југот на Европа, од Ротердам до Солун.

Со отпочнувањето на реализацијата на овој грандиозен проект, најверојатно ќе започнат и новите геополитички и геостратегиски комбинаторики на големите европски сили (посебно на Германија), како и ангажирањето на САД од истиснување на Кина и блокирање на нејзините амбициозни планови за пенетрацијана Балканот и Европа.

Дури и пред формирањето на поистакнатата улога на коридор помеѓу југоисток северозапад кон крајот на XIX век, Македонија имала улога на најважно **концентрационо жариште** практички на сите европски суперрегионални сообраќајници помеѓу Централна Европа, Босна и Херцеговина, Приморјето, Србија, Црна Гора и Албанија спрема Солун и Цариград (најприродна географска и сообраќајна врска – поврзаност).

**Единствен конкурентски правец (во тоа време) донекаде претставуваше стариот Царски „друм" од Белград преку Ниш, Софија и Пловдив до Цариград.**

Во втората половина на XIX век положбата на Македонија во изразито коридорската зона беше уште повеќе нагласена бидејќи врските со Јадранот преку Албанија практички беа прекинати заради анархијата на тој простор, додека помеѓу слободна Србија и Црна Гора остануваше само тесниот и релативно ризичен санџачки премин кон Босна и Австрија

## 5.1.1 СОВРЕМЕНИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Според современите оценки на САД и НАТО кои се поклопуваат и со „старите оценки" за вредноста и геополитичкото и геостратегиското значење на нашиот простор низ историјата можеме да констатираме дека **посебно просторот на Македонија заедно со Косовскиот геопростор го сочинуваат епицентарот на Балканот.**

Со „запоСеднување" на овој простор НАТО добива солидна оперативна основа за понатамошно настапување кон евроазискиот простор кој има планетарно значење. Од овој простор во голема мера се скратуваат димензиите на стратегиските одбранбени (но и нападни) правци во сите насоки.

Од стратегиските правци на Јужноевропското војувалиште низ територијата на Р. Македонија поминува Егејско-украинскиот (Украинско-егејскиот) и Панонско-малоазискиот (Малоазиско-панонскиот) стратегиски правец. Огромното значење на овие стратегиски правци во голема мера ја зголемува стратегиската важност на македонскиот простор, но исто така ја потенцира и неговата стратегиска и безбедносна осетливост.(Котовчевски, 1999, стр. 27)




**Слика 12: Малоазиско – панонски стратегиски правец**

Извор: Котовчевски, М. (1999). *Македонија воена алка на светот.* Скопје: Македонска цивилизација, стр.28.




**Слика 13: Панонско – малоазиски стратегиски правец**

Извор: Котовчевски, М. (1999). *Македонија воена алка на светот.* Скопје: Македонска цивилизација, стр.28.




**Слика 14: Стратегиски правци на јужноевропското војувалиште**

Извор: Котовчевски, М. (1999). *Македонија воена алка на светот.* Скопје: Македонска цивилизација, стр.29.




**Слика 15: Стратегиски правци на јужноевропското војувалиште**

Извор: Котовчевски, М. (2003). *Македонија воена алка на светот.* Скопје: Македонска цивилизација, стр.29.

Географските врски-патишта кон централна Европа, спрема Црноморскиот басен, преку Софиско-маричкиот премин спрема турските мореузи, преку Егејскиот басен со Блискиот Исток, преку Албанскиот и Јадранско-јонскиот простор со Апенинскиот Полуостров, Сицилијанскиот премин и Северна Африка поминуваат и низ Македонија.

**Сите наведени карактеристики на геостратегиската и воено-географската положба на Р. Македонија на Јужноевропското војувалиште укажуваат на нејзиното геостратегиско значење.**




**Слика 16: Основни стратегиски правци на јужноевропското војувалиште од времето на блоковската поделба на Европа.**

Извор: Студија ЦОСИС. (1982). Средоземље и безбедност СФРЈ. Београд, стр. 113.

Преку територијата на Република Македонија поминува албанско-бугарскиот стратегиски правец кој во својот централен дел првенствено во периодот на Студената војна ја вклучуваше Албанија, Црна Гора, Косово и Метохија, Македонија, Јужна и Југоисточна Србија и Северна Грција. Во непосредна близина на овој правец како контактни стратегиски правци се издвојуваат Јадранско-панонскиот и Црноморско-егејскиот стратегиски правец кои во најголем дел го прекриваат балканското копно.

Со ставањето на просторот на Бугарија, Македонија, Албанија и Косово под контрола, САД добиваат можност и предност да го контролираат Подунавскиот, Моравско – вардарскиот и Отранскиот премин (врата) , со што за „непосакуваните гости" кои доаѓаат од север ги затвараат капиите за Блискиот Исток. Со тоа значајно се

попречува и продорот за Русија на Балканот и Средоземјето, што е и основната цел после нејзиното истиснување од Балканот кон крајот на минатиот век. Во исто време се продолжува со настојувањето за комплетно геостратегиско „затварање” на Русија од сите страни.

**Од просторот на Македонија, големите светски играчи може да го контролираат целиот простор на Југоистокот на Европа – на запад до Виена, на север до Киев, односно на исток до Багдад и на југ до Каиро.** Со тоа може да се контролира и германскиот пат на Исток кој претставува германска константа уште од периодот на Карло Велики. „Германија не се има одречено од дамнешните пангермански соништа за создавање на „*Mitteleurope*” во средиштето на стариот континент, од „идејата Багдад” (пругата Берлин – Багдад, германскиот продор до Басра) уште од XIX век, „Царинскиот сојуз” помеѓу сите територии „помеѓу унгарската граница и Персискиот залив” и надмоќноста над соперниците преку креирање на глобална политика”.(Seton– Watson, 1916, p.124)




**Слика 17:Положбата на Република Македонија во Средоземјето**

Извор: Seton– Watson, R.W. (1916).*German, Slav and Magyar*. London,p.124.

Според својата положба, нашиот простор од воено-географски аспект е во поволен однос и спрема Западниот басен на Средоземното Море и спрема Црноморскиот басен, односно спрема Источниот басен на Средоземното Море.

Тој однос е посебно поволен спрема мошне значајниот и осетлив централен стратегиски мост помеѓу Европа и Северна Африка. Тоа претставува преминот преку најтесниот дел на Средоземното Море на линијата Балкански Полуостров - Отранската врата - јужниот дел на Апенинскиот Полуостров - Сицилија - Сицилијанскиот премин - Тунис. Должината на овој премин изнесува околу 900 км, од кои на морскиот пат им припаѓаат нешто повеќе од 200 км. колку што се широки Отранската врата и Сицилијанскиот премин. Во однос на овој стратегиски мост, албанскиот и поранешниот југословенски простор би имале улога на северен стратегиски мостобран од чие држење би зависело користењето на овој најпогоден премин помеѓу двата континенти, односно обратно, при изведување на дејства од Средна Европа во Северна Африка, овој простор би можел да послужи како стратегиска основица и потпора за освојување и користење на мошне значајниот европско-африкански стратегиски премин.(Котовчевски, 1999, стр. 44)

На Балканот, а во тој контекст и во Македонија жестоко и континуирано се вкрстуваат интересите на вонбалканските сили. Балканскиот простор (аналогно на тоа како неизбежна и незаобиколна константа и македонскиот простор) претставуваат сериозен предизвик за „американските планетарни – воени и економски позиции, руските трансбалкански визури, германската средноевропска завеса од Балтикот до Јадранот, Турција замислена од Јадранот до Кинескиот ѕид, италјанско – католичката Spirta Verso L’oriente и т. н. Овие интереси истовремено се во колизија со егзистенцијалните интереси на автохтоните балкански народи”. (Susic, Balkanski geopoliticki kosmar, 1995, стр. 250)

Со новата позиционираност на Балканот, САД се здобиваат со релативно поволна ситуација да ги попречуваат долгорочните руски интереси преку Балканот, познати уште од времето на Петар Велики и Катерина Втора, односно запирање на руските амбиции спрема југ и топлите морења.

Балканот и понатаму останува арена на судири на интересите на големите сили и извори на нова геополитичка нерамнотежа и нестабилност посебно во периодот после исчезнувањето на биполаризмот. Русија како значајна евроазиска континентална

геополитичка сила беше осакатена со губењето на рабните пробалтички држави, Украина и кавкаските држави, со нејзиното истиснување од Балканот, со што во голема мера беше изместена од геоцентралната рамнотежа. Во ситуација кога Русија повторно зајакнува на политички, економски и воен план, неминовно ќе се зголемуваат и нејзините регионални и светски амбиции, односно се повеќе ќе зајакнуваат и нејзините настојувања за воспоставување на нова поурамнотежена геополитичка positioning положба и враќање на нејзините„стари” геополитички позиции и сфери на влијанија.

Новото – повторно враќање на Русија на Балканот за „корекција” на нејзина поранешена геополитичка позиционираност неминовно ќе предизвика нови политички и безбедносни потреси и поместувања за определени држави лоцирани во ѕидините на балканската арена.

**Во својата книга „Офанзива на Балканот” Јосеф Бодански ќе напише: „Повторувањето на кризите и војните на Балканот, секогаш ја проткајувашеборбата на интересите на големите сили за хегемонија и контрола на Блискиот Исток”.** (Bodanski, 1998)

Според неговите прогнози во иднина на Балканот ќе бидат поизразени поединечните интереси на големите сили и Европската Унија, со можност да бидат поразлично групирани отколку до сега. Можно е се поголемо француско – германско зближување во областа на безбедноста, одбраната и воената соработка. Во иднина, во перспектива ќе се обновуваат и традиционалните руски интереси (Русија повторно се враќа на Балканот), како италијанските и други. Исто така, во овој контекст Бодански ја наведува и можноста за идна германско – руска соработка во поглед на решавање на прашањата помеѓу Србите и Хрватите, макар и со поделба на Босна и Херцеговина, на што се спротивставуваат САД и Иран кој во овој случај не изнајдоа заеднички интерес.

Денес на Балканот и на Блискиот Исток, но и понатаму на азискиот простор се судираат интересите на три џинови (САД, Германија и Русија), како и „новиот” четврти џин – Кина чии раце почнуваат да достигнуваат дури и до Балканот од каде пак копнениот пат води до азискиот простор. Новите геополитички игранки и геостратегиски прегрупирања на Балканот веќе се на повидок, а кога џиновите се борат на „ балканската ливада “ повторно ќе страдаат „балканските тревки”.

Балканот претставува една од најважните територии на судир на Истокот и Западот.

**Балканот многу одамна на геополитичката карта на светот е одбележен како значаен геополитички јазол каде што се судираат интересите на светските играчи.**

Македонија е ситуирана во центарот на еден од светските геополитички јазли[13] – Балканот има, ако не светски , меѓутоа регионални клучни зони кои имаат исклучително значење за светските (регионалните) комуникации, за трговските врски и воените операции.

Од геополитичка гледна точка Скопје претставува природна пресечна точка на двете трансконтинентални магистрали – Лондон – Калкута и Хелсински – Кејптаун.

**Исто така, Македонија се наоѓа во балканската цивилизациско – контактна зона, како територија на взаемно влијание и непомирливо конфронтирање помеѓу трите големи цивилизации – романо – германската, источнохристијанската и исламската.**

Според тоа, очигледно е и геостратегиски одлучувачко, дека интересите на околните простори морале да бидат упатени спрема таквото јадро (со огромно геостратегиско значење) во текот на сите историски и цивилизациски периоди. **Геостратегиската позиционираност на централното јадро на македонскиот простор претставувало „црно злато” и трајна опасност за македонскиот простор која во крајна линија и во еден закономерен историски континуитет, неизбежно резултираше со негово распарчување и делење.**

Според анализите и пишувањето на поранешниот хрватски претседател д-р Фрањо Туџман „добро е да се потсети дека на значењето на географско – стратегиските причини при оценување на различните аспирации спрема Македонија понекогаш им се дава предност пред историските причини”. (Tudzman, 1968, p. 156)

Во географијата на Балканот и на балканските народи (посебно македонскиот народ) првенствено треба да гледаме една балканска судбина која ги приморувала „вечно” (*ad alterum*) да бидат изложени на тешки маки. Причината првенствено треба да ја бараме во географската (геостратегиската) а потоа и во историската условеност.

[13]Напомена: покрај Балканот, други најзначајни геополитички јазли се Кавказ, Блискиот Исток, Средна Азија чија геополитичка положба повеќе генерира несигурност, ризици и закани, за разлика од државите надвор од овие пространства ( меѓни конфликтни пространства)

Во која мера физичкото (географското) позиционирање и опкружување ја одредува човековата и национална судбина, најцелосно и најпластично може да се согледа на Балканот. Многу малку региони во светот даваат толку аргументи за и против предодреденоста на географската средина како што тоа го прави Балканот. Во срцето на Балканот, најеклатантен пример за потенцираната географска и историска закономерност претставува положбата, опкружувањето и страдањето на Македонија, нејзината судбина и трагичната судбина на нејзините народи низ вековите.

Балканската, а посебно македонската историја е посебно интересна како историја на еден крстопат што трпи различни и мошне опасни влијанија од регионалните и екстрарегионалните актери (точки на притисок).

Триаголникот Белгатд-Букурешт-Атина (ББА), кој ги има дунавските рамнини како своја основа и го допира Средоземното Море, е пресечен од триаголникот Загреб-Тирана-Истанбул (ЗТИ), кој ги поврзува Јадранското крајбрежје и протоците Босфор и Дарданели. Дихотомиите на двата триаголника создаваат една хоризонтална и една вертикална иска, чие меѓусебно дејствување е натпреварувачко и непријателско.




**Слика 18:Регионалните и екстрарегионалните актери (точки на притисок) на Балканскиот Полуостров[14]**

Точката на фокус на двата триаголници и кругот што ги опфаќа нив го претставува центарот (средиштето) што во историјата и денес се нарекува

[14] Картата е креација на авторот.

**„македонско прашање“.** Центарот на геополитичкиот пресек на двата геостратегиски триаголници се наоѓа на просторот на Република Македонија.

### 5.1.2 ГЕОСТРАТЕГИСКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФОКУСОТ НА ГЕОПОЛИТИЧКАТА АНАЛИЗА

Сериозната геополитичка анализа има целосна смисла доколку служи за формулирање на стратегија (геостратегија). Тоа е рамката која се исцртува со геополитичките фактори и во која се реализира конкретната геополитика на државата и коалицијата на држави. Во овој случај поимот на геополитика се користи во неговото друго значење – задолжително со доктрина за реално практично дејство – дејствување.

Во овој контекст неминовно треба да ја потенцираме и длабоката корелација помеѓу геополитиката, геополитичката анализа и геостратегијата, односно функцијата на геополитичката анализа, во дефинирањето и креирањето на геостратегијата на определена држава.

Во анализата на геостратегиската положба на Р. Македонија во светлината на важните и основни поими на геополитичката анализа неизбежно ќе ја потенцираме нејзината позиционираност во однос на големите пространства, геополитичките јазли и геополитичките клучни зони.

Од геополитичка гледна точка големите пространства може да се поврзат со определени држави и нивните политички граници, но всушност никогаш нема целосно совпаѓање помеѓу нив. Тоа е поврзано со фактот дека политичките исцртувања се резултат на добиени или загубени војни, од распаѓањето на федеративните држави или од извојување на независност и државен суверенитет.

Големите пространства, како поим кој се користи во политичката анализа претставуваат основни структурни елементи на светот од геополитичка гледна точка. Тие се големи по територија и потенцијал држави или политичко – економски сојузи. Помеѓу нив егзистираат постојани односи, од една страна на спротивставеноста, а од друга страна на зближување. Нивните меѓусебни односи ја определуваат конкретната геополитичка слика на светот. Од овој аспект, сите региони не можат да се определат како големи пространства, туку само регионите кои што ја играат улогата на движечки сили во светските – меѓународните односи.

Од геополитичка гледна точка, судирот помеѓу големите пространства е за остварување на влијание врз останатата територија надвор од нивната позиционираност. Балканот кој е лоциран на линијата на судирот помеѓу Исток и Запад – Евроазиско – руското, а во тој контекст и територијата на Македонија, отсекогаш биле и се жртви на планетарниот судир на големите сили, (односно големите пространства)- планетарен судир помеѓу „клубот" на метрополите наспроти колониите (поранешни и сегашни).

Оформувањето на геополитичките јазли е резултат на судирот на големите пространства од една страна, како и граничните конфликтни пространства кои претставуваат арена на реалниот судир на интересите на големите пространства.

Од овие состојби произлегува и определбата на геополитичките јазли во смисла на затегнато сосредоточување на многу и противречни интереси кои мошне тешко се синхронизираат. Најчесто станува збор за региони богати со стратегиски суровини, потенцијални пазари или реони со военостратегиско значење, погодни за дислокација на одредени армии (војски) и за остварување на нивната логистичка поддршка. Во суштина, најчесто истовремено на сила се сите или најголем број од потенцираните карактеристики.

Денес најзначајни и најсериозни геополитички јазли претставуваат Блискиот Исток, Средна Азија, Кавказот и најчесто како неизбежен регион – Балканот. Геополитичките јазли (региони) често пати го менуваат своето приоритетно значење низ фокусот на основните геополитички играчи (големите сили), националната безбедност на државите кои се наоѓаат во зафатот на геополитичките јазли (граничните конфликтни пространства). **Соодветната геополитичка положба на државите лоцирани во овие региони закономерно генерира повеќе несигурност, поголем квантум на ризици и закани, отколку кај државите лоцирани надвор од овие ризични пространства.**

Балканот, најнесреќниот и најнемирниот агол на Европа (едно од класичните големи пространства покрај Северноамериканското, Руско – Евроазиското и пространството на далечниот Исток) на геополитичката карта на светот одамна фигурира како геополитички јазол каде што непрекинато се судираат интересите на големите светски играчи, (од времето на државните империи до денес), најважната

територија на судирите помеѓу Исток и Запад , со трагични последици за балканските народи и држави.

Во контекст на геополитичката и геостратегиската анализа за положбата на Р. Македонија неопходно е да потенцираме дека таа го зазема централниот дел на најопасниот, најнепредвидливиот и безбедносно најсензитивниот геополитички јазол во Европа и светот-Балканот.

Исто така значајно за геополитичката и геостратегиската анализа да се лоцира и нејзината позиционираност во однос на светските, односно регионалните клучни зони.

Геополитичките клучни зони претставуваат еден од основните поими кои што се користат при изработката на геополитичките анализи. Со овој термин се опфаќаат соодветните помали по опфат зони (во споредба со геополитичките јазли) кои имаат исклучително значење за светските комуникации, за трговските врски и за ефикасно изведување на значајни воени операции. Во оваа геополитичка категорија спаѓаат клучните зони како што се Босфорот, Гибралтар, Ла Манш, Беринговиот проток, Суецкиот Канал, Панамскиот Канал и други.

Исто така, во оваа категорија спаѓаат и определени железнички, патни и телекомуникациски јазли со светско или важно регионално значење. Исто така, во овој контекст можеме да ги потенцираме сите значајни (вештачки создадени – изградени) патни и железнички јазли лоцирани на трансконтиненталните магистрали, станиците за распределба на гасоводите, нафтоводите, далноводите и можните комплекси за воздушна и космичка контрола лоцирани на површината на земјата, како и значајни јазолни пристаништа, космодроми и други стратегиски објекти со кои се определува и трајното присуство на државите на геополитичката карта на светот.

Клучните зони на Балканот се уште не се доволно развиени за да имаат европско и светско значење. Но сепак значајно е да потенцираме дека тие имаат големи потенцијали да се развиваат во иднина и да се трансформираат во „нови прозорци кон светот" и „зони на активни врски" на балканските држави со останатите делови на Европа и светот. Обратно, тие не смеат и понатаму да претставуваат само „ гранични фронтови" или „прва линија на одбраната" („прва линија на огнот") како што било во текот на целата балканска историја, но и денес.

Балканот, а во неговиот стратегиски центар и Р. Македонија во наредниот период ќе треба да ги развива уште поинтензивно потенцијалите на клучните зони. Најзначаен проект во оваа насока може да претставува најавеното поврзување на реката Дунав (река која не е само отворена граница кон северот на Европа, туку таа е и значаен воден пат за Европа). Со евентуалното поврзување на Солунското пристаниште преку Вардарско - Моравската долина (проект во најава од страна на Р. Кина) и преку водената – речната врска Рајна – Мајна –Дунав, Балканот (посебно Србија, Македонија и Грција) директно ќе се поврзат со европските пристаништа. Попречувањето на реализацијата на овој проект и истиснувањето на Р. Кина од идните балкански комбинаторики за посочените балкански држави ќе значи нов предизвик и нова неизвесност со можност повторно да постанат колатерална штета во новите глобални игри и позиционирање на големите сили на Балканот. Игрите на оваа релација веќе започнаа уште пред да отпочне реализацијата на овој голем стратегиски проект со кој Македонија би се нашла во средиштето на новата европска геополитичка клучна зона.

Од геополитичка гледна точка значајна и за геостратегиската положба на Р. Македонија е фактот што Скопје продолжува да биде природна пресечна точка на двете трансконтинентални магистрали – Лондон – Калкута и Хелсинки – Кејптаун, лоцираност на уште една значајна геополитичка клучна зона со што уште повеќе се зголемува геополитичката, геостратегиската и безбедносната сензитивност на македонскиот простор во регионални но и во пошироки светски рамки.




**Слика 19:Трансконтинентална магистрала – Лондон – Калкута и Хелсинки – Кејптаун**[15]

Неговата безбедносна сензитивност ја зголемува и лоцираноста во стратегиска релативна оддалеченост од Босфорот - клучна геостратегиска зона од светско значење (единствен излез на руската црноморска флота на Медитеранот). Овие и другите проекти околу протокот на нафта и гас од Русија кон Централна и Западна Европа уште повеќе ќе ја зголемува вредноста, позиционираноста на големото геополитичко стојалиште (скалило). Вредноста на геополитичката положба на Македонија се зголемува и со нејзината релативно блиска позиционираност со стратегиски значајната Отранска Врата – тесниот премин од Средоземното односно Јонското Море во Јадранското Море (широка 40 наутички милји – најкраток спој помеѓу Апенинскиот и Балканскиот Полуостров).

[15] Картата е креација на авторот.

**Потенцијалната геостратегиска позиционираност на македонскиот простор во однос на големите пространства, геополитичките јазли и геополитичките клучни зони претставувало предуслов за судбината, поделбите и страдањата на народот (народите) кои живееле на овие балкански простори.**

# 6 ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИСТОРИСКИ И СОВРЕМЕН КОНТЕКСТ

## 6.1 ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИСТОРИСКИ И СОВРЕМЕН КОНТЕКСТ

Анализата на геополитичката положба на Р. Македонија во минатото и денес претставува единствен, специфичен и необично инструктивен од историски и современ аспект. Преку неговата анализа индиректно можеме да ги расветлуваме сите аспекти на меѓународните односи во Југоисточна Европа, во минатото и денес.

„На меѓународната осетливост на овој простор доволно упатуваат неколку факти било од историски, било од современ карактер: а) Македонците денес се единствена нација во Европа на која и се оспорува националното битие; тврдењето дека две третини од населението на Македонија има бугарска национална свест (т.е. дека се Бугари) може да упатува на формирање на такво светско јавно мислење кое никако не би смеело да биде изненадено од грижата која Бугарија може да ја покажува спрема „своето" население во Македонија (широкоградото делење на бугарски пасоши на македонските граѓани го потврдува продолжувањето на нивните „промакедонски" определби и амбиции – забелешка на авторот); б) границите повлечени во овој јазолен дел на т.н. Балкански Полуостров се такви што лесно може да постанат извор на напнатост; истото вреди и за распарчувањето на етничките целини и територијалните проблеми – накратко „балканизацијата" на овој простор е една од неговите најкарактеристични особини; в) Наведеното посебно добива на својата негативна димензија тогаш кога го имаме во вид приближувањето на зоните на светската напнатост на Европа (преку Блискиот Исток и Медитеранот), преку се посилното ангажирање на немедитеранските флоти во базенот на Средоземјето; г) посебно се значајни негативностите на контактите на овој дел на Југославија (поранешна СФРЈ – забелешка на авторот) со земјите со многу различни интереси и ориентации....". (Pavic, 1973, стр. 262)

Кога се анализираат територијалните интереси на големите сили и геополитичките аспекти на проблемите на поделбата на македонскиот етникум (од историски и современ аспект), „на македонскиот етникум може да се примени една од најизразените геополитички дефиниции, т.е.**положба во опкружување со изразени конвергирачки интереси на околните простори, што ова подрачје ќе го одреди како една од најзначајните зони на европските судири"**. (Котовчевски, 1999, стр. 264)

Во овој контекст значајно е да ја потенцираме и констатацијата дека „основната геополитичка карактеристика на македонскиот етникум која е од битно значење за разбирање на неговата поделба е неговата просторна положба во опкружувањето помеѓу овие иницијални експанзионистички жаришта кои сите тежнееле кон проширување спрема самиот македонски етникум или преку него во други подрачја: тука првенствено се мисли на Австоунгарија и Србија од север, и северозапад, Италија и Албанија од запад, Грција и Турција од југ и југоисток и Бугарија и Русија од исток и североисток".(Котовчевски, 1999, стр. 416)

Од факторите кои ја определувале нејзината геополитичка и геостратегиска положба секогаш произлегувале (можеме да ги бараме)и најдлабоките причини и заинтересираноста, односно големиот број интереси и притисоци на големите сили и соСедните балкански држави (во минатото и денес).

Притисоците врз македонската територија и етникум отсекогаш биле упатувани од сите страни и од сите најважни европски и азиски сили, како и од оние сили кои сакале да се стекнат со таков статус – сили чии интереси се судирале во нивните настојувања да завладеат со овој простор (идентична судбина со судбината на Балканскиот Полуостров).

Најгорливите интереси спрема македонскиот простор биле манифестирани во великосрпските и великобугарските аспирации кои имаат долгорочен карактер (посебно од втората половина на XIX век се до денес) со посебно интензивирање во периодот на нивните меѓусебни судири.

Внатрешните интереси на самите балкански држави (првенствено на Србија и Бугарија) и интересите на големите сили упатувале само на две можности за „решавање" на македонското прашање – поделба на Македонија во согласност со односите на силите или приклучување на Македонија кон појаката држава. **Мошне разбирливо во овој контекст беше, дека егзистенцијата на Македонија како посебна политичка творба на геополитичката одлучна, а економско – географски поволна локација не беше остварливо иако се работеше за релативно голема територија (околу 68 000 км-2 )- површина на целокупна Македонија.**

Воопшто, прашањето на задржување на територијалната целокупност или негова поделбана македонскиот етникум има едно од најосновните и најгорливите

прашања со далекосежно значење во меѓународните односи и политички развој на овој дел на Европа. Македонското прашање после распадот на Југославија повторно беше отворено без реална можност за негово скорешно разрешување.

**Сите историски и геополитички анализи недвосмислено укажуваат дека „македонскиот простор“ во многу аспекти е единствен во Европа – практички готово никаде на Европскиот континент не постоеле такви територијални претензии на толку голем број мали и големи држави околу димензиите на толку релативно мало подрачје – и оваа констатација уште еднаш укажува на значењето на положбата и просторните односи за сфаќање на политичката историја и меѓународните односи во Европа“.**(Котовчевски, 1999, стр. 272)

Македонскиот простор во текот на поголемиот дел од својот историски развој секогаш го карактеризирале три основни геополитички детерминанти: територијална расцепканост; неможност за географско просторно комуницирање и остварување на врските на сите негови делови со морето и нејзиното гранично значење меѓу државите или регионите како јадро со балкански и вонбалкански карактери. Овие поделби траат повеќе од илјада години – од Симеоновото – т.н. прво бугарско царство (X век) се до периодот после I светска војна кога конечно беше „решено“ прашањето на границите со далекосежни последици за македонското население чии делови останаа да живеат во соСедните балкански држави. Припадноста на Пиринска Македонија на Бугарија и на Егејска Македонија постанаа факти од „трајно“ значење.

**Современата геополитичка положба на Р.Македонија ги носи сите јасни и препознатливи печати и белези од минатото, така што и новите современи тенденции се идентични со претходните геополитички и геостратегиски параметри и интереси.**

Македонскиот простор можеме да го дефинираме како простор кој се наоѓа во сензитивно географско, геополитичко и безбедносно опкружување. Тоа подразбира таква положба на определена држава во која, не само што недостасува соодветна соработка со соСедите, туку може да се работи и за спречување на излезот на море (ако се работи за континентална држава) или за опасности од територијално – експанзионистички карактер. За државите во опкружување е карактеристично што тие често можат да бидат изложени на потенцијални опасности за нивното државно уредување, на нивните граници може да се одржува постојана напнатост и можност за

активирање на определени погранични вооружени судири, директен граничен контакт со околните антагонистички држави.

Проблемите на опкружувањето првенствено имаат територијално и воено – политичко значење. Во нив полесно е прелевање на вооружените конфликти од соСедните држави (случајот со Македонија во 2001 година). Поимот опкружување може да значи недостаток на околни тампонски и изолациони зони и интересни сфери, но и помала можност за отвораање на директни гранични контакти со своите подалечни сојузници и т.н. Р. Македонија во својата историјасекогаш била во едно мошне опасно и непријателски расположено географско опкружување со тројни последици за нејзиното мирно и непречено опстојување. „Од аспект на политичко – географската анализа нејзината положба може да се оцени како LLS (Land Locked Country) положба, односно положба на опкружување, кога државата од сите страни е опколена со копно. Ова физичко – географско нормирање мора да се анализира со целокупниот политички економски и безбедносен потенцијал на копното поблиското и поширокото опкружување“. (Милески, 2015, стр. 2)

Друга специфичност, односно посебна детерминанта на геополитичката положба на Р. Македонија претставува и голема етничка шареноликост на македонскиот простор и распоредот – разместеноста на определени етнички заедници (субнационални групи) на нејзината територија. Ова е посебно изразено и со најновите методи на насилниот демографско – статистички инженеринг заради остварување на опрделени барања на определени етнички заедници после конфликтот во 2001 година.

Овие состојби придонесуваат за мултиплицирање на неповолностите на нашата геополитичка положба. Тие во голема мера може да претставуваат сериозен отежнувачки фактор при евентуални странски ревандикациони побарувања, односно проблеми со остварената етничка континуираност во просторот Албанија, а денес и во просторот Косово.

Еден од најважните геополитички проблеми на пространата положба на Р. Македонија произлегува од нејзината лоцираност на местото на коридорот помеѓу Централна Европа и Блискиот Исток и С. Африка, и коридорот помеѓу Бугарија и Албанија. Коридорската улога на нашата држава односно нејзиното значење има променлив карактер во различни историски епохи.

Во актуелната воена политичка констатација кога Бугарија и Албанија се членки НАТО, современата коридорска улога на македонскиот простор полека го изгуби „епитетот“ од периодот на Студената војна како одлучна и значења. Во тој период современата коридорска улога на македонскиот простор во правецот исток – запад (Бугарија - Албанија) беше многу поодлучна и одлучувачка и ги претставуваше највижните аспекти на односите во Југоисточна Европа. Оваа констатација не е дефинитивна, таа е мошне променлива, односно не значи дека во определени геополитички стратегии на определени светски и регионални играчи македонскиот простор и неговата коридорска улога не се оценуваат и валоризираат и од овој значаен аспект. Во сценаријата за поголем регионален и светски конфликт, анализите на нашиот простор се неизоставен дел од вкупните военостратегиски, геополитички и геостратегиски анализи и планирања.

**Р. Македонија сепак е лоцирана на просторот каде што се судираат стратегиите и интересите на големите светски и регионални актери – линијата на вечни судири помеѓу Исток и Запад.**

Во големиот спектар на геополитички проблеми на Р. Македонија неизбежна резултанта е и нејзината положба во оваа зона на европскиот простор кои политичко – територијално е јако распарчен и каде што погрешно повлечените гранични линии секогаш може да послужат како изговор (повод) за изразување на пошироки и подлабоки несогласувања а понекогаш о погранични вооружени инциденти и судири. Најновите примери со демаркацијата на граничната линија помеѓу Р. Македонија и Косово и помеѓу Косово и Црна Гора недвосмислено ја потврдуваат оваа констатација и новите погранични закани и предизвици за безбедноста во регионот.

Исто така, последиците од повлекувањето на граничните линии во минатото кои резултираа со политичко – територијално распарчување на македонскиот простор имаа силно влијание врз заостанувањето на современото значење на сообраќајно – географската положба на Македонија во однос на изминатиот период кога нејзината територија (целокупна) во вистинска смисла на зборот претставуваше раскрсница на Балканот со и клучна јазолна и коридорска позиционираност. Оваа ситуација во континуитет уште повеќе ја заоструваат импликациите од непостоење на целосна добросоСедска соработка и односи.

Во ситуација кога главните коридорски правци се поместуваат на исток во Бугарија и Романија, во ситуација на релативно мал број гранични премини спрема соСедните земји, геополитичката положба на Р. Македонија уште повеќе се комплицира, а земјата уште повеќе се изолира од главните сообраќајни и економски текови во Европа.

И во современи прилики може да се истакнува неповолноста од повлекувањето на граничните линии во насока на промена на гравитацијата на населението, како и во лоцираноста на најголемите витални економски центри на Македонија во непосредна близина на државните граници спрема Албанија, Косово и Бугарија.

Исклучителната сложеност, а уште повеќе преголемата осетливост на нашата геополитичка положба уште повеќе ја комплицираат нејзината лоцираност во центарот на балканскиот геополитички крст каде што се пресекуваат и жестоко судираат историските геополитички интереси на големите сили и на „големите" балкански држави.

Понатамошното егзистирање на територијалните амбиции и аспирации на големите држави и на соСедните држави спрема македонскиот простор претставува уште едно камче во сложениот геополитички мозаик во сегментот на негативниот фактор кои произлегуваат од нашата историско контактна и гранична положба (историска разделница на непрекинати судири и туѓи интереси).

Геостратегиските игри и комбинаторики на големите сили за нивно репозиционирање на Балканот, кинеското интензивно присуство и навлегување на Балканот (во функција на остварување на нови сфери на интереси и влијанија) огромното присуство и ривалство на разузнавачките служби и нивниот интерс за Македонија, кризата во Украина и Турција, огромните бегалски бранови кои транзитираат по балканската рута и Брегзит претставуваат нови актуелни акцелератори кои сериозно ја усложнуваат и влошуваат нашата геополитичка положба.

Огромната преосетливост на геополитичката положба на Р. Македонија првенствено следи од определени супер – регионални аспекти: Македонија во рамките

на СФРЈ се наоѓаше во Римланд[16], зона која веќе има традиционални карактеристики како простор за пресметка на големите сили. Во овој простор исто така, значајни се и мошне карактеристични судирите на малите држави кои ретко остануваат изолирани. Балканскиот конфликт релативно брзо се интернационализира (всушност почнуваат и со претходен благослов на големите светски играчи). Просторот на Римланд играше и игра една од најзначајните и најважни улоги во рамките на глобалната стратегија на глобалните играчи и големите играчи под тоа ниво.

Денес после осамостојувањето на Р.Македонија која остана типично континентална држава без директен излез на Јадранското, односно Средоземното море, таа „како средишна држава на Балканот несомнено претставува „Хертланд“ на Балканот“ (Милески, 2005, стр. 79). Во овој контекстзначајно е да го истакнеме фактот дека преку неговата територија водат важните патишта спрема „топлиот Медитеран“, кон кој во историјата тежнееле многу држави од евроазиското континентално јадро, односно Хардтленд.

Според определени автори „кога говориме за глобалната геополитичка позиција на Балканот треба да истакнеме дека тој се наоѓа во стратегиски значајната област Римланд. Всушност оваа положба влијаеше и влиае на однесувањето на значајните вон регионални чинители спрема овој простор, најчесто во насока на негова „балканизација“, заради полесно остварување на сопствените стратегиски инереси“. (Susic, 1995, стр. 29)

Во однос на овие тврдења претходно констатираната презентација на професор Милески за Македонија како „Хертланд“ на Балканот (заедно со „постојаната и непроменлива централна положба на Србија“) се сосема точни и кореспондираат со големиот спектар размислувања на домашни и светски автори, геополитичари, стратези и политичари. Големото геополитичко и геостратегиско значење на македонскиот простор карактеристична е изјавата на поранешниот српски премиер Никола Пашиќ кој инспириран од тезите на Макиндер за Хертланд ќе изјави: „Историјата покажува дека оној кој ја поСедува Македонија, бил секогаш прв на Балканот“.(Yambaev, 2003)

---

[16]Забелешка: СФРЈ со излезот на Јадранското море како рабна држава (според Рапавиќ) спаѓаше во категоријата на држави кои се наоѓаат во Римланд. Аналогно на тоа и СРМакедонија како составен дел на СФРЈ припаѓаше во Римланд

На овој простор вечната конфронтација на Истокот и Западот уште повеќе ја зголемува деликатноста на геополитичката положба на Балканот, а во тој контекст и на Р. Македонија. Силен фактор на зголемување и зајакнување на деликатноста на нејзината геополитичка положба претставува и непосредната географска близина со „трусните подрачја“ на Блискиот Исток и во поново време Северна Африка.

Само со нова позитивна валоризација на геополитичките параметри, вредности и специфичности на нашиот простор, само со нова валоризација на на транзитната положба и со мудра трансформација на негативните геостратегиски последици во позитивни аспекти и предности, Р. Македонија ќе може да ја поправи својата комплексна, комплицирана и убиствена геополитичка слика како и вкупната меѓународна положба, стабилноста и можноста за просперитет на Балканот и во Европа.

### 6.1.1 ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА БАЛКАНОТ ПОСЛЕ ЗАВРШУВАЊЕТО НА СТУДЕНАТА ВОЈНА

Од самиот почеток на создавањето на државите на просторот на Балканот непрекинато биле под жесток притисок предизвикан од ривалитетите на големите сили и на нивните политички манипулации. Балканските држави вечно служеле како мали пиони и сателити во големите геостратегиски и геополитички игри, но истовремено барале и потпора во сојузите со големи сили – креаторите на нивните неволји – сојузи кои никогаш не профункционирале. Доколку овие нечесни сојузи профункционирале секогаш биле во функција на остварување на глобалните геополитички цели и интереси на нивните ментори. Овие проблеми вештачки креирани имаат долга историја на Балканот со катастрофални последици за безбедноста на малите балкански држави, како и последици за нивниот развој, опстојување и континуирано менување на нивните граници (процеси кои не запираат и во 21 век)

Во годините на Студената војна Балканот постана значајна тампон зона во односите на двата блокови – ВД и НАТО.

„Распадот на биполарниот систем на меѓународни односи го постави Балканот во потполно ново светло. Се покажа дека ова подрачје не било во состојба да изгради сопствен систем на безбедност, така што со распадот на блоковската рамнотежа настана безбедносен вакуум. За разлика од некои други европски делови, Балканот

никогаш не изгради некоја сопствена нормална геополитичка конфигурација која би овозможила создавање на некој прифатен средишен актер и однос со геополитичката периферија. Таков центар во некој друг регион е средиште кон кое гравитираат државите од периферијата во настојувањето за прифаќање на економски, културни, научни и останати вредности“. (Vukadinovic, 1999, p. 13)

Во суштина балканските држави во потрага по нивниот спас за опстанок непрекинато се насочуваат кон другите центри надвор од балканскиот геополитички простор (Русија, Германија, Франција), понекогаш Австрија и Италија или пак кон држави кои и самите биле обременети со сериозни проблеми кои го попречуваат нивното меѓусебно комуницирање и соработка. Вплеткувањето на надворешните актери во замките на балканското мочуриште имаше силно влијание врз (не)можноста за креирање на едно единствено балканско јадро и балкански геополитички центар како што беше случај со другите региони во Европа.

„Во периодот на Студената војна блоковските балкански држави биле интегрирани во своите структури и претставувале периферија во однос на лидерите на блоковите, а Југославија како неврзана држава со големи меѓународни активности сепак не успеа да постане геополитички центар на Балканот. Исчезнувањето на Варшавскиот договор и растурањето на односите на истокот на Европа веднаш доведе до безбедносна дезинтеграција на Балканот. Недостатокот на некоја средишна сила која би можела да биде носител на стабилноста, безбедноста и развојот беше уште повеќе засилен со забрзаниот распад на Југославија, што само придонесе за ширење на балканскиот безбедносен вакуум“. (Vukadinovic, 1999, pp. 13-14)

На Балканот – „капијата на Европа“ низ вековните своите интереси ги проектираа и односите ги одмерунаа големите вонбалкански сили во сите историски епохи. На Балканот интересите на вонбалкански сили несреќно и драматично се вкрстуваа и судираа со огромна жестокост која фаталноги разединуваше и разбиваше балканските држави и народи. Овие надворешни деструктивни сили неизбежно само ги зголемуваа разликите во политичкиот, верскиот и националниот статус, што како историска закономерностпродуцираше и предизвикуваше жестоки меѓусебни судири во функција и интерес на главните странски ментори.

„На Балканот никогаш небеше организиран стабилен единствен геополитички простор, туку тој, заради надворешните интереси, разделен во повеќе мали државчиња,

а нивните перцијални интереси го спречуваа развојот на интегративните процеси". (Nisic, 2002, стр. 22)

Според мислењето на двајца познати геополитичари Расел и Макиндер, на Балканот отсекогаш била тесна „Поврзаноста на борбата за опстанок со борбата за простор, односно за глобалните просторни односи на големите сили". (Susic, 1995, стр. 6)

За целосно остварување на оваа стратегиска цел, балканската територија служи како цврста потпорна точка – стратегиска оперативна основица за брзо пренасочување на воените операции на Исток кон Русија. Од овој простор САД можат да извршет стратегиско опкружување на Русија од југ и да ја отсечат од стратегиските приоди до топлите мориња. Новата воена база на САД во Косово (во близина на Р. Македонија) е во функција на остварување на оваа стратегиска цел од што нашиот регион индиректно влегува во новите планови за конфронтација на големите советски ривали кои своите копја за доминација над Евроазија ќе ги вкрстуваат и на Балканот.

Балканот постана простор на геополитичката нерамнотежа и во времето на исчезнувањето на биполаризмот. Со губењето на своите геополитички позиции и на Балканот во голема мера беше изместена од геополитичката рамнотежа што уште повеќе ќе ги зголеми нејзините настојувања за повторно воспоставување на урамнотежена геополитичка состојба – активност чии комбинаторики денес силно ги чувствуваат некои балкански држави во кои спаѓа и нашата држава.

Со распадот на биполарниот модел на меѓународните односи се случија драматични геостратегиски промени предизвикани од од крахот на источниот воено – политички блок (Варшавскиот договор) и неговиот лидер Советскиот сојуз. Со распадот на меѓународниот биполарен блоковски систем за безбедност, НАТО постана доминантно безбедносна организација, додека САД постана единствена и вистинска глобална сила. На подрачјето на централна, источна, југоисточна Европа, но и на евроазискиот простор настана своевиден геостратегиски и безбедносен вакуум, со што и прашањето на границите во Европа постана доминантно, но и клучно за стабилноста и безбедноста на овој простор.

САД - новата глобална супер сила и новата Русија (наследничка на некогашната блоковска, супер сила – СССР) мораше да ги редефинираат своите надворешно

политички стратегии и геополитички приоритети и цели. Поранешниот воспоставен *status qvo* во односите помеѓу Исток и Запад беше целосно нарушен со најтешки последици за Русија која остана во незавидна ситуација без адекватен безбедносен коридор за продор во светот. Светот повторно заплива во неизвесни и опасни води, поопасни од оние во годините на Студената војна со драматично нарушена регионална рамнотежа и на спојот на евроазискиот континент. Во овој период настана и синтагмата нестабилна сигурност на Југоистокот на Европа, синтагма што упатува на нестабилност што ќе ги заплисне сите држави лоцирани во овој историски проблематичен регион.

Со исчезнувањето на биполарната рамнотежа во светот, балканските држави уште повеќе се изложени на негативните влијанија и конфронтации на вонбалканските сили кои ќе настојуваат на овој простор и преку него да ги реализираат своите национални интереси кои имаат континуитет уште од изминатите историски периоди за претензии и пенетрација на Балканот.

Во овој пост- студеновоен период Југославија брзо почна да се распаѓа под налетот на внатрешната криза и серијата на војни кои само ја забрзаа тоталната фрагментација на поранешната југословенска федерација.

Нестабилноста на Балканот и новокреираниот безбедносен вакуум беше силен акцелератор за повторно реактивирање на големите геополитички играчи – Германија, Франција, Русија и Турција. Овие старо – нови балкански „гости" во новите околности видоа нова историска шанса за поместување на своите интереси, враќање или одржување на своите геополитички и геостратегиски позиции на Балканот во почетокот на новиот милениум. САД која на почетокот разрешувањето на балканските конфликти целосно им го препуштија на европските лидери постепено почнаа да ја превземаат иницијативата, за на крај, да се поставаат како главен и најважен арбитрар, односно централен актер во разрешување на југословенската криза и негово воено инсталирање на Балканот.

Новонастанатиот геополитички амбиенти новата геополитичка реалност во голема мера почнаа да ја профилираат и новата геополитичка состојба и позиционираност на Р. Македонија во овие нови историски околности и крајно турбулентни односи на Балканот и пошироко.

Во еден мошне сложен, комплексен, замрсен, крајно неизвесен и убиствен геополитички амбиент со два конфликти кои беснееја на нејзината северна граница (Косово и Јужна Србија), нашата држава ќе биде заплисната и ќе го дочека неизбежниот конфликт во 2001 година со сериозни последици за нејзината безбедност, стабилност и идно опстојување.

Процесот на новата балканизација на Балканот повторно можеше и мораше да почне со сите свои далекосежни последици и импликации за мирот и безбедноста во регионот, но и пошироко во глобални рамки. Со тоа ќе се потврди и една стара историска закономерност, според која Балканот (аналогно и балканските држави) никогаш не бил независен политички ентитет. Според тоа, балканската историја речиси секогаш била дел, во зависност од епохата или регионот, на таа и таа империја, или на таа и таа држава (со поголема сила и моќ). И покрај овие потешкотии, сепак балканската историја и геополитика се посебно интересни како историја и геополитика на еден опасен крстопат кои трпи различни влијанија од големите надворешни актери.

Русија мошне силно почнува економски и воено да се враќа на Балканот, чекори кои успешно ги следи и Кина. Мешавината на политичките, економските и воените аспекти секогаш била препознатлива во реализацијата на геостратегиските интереси на вонбалканските држави и секогаш без исклучок, на нивна штета.

За геополитичката положба на балканските држави мошне значајни се и односите Русија – Украина.Ако тие се добри, постои поголема сигурност и за Балканот и обратно. Во спротивно, колку САД и Западот се повеќе се вплеткуваат во односите на овие држави и вршат определено влијание, тогаш безбедносната состојба драматично се комплицира (карактеристична состојба предизвикана од новиот украинско – руски конфликт)и најавите за голема војна помеѓу НАТО и Русија во која просторот на Балканот неминовно ќе биде вклопен во стратегиските и воените дејства на сите инволвирани страни во евентуалниот голем конфликт со далекосежни последици и за безбедноста на сите Балкански држави.

## 6.2 ГЕОПОЛИТИКА И ГЕОСТРАТЕГИЈА НА ЕВРОАЗИЈА - ГЕОСТРАТЕГИСКИ ИГРАЧИ И ГЕОПОЛИТИЧКИ СТОЖЕРИ

### 6.2.1 ГЕОСТРАТЕГИСКИ ИГРАЧИ ВО ЕВРОАЗИЈА

Активните геостратегиски играчи претставуваат оние држави кои имаат способност и национални сили својата моќ и влијание да ги спроведат и надвор од своите граници како би ја промениле геополитичката состојба на работите, односно тоа се определени големи и значајни држави кои имаат потенцијал но и предиспозиции за брзо геополитичко маневрирање. Овие држави (активни геостратегиски играчи) кои се обидуваат да постигнат регионална доминација и глобална положба најчесто ги раздвижуваат длабоко вкоренети и сложени мотиви кои се формирале во текот на нивниот сложен и динамичен историски и државен развој.

На големата и најзначајна евроазиски шаховска табла (најзначајна и за нашата анализа за геостратегиската лоцираност и геополитичката позиционираност на Р. Македонија на овој нејзин „природен ареал“ и витален простор на т.н. „темелна област“ или подоцна „средишна земја“), односно на новата политичка мапа на Евроазија можеме да ги детерминираме како главни и активни играчи Франција, Германија, Русија, Кина и Индија. Во овој контекст иако Велика Британија, Јапонија и Индонезија несомнено претставуваат многу значајни земји, не можат да бидат определени како клучни геостратегиски играчи во тековната светска ситуација.

Според регионалната територијална лоцираност на крајниот запад на евроазиското копно како клучни и динамички геостратегиски играчи можеме да ги потенцираме само Франција и Германија кои ги мотивира визијата за обединета Европа (Велика Британија со нејзиното напуштање на ЕУ ја напушти и визијата за обединета Европа).

Во овие нови геостратегиски игри, посебно Франција, има свој геостратегиски план со кој се ангажира во определени „тактички маневри кои се така осмислени Русија да игра против Америка, а Велика Британија против Германија, иако таа се наклонува на француско-германскиот сојуз како би ја намалила својата релативна слабост“.

Исто како и Франција, Германија смета дека е доволно моќна и одлучна да го спроведува своето влијание во поширокиот регионален круг. Ако Франција се гледа

како лидер и јадро на медитеранско – северноафриканскиот „рој“ (група) на држави кои имаат заеднички интереси, Германија се гледа себеси како држава со специјален статус (статус кој канцеларката Меркел го издигна на највисокиот европски пиеадестал последните години) на европски најзначајна држава – како стопански придвижувач и нов лидер на ЕУ. „Германија чувствува дека има посебна одговорност за новоослободените земји на средина (централна) Европа, на начин кој магловито потсеќа на поранешните планови на Mitteleurора која ја предводи Германија. Уште повеќе и Франција и Германија се сметаат себеси како предодредени да ги претставуваат европските интереси кога се работи за Русија, а Германија си го зема за себе правото, заради својата географска положба, барем теоретски, да има слободен избор на специјални билатерални погодности со Русија (нешто што денес е актуелно после воведеното ембарго од страна на Западот кон Русија)“.

Наспроти Германија и Франција, Велика Британија не е геостратегиски играч, но и понатаму е мошне значајна за САД, но и држава на која и понатаму и останува еден дел од глобалното влијание преку Комонвелтот, но сепак останува држава која не е мотивирана со некоја амбициозна визија. За „иднината и судбината“ на нејзиното (не)членство во ЕУ беше јасно уште во 1955 година кога се поставуваа темелите на новата европска архитектура. Во своите мемоари сер Рој Денман (поранешен висок службеник во Европската комисија) пишува дека уште во 1955 година на конференцијата во Месина на која се расправаше за формирањето на Европската Унија, званичниот претставник на Британија отворено изјавил пред собирот на идните архитекти на Европа:

„Идниот договор за кој дискутирате нема никакви шанси да биде усвоен; а ако биде усвоен нема шанси да биде применет. А ако биде применет, тогаш би бил потполно неприфатлив за Британија... au revoir et bonne chance“. Напуштањето на ЕУ од страна на В.Британија од геополитички аспект е значајно и при креирањето на геополитичката слика на нашата држава бидејќи тоа неминовно ќе предизвика големи геополитички потреси во Европа и пошироко. Но сепак В. Британија и понатаму е главниот поборник на САД, нејзин лојален сојузник, витална војна база и близок партнер во критички важните разузнавачки активности, сеуште активно присутен играч и на Балканот и водечка нација од земјите членки на НАТО во разрешување на конфликтот во 2001 година и водечка нација во спроведување на операцијата за разоружување на ОНА „Суштинска жетва“.

Другите европски држави со средна големина од кои повеќето се членки на НАТО и/или на ЕУ или го следат американското водство или тивко се свртуваат позади Германија и Франција.

Русија и покрај сите потреси и удари во изминатиот период успеа да ја надмине долготрајната болест и проблемите на ослободена држава, и понатаму останува и станува се позначаен и подинамичен геостратегиски играч, со големи и амбициозни геостратегиски цели на просторот на Евроазија, но и пошироко на глобален план. Русија е држава која релативно брзо ја поврати својата сила и моќ, држава која го направи својот основен геостратегиски избор спрема САД (после серијата на настани во Украина, Сирија на Балканот и пошироко).

Русија која релативно брзо зајакна и на воен план, останува клучен играч во рамките на пространиот евроазиски простор на поранешниот СССР, со силно изразено влијание во и околу новите независни постсоветски држави. Иако Русија после распадот на СССР изгуби некои значајни „фигури" како и дел од клучниот простор на евроазиската шаховска табла, таа несомнено останува голем геостратегиски играч, клучна фигура во Евроазија и во новиот геостратегиски триаголник Русија – Кина – Индија.

Во оваа анализа неопходно е да ја потенцираме и Кина како голем и динамичен геостратегиски играч во подем (посебно на Балканот). Држава која е значајна регионална сила со амбиции да се трансформира во глобална сила, држава чии аспирации се повеќе ќе се зголемуваат. Нејзините потези се повеќе ќе влијаат на дистрибуцијата на геополитичката моќ во Азија (а во партнерство со Русија и на дистрибуцијата и на геополитичката моќ во Евроазија и пошироко).

Нејзиното активно појавување на геополитичката и на светската сцена силно ќе влијае врз редистрибуцијата на моќта и на позициите на САД на Далечниот Исток, како и позициите на Русија во постсоветските држави лоцирани на западните граници на Кина.

На најзначајното игралиште на светот – Евроазија се појавуваат можни ривали на американската моќ кои се повеќе ќе ги загрозуваат американските евроазиски геополитички интереси.

## 6.2.2 ГЕОПОЛИТИЧКИТЕ СТОЖЕРИ ВО ЕВРОАЗИЈА

Политичката географија и понатаму останува клучна точка во меѓународните работи. Се говори дека во една прилика Наполеон истакнал дека да се знае географијата на една држава значи да се знае нејзината надворешна политика. Дури и сите империи во историјата биле создадени по пат на внимателно заземање и бранење на витални географски точки, како што се Гибралтар или Суецкиот канал или Сингапур, кои служеле како јазли во мрежите на системот на империјална контрола.

„Геополитички стожери се оние држави чие значење не се изведува од нивната моќ и мотивација, туку најпрво од нивната осетлива положба и заради тоа што нивната потенцијална ранлива состојба може да предизвика последици на однесувањето на геостратегиските играчи".

Геополитичките стожери најчесто се одредуваат врз основа на географијата, односно на лоцираноста на државите на определен географски простор кој им дава посебна улога, место и стратегиско значење на геополитичките стожери. Нивната посебна географска позиционираност им дава посебна улога заради овозможувањето пристап кон важните стратегиски области или заради одбивање (оневозможување) на пристапот кон ресурсите на главните геостратегиски играчи. На овие простори се водат и клучните (главни) геостратегиски и геополитички игри за можно најповолно позиционирање на главните геостратегиски играчи во определени витални региони во светот. На овие простори (ќе) се кршат копјата на ривалските геополитички играчи и во наредниот период бидејќи определени геополитички стожери во некои случаи и во определен историски контекст може да делуваат како одбранбени штитови (бастиони) за виталната држава или за целиот регион. Во и околу овие држави околу кои ќе се водат големи геостратегиски игри ќе има можност вечно да избувнуваат надворешно иницирани конфликти, бунтови, граѓански војни, воени интервенции и државни удари со цел определен стратегиски играч да се здобие со поповолни позиции во однос на неговиот ривал (или да ги зачува старите позиции) во државата – геополитички стожер.

Идентификувањето на клучните евроазиски геополитички стожери значајно претставува важен аспект на глобалната стратегија на големите геостратегиски играчи, но и за малите држави кои непосредно географски контактираат со нивните граници заради дефинирање на нивните безбедносни стратегии и геополитички анализи. Од нив ќе зависи и (не)заштитата на геостратегиските стожери од страна на главните

геостратегиски играчи. Обратно геостратегиските стожери во определени ситуации имаат значајни политички, културни и безбедносни последици врз многу активните соСедни геостратегиски играчи.

„Исто така на почеток треба да запазиме дека, иако сите геостратегиски играчи настојуваат да бидат значајни и моќни земји, не се сите значајни и моќни земји автоматски геостратегиски играчи“. Според тоа, додека идентификацијата на геополитичките стожери е релативно лесна, секое изоставување на некои значајни земји од листата на геополитичките играчи несомнено ќе бара дополнителни валидни објаснувања и сериозни анализи.

На новата политичка мапа на Евроазија, исто така може да се идентификуваат и пет геополитички стожери од кои два делумно може да се квалификуваат и како геостратегиски играчи но под целосна присмотра, контрола и блокада од големите сили и играчи.

Во тековната светска ситуација како критично значајни геополитички стожери може да се идентификуваат Украина, Азербејџан, Јужна Кореја, Турција и Иран. Турција и Иран се двете држави кои имаат амбиции кои во определена мера – во рамките на своите ограничени способности – исто така се (беа) геостратегиски активни. Но после најновите настани на Балканот и Средниот Исток, како и после обидот за државен удар во Турција, нивните амбиции ќе бидат принудно згаснати барем за определен временски интервал, а нивните регионални соништа ќе бидат прекинати. Нивните влади се целосно приземјени, а нивните лидери (посебно во Турција) уште долго време ќе се занимаваат со сериозните внатрешни политички, економски и безбедносни проблеми.

Од аспект на геополитички стожери и нивното влијание врз креирањето на геополитичката положба на нашата држава ќе направиме „скенирање“ на геополитичкиот профил на Турција и Украина кои посредно географски комуницираат и со територијата на Р. Македонија (преку територијата на нашите соСеди Р. Бугарија и Р. Грција).

Украина ја идентификуваме како нов но важен стратегиски простор на евроазиската шаховска табла во актуелната светска ситуација, посебно после тектонските политички потреси и внатрешните конфликти во кои го „загуби“ Крим и

значителен дел од влијанието во нејзиниот источен дел во кој живее мнозинско руско население.

Со самото нејзино егзистирање како независна држава таа постана геополитички стожер од посебен интерес за НАТО, САД, а уште повеќе за Русија. Таа беше детерминирана како геополитички стожер бидејќи со своето постоење се веруваше дека помага врз преобразбата на Русија која без Украина повеќе не беше европска империја. Сите геостратегиски и геополитички анализи (посебно анализите на проф. Збигњев Бжежински) Русија и понатаму можеше да се бори за империјален статус, но тогаш таа би постанала само азиска империјална држава која неминовно би се вовлекла и би се заплеткала во долготрајни, неизвесни, крајно опасни и исцрпувачки судири со национално пробудените народи во Средна Азија.

Евентуалното губење на независноста на Украина би имало непосредни последици по безбедноста на Средна Европа, што би ја преобразило Полска во геополитички стожер на источната граница на обединета Европа.

Стратегиските размислувања на руските ривали и противници беа насочени кон отворање на голем број конфликти (отворање на нови рани со цел побрзо да се искрвари Русија) во серијата конфликти во Централна Азија со народите кои би се однесувале одмаздничи кон Русија, мотивирани од стравот да не ја загубат својата скорешно стекната независност и повторно да бидат прегазени од „руската чизма“. Во овие конфликти најверојатно би се вовлекле и исламските држави кои негуваат пријателски односи со земјите од Централна Азија со далекосежни последици за безбедноста и стабилноста на Русија.

Овие црни и крајно опасни сценарија за опстанокот на Русија беа „пресечени“ со неочекуваното и стратегиско совршено изведено сценарио („контраудар“) за нејзиното повторно големо враќање во Украина (и во Европа) и со нејзиното излегување на глобалната политичка сцена (Сирија и Ирак), како и со нејзиното воено базирање во Иран.

Стратегиското изненадување кое произлезе од брзото стратегиско маневрирање на Русија ја промени сликата и позициите на големата шаховска евроазиска табла. Кога САД се доближија пред „портите“ на Русија, Русија беше приморана да го направи својот основен геостратегиски избор: НАТО и САД не само што не и се пријатели,

туку противници со кои отпочна една нова „војна“ на сите шаховски полиња. Русија не само што остана играч на евроазиската шаховска табла, туку повторно постанува клучен играч, наместо да биде целосно исфрлена од клучниот (посебно европскиот) простор на евроазискиот простор.

За комплетирање на геополитичката слика и список (листа) за геостратегиските играчи и геостратегиските стожери, односно идентификувањето на централните играчи и клучни стожери во функција на креирање на големата политика на САД и предвидување на потенцијалните големи предизвици на евроазискиот суперконтинент, неопходно е да ја потенцираме и „главната улога“ на САД во глобалните односи.

Евроазија и понатаму останува шаховската табла на која ќе се води битката за светскиот примат и глобална хегемонија. Во текот само на еден век САД се трансформира од една релативно изолирана земја на западната хемисфера во сила која (до скоро) немаше никаков посериозен противник (ривал) во историјата според глобалното влијание. Колапсот на нивниот соперник (СССР) САД ги стави во единствена положба – тие постанаа прва и единствена глобална сила без конкуренција во светски рамки. САД постанаа супериорни во четири одлучувачки домени на глобалната моќ: воен, економски, технолошки и културен. Всушност „комбинацијата на сите овие четири атрибути ја прави Америка една сеопфатна глобална сила“. (Bzezinski, 2001, стр. 28)

За САД, главна геополитичка награда беше Евроазија, така што нејзиниот глобален примат непосредно ќе зависи од тоа колку долго и колку ефикасно и мудро ќе се одржи нејзината доминација на евроазискиот континент.

До скоро (пред новото издигнување и пред големото и повторно враќање на глобалната сцена на Русија, но и огромното издигнување и промовирање на Кина како нов голем светски играч) имавме состојба во која една неевроазиска сила (САД) доминираше со Евроазија. Оваа состојба очигледно беше привремена, односно никој од врвните светски геополитички експерти не очекуваше дека САД ќе останат вечно доминантен и неприкосновен актер и одлучувачки факторна големиот суперконтинент.

Иако обемот на американската глобална хегемонија беше несомнено голем, но ограничен со мала длабочина, ограничена со голем број на надворешни и внатрешни препреки, сепак таа остана без поголема непосредна контрола.

Битката за нова доминација и жестоките ривалства продолжуваат со несмалена жестина и интензивност на преуредениот евроазиски простор. Но во новата геополитичка рунда имаме повеќе учесници – ривали, наместо досегашната една, единствена и неприкосновена глобална сила. САД почнуваат да го губат доскорешниот примат на евроазиското копно.

Претходно презентираната листа на евроазиски геостратегиски играчи и геополитички стожери не е ни конечна, ни постојана. „Статусот“ на потенцирани држави е променлив, а аналогно на тоа, на оваа „ранг листа“ може да се додаваат или одземаат одделни држави кои ќе изборат место за овој геостратегиски и геополитички регионален или светски клуб. Во овој контекст, сигурно е дека во определена смисла, „Тајван“,или Тајланд или Пакистан или можеби Узбекистан или Казахстан исто така ќе може да се вклучат во оваа последна категорија“. (Bzezinski, 2001, стр. 49)Но во овој момент ниту една од нив не „конкурира“ за место за место во клубот со променлива ротација на определени членови.

За успешно водење на глобалната политика на големите светски актери неопходно е континуирано идентификување на централните играчи и клучни стожери и нивната политика и за креирање на долгорочни стратегии. Сите овие наброени играчи во иднина ќе ја креираат идната слика на Евроазија и светот, ќе ја креираат нивната судбина и иднина, сликата за војната и мирот. Малите држави ќе мора будно да ги следат нивните геостратегиски и геополитички игри и комбинаторики во функција на креирање стратегии за успешни функционирања и опстојувања на големиот, динамичен и релативно трустен простор – Евроазија.

### 6.2.3 ГЕОПОЛИТИЧКАТА И ГЕОСТРАТЕГИСКАТА ПОЗИЦИОНИРАНОСТ НА МАКЕДОНСКИОТ ПРОСТОР ВО РАМКИТЕ НА ЕВРОАЗИСКАТА ШАХОВСКА ТАБЛА

Македонскиот простор географски е лоциран во зафатот на големата европска табла која судбински ја определува светската геостратегиска и геополитичка, а во тој контекст и геостратегијата и геополитиката на Р. Македонија. На просторот на Евроазија и понатаму продолжува да се води борбата за светскиот примат во кои малите држави претставуваат само пиони во рацете на големите играчи од кои секој поСедува различна количина на моќ.

Евроазија претставува најголемиот континент на планетата и геополитички е лоцирана во нејзиното средиште. Силата која доминира со Евроазија ќе биде во можност да ги контролира два од трите најнапредни и економски најпродуктивни региони во светот (види слика 22)




**Слика 20:Геополитички клучни континенти**

Извор: Bzezinski, Z. (2001). *Velika Shakovska tabla.* Banja Luka: Romanov. p.34.

На нејзиниот простор се наоѓа поголемиот дел на политички продорни и динамични држави во светот. На овој простор егзистираат следните шест (после САД) најголемите светски економии и следните шест (после САД) најголеми потрошувачи на воена опрема, сите познати нуклеарни сили (освен една) и сите прикриени нуклеарни сили (освен една). Во Евроазија живее околу 75% од вкупното светско население, три четвртини од сите познати светски извори на енергија се наоѓаат во

зафатот на овој средишен светски континент, како и 60% од вкупниот светски БНД, најголемиот дел од светското физичко богатство. Контролата над Евроазија автоматски претставува субординација на Африка, додека во однос на него западната хемисфера и Океанија претставуваат периферија во геополитичка смисла.

Р. Македонија географски е лоцирана во рамките на овој геополитички клучен континент, односно во рамките на неговата западна витална периферија позиционираност која судбински влијае врз историските настани, егзистирањето и опстанокот, подемите и падовите на Македонија на минатото и денес. Тоа ќе биде и „креатор“ на нејзината судбина и иднина, тригер на војната и мирот, на безбедноста и стабилноста во регионот, а во тој контекст и во Р. Македонија.

Главните играчи на оваа огромна и чудно обликувана шаховска табла која се протега од Лисабон до Владивосток се распоредени на запад, исток, во центарот и на југот на шаховската табла со овален облик.




**Слика 21: Евроазиска шаховска табла**

Извор: Bzezinski, Z. (2001). *Velika Shakovska tabla.* Banja Luka: Romanov.

Македонскиот простор е лоциран на спојот (контактот) помеѓу западниот (густо населен регион) и јужниот – политички анархичен но енергетски богат регион кој е потенцијално од големо економско , политичко и воено значење како за западните, така и за источните евроазиски земји. Во овој дел (простор) се вклучуваат и најјужните области кои се густо населени и кои се претенденти за регионална хегемонија.

Лоцираноста на самиот спој на овие две вековни конфронтирани и крајно опасни раСедни линии претставува предуслов за вековни и непредвидливи геополитички потреси и геостратегиски поместувања фатални за опстојувањето на Македонија низ вековите. На овие простори ќе се одвиваат опасните чинови од драмата во која расплетот ќе значи зачувување или драматично загрозување и губење на глобалниот американски примат во Евроазија. И во овој контекст, повторно колатерална штета ќе бидат малите држави (вклучувајќи и ја Р.Македонија) кои не по своја вина се нашле во оваа опасна геостратегиска орбита. На овој простор педесет години после поразот на фашистичка Германија „беснееше“ биполарниот – американски советски судир околу глобалната супремација. Со повторното заздравување на Русија на овој клучен простор повторно почнува ера на глобална конфронтација за глобална супремација во Евроазија, во сега со старо – нови актери, САД –Русија и Кина како голема сила во надоаѓање.

Во суштина овие геостратегиски комбинаторики целосно ја потврдуваат дефиницијата на Бжежински за геостратегија како „како стратегиски менаџмент на геополитичките актери“. (Bzezinski, 2001, стр. 7)Според неговото учење, геостратегијата може да се спореди со шахот и оттаму метафората за Евроазија како голема шаховска табла, на која не играат само два, туку повеќе големи (главни) играчи со една единствена цел: Секој да ги победи останатите играчи – главни геостратегиски и геополитички ривали и да оствари целосна доминација.

Малите држави, односно малите играчи во оваа партија на „шах“ воопшто не се споменуваат во глобалните анализи во функција на остварување на глобалната хегемонија.

### 6.2.4 ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ЕВРОАЗИСКАТА ШАХОВСКА ТАБЛА

Националните држави и денес во современиот глобализиран свет претставуваат основни единици на светскиот систем во чии односи сеуште доминира натпреварот во врска со териториите. Но за разлика од порано, овој натпревар во светските односи се повеќе поприма цивилна димензија која се повеќе ја заменува воената конфронтација во претходниот период. Во овој бесконечен натпревар, географската положба се уште претставува „клучна точка за утврдување на надворешните приоритети на националните држави, додека големината на националната теорија и понатаму важи како еден од главните критериуми за статус и моќ“. (Bzezinski, 2001, стр. 39-40)Оваа определба и критериум не е единствен елемент (фактор) при дефинирањето на моќта и статусот на современите национални држави, посебно денес кога прашањето на територијалното поседување почнува се повеќе да губи на своето значење. Националните владејачки елити се повеќе сфаќаат дека воената, економската и политичката моќ постануваат позначајни фактори од територијата при определувањето на нивниот меѓународен статус, на нивното меѓународно влијание. Јапонија во овој контекст претставува мошне поучен пример за взаемното влијание на економската и политичката моќ врз зголемување на радиусот на виталните геополитички интереси, влијанија и ангажмани кои ги надминуваат нивните непосредни соСеди.

Денес во современиот свет не е геополитичко прашање дали копнената сила е поважна од поморската, односно кој посебен регион на светот или во нашата анализа кој посебен регион на Евроазија е повитален за стекнување на контрола над целиот континент.

„Денес повеќе не е геополитичко прашање кој дел на Евроазија е клученза доминација над континентот, ниту дали копнената сила е позначајна од поморската. Геополитичарите преминаа од регионална на глобална димензија, со превага на уверувањето дека целиот евроазиски континент (во чии состав влегува и територијата на нашата држава – забелешка на авторот) служи како вистинска основа за светски примат“. (Bzezinski, 2001, стр. 41)Величањето и афирмацијата на геополитичката положба на својот национален простор денес се повеќе станува безначајна и непотребна во напорите за глорификацијата на својот простор во споредба со просторите на другите национални држави. Денес секој национален простор (без

претерано величање) има свое значење само во контекст на целината, димензиите и значењето на глобалниот простор на кој му припаѓа во функција на остварување на глобален примат од страна на големите светски играчи и новата меѓународна (ре)дистрибуција на моќта.

Покрај доминацијата на САД како прва и единствена вистинска глобална сила со глобална супремација, карактеристично е да се потенцира и фактот дека нашата територија, од аспект на позиционираноста на големите европски главни и големи играчи на новата политичка мапа на Евроазија, се наоѓа на геополитичката орбита од посебен интерес за Франција (Францускаta геополитичка орбита). Исто така, мошне карактеристично за нашата геополитичка положба е фактот што во нејзина непосредна близина (Косово и Санџак) поминува и „линијата“ + границата на германската геополитичка орбита .




**Слика 22: Француски и германски геополитички орбити од посебен интерес**

Извор: Bzezinski, Z. (2001). *Velika Shakovska tabla.* Banja Luka: Romanov.

Овие презентирани зони не претставуваат само минимален радиус на француската, односно германската безбедност, туку тоа претставува и суштинска зона на нивните (гео)политички интереси. Државите лоцирани во нивните геополитички орбити неминовно ќе трпат соодветни последици врз нивната безбедност, стабилност и вкупната геополитичка позиционираност / положба/. Р. Македонија лоцирана во зафатот на овие геополитички орбити најдобро го почувствува за време на конфликтот во 2001 година кога на нејзината територија се роди и се водеше една „глува борба помеѓу англо-американската и франкогерманската економска оска: се работеше за еден фронт повеќе“. (Veiga, 2003, p. 19)Друг значаен фактор кои што има силно влијание врз креирањето на геополитичката „слика“ на нашата држава е нејзината непосредна позиционираност во близина на западната граница на глобалната зона на потенцијално насилство (со области на нереди, судири и насилства) во Евроазискиот простор. На овој флуиден простор на средна Евроазија (чии западни граници поминуваат преку Крим во Црното Море (црноморскиот кризен регион) и Источниот Медитеран.(Види слика 25)




**Слика 23: Глобална зона на потенцијално насилство**

Извор: Bzezinski, Z. (2001). *Velika Shakovska tabla.* Banja Luka: Romanov.

Големата неизвесност што лебди  во огромниот и геополитички флуиден простор на Средна Евроазија е иницирана и зголемена од потенцијалната ранливост на турско иранскиот стожер (посебно ранливоста на турскиот стожер во актуелниот надворешно – политички амбиент после неуспешниот обид за државен удар).

Во овој флуиден и конфликтен геополитички простор „живеат околу400 милиони луѓе во дваесетина држави од кои речиси сите се етнички и верски хетерогени и практички ни една од нив не е политички стабилна. Некој од овие држави се можеби во процес на изградба на нуклеарно оружје“. (Bzezinski, 2001, стр. 53)Овој огромен регион, растргнат од омраза и опкружен со моќни соСеди, најверојатно ќе постане главен простор, како за војни меѓу националните држави и, што е веројатно, за одржување на етничко и верско насилство“. (Bzezinski, 2001, стр. 53)

Фонот на насилство и конфликти од овој „пеколен круг“ ќе се емитува во целиот свет и околните региони, со тоа што најголемиот интензитет и потреси најбрзо и најсилно ќе го почувствуваат државите во непосредното географско опкружување.

Македонија преку територијата на Р. Бугарија и Грција непосредно географски контактира со црноморскиот и источномедитеранскиот регион, а во тој концентричен пеколен круг и со евроазиската вулканска глобална зона на потенцијално насилство. Проблемите во Украина, Турција, Сирија , Ирак и т. н. во последно време немилосрдно ја заплиснуваат територијата на Македонија и жестоко ја обременуваат (комплицираат) и така тешката и сложена нејзина геополитичка положба.

Друга значајна одредница на геополитичката положба на Р. Македонија претставува и постоењето на Евроазискиот Балкан кој индиректно комуницира со нашиот – вистинскиот Балкан.

Ако Европа го има својот Балкан, тогаш Евроазија го ома Својот Балкан – Евроазискиот Балкан кој е многу попростран, повеќе населен и религиозно и етнички похетероген.

Во Европа зборот Балкан неминовно пробудува слика за етнички конфликти и ривалство помеѓу регионалните големи сили, додека сликата за евроазискиот Балкан не е многу поразлична и помалку пострашна од европскиот Балкан.

Евроазискиот Балкан го претставува внатрешниот центар на просторниот географски правоаголник кој ја демаркира централната зона на глобална нестабилност. Оваа зона која претходно беше елаборирана опфаќа делови од југоисточна Европа, централна и јужна Азија, подрачјето на Персискиот Залив и Средниот Исток. (види слика 26).




**Слика 24: Евроазиски Балкан**

Извор: Bzezinski, Z. (2001). *Velika Shakovska tabla.* Banja Luka: Romanov.p.118

Евроазискиот Балкан по својата надворешна зона се разликува по една важна карактеристика: во него постои вакуум на моќ. Всушност, комбинацијата на вакуум на моќта и вцицување на моќта го оправдува називот евроазиски Балкан.

Ако традиционалниот, фамилијарниот Балкан на Југоисточна Европа претставува потенцијална геополитичка награда во борбата за европската супремација, исто така, Евроазискиот Балкан има значајна геополитичка важност /тежина/, посебно за безбедноста и историските амбиции на Русија, Турција и Иран со посебно

акцентирање на се поголемата политичка заинтересираност на Кина за овој регион (како и за регионот на нашиот Балкан). И во овој регион политичките ентитети се нестабилни, но уште позначајно е да се потенцира и вечното натпреварување на моќните соСеди од кои секој е завртен (подготвен) да ја преземе доминацијата во регионот од другите ривали во нивната вечна и бескрајна геополитичка игра, надмудрување и истиснување.

За разлика од европскиот Балкан, „новиот“ Балкан е многу поважен како потенцијална економска награда: огромна концентрација на природен гас, нафтени резерви, важни минерали, вклучувајќи и злато. Како потенцијални кандидати на овој етнички казан кој го сочинуваат девет земји (Казахстан, Киргистан, Таџикистан, Узбекистан, Туркменистан, Азербејџан, Ерменија, Грузија и Авганистан). и два потенцијални кандидати Турција и Иран преку кои овој регион се доближува до неговиот и „двојник“ во Европа во кој Македонија го зазема централниот простор.

Евроазискиот Балкан исто така е етнички мозаик со орбитрарно повлечени граници во дваесеттите и триесеттите години на минатиот век врз основа на етнички принципи, погодни за понатамошна дестабилизација од страна на големите регионални и светски играчи. Турција и Иран исто така потенцијално се ранливи од внатре (посебно Турција). Турција и Иран не се само важни геостратегиски играчи, туку и значајни геополитички стожери чија внатрешна состојба е од пресудно значење за судбината на регионот.

Најновите дестбилизирачки процеси во Турција недвосмислено ја потврдуваат претходната констатација, односно тие предизвикаа силен земјотрес кој го разниша целиот регион (во кој гравитира и Р. Македонија), но и пошироко.

Најновите политички и безбедносни настани во Турција недвосмислено ја покажаа ранливоста во Турција, но и ранливоста на целиот регион. Брзото повторно враќање на Турција и Балканот беше оневозможено, додека зборовите на Озал дека 21 век ќе припаѓа на Турција наидоа на страшни препреки. Турција барем привремено го спречи сценариото кое беше идентично испланирано со сценариото во Египет, Либија и Сирија. Но геополитичките игри и комбинаторики асо пожестоко темпо продолжуваат да продуцираат нови опасности и замки во овој мошне невралгичен регион на Евроазија.

Новите конфликти и конфронтации во евроазиската глобална зона на потенцијално насилство во голема мера влијаат врз влошување на геополитичката положба на нашата држава со тенденција на нејзиното комплицирање и влошување да се мултиплицира во периодот кој ќе следи.

# 7 БЕЗБЕДНОСНА АНАЛИЗА ВО ФУНКЦИЈА НА ДЕФИНИРАЊЕ НА КОНФЛИКТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД 2001 ГОДИНА

## 7.1 ВООРУЖЕН КОНФЛИКТ, ВИДОВИ И ПОДЕЛБА

Земајќи ги предвид влијанијата врз структурата и терминологијата на вооружените конфликти, дефинирањето на внатрешните вооружени конфликти станува се покомплексен предизвик. Сепак, пред да се направи било каков обид за дефинирање на терминот, најнапред мора да се разбере суштината на вооружениот конфликт, неговите елементи, типови и секако неговиот интензитет. Започнувајќи од 1987 година, во годишниот извештај за вооружен конфликт. Проектот “ploughshares” вооружениот конфликт го дефинира врз основа на три карактеристики:

- Вооружениот конфликт е политички конфликт,
- Вооружениот конфликт вклучува вооружена борба помеѓу вооружените сили на државата или вооружени сили на државата или вооружени сили на една или повеќе вооружени страни кои бараат политичко решение, и
- Најмалку 1000 луѓе биле убиени во борбите до крајот на конфликтот, односно имало најмалку 25 жртви на годишно ниво.

Според департментот за истражување на мирот и конфликтите при Универзитетот Упсала *“вооружениот конфликт претставува спорна состојба која се однесува на одредена влада или територија, каде употребата на вооружена сила помеѓу две страниод кои најмалку едната е владата на државата, резултира со најмалку 25 жртви”*[17]. Натамошната операционализација на оваа дефиниција ќе не одведе до елементите на вооружениот конфликт од кои, како најважни ќе ги издвојам употребата на вооружена сила, 25 жртви, страни во конфликтот, држава, и секако причината за конфликтот-политичкиот или територијалниот спор.

Во однос на интензитетот, заклучно со 2004 година се разликуваат три вида на вооружени конфликти:

- **Конфликт со низок интензитет**: помеѓу 25 и 999 жртви како резултат на борбените дејства на годишно ниво.
- **Конфликт со среден интензитет**: повеќе од 25 жртви на годишно ниво и повеќе од 1000 жртви за време на конфликтот, и

[17] http://www.per.uu.se/research/ucdp/definitions/

- **Војна**: најмногу 1000 жртви како резултат на борбените дејства на годишно ниво.

Започнувајќи од 2005 година, департментот за истражување на мирот и конфликтите при Универзитетот Упсала, конфликтот со среден интензитет го изоставува во натамошната класификација на вооружените конфликти во однос на интензитетот, а како основна причина се наведува погрешно толкување на наведената категорија од страна на корисниците. (Themner, 2013, p.9)

Понатаму, Меѓународниот институт за истражување на мирот и конфликтите, вооружените конфликти, според типот, ги дели на[18]:

- Екстрадржавен вооружен конфликт помеѓу владините сили и недржавни актери надвор од територијата на државата. Овие конфликти се територијални, бидејќи владините сили се борат за да ги вратат контролата на територијата која била надвор од системот
- Меѓудржавен вооружен конфликт помеѓу две или повеќе држави;
- Внатрешен вооружен конфликт помеѓу владините сили и една или повеќе внатрешно-спротивставени групи, без интервенција од страна на други држави;
- Интернационализиран внатрешен вооружен конфликт помеѓу владините сили и една или повеќе внатрешно спротивставени групи, со надворешна поддршка на едната или на двете страни во конфликтот. (Journal of Peace Research, 2015, p.549)

Последниот екстрадржавен конфликт (карактеристичен за империјалните и антиколонијалните војни) за последен пат биле регистрирани во 1974 година, поради тоа што истиот во натамошниот текст нема да биде земен во предвид.

Според Милитари Баланс „активните вооружени конфликти ги опфаќаат сите моментални, односно тековни конфликти кои се остваруваат со различен интензитет. Интензитетот може да варира и тоа од борба со низок или со среден интензитет во која може да има прекини до борба со висок интензитет која подразбира постојана активност". (The 2004 Chart of Armed Conflict, 2004)

[18] http://pcr.uu.se/digitalAssets/667/c_667482-l_1-k_journal-of-peace-research-2015-pettersson-536-50.pdf

Поделбата на конфликтите според интензитет е скоро идентична со претходната класификација со тоа што во анализите на Милитари Баланс и понатаму останува првичната поделба на видовите конфликти според интензитетот, (односно понатаму останува и категоријата конфликт со среден интензитет која според останатите класификации во 2004 година беше исклучена-изоставена).

### 7.1.1 ГЛОБАЛНИ ТРЕНДОВИ ВО ВНАТРЕШНИТЕ ВООРУЖЕНИ КОНФЛИКТИ

Во контекст на погоре наведената дефиниција, внатрешниот вооружен конфликт најчесто е резултат на политичките аспирации на една од страните во конфликтот, и истиот се манифестира со организирано вооружено насилство, организиран криминал, тероризам и сл. Сепак тоа не значи дека внатрешниот вооружен конфликт е и најдеструктивната форма на насилство.

Од особена важност за натамошното елаборирање на внатрешниот вооружен конфликт, е да се разбере дека погоре наведените нумерички критериуми за утврдување на конфликтот, се од суштинска важност за да се развие еден досаден начин на следење на трендот на промената на вооружениот конфликт, а не да се донесе конечна одлука дали на конфликтот му е потребно итно внимание бидејќи резултира со 999 и 1001 жртва на годишно ниво. Начинот на кој е категоризиран конфликтот според статистичките параметри, нема никакви допирни точки со начинот на кој истиот би бил разрешен,по дипломатски пат или со употреба на сила.

Геополитичките и геостратегиските промени по завршувањето на Втората Светска војна резултираа со постепено зголемување на внатрешни вооружени конфликти, достигнувајќи го својот максимум на почетокот на последната декада од 20 век. Од тогаш, како што покажуваат и статистичките податоци, евидентен е трендот на опаѓање на внатрешни вооружени конфликти на глобално ниво.

Според друга класификација вооружените конфликти кои се дефинираат како борба на инкомпатибилност што ја засегнува Владата и/или територијата каде што се употребува вооружена сила помеѓу две групи, во кои најмалку една е Владата на државата и резултира со најмалку 25 жртви поврзани (предизвикани) од борбата.

Во тој контекст, редоследот на вооружените конфликти е следниов:

***А. Мал вооружен конфликт*** - најмалку 25 жртви од борбите годишно у помалку од 1000 жртви од траењето на конфликтот.

***Б. Среден вооружен конфликт*** - најмалку 25 жртви од борбите годишно каде вкупно има најмалку 1000 жртви, но помалку од 1000 жртви годишно.

***В. Војна*** - Најмалку 1000 жртви од борбите годишно.

***Г. Голем вооружен конфликт*** - ги опфаќа двете најсериозни (најригорозни, најсурови, најопасни) нивоа на конфликтот - средниот вооружен конфликт и војната.

За поцелосно расветлување на феноменот на конфликтите ќе ја презентираме и следната поделба:

**Конфликт со висок интензитет:** Вооружен конфликт во кој се зголемуваат нивоата на насилство и репресија надминувајќи го прагот од 1000 жртви (не е неопходно сите да се поврзани со борбите) во период од една година.

Отворените непријателства се карактеризираат со масовно уништување и високо ниво на раселување, достигнување на нивото што може да доведе до меѓународна интервенција. Оваа категорија на конфликт вклучува и масовни убивања на невооружени цивили.

**Конфликт со низок интензитет:** Вооружен конфликт кој предизвикал од 100 до 1000 жртви (не мора сите да се поврзани со борбите) во периодот од една година. Во оваа фаза има отворено непријателство и има вооружени судири помеѓу конфликтните страни, репресијата се употребува за совладување или одвраќање на вооружениот бунт. Постои голема разлика помеѓу герилското и конвенционалното војување.

**Насилен политички конфликт:** Вооружен конфликт што предизвикува помалку од 100 жртви (не е неопходно сите да се поврзани со борбите) во период од една година. Конфликтните група ги менуваат своите стратегии од ненасилни во насилни. Спротивставувањето (конфронтација- та) што се појавува може да вклучи и помала скала на насилство. Постои терористичко движење со акционо ориентирано раководство. Легитимноста на владата јасно е ставена под сомнение.

Традиционалниот период карактеристичен за определени посткомунистички општества „лансираше” една нова поделба на т.н. „транзициски конфликти”.

Во анализата на т.н. „транзициски конфликти” разликуваме два вида на конфликти:

*А. Стратегиски конфликти:* Во овие конфликти спаѓаат вообичаените конфликти на политички интереси внатре во државата и конфликти со соСедите од геостратегиско значење и

*Б. Конфликти на идентитетот* кои продираат во колективниот, културен идентитет на страните учесници во конфликтот.

Овој мал пресек на различни дефиниции за вооружените конфликти и војната во исто време го потенцира и нејзиниот сложен и комплексен карактер.

### 7.1.2 КОНФЛИКТ СО НИЗОК ИНТЕНЗИТЕТ

Судирите со низок интензитет се проектирани како ограничени воено - политички судири на потесно географско подрачје, посебно во земјите со изразено распламтени внатрешни кризи.(Котовчевски, 2011, стр.223-231)

Нивната реализација подразбира вешто користење на сите облици, видови и методи за дестабилизација на земјата - жртва на овие дејства, карактеристични за арсеналот на доктрината на специјални дејства. Севкупната дестабилизација на државата ќе биде потпомогната и со селективна и ограничена примена на невоени, паравоени, параполициски и воени облици на сила, кои во зависност од ситуацијата и планираните цели може да биде интензивирана и со примена на дистанциони дејства. Дистанционите дејства се спроведуваат со нанесување на јаки удари со ангажирање на силите на воеността воздухопловство и на ракетните сили од определени растојанија. Овие разорни дејства се насочуваат кон виталните објекти и цели (политички, воени) без навлегување на копнените и поморските сили на агресорот на територијата на нападнатата земја. Агресорот најчесто ќе избегнува да ја користи сојузничката територија лоцирана во непосредна близина на земјата - објект на напад. Дејствата се изведуваат од поголеми далечини, со цел нападнатата земја да не може да возврати и да изведе возвратен удар во текот на лансирањето на воздухопловните-ракетните

убиствени средства (карактеристични се дејствата на американските воздухопловни и морнарички сили при нападите на Либија и Ирак).

Денес, во современи услови на зголемени борбени можности на сите видови вооружените сили и на средствата за прибирање на податоци и противелектронски дејства, во голема мерка се зголемуваат можностите за примена на разорни и изненадни удари од дистанца. Дистанционите дејства се применуваат како завршна фаза за конечно кршење на жртвата на агресија.

Употребата на воена сила се користи и по пат на воена интервенција со ограничени цели, како поддршка и помош на некоја пријателска земја, односно поддршка на внатрешните сили заради зачувување на актуелната власт на определени политички гарнитури лојални на земјата-интервент, или заради нивно соборување и воспоставување нова политичка гарнитура.

Најпогодна почва за изведување на овие дејства претставуваат земјите кои се обременети со разни внатрешни конфликти (врз различни основи), во економски зависните држави, држави во кои владеат определени акутни кризни жаришта). Овие состојби најмногу им погодуваат на странските воени интервенции за остварување на определени економски, воено - политички и стратегиски цели, оправдувајќи го тоа со различни изговори.

Суштината на оваа доктрина, според поранешниот државен секретар на САД, Шулц кој беше и нејзин застапник се состои во примена на тактика на удари од мали размери и брзо повлекување. Пред доктрината за употреба на вооружените сили на САД се поставуваат следните задачи:

- да се војува, а тоа да не се гледа (забележува);
- да се војува низ мирољубиви потфати;
- да се применува морално прифатлива тактика против непријателот чија тактика нема “морални ниту етички ограничувања”.

Според дефиницијата за судир со низок интензитет презентирана од американскиот професор Сам Серкесјан, тој претставува „активности и дејства на воени или различни полувоени сили (борбени и неборбени) на странската сила која

интервенира за да влијае на противникот и да го присили да прифати некој воено - политички услов.“ (Sarkesian, 2015, p. 59)

Овој судир според професорот Серкесјан се одвива во три фази:

I фаза: “Герила I” - во која САД се ангажираат во уло-га на советник, односно во земјата домаќин (објект) испраќаат групи на воени советници кои изведуваат целокупна воена обука, ставајќи акцент на тактиката за употреба на т.н. “локални сили” (во овој случај - проамерикански определени сили).

II фаза: “Герила II” - инфилтрирање на делови од специјалните сили на САД во “локалните сили” или нивно зајакнување за успешно изведување борбени акции.

III фаза: “Герила III” - во која комплетни борбени единици на вооружените сили на САД се вклучуваат во изведување на борбените дејства. (Sarkesian, 2015, p. 63-65)

Според поголем број теоретичари, судирот со низок интензитет се манифестира во три фази:

I фаза на “ненасилство” во која доаѓа до политички и економски меѓунационални или меѓуетнички конфликти или конфликти помеѓу непријателските групи во рамките на една нација, со примена на разни форми на притисоци кои се манифестираат преку демонстрации, штрајкови, масовни незадоволства, повикување на граѓанска непослушност, спроведување на пропагандни дејства итн.

II фаза на “насилство, национални и поднационални судири” во кои доаѓа до инциденти и погранични инциденти помеѓу нациите, отпочинуваат терористички акции од страна на националните или меѓународните терористички групи, без употреба на вооружените сили.

III фаза “отворени ограничени судири” кои опфаќаат отворена вооружен бунт односно бунтовнички акции вклучувајќи ги и нападите на силите за безбедност, и на позначајни објекти и постројки. Нападите ги изведуваат оспособени групи чија основна цел е на легалните органи на власта да им наметнат прифаќање на нивните одлуки и решенија по пат на примена на вооружена сила.

Во реализацијата на овој вид судири, улогата на политиката е насочена кон спроведување на тајни активности, во кои нивните сили за специјални дејства не се

откриваат целосно или се настојува тие што е можно во подолг временски интервал да останат прикриени - непознати.

Бидејќи вооружените сили во овие конфликти немаат примарна улога, основни носители на овие дејства претставуваат тимовите на специјални сили (кои во тие земји функционираат како “политички” војници преку локалниот воено - политички систем), за изведување на специјални операции освен водење на “валкана - нефер војна”.

Овој вид судири се многу комплицирани, контрадикторни и нејасни, а во исто време и многу валкани, бидејќи владата во одредени ситуации може да поддржува и некои недемократски режими, само за да ги оствари своите витални цели и интереси.

Основните задачи за вооружените сили при изведување на судирите со низок интензитет како стратегиски определби се следниве:

Одржување на мирот - ангажирање (поединечно или колективно) во рамките на мировните сили за остварување на некои значајни мировни задачи како што се контрола на прекинот на огнот, раздвојување на завојуваните страни, воспоставување и одржување на мирот.

Целта е остварување на некои политички, економски или воени интереси во определени кризни региони - кризни жаришта, но и зачувување на меѓународниот мир и безбедност.

Бунтовнички - противбунтовнички дејства (востанички - противвостанички дејства) ги спроведуваат преку активно учество на внатрешните системи и давање поддршка на бунтовничките сили за зачувување на актуелниот проамерикански режим или уривање на легалната власт ако застапува некои други странски интереси.

За изведување на специјалните операции од овој вид се реализира комплетно безбедносно обезбедување, изолација и неутрализирање на бунтовничките сили, јакнење на легитимноста на владата на режимот-објект на заштита, но со минимална употреба на борбените единици во сите варијанти.

Карактеристично за овој вид дејства е и тоа што се изведуваат и психолошки операции и давање целосна помош на владините органи и институции за воспоставување и функционирање на внатрешната стабилност на државата.

Во понатамошната ескалација на конфликтот можно е да се започне со давање логистичка поддршка на режимските сили - или во зависност од целите на бунтовничките сили, потоа огнена поддршка со удари на авијацијата и со ракетни удари на поморските сили (т.н. “дистанциони дејства”), се до ограничена воена интервенција со ангажирање на определени борбени единици на вооружените сили.

Борба против тероризмот се засновува на неколку основни принципи со цел да се спречи остварувањето на некои ограничени политички, идеолошки или религиозни цели на терористичките организации.

“Антитерористичките” принципи се следните:

- противење на тероризмот и пројавување подготвеност да реагираат на терористички акции;
- преземање мерки за заштита на граѓаните, имотот и на американските интереси;
- непристапување на отстапки на терористите;
- присвојување на правото на одлучување за употреба на методите, силите и средствата во борбата против тероризмот - терористите;

Во комплексот мерки за борба против тероризмот мошне значајни се и мерките за безбедност и разузнавачко обезбедување со цел да се предочат сите опасности од терористичките закани. Носители на овие антитерористички активности може да бидат некои од организациите на разузнавачко - безбедносниот систем на САД, со ангажирање на противтерористичките единици “Делта” од составот на специјалните единици на САД.

Со анализата на конфликтот од 2001 година во Република Македонија од аспект на теориите за вооружените конфликти и конфликтологијата како посебна научна дисциплина ќе почнеме според теоретските детерминанти на департментот за истражување на мирот и конфликтите при Универзитетот Упсала.

Според сите неопходни критериуми (претходно презентирани) за детерминирање на конфликтите воопшто, во нашиот случај станува збор за вооружен конфликт. Бидејќи конфликтот се одвиваше во националните граници на територијата на Р. Македонија примарно станува збор за внатрешен вооружен конфликт (во кој според незванични и често експлоатирани внатрешни информации и извори бројот на жртви изнесуваше околу 200 од двете страни).

Според интензитетот на конфликтот врз основа на претходните податоци и квантитативни параметри, можеме да го дефинираме како **вооружен конфликт со низок интензитет.**

Со оглед на фактот дека во различни извори (медиуми, извештаи, аналитички и истражувачки центри, Викиликс и др.) бројот на жртви од албанската страна се проценува од 700 до 800, а во некои крајности и до 3000 луѓе. [19]

Доколку овие изјави се валидни и адекватни, што претставува и нов предизвик за понатамошни истражувања и по претпоставка таа бројка да изнесува „само повеќе од 1000 жртви за време на конфликтот“ тогаш овој конфликт преоѓа во категоријата на вооружен конфликт од среден интензитет.

Но оваа констатација ништо не менува бидејќи категоријата **„конфликт од среден интензитет“** е исклучена од категоризацијата и класификацијата на конфликтите според нивото на интензитет уште од 2004 година.

Во понатамошните истражувања ќе биде констатирано дека овие типологизации се карактеристични за осумдесеттите и деведесеттите години на минатиот и првите години на новиот век и дека двата видови на конфликти може да се ставаат под заеднички именител – **нерегуларно (ирегуларно) војување.**

Врз основа на поделбата на конфликтите според типот од страна на департментот за истражување на мирот и конфликтите при Универзитетот Упсала, конфликтот од 2001 година во Р. Македонија спаѓа во категоријата на конфликти од

---

[19]Забелешка: *AIM OVERVIEW*, and *AIM listings on the Council of Europe programmes, 2000 - 2001.*
Stability Pact for South Eastern Europe (информации за 3000 жртви) ; Алтернативна информациона мрежа (информација за 3000 погинати) ; Российская Газета RGRU (печатен орган на Руската Федерација од 12.03.2012 година (информација за погинати 700 – 800 Албанци)) ; РИА – Новости, Москва, 17 април 2012 година (информација за погинати 700 – 800 Албанци), Wikiliks (UAULT 7) информација за 2000 – 3000 жртви и т.н. Наместо Stability Pact for South Eastern Europe (информации за 3000 жртви) ; Алтернативна информациона мрежа (информација за 3000 погинати) ; Российская Газета RGRU (печатен орган на Руската Федерација од 12.03.2012 година (информација за погинати 700 – 800 Албанци)) ; РИА – Новости, Москва, 17 април 2012 година (информација за погинати 700 – 800 Албанци), Wikiliks (UAULT 7) информација за 2000 – 3000 жртви и т.н. Наместо коментар можеме да констатираме дека има сериозно варирање на бројката на жртвите во конфликтот во зависност од изворот, односно државите или институциите, предмет на истражување на конкретните анализи.

типот на интернационализиран внатрешен вооружен конфликт. Овој конфликт од самиот старт беше интернационализиран со фактот што најголемиот процент од неговите директно инволвирани „актери“ доаѓаа од државите од непосредното соСедство (Албанија и југот на Србија), од протекторатот Косово и од голем број на исламски држави од Блискиот Исток, Чеченија, Азербејџан и платеници од други европски држави и САД. Исто така, неговата интернационализација настапи и со директното и индиректното мешање на голем број други држави, меѓународни организации и институции посебно во неговата завршна фаза и во процесот на неговото разрешување.

Наместо заклучок, според овие анализи можеме да констатираме дека станувaше збор за **интернационализиран внатрешен вооружен конфликт со низок (среден) интензитет.**

Во овој конфликт примарно беше неговата геополитичка, а секундарно неговата интеретничка и политичка заднина/основа/заснованост, што беше посебно потенцирано и во првите комуникеа од ОНА, но и на нејзините поддржувачи.

Како пример ќе го потенцираме Комуникето број 4 за „наводна“ заштита на нарушувањето на интегритетот на Косово, односно атак врз суверенитетот на Косово ссо што се поставува прашањето за заедничките цели на функционирањето на ОВК и ОНА на територијата на Македонија и Косово.

**Коминике бр. 4 на ОНА:**

*„Ослободителната војна на ОНА конечно ќе ја разоткрие вистинската природа на македонскиот криминален режим против албанскиот народ.*

- *Македонските оружени сили го следат истиот курс и ги користат истите анти-албански методи како Србите.*
  *Македонскиот криминал против албанското население во Македонија – дури и во Косово – ги мотивира македонските криминалци да продолжат со криминални активности.*
- *Косовското село Кривеник е гранатирано од македонските воени и полициски сили од почетокот на војната (КФОР беше постојано информиран за тоа).*
  *Македонската армија не само што ја бомбардираше косовската територија, туку и го наруши интегритетот на Косово со напади на селото Малино, на самата косовска територија.*
- *ОНА ги осудува нападите на невините албански цивили и ја потсетува мекедонската армија дека таквото однесување не само што е криминално, туку претставува и атака врз суверенитетот. ОНА апелира до меѓународната заедница да ја поддржи нивната праведна борба.*

- *ОНА изразува сочуство до семејстватана на жртвите и апелира до меѓународните фактори веднаш и ефективно да интервенираат пред да стане доцна, бидејќи ова е само почеток за Македонците.*
  *Офанзивните акции, кои беа преземени од македонската армија против ОНА и албанскиот народ, наместо да го интензивираат дијалогот, претставува минирање на постоењето на заедничка македонска држава.*
  ***Командант Мила, 30 март 2001 година.***"

Во овој контекст карактеристично е да потенцираме дека според друга (скоро идентична) поделба, конфликтот во Р. Македонија од 2001 година можеме да го класифицираме во категоријата **мали**, односно **средни вооружени конфликти**, во зависност од прифатените податоци за бројот на жртвите кои се идентични со податоците од претходната поделба.

Според анализата од аспект на т.н. „**транзициски конфликт**" и неговиот примарен геополитички и геостратегиски аспект можеме да го детерминираме во категоријата на **стратегиски вооружен конфликти**, конфликт кој ги следеше во целост тогашните актуелни глобални текови и тенденции како „борба на инкомпатибилност".

Според анализата и поделбата на Милитари Баланс[20] конфликтот во 2001 година можеме да го дефинираме како **активен вооружен конфликт со низок (среден) интензитет.**

За поцелосно и попрецизно дефинирање на конфликтот ќе ја презентираме и категоризацијата типична за нашиот конфликт – **геополитички конфликт како етничко изразување** (Janakos, 2002, p.56) во чија суштина и заднина првенствено стојат интересите на големите сили.

Следствено, како резултанта и „заеднички именител" при дефинирањето на конфликтот во Р.Македонија во 2001 год. врз основа на презентираните учења и класификации можеме да го дефинираме како **активен интернационализиран внатрешен вооружен конфликт со низок (среден) интензитет – подгрупа на геополитички конфликт како етничко изразување** (тенденција на конфликтот на Балканот како геополитичко меѓусебно дејствување).

---

[20] Податоците се преземени од:
The Military Balance, 2002-2003, The International Institute for Strategic Studies; Oxford University Press for The International Institute for Strategic Studies; p.224-225 .

Наместо заклучок ќе потенцираме еден од ставовите на Ахмед Давутоглу – професор и еден од најголемите експерти по геополитика во Европа и пошироко:

*„Бројот, рашireноста, тајмингот и локацијата на судирите од низок интензитет кои и покрај глобалната рамнотежа на нуклеарните сили ги одразуваат тактичките геополитички регионални судири, покажуваат дека улогата на класичната геополитичка рамнотежа за време на Студената војна не била намалена, па дури се сметала за судир од помал ризик во сенката на постојаната нуклеарна закана од Втората светска војна до крајот на Студената војна. Од 50 судири со низок интензитет во кои САД индиректно или директно интервенирале во периодот од Втората светска војна до крајот на Студената војна, 30 се произлезени во појасот Римланд (14 во Источна Азија[21], 12 на Блискиот Исток[22], 6 во Источна Европа[23]), 16 на Американскиот Континент (6 во Средна Америка[24], 6 на Карибите[25], 4 во Јужна Америка[26]) и 4 во Африка. Оваа листа, која ги одразува регионите на судир на конкурентните полови од времето на Студената војна, во исто време ја прикажува геополитичката заедница на стратешките приоритети на САД како една суперсила која ја има својата основа во морето. Влијанието на оваа геополитичка заедница е еден од главните определувачки параметри на развојот на настаните по Студената војна.“ (Давутоглу, 2013, стр.105-106)*

[21] Филипини 1942-1945, 1946-1955, 1984, 1985-1986, Бурма 1945; Кина 1945-1949; 1953-1979; Индокина 1946-1954; Северна Кореја 1953; Виетнам 1955-1965; Тајланд 1965-1985; Камбоџа 1985.

[22] Палестина 1948; Иран 1951-1953; Либан 1958; Јордан 1970; Ирак 1972-1975; ОПЕК 1974-1975; Иран 1979; Сирија 1979; Авганистан 1980; Либан 1982-1984; Иранскиот залив 1987-1988.

[23] Грчката граѓанска војна 1946-1949; ССР 1948; 1956 (Унгарија), 1961 (Берлин), 1968 (Чехословочка) и Кипар 1974.

[24] Гватемала 1953-1954, 1965-1974; Никарагва 1975-1979, 1981-1990; Ел Салвадор 1979 и Панама 1987-1990.

[25] Куба 1960, 1962; Домиканска Република 1960-1962; 1965-1966; Гренада 1983; Хаити 1985-1986.

[26] Бразил 1961-1964; Чиле 1970-1973; Боливија 1980-1986; Фоклан 1982.

## 7.2 КОНЦЕПТОТ НА ИНСУРЕКЦИЈА И ТЕРОРИЗМОТ СПОРЕД УЧЕЊЕТО НА ПОЛ ВИЛКИНСОН

За поцелосно, попрецизно и објективно анализирање и дефинирање на современите внатредржавни (внатрешни) вооружени конфликти, на почеток е неопходно и суштински значајно да се елаборира концептот на инсурекција која претставува доминантен облик на внатредржавните вооружени судири во современиот свет.

Поголемиот број на инсурекции првенствено се мотивирани (поттикнати) од етнички, попрецизно, етнонационалистички и етнорелигиозни причини во чија заднина неизбежно се испреплетуваат геополитичките интереси на државата „ментори и спонзори" на инсурекцијата.

Концептот на инсурекција може да се разгледува и анализира како вредносно неутрален концепт кој означува бунт или востание против било која власт. Првичната перцепција или основна замисла за востанието против власта кое секогаш би означувала, односно би изгледала како, големо (масовно) народно движење. Меѓутоа, во стварноста, голем број на инсурекции опфаќаат релативно помал број на востаници.

Заеднички карактеристики и својства на сите инсурекции во современите етнички – етнонационалистички и етнорелигиски судири се раширената употреба на масовен терор против „непријателската" или „ривалската" етничка група или етничка субгрупа, „етничкото чистење", масовни масакри и силувања и други заверства и изживувања врз цивилното население, ограничување и палење на нивните домови, а често пати и спорведување и на вистински геноцид врз цивилното население. Најчесто, извршители се терористички групи, милиции или паравоени организации, а само во незначителен број на случаи и регуларната војска. Во овие крајно валкани и ѕверски конфликти доаѓа до целосно бришење на линијата на фронтот, сè е во рацете на самопрогласените локани команданти.

Почитувањето и придржувањето кон Женевски конвенции во овие конфликти – современи инсурекции е сосема исклучено.

Низ историјата, а уште повеќе во современтата меѓународна заедница инсурекцијата воопштено се манифестира како судир со низок интензитет, а не како

сеопфатно конвенционално војување (постои суштинска разлика). „Оваа претпоставена врска на инсурекцијата со судирите исклучиво со низок интензитет , исто така се подразбира и во класичното разликување на бунтовниците и завојуваните страни во меѓународното право, во кое овие првите не се изедначени со учесниците во сеопштата војна. Во стварноста на послестуденовоениот свет во кој интеракциите со запрепастувачко дивјаштво го сочинуваат поголемото мнозинство на вооружените судири, таквиот обид за разликување на инсурекцијата од воената состојба почнува да изгледа се побесмислен.“ (Wilkinson, 2000, p. 18)

Во овој контекст, истото може да се каже и за подразбирањето на разликите на воените мерки против востаниците и војната (во кои покрај политичките, општествените и економските мерки постои и целокупен спектар на конвенционални воени сили кои се користат во задушувањето на бунтовите.

Според учењето на Вилкинсон, во голема мера е погрешно тероризмот да се третира како синоним за инсурекција, герилско војување или воопшто за политичко насилство. Но сепак, иако тероризмот не претставува синоним за концептите на инсурекција , тој во значителна мера е присутен во сите главни облици на вооружена борба во современите инсурекции (најинтензивно во нивните почетни фази). Исто така за тероризмот значајно е да потенцираме дека тој според учењето на Пол Вилкинсон е еден од главните облици на вооружена борба во современите инсурекции (покрај конвенционалното војување, герилското војување и саботажите како пропратно дејство во сите облици на судар со низок интензитет, но и во околности на голема војна).

Во светлината на овие анализи и толкувања значајно е да ја презентираме и дефиницијата на Брајан Џенкинс за тероризмот како „специјална метода на вооружена борба“, односно како „вооружен систем“ кој може да се користи самостојно или што е најчест случај во историјата, како дел од поширокиот репертоар на вооружената борба. „Значи, првенствено како што е можно да се дејствува со терористички акции без сеопшта инсурекција, можно е да се води и ефикасна инсурекција потпирајќи се на комбинацијата на герилското и конвенционалното војување, со избегнување на терористичките средства.“ (Wilkinson, 2000, p. 17)

Терористичките дела нужно не водат во поширока инсурекција. Напротив, поголем број од групите кои го користат оружјето на тероризмот остануваат затворени и изолирани во потесен круг и без значајна меѓународна поддршка која има круцијално

значење во нивниот успех и целосно остварување на поставените цели. Само мал број од терористичките кампањи успеваат во проширувањето на борбата во поширока инсурекција.

Во суштина, тероризмот не е ни филозофија, ни движење. Тероризмот е средство за остварување на определени цели. Суштинска карактеристика на светските трендови во инсурекцијата во доцните деведесетти години на минатиот и почетокот на новиот век биле земјите соочени со повеќестрани инсурекции кои ги воделе потполно различни групи, од различни етнички, етнорелигиозни, идеолошки, политички или општествено-економски мотиви со геополитичка константа во позадина креирано од нивните надворешни поддржувачи, инспиратори и ментори.

Во овој контекст, неминовна и мошне значајна е и анализата на тероризмот и неговите појавни облици кои им даваат целосен печат на конфликтот во Република Македонија од 2001 година. Тероризмот, односно терористичките активности доминираа во сите фази на конфликтот, а се мошне значајни и актуелни и за постконфликтниот период.

Доминантни форми на тероризам беа етно-тероризмот, сепаратистичкиот тероризам, верскиот-религиозниот тероризам. Р. Македонија лоцирана во т.н. „Балканскиот златен триаголник на дрогата" кон Европа и пошироко, неминовно беше зафатена и од нарко-тероризмот. Терористичките активности во голема мера беа финансирани и од албанските нарко-босови и другите нивни претставници во меѓународниот организиран криминал во Европа, САД и пошироко. Претставниците на нарко-мафијата на „Балканскиот златен триаголник на дрогата" и нивните партнери и спонзори од Европа и Америка остваруваат профит од десетици милијарди долари, средства доволни за да се финансираат и поголеми конфликти.

За време на конфликтот, а посебно во „постконфликтната фаза" беснееше и една специфична форма на криминален тероризам. Во поново време, карактерирстична е и уште една „нова терористичка синтагма" – партиско-политички тероризам кој во континуитет создава опасни тензии и жестоко ја влошува кревката безбедносна состојба во Р. Македонија.

Во Р. Македонија, исто така, дејствуваа и определени групации на исламски-религиозни терористички организации кои беа лоцирани на Косово и Македонија – безбедносен рај и попатна станица на меѓународниот религиозен тероризам.

Во време на конфликтот во Р. Македонија беше регистрирано и учеството на муџахединските групи во сите кризни региони. Во кумановско - липковскиот регион самостојно дејствуваше муџахединската единица „Имран Елези“ (околу 120 лица) која не беше вклучена во организациониот состав на 113-та бригада на т.н. ОНА. Во овој регион муџахединските групи беа сместени во селата Слупчане, Матејче, Виштица, Ваксинце, Отља и Липково.

Во скопскиот кризен регион муџахедините учествуваа во вооружените дејства во селата Танушевци, Брест, Малино маало и Арачиново.

Во тетовскиот кризен регион муџахединските групи беа распоредени во селата Бозовце, Вејце, Гајре и Порој и учествуваа во изведувањето на крвавите масакри врз припадниците на безбедносните сили на Р. Македонија. Исто така, во скопската населба Гази Баба беше стационирана муџахединска група со поголемо количество на оружје кое требаше да претставува логистичка поддршка на елиминираната терористичка група на 07.08. 2001 година во истата скопска населба.

Во текот на конфликтот и после неговото „завршување“ на територијата на Скопје и околината како и во останатите кризни региони продолжија да егзистираа повеќе групи на т.н. „АНА“ со цел планирање и изведување на нови акции насочени спрема македонските безбедносни сили во Тетово, Куманово и Скопје.

„Во рамките на т.н. „АНА“ во кризните региони забележано е присуство и на групи на Муџахедини (домашните и меѓународните политичари и експерти мошне дрско и лицемерно цело време го негираа постоењето на АНА- забелешка на авторот). Така во текот на октомври 2001 година во с. Липково биле стационирани околу100 муџахедини, во с. Отља околу 40 муџахедини, во с. Матејче околу 35 до 40 муџахедини, а во с. Долно Оращје, Тетовско околу 50 до 60 муџахедини (меѓу кои и од арапските земји). На 18 и 19. 01.2002 година од Косово

во тетовскиот регион влегла муџахединска група (околу 25-30 лица) која била стационирана во с. Боговиње."

Целта на оваа група (како и на другите „летачки групи" кои преку илегалните премини се префрлуваа од Косово и Р. Албанија[27]) била да извршува набљудувачки активности и планирање на идни воени-терористички акции против македонските безбедносни сили, како и реорганизација и преструктуирање на постојните „воени" формации кои делувале во овој регион.

Нивната крајна цел беше рестартирање на конфликтот од 2001 година но не виртуелно (бидејќи според тврдењата на „експертите" АНА единствено постоеше само на интернет страните во компјутерската мрежа), туку реално и со претходни добро разработени планови.

Во поновите предупредувања за присуството на вахабизам во Македонија спаѓа и пишувањето во британскиот весник Сандеј Тајмс од 26 март 2010 год. кој недвосмислено потврдува дека „Саудиска Арабија инвестира во исламистичките групи на Балканот"[28], а аналогно на тоа и во Р. Македонија.

Тоа неминовно потврдува (постојат стотици конкретни докази во архивите на нашите разузнавачко-безбедносни служби) дека тероризмот што ја зафати нашата држава има предзнак на комбиниран тероризам – меѓународен и внатрешен, што уште повеќе придонесе за мултиплицирање на опасностите врз нашата национална безбедност, како и за целосно усложнување на конфликтот, на неговата комплексност, непредвидливост, сериозност и конфликтна енергија.

Би било огромна грешка да се потцени поширокото внимание на големиот број судири со низок интензитет (од 100 до 1000 жртви годишно) и насилните политички судири помеѓу 25 и 100 луѓе годишно. Иако вкупниот број на убиените во инсурекциите е многу понизок од тој во судирите со висок интензитет (со повеќе од 1000 жртви годишно), заедничките последици од овие судири вклучуваат голем пораст на бегалците (огромни бегалски бранови), големи пречки и прекини во доставувањето на храна, вода и лекови за населението во подрачјето на судирите, голем пораст на сиромаштијата, гладот и болестите што во целост неминовно предизвикува големи

---

[27] Забелешка на авторот

[28] The Sunday Times, "Saudis fund Balkan Muslims spreading hate of the West".

хуманитарни кризи и катастрофи. Според Меѓународната организација Црвен Крст бројот на луѓе со хуманитарни кризи ќе се зголемува за 10 милиони годишно.

**Наместо заклучок би констатирале дека според учењето на Пол Вилкинсон покрај тероризмот, бунтот, конвенционалното војување (во револуционерните војни), герилското војување како хипермобилна војна и саботажата претставуваат главни облици на вооружена борба во современите инсурекции и немаат никаква посебна позитивна конотација (независно дали ги нарекуваме или самите се нарекуваат терористи, бунтовници или герилци).**

На крај, најважно е да се нагласи дека во историската и во општествено-научната истражувачка литература за инсурекциите нема ништо што би водело до претпоставката дека вооружениот бунт е неизбежен, како ни тоа дека со точни методи на вооружената борба на бунтовничките групи може да се предвидат со примена на некоја општа формула.

Затоа, во теоријата, како и во праксата се појавуваат доста различни мислења и ставови кои се дијаметрално спротивни и спротивставени, нејасни, непрецизни, недоречени и во голема мера субјективистички детерминирани.

Со цел да се задржи било каква трајна вредност во овој широк и различно перципиран спектар на инсурекции во политичката наука и стратегиските студии, тие мораат конзистентно да се применуваат во склад со јасно дефинираните објективни научни критериуми.

**Според теоретските определби и експликацијата на учењето за инсурекцијата, конфликтот во Р.Македонија во 2001 година можеме да го дефинираме и како форма на инсурекција во која доминираа терористичките активности и пониски форми на „бунтовнички“ дејства.**

## 7.3 БУНТОВНИШТВО – БУНТ (војна меѓу слабите и силните, концепт и структура)

Во денешно време, разликуваме четири типа на невладини вооружени формации како главна закана за безбедноста: бунтовници, терористи, милитанти и криминални организации. Тие претставуваат директна стратешка опасност за државите

во светот. Овие вооружени групи се разликуваат многу и спознавањето на тие разлики е од голема важност за борбата против спомнатите вооружени формации.

Без разлика на времетраењето, бунтот и тактиките за бунт се развиваат во истиот период. Начинот на којшто бунтот се спроведува може да е различен, но во основа тој претставува вооружен воен акт на една или повеќе оружени групи кои дејствуваат против владата, а го прават тоа поради тоа што не можат да ги постигнат своите политички цели со користење на конвенционални методи.

Бунтовничките групи имаат развиено подобрени стратегии што се и организациски и оперативно различни од останатите невладини вооружени групи. Актот бунт преставува форма на неконвенционална војна (што трае подолго време) против нерегуларни милитарни сили, како и илегални политички организации. Поради тоа што бунтовниците се со послаба милитарна сила од субјектите за безбедност на владата, бунтот се карактеризира со употреба на асиметрична војна како централен инструмент за поткопување и рушење на власта. Инструментите на насилство што ги користат бунтовниците се оптегаат од герила-операции, тероризам, саботажа, политичко преземање, психолошки операции, како и разузнавачки активности. Бунтот е борба за власт, легитимност и сила. Главната цел е да се уништи владината сила и легитимност, со тоа што ќе се стави под нивно владеење (на бунтовниците). И покрај фактот што оружените напади на владините институции се од голема важност за бунтовниците, клучната борба се напорите за долгорочно освојување на "срцата и умовите" на населението, што претставува кулминација за победа, како и трансформација на општеството.

Дејвид Галула во својата книга "Противбунтовништво, теорија и пракса" наведува дека термините бунтовништво и противбунтовништво се најсоодветни за именување на процесите од кои се сочинети внатрешните вооружени конфликти. Термините револуција и контрареволуција во себе содржат предрасуда за тоа која страна носи прогрес во својата цел. Терминот востание наметнува претстава за масовен вооружен процес. Терминот тероризам може да се користи за именување само на една од тактиките на бунтовништвото како "организирана, долга политичко-воена борба дизајнирана да ја ослабе контролата и легитимноста на воспоставената власт, окупаторските сили или друг политички авторитет, додека истовремено се зголемува контролата од страна на бунтовниците". (Galula, 2006)

Според Бард Е. О`Нил, авторот на "Бунтовништво и тероризам: Модерното революционерно вујување одвнатре" бунтот се опишува како ослободување преку користење на политичките ресурси и насилство за уништување, реформулација или одржување на легитимноста на еден или повеќе политички аспекти. Според анализите на ЦИА од 1980, "бунтот е долгорочна политичко-милитарна активност со цел постигнување на тотална и делумна контрола на владините ресурси, преку користење на невладини милитарни сили или илегални политички организации." (O'Neill, 1990)

Поради потребата за лесно меѓусебно разбирање и координација во заедничките политички, економски и воени активности, дефиницијата на НАТО е најприфатлива за членките на НАТО, членките на Партнерството за Мир и другите земји кои се нивни политички и воени сојузници. Во официјалните стратегиски документи на ,НАТО, ***бунтовништво*** е збир на активности на организирана, често идеолошки мотивирана група или движење, кое има за цел да предизвика или да спречи политички промени од страна на владејачките авторитети, фокусирајќи се на убедување и заплашување на популацијата користејќи насилство или субверзија. Анализирајќи ја дефиницијата на НАТО може лесно да се согледа дека бунтовништвото како клучни карактеристики ги има постоењето на организација која се спротивставува на власта, користењето на насилство и субверзија од страна на таквата организација, постоењето политички цели и фокусирање на активностите на бунтовниците кон популацијата.[29]

Во согласност со "Водичот за анализа на бунт" (Guide to the Analysis of Insurgency, 1980) на ЦИА, четири бунтовнички варијации се утврдени според нивните типолошки разлики и се делат на политички, милитарни, традиционални и урбани организации. Клучните фактори по коишто може да ги разликуваме се идеологија, мотивација, лидерство, како и нивното минато, организациските структури и оперативните стратегии.

Според нивните аспирации, О`Нил прави поделба на неколку различни типови на бунтовнички движења: (O'Naill, 2005)

– Анархистички бунт- движење со преголеми и цели кои се само илузија. Нивната цел е да се елиминираат сите институции на системот којшто го сметаат за нелегитимен и неупотреблив, а се ова се прави преку насилство и протести.

[29] https://www.nato.int/nato_static_fl2014/assets/pdf/pdf_2017_09/20170904_1709-counterinsurgency-rc.pdf

- Револуционерен бунт или бунт за еднаквост има за цел поставување нов политички и социјален ред во државата врз основа на систем од вредности. Лидерството на овие движења формира централно-отворени апаратури или организација што би ги мобилизирале луѓето со цел радикално да се трансформира социјалната структура во веќе постоечката политичка унија.
- Традиционален бунт има за цел фундаментална промена на политичкиот и социјален ред. Традиционалниот бунт често се идентификува како "национален" или "ослободувачки". Националните бунтови се организирани против владата и против разликите во идеологиите, етиникумот, економските класи, како и другите слични политички прашања. Од друга страна, ослободувачките бунтови се насочени кон државните елементи коишто ги гледаат како опресори. Имаме промери на класичен бунт на 20ти век во Виетнам, Малаја, Сомалија, Босна, Сиера Леоне, Конго, Колумбија и Косово.
- Милениумски бунтови се движења што немаат за цел промена на постоечкиот систем со нов или некој претходен, туку со режим од далечното минато што има длабоки корени со нивните предци и религија. Милениумските бунтови се свети војни меѓу силите на "доброто и злото". Тие се транснационални по вид. Исто така, тие имаат многу слични елементи со револуционерните бунтови, па и двата вида имаат почит и посветеност кон нивната идеологија како рефлексија на апсолутната вистина и правда. Радикалното Исламистичко движење најмногу се идентификува како милениумски бунт. Едни од најистакнатите потомци кои се акивни денес се следбениците на Муслиманското братство основано во 1928 од Хасан ал-Бахна и претставува глобално Салафи-џихадистичко движење.
- Плуралистички бунт цели кон револуционерна трансформација на политичкиот систем што ги познава вредностите на слободата на индивидуалците, правата и компромисот.
- Сецесионистички бунт што цели кон сегрегација од државата и воспоставување независно политичко општество.
- Реформистички и одбранбен бунт- ова е помалку амбициозен бунт во споредба со нивните аспирации. Нивната цел е само пренос на политичките и економските добра од системот, а не радикални реформации. Тие целат кон *статус кво* на бунтот, поради нивните очекувања за релативна добивка од таквиот статус.

Според гореспоменатите фактори, може да ги заклучиме следните карактеристики на бунт како основни:

- преземање на долгорочни политички и милитарни активности, со цел тотална или делумна добивка на контрола врз територијата на дадена држава.
- бунтовниците ги постигнуваат своите цели со употреба на неконвенционални милитарни сили, како и со илегални политички организации.
- бунтовниците користат тактики од герила-операции, тероризам, саботажа на политичката мобилизација, политички активизам, психолошки операции, активности со разузнавање и контра разузнавање.

Секој од овие инструменти на бунт е направен со цел да се ослаби и силата и легитимноста на владината коалиција, и пораст на силата и легитимноста на бунтовничката група во исто време. Бунтот може да се дефинира како " масовно движење со цел кршење на *статус кво* со субверзија, политичка активност, бунт, оружен конфликт и тероризам". По дефиниција, бунтовничките движења се "потомок" на издигнувањето што цели кон соборување на власта или социјалните структури. Сите овие масовни бунтови што користат инструменти ако субверзија, герила тактики и тероризам против поставеното правило на државите и конвенционалните милитарни сили. Голем број од нив, вклучувајќи и Исламистичкиот Џихад, ги мобилизираат своите бунтовници од сиромашните социоекономски сили, додека ги одредуваат лидерите од радикализираните елити.

Бунтовниците може да користат различни тактики како: тероризам, герилска војна, конвенционално војување, саботажа, субверзија, пропаганда, демонстрации и инфилтрирање. Тероризмот како тактика е погоден за бунтовништва на нивниот почеток и во држави каде контролата на власта е доволно силна за бунтовниците да не можат да водат герилска војна. Терористичките тактики како што се атентати на поддржувачи на власта и на високи претставници на власта, напади на клучни инфраструктурни објекти и слично, се многу ефективни методи и кога бунтовниците имаат можност да водат конвенционална или герилска војна. Водењето герилска војна е многу зависно од географијата и демографијата на земјата. Во држави каде има голем процент на рурално население, лоша инфраструктура, планини, мочуришта и површини под шума, герилското војување е лесно применливо. Наспроти тоа, во држави каде многу поголем процент од населението живее во урбани средини, т.е. во

градови, каде нема големи површини со шуми или со мочуришта, каде територијата е испресечена со големи водени препреки (езера и реки), бунтовниците тешко може да користат герилска тактика на војување. Саботажата, субверзијата, демонстрациите и инфилтрацијата се тактики кои се лесно применливи за бунтовниците и кои во поголема или помала мерка се користат во секое бунтовништво. Конвенционалното војување се користи од бунтовниците кога бунтовништвото е доволно силно, а власта е доволно слаба за бунтовниците да можат отворено на конвенционален начин да војуваат со безбедносните сили на власта. Бунтовниците за постигнување на своите цели може да користат различни стратегии и тоа: урбана терористичка17 , воена, долга народна војна18 фокусирана на идентитетот, конспиративна19 и композитна стратегија. Која стратегија ќе ја користат бунтовниците зависи од повеќе фактори, меѓу кои и од можноста за примена на претходно наведените тактики. Бунтовништвото е евтино, а противбунтовништвото е скапо. На бунтовниците им одговара долготрајност на конфликтот кој економски ја исцрпува државата.

Во практиката е потврдено дека секој бунт е единствен (уникатен) и се развива соодветно на околностите во кој се наоѓа. Заради теоретска прецизност уште повеќе практична променливост, во воената мисла на САД се определени четири модели на бунтови:

**1.Субверзивен бунт** - најчесто се јавува во послободна политичка „клима”, каде бунтовниците можат да користат илегални и легални методи. Имено тие се инфилтрираат во политичката структура (партија) за да преземат контролата врз неа, а потоа да ги заземат изборните и назначувачки функции, понатаму применуваат селективно насилство за да ги принудат гласачите, заплашат службениците и дискредитираат владата. Постоењето на насилство е доказ за неспособноста на владата, која ако жестоко одговори и самата ќе си го поткопа угледот. Практично во вкупното дејствување политичкиот елемент раководи со воениот заради усогласен настап, пример легална партија поддржана од прикриени елементи што дејствува надвор од законот (како NSDAP направи во Германија во 30-тите години).

**2. Бунт на критичното јадро** (слободен превод) - бунтовниците дејствувајќи прикриено и јавно се инфилтрираат во владините институции со цел да го разрушат системот однатре. Постепено ја поткопуваат легитимноста на институциите, убедувајќи ги останатите граѓани да им се придружат. Не се применува насилство

додека институциите на системот не ослабат до степен по кој супериорната бунтовничка организација, поддржана од ВС ќе ја освои власта. Пример Руската револуција од 1917 год.. Овој модел има две варијанти-револуцијата во Никарагва и Кубанскиот модел.

**3. Масовно ориентиран бунт**, тежнее политичко и воено да мобилизира големо народно движење, создаде легитимитет надвор од државата, а потоа до го истисне или уништи внатрешниот политички систем. Бунтовниците трпеливо создаваат голема вооружена сила од герилци, а од друга страна база на активни и пасивни политички приврзаници. Планираат долготрајни дејства, постепено зголемување на насилството со цел соборување на владата и институциите на системот. Воедно движењето формира паралелна влада што отворено се прогласува за легитимна. Ваквиот бунт поСедува високо организирана идеологија и еднаш штом се воспостави исклучително е отпорна поради големата длабочина во организираноста, затоа против неа се ангажираат вооружените сили. Пример Комунистичката револуција во Кина; движењето Светол Пат во Перу.

**4. Традиционален бунт** - обично се развива поради специфични неправди и произлегува од племенски, расни, религиозни и други групи со слична идентификација. Бунтовниците и забележуваат на власта дека им ги укинала правата и интересите и работат за повторно да ги воспостават. Најчесто имаат ограничени цели т.е. оттргнување од владината контрола преку автономија или полуавтономија. Меѓутоа отстапките што владата треба да ги направи се големи и ја доведуваат во прашање нејзината легитимност и затоа најчесто таа применува репресија. Од друга страна бунтовниците се подготвени да одговорат преку штрајкови, улични демонстрации до тероризам и герилска војна. Во ваквиот бунт се употребуваат вооружени сили, а за долготраен договор треба силна политичка војна. Пример бунтот на муџахедините во Авганистан, Тамилските сепаратисти во Шри Ланка.

Може да се заклучи дека аналитичарите во САД повеќе внимание посветуваат на формата отколку на суштината. Набљудувајќи ги бунтовите како манифестни појави кои се случиле од различни причини, единствено за што посветуваат внимание е последицата од нив да биде согласно нивните интереси.

Успешниот бунт минува низ неколку основни фази на развој, што не значи дека сите бунтови минуваат низ секоја фаза ниту пак развитокот преку сите нив е предуслов

за успех. Бунтовничкото движење може да биде во различна фаза во различни региони на државата, од друга страна успешна е оној бунт кој при силен притисок може да се „врати” во претходната фаза, повторно развивајќи се кога ќе се јават поволни услови за тоа. На пример масовно ориентираниот бунт (Маов модел – модел примене за време на Кинеската револуција предводена од Мао Це Тунг) се состои од три фази:

I фаза: **латентен или првобитен бунт** во која активноста се протега од субверзивна дејност до ситуација каде честите пресвртнички инциденти и активности попримаат облик на шаблон и не подразбира поголем излив на насилство или неконтролирани бунтовнички активности. Најчесто се изведуваат одбрани терористички дејства.

II фаза: **герилска војна**, настапува откако бунтовничкото движење ќе обезбеди доволно локална и надворешна поддршка и започне организирана и континуирана герилска војна против владата. Ваквото дејствување е обид да се принудат владините сили на дефанзивни дејства и задачи. Како бунтот станува посилен изведува пообемни операции.

III фаза: **отворена војна** на бунтовничкото движење, кога ќе постигнат формациска структура и способност директно да ги предизвикаат владините сили на одлучувачка борба, тогаш движењето почнува да користи конвенционална тактика. Од надворешни извори може да обезбедува луѓе и оружје кои во ваква ситуација се потребни за водење одбранбени операции за да се заштитат областите под нивна контрола.

Долги години после завршувањето на конфликтот во 2001 година во Република Македонија (но и за време на конфликтот) актуелна беше дилемата дали станува збор за тероризам, бунт или војна. Без посериозна, покомплексна и подлабинска анализа и скенирање на наводно едноставниот и релативно краткотраен конфликт, неминовно е запаѓање во нови замки, нови недоследности и научни и стручни заблуди доколку не се направи повеќеслојна научна анализа и научна експликација на сите фази на конфликтот, научно верификување на сите појави според најновата научна мисла (во сферата на безбедносните и воените науки,конфликтологијата, полемологијата и геополитиката). Но во овој контекст за почеток неопходно е да се потенцира дека и тероризмот и бунтот влегуваат во категоријата на инсурекција, а заедно со милитантните и криминалните органиации ги претставуваат четирите основни типови

на невладини, односно недржавни вооружени групи или вооружени формации кои претставуваат главна закана за безбедноста и директна стратегиска опасност за државите во светот.

Во суштина, ако бунтот претставува вооружен воен акт, односно форма на неконвенционална војна/ употреба на асиметрично војување/ или како што пишува Дејвид Галула дека термините бунтовништво и противбунтовништво се најсоодветни за именување на процесите од кои се сочинети внатрешните вооружени конфликти (кои посебно се анализирани) тогаш терминолошката збирка уште повеќе се мултиплицира, а суштината на внатрешните вооружени конфликти значително се симплифицира. Во овој контекст терминот револуција целосно се исклучува како терминот востание кој наметнува претстава за масовен вооружен процес. Од овој аспект, сите терминолошки одредници и квалификации за ОНА и нејзините претставници како востаници во целост се отфрлаат и во самиот старт се исклучуваат. Според Атлас анализите кои се презентирани подолу во текстот, тие и најмалку се застапени во сите анализирани документи.

Според овие учења (кои се меѓусебно контрадикторни и дијаметрално различни) тероризмот се именува само како една тактиките на бунтовништвото, но не и како посебен облик на инсурекција. Но сепак, заедничка константа на сите овие „невладини вооружени формации“ е користењето на насилство, субверзија и заплашување на популацијата за остварување на нивните цели.

Успешниот бунт минува низ неколку фази на развој и процесот да биде окарактеризиран со терминот бунт мора да ја постигне и последната „фаза на зрелост“, односно негова целосна трансформација во „отворена војна на бунтовничкото движење“(III фаза) што не беше случај во Р. Македонија.

**Брзото и правовремено разрешување на конфликтот и енергичното запирање на неговата ескалација во самиот старт не дозволи негова трансформација во повисоката (крајна) фаза, односно беше плански и смислено стопиран уште на почетокот на неговата втора фаза. Втората фаза – „фаза на герилска војна“ не успеа да зајакне и да кулминира со изведување на пообемни операции (освен воените активности извадени од уфрлените претставници на КЗК (Косовски Заштитен Корпус), категорија што дава друг печат и квалификација**

**на определени фази на конфликтот – атипична воена интервенција и атипичен пограничен судир).**

Ескалацијата на конфликтот и негово прераснување во вооружен бунт кој ќе кулминира со отворена војна енергично беше попречен и со правовремената интервенција на ООН, САД, НАТО, ЕУ, бидејќи мошне е краток патот од целосната „полнолетност“ на вооружениот бунт до отворена граѓанска војна која за краток временски интервал ќе се интернационализираше и ќе ескалираше во отворена регионална војна (нова балканска војна) со несогледливи последици за европската и светската безбедност. Овие прогнозирани опасности и проценки претставуваа најголема брана и силен мотив за правовремено разрешување на конфликтот во Р.Македонија од страна на сите инволвирани меѓународни и домашни актери. **Бунтот во Р.Македонија остана во рамката на неговата прва фаза (селектирани и масовни терористички дејства), односно имаше негова релативно краткотрајна трансформација во почетните етапи на втората фаза, кратко време пред потпишувањето на договорот за прекин на огнот (помали герилски напади, поставување на заСеди и мини на патиштата итн).**

Хипотетички, доколку вооружениот бунт ги постигнеше трите фази и целосно се трансформираше во вистински бунт според сите стандарди тоа ќе беше **вооружен бунт** во категоријата на **традиционални и сецесионистички бунтови** (според современата западна класификација).

## 7.4 НОВА ВОЈНА ИЛИ ИРЕГУЛАРНО ВОЈУВАЊЕ? - Судир помеѓу американската и француската воена мисла

Според познатата изрека на Клазуевиц, војната е повеќе од камелеон кој се адаптира на условите. За разлика од 20 век кој го најави технолошкиот развој и го промовираше нуклеарното оружје, кое најпрво ја зголеми, а потоа (парадоксално) ја намали веројатноста од конфликт, највпечатливиот феномен на 21 век е асиметрија помеѓу технолошки напредно војување и новите форми на организирано насилство, кое индиректно го искорени влијанието на социфистичкото оружје. Исто така феноменот нова војна предизвикува своевидна ерозија по речиси сите традиционални параметри кои ја одбележаа војната почнувајќи од разликувањето на законските и незаконските актери, државите од недржавните актери, војниците од цивилите, внатрешните од меѓудржавните конфликти, политичките од профитабилните цели и сл.

Конфликтите кои во последната деценија на 20 век беа активни на Балканот и Африка, со акцентот на поранешната СФРЈ, Сомалија и Руанда, не беа сосема јасни во однос на тоа дали се работи за војна, организиран криминал или прекршување на човековите права. И покрај тоа што голем број на научни работници, феноменот нова војна го поврзуваат со забрзаниот процес на глобализацијата, во никој случај не смее да се изостави и ставот дека новата војна е дел од активниот процес на развојот на герилското војување карактеристично за конфликтите со низок интензитет кои биле активни шеесеттите и Седумдесеттите години од 20 век.

Во контекст на напред наведеното, Џозеф С.Нај Помладиот, нагласува дека корените на феноменот нова војна се последица на неефективноста на Вестфалскиот систем во одржување на мирот и стабилноста во Европа, чија кулминација беа најголемите конфликти на 20 век (Првата и Втората Светска војна). Според тоа, немањето на ефективен систем (или светска влада како што потенцира Џозеф С.Нај Помалиот) кој ќе ги гарантира мирот и стабилноста во меѓународните односи, е историска последица за појавата на новата војна. (Nye, 2008)

Понатаму, феноменот нова војна ја доведува во знак прашање и исправноста на традиционалната типологија на конфликтите, која прави јасна разлика помеѓу конвенционалното и ирегуларното војување.

Според Министерството за одбрана во САД[30], ирегуларното војување е дефинирано како Насилна борба помеѓу државните и недржавните актери за легитимитет и влијание над релативна популација. Ирегуларното војување го фаворизира индиректниот и асиметричниот пристап и покрај тоа што можат да го применат целокупниот спектар на воени и други способности и капацитети, со цел да се намали непријателската моќ, влијание и волја.

Очигледно, се работи за многу сложена дефиниција која се карактеризира со недостаток од прецизност и концизност. Иако претставува форма на вооружен конфликт, сепак таа опфаќа бунтовништвото, противбунтовништво, тероризам и противтероризам, претставувајќи ги како одредена форма на конфликти кои имаат помал интензитет за разлика од војната.

Аналитичарот Жерар Шалиан предлага да се разликуваат три типа на неправилна војна „нациналнии ослободителни движења кои се борат против колонијалната моќ, напаѓачите или странските окупатори; револуционерните борби во независните земји предизвикани од општествени побуди; борбите од малцински, етнички, религиозни и етничко-религиозни движења од сецесионистички карактер“. (Chaliand, 2008, p. 33) Според него овие „три категории јасно се разликуваат според нивната шанса за успех. Првата има најголема можност да создаде поддршка, како во внатрешноста на земјата, така и на интернационално ниво.“ (Chaliand, 2008, стр. 34) Оваа поделба претставува основа за една длабока теоретска анализа, бидејќи секоја анализа поседува заеднички карактеристики, како во тактиките што се користат, така и во можноста за победа.

### 7.4.1 ПРАВИЛНА/НЕПРАВИЛНА ДИЈАЛЕКТИЧКА РЕЛЕВАНТНОСТ И НОВАТА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА КОНФЛИКТИТЕ КОН КРАЈОТ НА XX ВЕК И ПОЧЕТОКОТ НА XXI ВЕК.

Дискусијата за критериумот „стратегиски нерегуларности“ не е лесна. Сепак, останува фактот дека основите се цврсти бидејќи дискусиите се однесуваат на средства, а не на завршетоци: техничка и оперативна наредба, а не морална. Овој аспект конкретен за полето на студии и дискусија го потврдува интересот за називот „неправилна војна“ за да ги поврзе дијалектички нелинеарните конфликти кои се во пораст и денес. Пролиферацијата на кризите по 1960 –те години предизвика

[30] http://archive.defense.gov/news/Defense_Strategic_Guidance.pdf

концептуално заматување од стратегиска гледна точка. Презриви за принципот на штедливост кој бил омилен на Гијом д'Окам, аналитичарите разликуваат:

- Конфликти со низок интензитет (1980-ти години);
- Конфликти со среден интензитет (1990-ти години),
- Техно-герила (Бросолет),
- Асиметрични конфликти (концепт влезен во теорија од крајот на 1960-те години од страна на Галтунг, потоа во 1975-та година од Мак, популаризиран на крајот на 1990-те години);
- Други операции освен војна;
- Војни од трет вид (Холсти), по националната војна и целосната војна;
- Војни од четврта генерација (Линд), во кои доминира информацијата;
- Композитни војни (Хамес), комбинација од висока технологија и „рустикални" процеси;
- Хибридни војни (Хофман)
- Нестандардна (валкана) војна (Баленси и де ла Гранге);
- Нетрадиционална војна (Шилинг);
- Нови војни (Калдор, Мунклер), комбинација на „традиционална легитимност и модерна рационалност";
- Војни без ограничувања (Киао и Ванг);
- Постмодерни војни (Ц.Х. Греј);
- Пост-херојски војни (Лутвак).

Можеме да забележиме дека листата е долга ако се фокусираме на користените технологии, степенот на интензитет и насилството во борбите, важноста на населението...Ниту еден од овие називи не е вистински задоволителен: некои се историски погрешни (војни од трет вид, од четврта генерација), други се толку непрецизни што не кажуваат ништо (нетрадиционални војни, нови војни...), други претставуваат како новитет некоја карактеристика што ја забележуваме, многу или малку, во речиси сите епохи (композитни војни, хибридни...) други пак се однесуваат само за одреден случај (конфликти со низок или среден интензитет, техногерила...)...Што доколку би можеле сите овие едноставно да ги наречеме „нерегуларни војни"? Тоа е едно значење кое ја открива – од стратегиска гледна точка- во еден посебен конфликт важноста од прикриени процеси, изненадувања, нелинеарност, имагинација, одбивање на фронтален удар на отворен терен. Сите

реалности стари како Белон, но чија појава и повторување во одредена војна овозможуваат да се класифицира во – флексибилна – во рамките на нерегуларните конфликти без да се измислува парафилозофска и излишна класификација. Тешкотијата е во тоа да се постави курсорот на овие прикриени појави: по колку заседи еден конфликт станува нерегуларен?

Најочигледната грешка ќе биде, во секој случај, да се верува дека од гледна точка на процесите, ние се соочуваме со *нови војни*. Дури во Рим биле многубројни оние кои како и „аналитичарите" на "новите војни" денес, искрено верувале дека Империјата се соочила со „пред" регуларна и „после" нерегуларна трага од распадот. Полиб го забележа следното:

> *Овие практики им биле непознати на луѓето во минатото. Далеку од тоа да нанесат лоши удари врз своите пријатели со цел да ја зголемат својата моќ, тие дури одбивале да триумфираат врз нивните непријатели со измама бидејќи за нив тоа не претставувало величествена победа ниту, пак, солидно стекната доколку не го поразат противникот во отворена битка и со херојство. Исто така, тие се обврзале никогаш да не употребуваат едни против други тајни оружја или проектили. Тие всушност сметале дека само битката одблиску, тело со тело, може веродостојно да одлучи за исходот на еден конфликт. Тогаш, си објавувале војна, а потоа кога сакале да ја започнат битката, го известувале противникот меѓу другото и за местото на кое ќе биде поставена војската за битката. Денес, кога некој во кампања ќе направи нешто отворено се случува да кажеме дека е просечен (Приказни, XIII-3).*

Како дополнување, се истакнува дека во контакт со регуларното, нерегуларното прогресира додека, пак, регуларното може да регресира (закон на Калвел). Француската армија претрпела загуба на вештини за време на војната во Алжир, кога најголемиот дел од војската бил ангажиран во операции против бунтовниците кои забранувале нормални обуки на големи единици во борби со висок интензитет во Европа. Израелската војска била во можност да го потврди ова универзално правило

во Либан во 2006 година кога, по многу години спроведување на ред во окупираните територии кои се соочувале со втората палестинска Интифада, морала да се соочи со борците на Хезболах кои биле поцврсти и подобро опремени.

Не станува збор за една несреќа, која може лесно да се поправи со „ректификација“ на стратегија од страна на посилниот. Војната во јужен Либан претставува дел од долгорочен тренд нагласен од страна на Иван Арегуин Тофт(Arraguin-Toft, 2005, pp. 2-3): од 1800 до 2003, односно за време на двата последни века, посилниот го победил послабиот во речиси три четвртини од 202 одржани војни. Но, поделбата на пола век открива неспорна тенденција и покрај несигурноста својствена за сите квалитативни анализи за војна: во првата половина на XIX век посилниот победува во девет од десет случаи, а во втората половина на XIX век во осум од десет. Од првата половина на XIX век, посилниот победува само во две третини од случаите; ова повеќе се забележува во втората половина на овој век кога доаѓа и до инверзија односно послабиот го победува посилниот (48,8% за посилниот, 51,2% за послабиот).

Биле предложени различни објаснувања: падот на авторитарните или тоталитарните режими кои имаат поголема слобода за маневрирање од демократите за да одговорат на бруталноста со бруталност; дифузија на оружје, што значително ги зголемува можностите на послабиот; разликата на влогот помеѓу посилниот и послабиот, со тоа што посилниот е помалку спремен долго време да ги сноси трошоците од една ограничена војна која не претставува закана за своите најважни интереси.

Разбирливо е дека покрај овие објаснувања, кои се вистинити, централниот фактор лежи во зголемената неспособност на „постмодерните“ војски да се соочат со асиметричен противник: потпирајќи се се повеќе на огнено оружје, се помалку прифаќајќи контакт, со загуби кои можат да произлезат, се повеќе отсечени со население кое не го познаваат, соочени со борци кои се совршено интегрирани во нивната околина и кои не се плашат од смрт. Ниту еден „напад“ нема да промени ништо.

Два дополнителни фактори ги зголемуваат тешкотиите на посилниот: квази обврска за дејствување мултинационално, како за прашања поврзани со трошоците

така и за разгледување на легитимитетот, и обврска да се потпре на локалната влада која и кога не е многу корумпирана најчесто е неефикасна.

Моменталните операции во Авганистан претставуваат суров пример. Еден од историските шефови на отпорот против Советските сили неодамна изјави: „*Доколку демократијата значи да се отворат вратите со клоци, воените кучиња да ги касаат децата и жените да бидат претресувани од мажите, логично е што Авганистанците сметаат дека треба да се спротивставаат како што тоа го правеле нивните родители... Поради тоа, помеѓу бунтовниците има само талибанци. Авганистанската војска не е веродостојна, таа отсекогаш била на страната на угнетувачите. Од 2001 година, 40 земји се присутни во Авганистан со 40 цели и 40 различни стратегии, секоја барајќи да го наметне својот систем и својата култура. Биле инвестирани 40 милијарди долари чија трага не се знае: нема фабрика, нема развој на земјоделството, нема нови брани...*“ (Wardak, 2009, стр. 35) Еден француски новинар оди во истата насока и се приклучува на изјавата одамна дадена од Жерар Шалиан[31], најдобар познавач на герилата воопшто, но особено на авганистански терен: „*Западните војски немаат ниту политичка волја, ниту физичка храброст, ниту желба за спартански живот, ниту познавање на јазиците, ниту желба да ги разберат другите цивилизации кои ги имале колонизаторите во XIX век. Западните сили се впуштија во голема нео-колонијална „цивилизациска“ авантура без да земат предвид дека немаат ни енергија, ниту финансиски средства, ниту вештини за да ја водат до крај*“. (Girard, 2009, стр. 6) За жал, таквиот заклучок е малку дискутабилен.[32] Секако, француски офицери предложиле пооптимистичка слика.[33] Но, дури и под претпоставка дека не станува збор за присилен оптимизам, тие ги одразуваат локалните искуства кои не можат да го преовладаат овој општ тренд.

Неправилната војна не треба да се направи апсолутна, без разлика дали е „поверојатна“ или не од други форми на конфликт: „класичната“ војна е секогаш возможна во доменот на висок интензитет. Соодветните вештини за оваа класична

---

[31] Неговиот *Извештај за авганистанскиот отпор* датира од 1980-та. Тој се вратил во Авганистан во повеќе наврати, поминувајќи таму неколку години, најчесто живеејќи опкружен со авганистанци во шумите или во селата во споредба со војниците од коалицијата кои се менуваат на секои шест месеци и кои најголем број од нив излегуваат малку или воопшто од нивните кампови.

[32] Погледнете го јасниот заклучок на полковникот Михел Гоја, по враќањето од мисија во Авганистан:"Импресии од Кабул", Ла Летре де Л'ИРСЕМ, ноември 2009.

[33] Трибина на полковник Никола Ле Нен, „Авганистан: Напредувањето на сојузниците во Каписа", во Ле Фигаро, 6-7 јуни 2009, од полковник Беноит Дуриеу „Авганистан нема да биде Виетнам", во Ле Монд, 22 октомври 2009.

војна се тешки за асимилација и одржување: да не заборавиме дека се работи за нациите и нивните војски. Од друга страна, неправилноста, настрана од „аномалијата“ (што никогаш не била, повторуваме), се наметнува како култура за постојана реасимилација од страна на конвенционалните војски за да бидат целосно ефикасни.

Новите многубројни поделби и класификација на конфликтите направени врз основа на користените технологии, степенот на интензитет и насилство во борбите, важноста на населението и други специфични детерминанти, меѓусебно се контрадикторни, исклучиви и збунувачки.

Теориите и поделбите на конфликтите во последната декада на минатиот и двете декади на новиот век не се сосема прецизни и јасни како што не е јасна и анализата на конфликтите во насока дали се работи за војна, граѓанска војна, вооружен бунт, тероризам, организиран криминал или „прекршување на човековите права“.

„Конфликтот“ помеѓу терминот нова војна и феноменот на ирегуларното (неправилното) војување – војна уште посилно ја отсликува новата терминолошка и научна конфузија и контрадикторни ставови.

Според француските автори и аналитичари интерпретацијата на „нова војна“ е систематизирана во поширокиот спектар на „неправината војна“ со која се поврзуваат сите дијалектички нелинеарни конфликти кои се во пораст и денес во современиот свет.

Но без да навлегуваме во нова теоретска расправа околу „новиот терминолошки конфликт“ поврзан со карактерот и суштината на новите конфликти, прогресирањето на нерегуларното во однос на регуларното, ќе констатираме дека ниту еден од овие називи не е вистински задоволителен (некои се историски погрешни, други се непрецизни, некои претставуваат само новитети, други се однесуваат само на определен случај и тн.).

Но според нас, во овој временски контекст и ниво на развој на воената научна мисла и конфликтологијата, најприфатлив би бил терминот ирегуларно (неправилно) војување бидејќи во себе ги содржи и категориите „конфликти со низок интензитет“ и „конфликти со среден интензитет“ – категории што ги детерминиравме и прифативме како едни од типичните обележја на конфликтот во Република Македонија од 2001 година. Новите војни во овој контекст се претставени како комбинација на

„традиционалната легитимност и модерната рационалност". Во ова созвездие на конфликти на новото време како поинтересни, поспецифични и покарактеристични категории карактеристични за нашето истражување ќе ги издвоиме следните: „асиметрични конфликти", „други операции освен војна", „хибридни војни", „нестандардна (валкана) војна", „постмодерни војни" и тн.

Според класификацијата (типологијата) на неправилната војна презентирана од Жерар Шалијан, конфликтот во Р.Македонија од 2001 година би го детерминирале и како **неправилна (ирегуларна војна)** во категоријата на борби за **„малцински, етнички, религиозни и етничко – религиозни движења од сецесионистички карактер".**

Во оваа насока неизбежно е да потенцираме дека оваа терминолошка шареноликост и конфузија се рефлектира и во научната заедница, во политичката, дипломатската и новинарската терминологија со определена доза на пристрасност и субјективизам.

Според зборовите на Клаузевиц „војната е повеќе од камелеон кој се адаптира на условите", тогаш при нејзиното дефинирање и дефинирањето на останатите конфликти ќе биде потребно многу знаење, вештини, имагинација и инвентивност за откривање и препознавање на „камелеонот" наречен конфликт во неговиот природен ореол.

Во спротивно, грешките било да се намерни или ненамерни, ќе бидат неизбежни, недопустливи, а понекогаш и фатални посебно во научната сфера, доколку не се следат новите научни достигнувања во оваа мошне динамична и променлива сфера и мистериозен лавиринт обвиткан со велот на политичките игри и манипулации.

## 7.5 АТИПИЧНА ВОЕНА ИНТЕРВЕНЦИЈА

Инволвираноста и директното учество во извршување на борбени операции на КЗК во Македонија (нивно уфрлување во определени етапи на конфликтот) недвосмислено говори за изведување на атипчна (нестандардна) воена интервенција од територијата на протекторатот на ООН (територијата на Косово, попрецизно од просторот на секторот „Исток" кое беше под надзор на американскиот контингент на КФОР.

Заради „затворање на очите" пред очигледната инвазија често пати беше посочувана и критикувана Мисијата на ООН на Косово, посебно припадниците на американскиот контингент. (Претседателот на СРЈ- Воислав Коштуница, Леонид Иванов- значаен претставник на Министерството за одбрана на Руската федерација, Бернард Кушнер-поранешниот шеф на УНМИК, германскиот неделник „Шпигл" и други светски неделници и дневни весници).

После огромниот број на критики и укажувања на адреса на „меѓународната заедница", администрацијата на ООН на Косово (кон крајот на март, 2001) одлучи да отпушти 2000 Албанци, припадници на Косовскиот заштитен корпус (инаку во септември,1999 во КЗК беа примени 5052 припадници, најголем број на членови на ОВК). Тоа значи дека околу една половина од членовите на КЗК беа суспендирани заради нивните врски со албанските екстремисти и со криминалот.

Според пишувањата на Лондонскиот „Сандеј Тајмс" (1-ви април, 2001)[34] се стравува дека суспендираните Албанци ќе им се приклучат на бунтовниците во Македонија. Потврда на нивното „стравување" е фактот дека во текот на 2001 година КФОР и УНМИК уапсиле околу 2000 „вооружени албански екстремисти" и сите беа спроведени во американската база Бондстил.

---

[34] Превземено од Mijalkovski, M. and Damjanov, P., (2002). Terorizam albanskih ekstremista. Beograd: NIC „Vojska", p. 378

| Ред. број | Датум на апсење | Број на уапсени | Место на апсење | Напомена |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 06.03.2001 | 7 | Блиску до границата со Македонија (с.Мијак) | Уапсените Албанци припаѓале на групата „вооружени Албанци кои делуваат во Македонија“. |
| 2 | 21.03.2001 | 1 | Шашара блиску до границата со Македонија | Запленето: Девет пушки меѓу кои два калашникови, три АП и една снајперска пушка и муниција за овие пушки, четири ППМ и дванаесет мини за МБ. |
| 3 | 22.03.2001 | 4 | с. Живињање на Шар планина | Биле наоружани и наидоа на заседа на УН полицијата. Имале намера да одат во тетовскиот крај. |
| 4 | 28.03.2001 | 129 | На делот од југословенско-македонската граница која ја контролирал германскиот КФОР | Уапсени се припадници на терористичката „ОВК“. Се движеле во две групи од по 50 и 79 терористи кои биле наоружани и во униформи. |
| 5 | 28.03.2001 | 17 | с.Заплужје, покрај границата со Македонија | Сите биле вооружени. |
| 6 | 30.03.2001 | 11 | с. Ловце, с.Доње Злокучане, северно од македонската граница | Биле вооружени. |
| 7 | 03.04.2001 | / | с.Кривеник, на граница со Македонија | Во напуштениот логор на терористите запленетото оружје (автоматски и други пушки, муниција, противтенкоски ракети, гранати и нагазни мини и експлозив) било натоварено во цетири камиона. |
| 8 | 04.04.2001 | / | с.Кривеник | Во вториот таен склад запленето: 32 тромблонски мини, 80 кутии муниција за лесно наоружување, униформи, 114 вреќе за спиење. |
| 9 | 10.06.2001 | 16 | Југословенско-македонска граница | Албанците биле сместени во пет возила. Запленето е : 44 автоматски пушки, 27 противтенковски мини, 1 минофрлач, 8 пиштоли, 6 мини за минофрлач, 40.000 парчиња муниција за пушки, униформи. |
| 10 | 18.06.2001 | 55 | На повеќе места на Косово | Кај уапсените пронајдено: 108 пушки , 48 митралези, 75 пиштоли, 506 различни гранати и 33.500 парчиња куршуми. |
| 11 | 18.06.2001 | 1 | Југословенско-македонска граница | Успеале да избегнат апсење 7 лица.Запленето : 2 пушки, 28 мини за минофрлач, 5 гранати за рачен фрлач, 8 кутии муниција... |
| 12 | 30.06.2001 | 67 | Југословенско-македонска граница | Уапсените беа наоружани. |
| 13 | 30.06.2001 | 48 | Мучај Махала | Во Косово влегоа пешки од Македонија. |
| 14 | 30.06.2001 | 6 | Јужно Косово | При обидот илегално да влезат од Македонија |
| 15 | 08.07.2001 | 1 | Југословенско- | На коњите било натоварено : 23 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | македонска граница | противтенковски гранати, 6 ракетни лансери, 25 автоматски пушки, 43 мини за МБ, 51 светлосна ракета, поголема количина на муниција на различни калибри и други разни опреми. Четири Албанци избегнале апсење. |
| **16** | 08.08.2001 | 5 | Југословенско-македонска граница | Албанци кои влегле од Македонија во Косово. Беа наоружани.Одземено : 16 пушки од типот „СКС“ , 15 лансери за ракети, 74 гранати и друго. |
| **17** | 24.08.2001 | 45 | Југословенско-македонска граница Мучај Махала | Во главно се идентификувани како припадници на „ОНА“. Кај повеќето се пронајдени уреди за комуникација и пари. |
| **18** | 30.08.2001 | 750 | Југословенско-албанска граница | Прес- офицерот на КФОР, на конференцијата за новинари соопшти дека после потпишувањето на спогодбата помеѓу властите на Македонија и НАТО за разоружувањето на терористите во Македонија, КФОР во периодот од 24 до 30.08.2001година уапсиле 750 Албанци од Косово кои илегално и вооружени влегле на Косово од Македнија. |
| **19** | 03.09.2001 | 20 | Југословенско-македонска граница | Уапсените биле наоружани и се сомнева дека биле припадници на „ОНА“ |
| **20** | 23.09.2001 | / | Југословенско-македонска граница | Запленето 60 лесни митралези и 2 бајонета кои биле натоварени на две мазги. Терористите побегнале. |
| **21** | 23.09.2001 | 8 | Југословенско-македонска граница | Имале легитимација на терористичката „ОВК“. |

**Табела бр. 4 Број на уапсени припадници на ОНА од страна на КФОР**

Со цел да се спречи делувањето на членовите на ОВК (УЧК) во Македонија и југоистокот на Србија (меѓу нив имаше голем број припадници за КЗК), КФОР и УНМИК суспендираа голем број на офицери (команданти на КЗК), додек администрацијата на САД и ЕУ, поедини водачи на албанските терористи ги ставија на „црната листа“. На предлог на американскиот претседател Џорџ Буш од 27-ми јуни, 2001 година, УНМИК и КФОР на 6-ти јуни, 2001 година соопштија дека суспендирале пет членови на КЗК (од највисоките командни структури) кои американската администрација ги обвини дека се поврзани со албанските екстремисти. (Mijalkovski and Damjanov, 2002, p.378) После „американската интервенција“ на Белата куќа беа суспендирани шефот на Штабот на КЗК, Даут Харадинај, командантот и заменикот командант на гардата и групата за брзо реагирање на КЗК, Реџеп Селими и Газменд Ладровци, како и два регионални команданти, Сами Љуштаку и Рустем Мустафа.

На „црната листа“ на ЕУ се најдоа вкупно четириесет албански терористи од Македонија и Косово.

Суспензијата и апсењето на уште неколку офицери на КЗК ја покажува погубноста на едностраната одлука на првиот командант на КФОР, британскиот генерал сер Мајкл Џонсон, припадниците на ОВК да ги .... и награди во септември 1999, практички, обезбедувајќи им статус на службеници на ООН.

Голем број на овие „службеници на ООН“ во повеќе наврати и во бранови ја напаѓаа независноста и територијалниот интегритет на Р.Македонија – членка на ООН и жртва на оваа во историјата непозната атипична воена интервенција и атипичен пограничен вооружен судир бидејќи воените дејства се одвива претежно во пограничниот појас помеѓу Р.Македонија и протекторатот Косово.

**Коминике бр. 7 на ОНА:**

*„Со цел извршување на воените должности, ги повикуваме сите граѓани способни за пушка да изнајдат начин и да и се придружат на ОНА.*

*Последните два дена во Тетово и околината нашите сили во самоодбрана беа присилени да влезат во борба со агресивните сили на одбраната на државата.*

*Бригадите и придружните одреди на ОНА во планинските предели на Тетово, во скопската област и во другите делови на Македонија се репозиционираат соочени со нови околности.*

*И државните трупи во Тетово дејствуваат стационирани во месноста Дут Лук. Од оваа позиција тие се придвижија и отворија оган против нашите одреди.*

*Исто така, тие отворија неконтролиран оган во правец на селата во планинскиот предел околу Тетово. Нашите сили им возвратија во самоодбрана. Борбите се повторија неколкупати во текот на денот и продолжија спорадични престрелки. Државните сили употребија оружје со калибар до 82 мм.*

*Славомакедонските сили вчера убија еден и ранија двајца албански цивили.*

*Во редовите на ОНА нема ниту еден убиен или повреден. Позициите на ОНА се придвижија во правец ба градот Тетово.*

*Од жива сила, противниците вчера на борбеното поле оставија 11 мртви и 18 повредени, додека од техниката на славомакедонските сили се уништени три моторизирани средства.*

*Со цел извршување на воените должности, ги повикуваме сите граѓани способни за пушка да најдат начин да и се придружат на ОНА.*

*Ги повикуваме албанските полицајци и војници, што се уште им служат на државните трупи, да се фатат за оружје и да им се придружат на најблиските одреди на ОНА."*

Под „притисок" на КФОР и УНМИК, командантот на КЗК – генералот Агим Чеку на 13-ти април 2001 година потпиша соопштение според кое „заради основано сомнение дека е замешан во воените операции на Албанците во Македонија", суспендиран Г'зим Острени, шеф на Штабот на КЗК и дека против него е поведена истрага. (Mijalkovski and Damjanov, 2002, p.379)

**Овие констатации и голем број на разузнавачки извештаи од тој период испратени од пријателските разузнавачки служби од регионот и пошироко, пишувањата на странските и домашните медиуми, КФОР и УМНИК, недвосмислено укажуваат на фактот дека Р.Македонија беше паралелно заплисната и од надворешна атипична воена интервенција и атипичен пограничен вооружен судир од Косово во која ротираа групи од по 200 до 300 припадници или вкупно околу 2000 суспендирани припадници на КЗК преку просторот на секторот Исток.**

Одлучното противење на меѓународната заедница за разбивање на територијалната целокупност на Р. Македонија, сепак во значителна мерка придонесе оваа нова стратегија на атипичен „блиц криг" да биде неефикасна и прекината и да биде трансформирана во „стратегија на истоштување".

## 7.6 ДЕФИНИРАЊЕ И КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА „ОНА“ СПОРЕД МИЛИТАРИ БАЛАНС

Според пишувањата и анализите на светски познатиот, прифатен и меѓународно признаен годишник „Милитари Баланс“ на угледниот Меѓународен институт за стратегиски студии ОНА е презентирана во категоријата на „селектирани недржавни групи“. Во табелата и прилозите кои следат дефинирано е кои групи, со какви цели и каква организациона поставеност може да бидат претставени во категоријата на селектирани недржавни групи класифицирани во определени региони во светот.

| Селектирани недржавни вооружени групи[35] | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| отекло | Организација | Година на формирање | Бројност | Статус | Подрачје на делување | Цел, намера, идеологија (коментари) |
| НАТО земји и европски земји кои не припаѓаат на НАТО | | | | | | |
| епублика Іакедонија ЈРМ) | Ослободителна Народна Армија | 2001 | 500-1,000 | Ц | Северна Македонија | Заштита на правата на етничките Албанци |
| РЈугослави ι | ОВПМБ | 2000 | 800 | Д | Прешевска долина | Припојување кон Косово (присоединување) на етничките Албанци од Јужна Србија и од Западна и Северна Македонија |

[35] Податоците се преземени од:

The Military Balance, 2002-2003, The International Institute for Strategic Studies; Oxford University Press for The International Institute for Strategic Studies; p.224-225 .

**Дефиниција:**

Во оваа табела се прикажани одредени „недржавни вооружени групи“ и организации, кои се организирани и вооружени опозициони сили со добро позната политичка цел, и притоа дејствуваат независно без помош од државата или владата на истоимената држава. Групите се вклучени само ако тие имаат ефективна командна структура. Дефиницијата ги вклучува само оние групи кои најчесто се опишани како герилци, милициски сили, паравоени или самоодбранбени и терористички групи кои имаат политички цели кои предизвикале големи штети низ изминатите години.

Оваа табела ги вклучува само оние недржавни вооружени групи кои се активни или биле активни до неодамна и кои прикажуваат или прикажале сериозни закани упатени до државите и владите. Организациите кои делувале во долготрајни конфликти каде немало национално призната влада како во Авганистан и Сомалија, не се вклучени како групи со исклучиво криминални цели.

Забелешки: А – активни; Ц – прекин на огнот, примирје; Д – неактивни.

| Селектирани недржавни вооружени групи[36] | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| отекло | Организација | Година на основање (формирање) | Бројност, јачина (приближна проценка) | Статус | Подрачје на делување | Цел намера, идеологија (забелешка, коментари) |
| **АТО земји и европски земји кои не припаѓаат на НАТО** | | | | | | |
| рбија и рна Гора | Албанска национална армија (АНА) | 1999 | Не е познато | А | Косово, Република Македонија | Бунтовничката албанска група се залага за обединета Албанија (Голема Албанија), повеќето членови се од расформираната Ослободителна војска на Косово и Ослободителната национална армија. |
| рбија и рна Гора | Ослободител на војска на Прешево, Медveѓа и Бујановац | 2000 | 800 | Д | Прешевска Долина, Србија, Западна и Северна Република Македонија (БЈРМ) | Присоединување кон Косово на етничките Албанци. |
| акедонија БЈРМ) | Ослободител на Војска на Косово | 1992-3 | 5-12,000+ | Д | Косово, Република Македонија (БЈРМ) | Распуштените групи посакуваат автономија за Косоварите и евентуално обединување со останатите Албанци. |
| акедонија БЈРМ) | Ослободител на Народна Армија | 1999-2001 | Не повеќе од 2-3,000 | Д | Република Македонија (БЈРМ) | Голема Албанија, преклопување на членството на АНА, ОВК, ОВПМБ, не е јасно со косовската ОВК (УЧК). |

Дефиниција:

Во оваа табела се прикажани одредени „недржавни вооружени групи“ и организации, кои се организирани и вооружени опозициони сили со добро позната политичка цел, и притоа дејствуваат независно без помош од државата или владата на истоимената држава. Групите се вклучени само ако тие имаат ефективна командна

[36] Податоците се преземени од:
The Military Balance, 2005-2006, The International Institute for Strategic Studies; p. 422-423 .

структура. Дефиницијата ги вклучува само оние групи кои најчесто се опишани како герилци, милициски сили, паравоени или самоодбранбени и терористички групи кои имаат политички цели кои предизвикале големи штети низ изминатите години.

Оваа табела ги вклучува само они недржавни вооружени групи кои се активни или биле активни до неодамна и кои прикажуваат или прикажале сериозни закани упатени до државите и владите. Групите кои имаат исклучиво криминални цели се исклучени од листата.

Забелешки: А – активни; Ц – прекин на огнот, примирје; Д – неактивни; Х – поразени.

Според дефиницијата презентирана во „Милиатри Баланс" во категоријата на селектирани недржавни групи спаѓаат групите кои најчесто и мошне внимателно и суптилно се опишани како герилци, милициски сили, паравоени или самоодбранбени и терористички групи кои имаат политички цели кои предизвикале големи штети низ изминатите години (целиот спектар на активности коишто ги изведуваат посочените групи кои се активни или биле активни до неодамна во анализираниот период, што можеда се одведе под заедничкиот именител инсурекција).

За илустрација, ОВК,ОНА и ОВПМБ се вклучени во „соѕвездието" на најголемите терористички организации во светот- Ал Каеда, Хамаз, Хезболах и серија други терористички организации и сепаратистички движења кои делуваат на сите светски меридијани.

Од анализата на овие табели значајно е да се потенцираат и неколку други суштински елементи и карактеристики на ОВК, ОНА, ОВПМБ и АНА (цели, намери и идеологии) :

- целосно поклопување и „интегрирање" во една константа на нивните цели, намери и идеологии – „автономија на Косово и евентуално обединување со останатите Албанци", залагање за создавање на обединета Албанија (Голема);
- преклопување на членството , ОНА, ОВК, ОВПМБ и АНА (повеќето членови се од ОВК и ОНА);
- втора опција- припојување кон Косово и етничките Албанци од Јужна Србија и од Западна и Северна Македонија.

Исто така, од анализата произлегува и уште една констатација за варирањето на бројноста (јачината) на ОНА-приближните проценки. Во анализите од 2002-2003 година бројноста на ОНА изнесува 500-1000 припадници, додека во годишникот за 2005-2006 фигурира бројката „не повеќе од 2000-3000 луѓе“, што очигледно претставува значајна и недопустлива грешка за една сериозна анализа и студија претставена пред светот од угледниот „Милитари Баланс“. Исто така нивните ставови доста симптоматично „еволуираат“ и во врска со „целите, намерите и идеологијата“ на групите, посебно на ОНА.

Всушност, во првиот извештај (2002-2003) во оваа категорија стои „заштита на правата на етничките Албанци“, за во анализата од 2005-2006 година доаѓа до нивно „освестување“ и како главна цел се презентира залагање за формирање на Голема Албанија.

Овие податоци во суштина претставуваат значаен материјал и вредни сознанија за правилно вреднување и објективна категоризација на ОНА и објективно дефинирање на карактерот на активностите што тие ги извршувале во текот на своето постоење и делување во Македонија, но и во триаголникот Македонија, Косово и Јужна Србија.

# 8 ПРИМЕНА НА ПРОГРАМАТА „АТЛАС“ ВО ФУНКЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ НА КРИТИЧКАТА ГЕОПОЛИТИКА И ДЕФИНИРАЊЕ НА КОНФЛИКТОТ ОД 2001 ГОД. ВО Р. МАКЕДОНИЈА

## 8.1 АТЛАС – СОФИСТИЦИРАНА АНАЛИЗА НА ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ, ПРИМЕНА И КОРИСТЕЊЕ

Целта на АТЛАС е да се помогне на истражувачите да ги откријат и систематски да ги анализираат сложените феномени скриени во неструктурирани податоци (текстуални, мултимедијални, геопросторни). Програмата обезбедува алатки кои му овозможуваат на корисникот да ги лоцира, кодира и нотира наодите примарниот материјал со податоци, да ја оцени нивната важност и да се визуелизираат често сложените односи меѓу нив.

АТЛАС се користи од страна на истражувачи и практичари во широк спектар на области, вклучувајќи антропологија, уметност, архитектура, комуникација, криминологија, економија, образовни науки, инженерство, етнолошки студии, студии за менаџмент, истражување на пазарот, управување со квалитетот, психологија и социологија.

АТЛАС интегрира големи количини на документи и води евиденција за сите забелешки, прибелешки, кодови и податоци во сите области кои бараат внимателно проучување и анализа на основниот материјал кој се состои од текст, слики, ауди, видео и гео податоци.

Покрај тоа, таа обезбедува аналитички и визуелизирачки алатки со цел да се отворат нови интерпретативни погледи на материјалот.

АТЛАС е една од наједноставните програми за квалитативна анализа на податоци. При усовршување на програмата земени се во предвид потребите и желбите на корисниците, а фокусот е ставен на максималниот степен на корисност. Оваа програма е дизајнирана да ги следи ригорозните начела на функционално ориентирана употребливост. Таа функционира врз база на логичка структура на лента, текстуални менија и кратенки на тастатурата со цел да се дојде до што поергономски тек на активностите.

Недостатоците на постарите верзии се отстранети а додадена е бараната функционалност. Меѓу најзначајните новини е употреба на неограничен број **поништи/повтори (undo/redo),** а оваа опција е можна во секој аспект на програмата. Комплетната изворна Unicode поддршка овозможува да се работи со

материјали/текстови на кој било јазик и сет на карактери. Алатката easy-to-use врши детално пребарување на секое ниво од вашиот проект. Што се однесува на симултаната работа со повеќе извори на податоци, за неа може да се каже дека поддржува нови компаративни пристапи.[37]

АТЛАС програмата обработува, анализира и интегрира голем квантум на документи и со оглед на фактот дека се користи за научни и стручни истражувања во сферата на оштествените и хуманистичките науки, за нас претставува соодветна алатка за попрецизно, објективно односно, непристрасно и научно елаборирање на истражувачкиот проблем.

Добиените резултати научно се синтетизираат и овозможуваат квалитативни, статистички и семантички анализи на соодветните содржини и документи кои ја обработуваат темата за конфликтот во Република Македонија од 2001 година. Визуелните прикази овозможени со примената на оваа програма отвараат серија на нови интерпретации на истражуваниот материјал.

## 8.2 ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРОГРАМАТА АТЛАС ЗА НАУЧНИ ИСТРАЖУВАЊАТА ВО СФЕРАТА НА КОНФЛИКТОЛОГИЈАТА И КРИТИЧКАТА ГЕОПОЛИТИКА

За квалитативна и квантитативна анализа од аспект на критичната геополитика во функција на комплексното истражување беа целосно простудирани и анализирани голем број на научни студии објавени пред конфликтот, за време на конфликтот и во постконфликтниот период со помош на програмата Атлас.

Врз основа на голем број анализирани говори, изјави, соопштенија, текстови во пишаните медиуми и научни студии (државници, дипломати, високи државни функционери, лидери на меѓународни организации, врвни новинарски имиња, авторитети од областа на меѓународните односи, меѓународната безбедност, тероризам и разузнавање и други значајни личности и автори) добиваме релевантни одговори неопходни за дефинирање на видот на конфликтот (облиците на примена на насилство)

[37] http://atlasti.com/
https://en.wikipedia.org/wiki/Atlas.ti

и за детерминирање на главните актери во конфликтот во зависност од формите, методите и целите на нивното делување.

Во функција на креирање целосна и објективна слика за ставовите, мислењата, оценките и анализите креирани и презентирани во различни медиуми, со помош на програмот Атлас, беше направено комплексно истражување кое опфати значително голем број на медиуми во следните држави: САД, Обединето Кралство, Украина, Турција, Грција, Бугарија, Србија, Косово, БиХ, Албанија и Македонија (македонски и албански медиуми заради непристрасност во конечните анализи). Програмата АТЛАС нуди можности за претставување на сите медиуми за конкретните држави и за анализираните содржини од конкретните медиуми што ќе биде предмет на презентација на секој графикон поодделно.

Резултатите од анализата и клучните зборови неопходни за целосно и содржајно дефинирање на учесниците во конфликтот и аналогно на тоа дефинирање за самиот конфликт се мошне интересни и со мошне интересна и типична фреквенција на определени изрази (термини) во зависност од ставовите на државите, субдржавните и субетничките групи за конфликтот, од усвоената и прифатена терминологија, а честопати од поддршката на определени учесници во конфликтот и нивните поставени крајни цели, од геополитичките услови типични за тоа време и целите на нивната надворешна политика. Резултатите се дијаметрално различни од држава во држава, од регион во регион и на глобално ниво.

Сите дополнителни истражувања на оваа релација и резултатите добиени од истите само дополнително ќе ги потврдат сите претходни релевантни и научно засновани научни сознанија и заклучоци.

## 8.3 ФОРМАЛНА ГЕОПОЛИТИКА

За квалитативна и квантитативна анализа од аспект на формалната геополитика во функција на комплексното истражување беа целосно простудирани одреден број на научни студии објавени пред конфликтот, за време на конфликтот и во постконфликтниот период.

Како научни студии со посебен меѓународен аспект можеме да ги потенцираме студиите на Меѓународната кризна група која во целост го предвиде конфликтот и можните последици, студиите на врвни експерти кои побудија огромен меѓународен интерес (како што се студиите на Јан Оберг, од автори кои пишуваат за Конгресот и Конгресната библиотека во Вашингтон и голем број на светски докажани познавачи на приликите во Балканот и посебно во Р.Македонија). [38] И во оваа анализа карактеристични се резултатите според потеклото и општоприфатената терминологија која се користи во нивните држави во однос на определени безбедносни феномени, закани и нивните носители.

Кај авторите (експертите) кои ја користат западната терминологија повторно доминираат изразите бунтовници, востаници и интересно за одбележување е што кај определени студии доминира изразот и квалификацијата **насилство** што говори дека авторите не го признаваат насилството и употребата на сила за остварување на определени цели кои во определен историски контекст може да се реализираат со примена на политички средства во парламентарна процедура.

Во графиконот бр.1 презентирани се конкретните анализи според автори/организации, истражувачки центри.

---

[38] Oberg, J., (1999). Rambouillet: Imperialism in disguise. *TFF PressInfo 55.*
Medimorec, M., (2001). The Macedonian Crisis - Terrorism, National Movement, or Struggle for Self - determination? *National security and the future, Vol.2 No.3-4.* Rujan. pp. 91-110.
Van Duijnen, M., (2012). The stepchildern of the Balkans. Uitgave van Jonge Historical Schrijven Geschiedenis: Amsterdam.
The Macedonian Question: Reform or Rebellion. ICG Balkans Report N. 109, 5 April 2001.
Kim, J., (1998). Macedonia: Conflict Spillover Prevention. *CRS Report for Congress.* The Library of Congress.
Kim, J., (2001). Macedonia: Country Background and Recent Conflict. *CRS Report for Congress.* The Library of Congress.
Kim, J., (2002). Macedonia: Country Background and Recent Conflict. *CRS Report for Congress.* The Library of Congress.
Kim, J., (2005). Macedonia (FYROM): Post-Conflict Situation and U.S. Policy. *CRS Report for Congress.* The Library of Congress.
Chutrova, E., (2008). *"Extreme" Right Party in Macedonia.* Collège Universitaire de Sciences Po: Dijon.

Исто така, значајно за одбележување е да се потенцира дека и во нивните научни студии во голема мера се користат **терористи, екстремисти, сепаратисти**, а во незначителен обем и изразите герилци, парамилитарни групи, криминалци.Кај авторот Мирослав Медирморец значајна е фреквенцијата на терминот терористи (52), но не се исклучени и другите категории на носители на насилство за време на конфликтот во Р.Македонија. (Medimorec, 2001, pp. 91-110)

Во вкупната анализа на сите текстови (графикон бр.2) недвосмислено можеме да констатираме дека најголемата „концентрација" на **анализирани клучни термини се движи во „орбитата" на бунтовници, терористи и екстремисти**, што повторно говори за негативна конотација карактеристична за современата инсурекција, која повторно ќе потенцираме ги опфаќа тероризмот, герилата, револуционерната „војна" и саботажите.

Карактеристично е што високото четврто место на ранг листата е резервирано за терминот насилство со што сите експерти се едногласни во неговата осуда и целосно отфрлање и неприфаќање.

Исто така, интересен е податокот за „фреквенцијата" на термините герила, посебно криминалци што во овој контекст има крајно специфична и сензитивна конотација.

Но, уште покарактеристично е да го потенцираме фактот дека без исклучок, меѓународната експертска заедница (македонската експертска заедница е намерно исклучена заради избегнување на определена пристрасност) во ниту еден случај не го користи терминот борци за човекови права.

Исто така, од анализата произлегува и уште една констатација за варирањето на бројноста (јачината) на ОНА-приближните проценки. Во анализите од 2002-2003 година бројноста на ОНА изнесува 500-1000 припадници, додека во годишникот за 2005-2006 фигурира бројката „не повеќе од 2000-3000 луѓе", што очигледно претставува значајна и недопустлива грешка за една сериозна анализа и студија претставена пред светот од угледниот „Милитари Баланс". Исто така нивните ставови доста симптоматично „еволуираат" и во врска со „целите, намерите и идеологијата" на групите, посебно на ОНА.



80
70
60
50
40
30
20
10
0
1
2
3
4
5
6
7
8
9
10
Document
insurgents: 3
rebels: 1
violent: 1
rebels: 20
guerrillas: 9
terrorists: 5
extremists: 2
violent: 2
insurgents: 1
criminals: 1
violent: 3
extremists: 1
violent: 2
terrorists: 1
rebels: 1
rebels: 78
terrorists: 12
extremists: 8
violent: 6
guerrillas: 4
insurgents: 2
criminals: 1
rebels: 74
terrorists: 11
extremists: 11
violent: 6
guerrillas: 5
insurgents: 2
Albanian armed groups: 1
paramilitary or self - defence groups: 1
extremists: 6
rebels: 5
criminals: 5
violent: 5
insurgents: 3
terrorists: 2
guerrillas: 1
Albanian armed groups: 1
violent: 19
extremists: 18
separatists: 6
guerrillas: 4
terrorists: 3
terrorists: 52
rebels: 20
guerrillas: 11
criminals: 5
extremists: 1
violent: 1




**Графикон бр.1 Анализи според експерти, аналитичари, организации и истражувачки центри**




**Графикон бр.2 Вкупна анализа на сите текстови според експерти, аналитичари, организации и истражувачки центри**




**Облак бр. 1 Вкупна анализа на сите текстови според експерти, аналитичари, организации и истражувачки центри**

## 8.4 ПРАКТИЧНА ГЕОПОЛИТИКА

Анализите презентирани во целинините и истражувањата на формалната, популарната и преку истражувањата на практичната геополитика неизбежно поврзани и со структуралната геополитка имаат за цел креирање на комплексна и прецизна геополитичка слика, односно геополитичко огледало во функција на суштинска деконструкција на геополитичките дискурси кои креираат стереотипи за актерите инволвирани во определен конфликт, за државите и регионите во кои се води конфликтот, односно креирање на погрешна геополитичка слика или геополитички мозаик.

Овие констатации се мошне значајни за Балканот и за Македонија низ историјата во минатото и денес. Тоа во суштина е „новата мисија" и задачата на критичката геополитика денес во новиот глобален геополитички амбиент.

За потребите на научното истражување на практичната геополитика, попрецизно аспектите на концепуализацијата на меѓународната политика на сите инволвирани актери (внатрешни и надворешни) во конкретниот конфликт, беа анализирани ставовите, мислењата, исказите, извештаите преку анализа на говорите, соопштенијата, пораките упатувани на оваа релација од најрепрезентативните и најугледните и најмоќните лидери во светот, најмоќните политички, воено-политички и економски организации, сојузи, групации и мисии (од ООН, НАТО, КФОР, Северно-атлантски совет, ЕУ, ОПСЕ и нивните лидери), претседатели на САД и другите најмоќни држави во светот, амбасадори и други дипломатски претставници во голема и респективна бројка презентирани во повеќе од сто страни текст, подредени хронолошки во текот на траењето на конфликтот како и после неговото завршување.[39]

---

- [39] Коресподенција помеѓу Генералниот секретар на НАТО, Робертсон и Претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски; помеѓу Генералниот секретар на НАТО, Робертсон и министерката за надворешни работи, Илинка Митрева и други.
- Планот на Претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски за справување со кризата.
- Клучните препораки на Владата на Република Македонија за справување со кризата (финална верзија – четврток, 21 јуни 2001 год.)
- Резолуцијата од Советот за безбедност на ООН - 1345 (2001) од 23 март 2001 год.
- Јавно обраќање на Претседателот на САД, Џорџ Буш до Конгресот на САД. (27 јуни 2001 год.)
- Изјава на претседателот на САД, Џорџ Буш каде што го осудува екстремистичкото насилство во Македонија (23 март 2001 год.)
- Финлно комунике: Министерски состанок на Северно Атланскиот Совет одржан во Будимпешта, Унгарија (29 мај, 2001)

Анализата според сите опфатени државници и меѓународни организации и други релевантни високо рангирани функционери во претходно наведените меѓународни структури е презентирано во графикон бр. 3.

Во нивните изјави, за разлика од претходните анализи, прво место на ранг листата на нивниот вокабулар е терминот **терористи**, а веднаш до терористите се наоѓа терминот **екстремисти** (што е синоним за терористи или нешто што е основа во тероризмот и сите нови безбедносни закани на глобално, регионално, национално и индивидуално ниво.

Нивната вкупна зачестеност во бројки е презентирана во графиконот бр. 4 во којашто така е карактеристично високото **трето место на терминот криминалци** што говори за првичната огорченост и жестоката реакција на сите меѓународни фактори од светски државници од ново појавената ОНА и новите проблеми за нивното дополнително инволвирање на Балканот и менаџирање на уште една нова криза.

---

- Финлно комунике: Министерски состанок на Северно Атланскиот Совет одржан во седиштето на НАТО, Брисел (6 декември, 2001)
- Медиумска изјава од средбата на заедничкиот совет НАТО-Русија на амбасадорско ниво (28 март, 2001)
- Заедничка медиумска изјава помеѓу Генералниот секретар на НАТО и Претседателството на ЕУ. (30 мај, 2001)
- Заедничка медиумска изјава за Западен Балкан помеѓу Генералниот секретар на НАТО и Претседателството на ЕУ. (30 мај, 2001)
- Медиумска изјава од средбата на заедничкиот совет НАТО-Русија на амбасадорско ниво (27 јуни, 2001)
- Изјава од состанокот на Комисијата на НАТО-Украина на амбасадорска седница (4 мај, 2001)
- Заедничка медиумска изјава помеѓу високиот претставник на ЕУ, Солана и Генералниот секретар на НАТО, Робертсон. (5 јули 2001)
- Медиумска изјава од средбата на заедничкиот совет НАТО-Русија на амбасадорско ниво (18 јули, 2001)
- Заедничка медиумска изјава помеѓу високиот претставник на ЕУ, Солана и Генералниот секретар на НАТО, Робертсон. (19 јули 2001)
- Заедничка медиумска изјава помеѓу Генералниот секретар на НАТО и Претседателството на ЕУ. (6 декември, 2001)
- Изјава за ситуацијата на Балканот од средбата на Северно атланскиот совет на седница на министрите за одбрана одржана во Брисел (18 декември, 2001)
- Резиме на претседавачот од средбата на Евро-атланскиот партнерски совет на седницата на министрите за одбрана одржана во Брисел (21 март, 2001)
- Резиме на претседавачот од средбата на Евро-атланскиот партнерски совет на седницата на министрите за одбрана одржана во Брисел (8 јуни, 2001)
- Резиме на претседавачот од средбата на Евро-атланскиот партнерски совет на седницата на министрите за одбрана одржана во Брисел (19 декември, 2001)
- Декларација за БЈРМ од ЕУ.

Терминот бунтовници е многу незначително присутен во анализата на содржината на говорите и текстовите „селектирани“ за потребите на практичната геополитка и за критичката геополитка во целост.




**Графикон бр.3 Анализа според државници, меѓународни организации и други релевантни високо рангирани функционери**




**Графикон бр. 4 Вкупна анализа според државници, меѓународни организации и други релевантни високо рангирани функционери**




**Облак бр. 2 Вкупна анализа според државници, меѓународни организации и други релевантни високо рангирани функционери**

## 8.5 ПОПУЛАРНА ГЕОПОЛИТИКА

Во функција на креирање целосна и објективна слика за ставовите, мислењата, оценките и анализите креирани и презентирани во различни медиуми беше направено комплексно истражување кое опфати значително голем број на медиуми во следните држави: САД, Обединето Кралство, Украина, Турција, Грција, Бугарија, Србија, Косово,БиХ, Албанија и Македонија (македонски и албански медиуми заради непристрасност во конечните анализи).

Резултатите од анализата и клучните зборови неопходни за целосно и содржајно дефинирање на учесниците во конфликтот и аналогно на тоа дефинирање за самиот конфликт се мошне интересни и со мошне интересна и типична фреквенција на определени изрази (термини) во зависност од ставовите на државите, субдржавните и субетничките групи за конфликтот, од усвоената и прифатена терминологија, а честопати од поддршката на определени учесници во конфликтот и нивните поставени крајни цели, од геополитичките услови типични за тоа време и целите на нивната надворешна политика.

Резултатите се крајно „драматични“ дијаметрално различни од држава во држава, од регион во регион и на глобално ниво.

Во овој контекст најкарактеристично е да потенцираме дека во најголем број на медиуми (и најголем број на држави) **доминираат изразитебунтовници, терористи, екстремисти** (насилни екстремисти односно екстремисти кои применуваат насилни методи што е еквивалент на терористи и усвоена терминологија во НАТО-структурите). Во смислата на изрази со најголема зачестеност следат изразите герила, сепаратисти, криминалци и востаници.

Карактеристично е што во содржините на написите во пишаните медиуми често пати се употребува изразот насилство како краен ефект и крајно средство за остварување на остварените цели.

Во медиумите во Бугарија, Грција, Македонија, Обединето Кралство доминираат и термините бунтовници, екстремисти и терористи додека во Турција и Украина најупотребуван е изразот **герила**.

Во посочената анализа, мошне очекувано и логично е што медиумите од Албанија и Косово воопшто не се произнесуваат за „карактеристичните називи" на учесниците во конфликтот со мошне ретки исклучоци на терминот екстремисти во албанските медиуми, додека во Србија најзачестена е употребата на квалификативите екстремисти и терористи (графикон бр.5)

Карактеристично за целата анализа е да се потенцира дека во ниту еден медиум не се употребува изразот „борци за човекови права", што е типична појава и за другите категории опфатени со ова истражување. Со ова недвосмислено се отфрлаат сите шпекулации дека доаѓа до промена-трансформација во терминологијата ( посебно во Западните медиуми од терористи во борци за човекови права). Тоа е констатација издигната на ниво на закономерност во сите останати истражувања и во сферата на формалната, практичната и структуралната геополитика.

„Конечната ранг листа" е презентирана на графиконот бр. 6 според која основните и суштинските видови на инсурекција ги „заземаат" првите четири места во ранг листата. Според густината на резултатите недвосмислено се потврдува дека конфликтот во Р.Македонија во 2001 година спаѓа во категоријата на инсурекција (според западната терминологија) во која доминираат терористичките и екстремистичките активности и првата фаза на вооружен бунт или герилски дејства во определен период од најниско можно рамниште (ниво на дејство). (графикон бр.3)

Анализата на содржината на определени статии во истражувањето е направено врз основа на голем број новинарски записи презентирани на повеќе од 250 страници текст, што е релевантна бројка и солиден репрезентативен примерок (во кои се вклучени и албанските медиуми во три држави).




**Графикон бр. 5 Анализа на содржините на текстовите за конфликтот во определени медиуми**




**Графикон бр. 6 Вкупна анализа на содржините на текстовите за конфликтот во определени медиуми**




**Облак бр.3 Вкупна анализа на содржините на текстовите за конфликтот во определени медиуми**

Во функција на прецизна анализа и интерпретација на резултатите од известувањето на медиумите во поодделни држави за конфликтот во Р. Македонија ќе ги презентираме „облаците“ за секоја анализирана држава поединечно.




**Облак бр.4 Анализа на содржината на определени медиуми во САД**




**Облак бр.5 Анализа на содржината на определени медиуми во Велика Британија**




**Облак бр.6 Анализа на содржината на определени медиуми во Македонија**




**Облак бр.7 Анализа на содржината на определени медиуми во Турција**




**Облак бр.8 Анализа на содржината на определени медиуми во Албанија**




Облак бр.9Анализа на содржината на определени медиуми во Косово




Облак бр.10 Анализа на содржината на определени медиуми во Србија




**Облак бр.11 Анализа на содржината на определени медиуми во Украина**




**Облак бр.12 Анализа на содржината на определени медиуми во Грција**




**Облак бр.13 Анализа на содржината на определени медиуми во Бугарија**




**Облак бр.14 Анализа на содржината на определени медиуми во Босна и Херцеговина**

## 8.5.1 КАКО СТРАНСКИТЕ МЕДИУМИ – The Guardian - ЈА НАРЕКУВАА АЛБАНСКАТА СТРАНА ВО КОНФЛИКТОТ?

Земајќи ја предвид временската дистанца, денес во архивите на странските медиуми тешко може да се пронајдат текстовите по хронолошки редослед посветени на конфликтот во 2001 година. Бидејќи во овој труд треба да биде опфатен печатен медиум или новинска агенција, во продолжение се одлучивме да ги издвоиме примерите од британскиот весник „Гардијан". Во продолжение, извадени се речениците од текстовите (според хронолошки редослед) во кои медиумот ја споменува албанската страна во конфликтот:

https://www.theguardian.com/world/2001/feb/27/balkans - 27.02.2001

Појавата на бунтовничката група, која се нарекува себеси Ослободителна национална армија, по должината на границата со Косово предизвика огромен меѓународен интерес.

Борец на бунтовниците призна дека групата ја има истата структура како Ослободителна војска на Косово. (УЧК).

https://www.theguardian.com/world/2001/mar/06/balkans1 - 06.03.2001

Албанските милитанти во близина на границата, членови на Ослободителната Национална Армија самонаречените (ОНА), допрва треба официјално да ги искажат своите барања, или причината за нивниот бунт.

https://www.theguardian.com/world/2001/mar/20/balkans2 - 20.03.2011

Насилството го уништува трпението со зголемувањето на македонската криза.

https://www.theguardian.com/world/2001/apr/02/eu.balkans - 02.04.2001

Претседателот Трајковски се вели дека е подготвен да се приклучи во дијалог на сите странки и да се ревидираат делови на Уставот земајќи ги предвид чувствителните албански прашања, по недели борба меѓу македонските безбедносни сили и етничките албански герилци.

https://www.theguardian.com/world/2001/feb/28/balkans - 28.06.2001

Судири меѓу новоформирана етничка Албанска паравоена група и македонските безбедносни сили будат зголемена меѓународна загриженост дека нова воена зона може да се појави на Балканот.

https://www.theguardian.com/world/2001/jun/26/balkans1 - 26.06.2001

Толпата, мавтајќи со македонски знамиња, ја осуди владата за потклекнување пред притисокот од Запад за прекин на огнот и побара целосен напад на етничките албански бунтовници.

https://www.theguardian.com/world/2001/jun/11/balkans - 11.06.2001

Илјадници етнички албански бегалци преминаа од Македонија во Косово за време на викендот кога албански бунтовници од самонаречената Национална ослободителна армија ја презеде контролата врз област на само една милја надвор од главниот град на Македонија, Скопје.

https://www.theguardian.com/world/2001/sep/02/balkans - 02.09.2001

Стотици етнички албански борци се движат од Македонија на Косово, многу од нив носејќи ги нивните оружје кое би го предале на операцијата на НАТО дизајнирана да помогне да заврши шест месечната герилска војна.

Гардијан го објави ексклузивно и шестото комунике на ОНА во кое се прави драстичен пресврт во однос на нивните барања.

*Превод на коминике објавено на 21 март 2001 година од страна на етничките албански бунтовници кои се борат за поголеми права во Македонија:*

Македонскиот игнорантски став и лицемерното непочитување на барањата и трпеливоста на Албанците ги надминаа сите граници.

Нашите луѓе со децении се навредувани, дискриминирани и отфрлени од сите цивилизациски традиции во Македонија.

Ова се главните причини што ги натераа Албанците да земат оружје и да се борат за своите права. Залудно се обидувавме со години да ги оствариме нашите права преку промена во власта и да се воздржиме од погрешна политика ... избравме претседател за кој се надевавме дека ќе биде претседател за сите. Му дадовме време и простор да ни испрати јасни сигнали дали тој ќе ги прифати Албанците како еднакви. Но, тоа не се

случи. Затоа решивме да не дозволиме понатамошно понижување и газење на нашето достоинство.

Апелираме до сите политички и неполитички албански личности да не се залажуваат дека нашите права ќе бидат доделени од оваа влада. Сегашниот тренд на признавање на нашите права е тривијален. Ние, исто така, апелираме до сите политички фактори, внатрешни и надворешни, да им dадеме вистинско признание на оние што се борат да бидат еднакви, бидејќи таквите борци никогаш не би можеле да бидат терористи.

Ние не сме авантуристи. Ние немавме живот да се коцкаме. Не бараме убиства и војна, бидејќи со векови бевме жртви. Од овој момент мирот не зависи само од нас.

Ги повикуваме македонските власти да објават што е можно побрзо дали сакаат ова мирно да се реши. После ова ние нема да бидеме одговорни за идниот сплет на настани. Ја повикуваме меѓународната заедница да ги препознае нашите барања, кои се за мир.

Ослободителна национална армија, филијала Тетово

Од анализата на содржините објавени во весникот Гардијан недвосмислено можеме да констатираме дека и во рамките на еден анализиран весник постои огромно шаренило во квалификацијата на учесниците на албанската страна инволвирана во конфликтот. Ова шаренило беше типично и карактеристично за сите медиуми, првенствено за медиумите од западните држави.

## 8.6 КРИТИЧКА ГЕОПОЛИТИКА

Врз основа на огромен број анализирани говори, изјави, соопштенија, текстови во пишаните медиуми и научни студии (повеќе од сто државници, дипломати, високи државни функционери, лидери на меѓународни организации, врвни новинарски имиња, авторитети од областа на меѓународните односи, меѓународна безбедност, тероризам и разузнавање и др. значајни личности) добиваме релевантни одговори неопходни за дефинирање на видот на конфликтот (облиците на примена на насилство) и за детерминирање на главните актери во конфликтот во зависност од формите, методите и целите на нивното делување.

Во графиконот бр.8 терминот терористи е најзастапен и заедно со терминот **екстремисти** се повторува околу 150 пати, додека останатите анализирани термини заедно 43 пати, односно нивната застапеност е за три пати помала во однос на терминот **терористи и екстремисти**, што е типично за терминологијата користена во првите месеци на конфликтот.

*„РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА*

*„Вода за леб“*

*Од причина што „Спогодбата“ за излез ид кризата за водата за пиење за граѓаните на Куманово (16.6.2001 год. во Липково), потпишана помеѓу ОБСЕ и ОНА, а која се однесуваше и на продолжувањето на снабдувањето на прехрамбените продукти (собрани по доброволна основа на населението и на некои хуманитарни организации) како и непречувањето на снабдувањето со електрична енергија, не се почитува, однесување, кое нажалост не принудува на повторно разгледување на гестот на добра волја, од причина што:*

- *Последниот хуманитарен конвој (на кој му се одобри на 1.8.2001, Среда), се спречи 9 дена по славомакедонските полициски и воени пунктови, (од банални причини) и од тие причини беа фрлени: 4,8 тони пиперки; 3,4 тони патлиџан и 6,1 тони компир.*
- *Снабдувањето со електрична енергија не се почитува, во име на „дефектите“ кои се набљудуваат (контролираат) од другата страна, го пуштаме следниот:*

*УЛТИМАТУМ*

1. *Во случај на други обиди на доставување на прехрамбена хуманитарна помош за населението кое е погодено од хуманитарната катастрофа на општината Липково, завршува по славомакедонските полициски и воени пунктови, ако*

*одговорноста на (не) дозволувањето на доставувањето, тројката игра пинг-понг, Влада-војска и полиција, и*

2. *Во случај да продолжува „ИГРАТА“ на одговорните органи со „Дефектите“ за неспречено снабдување со елект. енергија,* ***Ослободителната национална армија ќе биде присилена да ја спречува снабдувањето со вода за пиење за нејзините корисници****, за што се информирани електронските и печатените медиуми.*

*Внимание:*

*УЛТИМАТУМОТ (упатено до ОБСЕ како посредник, Владини и локални органи на општината Куманово, кои дирекно се поврзани со ДОЗВОЛАТА за доставување на помошта) како последна можност (пресија) притисок, за да не се повторуваат пречките и малтретирањата кои се вршат на здруженијата и хуманитарните организации во нивното делување, влегува во сила 24 часа почнувајќи од понеделник во 15.00 часот.*

*03.08.2011 год.* *Со почит,*

*Куманово* *КомандантШпати“*

Овие резултати недвосмислено говорат дека станува збор за користење на терористички форми и методи на делување од поголеми размери и дека во терминологијата на сите релевантни светски фактори станув збор за категорија на терористи и екстремисти кои применуваат терористички форми на делување што наиде на целосна осуда од целокупната меѓународна заедница, од целокупната експертска заедница и од сите највлијателни светски државници, политичари, дипломати и високи функционери на најзначајните светски и регионални организации и институции.

Логично, бидејќи станува збор за целосно научно анализирани и интерпретирани резултати можеме уштееднаш да потенцираме дека од нивниот „терминолошки речник“ **во целост е исклучен терминот „борци за човекови права“** со што во целост се потврдуваат претходно потенцираните резултати и логично изведени заклучоци. Сите дополнителни истражувања на оваа релација само дополнително ќе ги потврдат сите претходни релевантни и научно засновани научни сознанија и заклучоци.




**Графикон бр.7 Збирна анализа на содржинатана сите текстови и изјави на странските државници за конфликтот во Р.М. на македонски јазик**




**Облак бр.15 Збирна анализа на содржинатана сите текстови и изјави на странските државници за конфликтот во Р.М. на македонски јазик**




**Графикон бр.8 Збирна анализа на содржината на сите текстови и изјави на странските државници за конфликтот во Р.М. на англиски јазик**




**Облак бр.16 Збирна анализа на содржината на сите текстови и изјави на странските државници за конфликтот во Р.М. на англиски јазик**

# 9 ЗАКЛУЧОК

## 9.1 ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Насилниот внатрешен конфликт што ја зафати Р. Македонија во почетокот на новиот век, историски и воено - историски аспект го означува крајот на серијата внатрешни конфликти на просторот на поранешна СФРЈ кои започнаа кон крајот на минатиот век (последната декада) и го означија процесот на нејзина крвава дезинтеграција, фрагментација и рекомпонирање.

За креирање на комплетна и прецизна слика на потенцираниот конфликт со нашето истражување се обидовме длабински да ги скенираме неговите основни и суштински детерминанти во една специфична тријада - геополитика (критична геополитика геполитика со нејзините четири основни типови: формална, практична, популарна и структурална геополитика) - геостратегија и безбедност. Со овој концепт на специфични научни истражувања ги доведеме во корелација сите најзначајни сегменти и вредности на претходно потенцираните детерминанти за комплетно елаборирање и расветлување на анализираниот специфичен феномен.

Со мултидисциплинарното истражување и повеќеслојна анализа на конфликтот од 2001 година успеавме да направиме јасна дистинкција на основните составни делови и рангирање на клучните параметри неопходни за научно, прецизно, методолошко, коректно дефинирање на конфликтот во Р. Македонија во 2001 година во сите негови фази и во сите негови појавни манифестни форми.

Балканот кои во себе содржел тековни, како и потенцијални кризни жаришта, претставува геостратегиска спојувалка спрема важните јужни одредници кои се стопански мошне значајни (Каспискиот регион), спрема потенцијалните кризни жаришта (Блискиот Исток и Персискиот Залив) и спрема сложеното и нестабилно подрачје на Медитеранот. Преку ова подрачје води најважната поморска комуникација помеѓу Атлантикот и Индискиот Океан (правецот Гибралтар – Малта – Суец). На овој простор, двете супер сили на минатото САД и СССР, и денес САД и Русија, ја прават линијата на разграничување на својата доминација во Европа, не занемарувајќи ги и интересите на Франција, Англија, Германија и Италија.

Во новото геостратегиско и геополитичко позиционирање на големите сили за XXI век Балканот се најде во зафатот на најопасниот геополитички и геостратегиски триаголник – најризичниот простор на кој ќе се одиграат големите игри и комбинации на големите сили за и на почетокот на XXI век. Земјите лоцирани во зафатот на овој

триаголник, на кои избувнаа голем број на конфликти беа и постанаа колатерална штета на игрите на големите сили.

Со комплексна примена на критичката геополитика (која смета дека геополитиката треба да се концептуализира како форма на дискурс и политичка практика) за прв пат во нашата теорија и практика се направи обид за комплексно корелирање на мноштво фактори кои имаат силно и одлучувачко влијание врз севкупниот политички, геополитички и безбедносен амбиент.

Анализите презентирани во истражувањата на формалната, популарната и преку истражувањата на практичната геополитика неизбежно поврзани и со структуралната геополитка имаат за цел креирање на комплексна и прецизна геополитичка слика, односно геополитичко огледало во функција на суштинска деконструкција на геополитичките дискурси кои креираат стереотипи за актерите инволвирани во определен конфликт, за државите и регионите во кои се води конфликтот, односно креирање на погрешна геополитичка слика или геополитички мозаик.

Овие констатации се мошне значајни за Балканот и за Македонија низ историјата во минатото и денес. Тоа во суштина е „новата мисија" и задачата на критичката геополитика денес во новиот глобален геополитички амбиент.

За квалитативна и квантитативна анализа од аспект на формалната геополитика во функција на комплексното истражување беа целосно простудирани и научно анализирани голем број на научни студии објавени пред конфликтот, за време на конфликтот и во постконфликтниот период.

Во функција на креирање целосна и објективна слика за ставовите, мислењата, оценките и анализите креирани и презентирани во различни медиуми беше направено комплексно истражување кое опфати значително голем број на медиуми во следните држави: САД, Обединето Кралство, Украина, Турција, Грција, Бугарија, Србија, Косово, БиХ, Албанија и Македонија (македонски и албански медиуми заради непристрасност во конечните анализи).

Резултатите од анализата и клучните зборови неопходни за целосно и содржајно дефинирање на учесниците во конфликтот и аналогно на тоа дефинирање за самиот конфликт се мошне интересни и со мошне интересна и типична фреквенција на определени изрази (термини) во зависност од ставовите на државите, субдржавните и

субетничките групи за конфликтот, од усвоената и прифатена терминологија, а честопати од поддршката на определени учесници во конфликтот и нивните поставени крајни цели, од геополитичките услови типични за тоа време и целите на нивната надворешна политика.Резултатите се крајно „драматични“, дијаметрално различни од држава во држава, од регион во регион и на глобално ниво.

Врз основа на огромен број анализирани говори, изјави, соопштенија, текстови во пишаните медиуми и научни студии (повеќе од сто државници, дипломати, високи државни функционери, лидери на меѓународни организации, врвни новинарски имиња, авторитети од областа на меѓународните односи, меѓународна безбедност, тероризам и разузнавање и др. значајни личности) добиваме релевантни одговори неопходни за дефинирање на видот на конфликтот (облиците на примена на насилство) и за детерминирање на главните актери во конфликтот во зависност од формите, методите и целите на нивното делување.

Овие резултати недвосмислено говорат дека станува збор за користење на терористички форми и методи на делување од поголеми размери и дека во терминологијата на сите релевантни светски фактори станува збор за категорија на терористи и екстремисти кои применуваат терористички форми на делување што наиде на целосна осуда од целокупната меѓународна заедница, од целокупната експертска заедница и од сите највлијателни светски државници, политичари, дипломати и високи функционери на најзначајните светски и регионални организации и институции.

Логично, бидејќи станува збор за целосно научно анализирани и интерпретирани резултати можеме уште еднаш да потенцираме дека од нивниот „терминолошки речник“ во целост е исклучен терминот „борци за човекови права“ со што во целост се потврдуваат претходно потенцираните резултати и логично изведени заклучоци. Сите дополнителни истражувања на оваа релација само дополнително ќе ги потврдат сите претходни релевантни и научно засновани научни сознанија и заклучоци.

Периодот на Студената војна за Балканот и балканските народи го означи релативно мирниот период и затишје после многувековната историја на континуираните балкански крвави војни. Избувнувањето на конфликтите на Балканот најчесто се припишуваше на експлозивната природа на историските сеќавања, трауми,

на прастарата омраза, на ѕверскиот лик на *homo balkanicus* и неможноста за религиозна споивост.

Во овој контекст значајно е да се потенцира еден закономерен „конфликтен процес“ за конфликтите што се повторуваат во овој безбедносно сензитивен регион кој сведочи за една континуирана тенденција на меѓународно дејствување. Оваа закономерност и тенденција се профилираа во еден долг историски процес кои траеше повеќе од дваесет векови, профилирајќи ја сликата за специфичниот и опасен регион во европски и светски рамки.

Јазолната геополитичка положба на македонската територија во центарот на балканскиот геополитички крст примарно произлегува од континуираното дејство и влијание на значајните правци на дејствување на вонбалканските држави и сојузништва (екстрарегионални точки на притисок) кои се испресечуваат на Балканот, посебно во неговиот центар – Македонија.

Балканот несомнено претставува географски, геополитички и геостратегиски мозаик и политички микрокосмос, барометар на односите во Европа и пошироко. На Балканскиот простор паралелно со вековниот интензивен и жесток натпревар меѓу екстрарегионалните точки на притисок, историјата исто така ни го потврдува и презентира вечниот непредвидлив и мошне крволочен натпревар меѓу определените центри на моќ во регионот (регионалните точки на притисок). Регионалниот напредок и ривалство се во длабока корелација и совпаѓање воспоставените комуникациски тенденции уште од периодот на изградбата на најзначајните главни римски комуникации.

„Затоа за разбирање на политиката во регионот, се бара разбирање на трите реалности на меѓусебно дејствување: меѓусебното дејствување на регионалните центри на моќта покрај линиите на политички интерес, првенствено диктирани од географијата; меѓусебното дејствување на екстрарегионалните точки на притисок што ги претставуваат светските геополитички трендови; и меѓусебното дејствување на регионалните центри на моќта и екстрарегионалните точки на притисок. Јасно е дека со спојувањето на интересите на сите точки, политичкиот пејзаж на регионот нема да е толку нескладен колку што е географскиот пејзаж. Освен тоа, политиката во регионот остана генерално непредвидлива, а тоа се должи на мноштвото актери што одговараат на мноштвото точки и на сложеното меѓусебно дејствување на сите точки. Она што

следи е обид емпириски да се покажат резултатите од општото меѓусебно дејствување на тенденцијата и предлагање начини за нивна промена". (Јанакос, 2009, стр. 56)

На Балканот се судираат интересите на многу вонрегионални играчи и тука се креираат нови геополитики, тесно поврзани и со „вечната" контрола на црноморските премини и Средоземното Море, кои во континуитет низ вековите жестоко ги конфронтираат интересите на водечките западни држави, а денес на вкупните водечки евроазиски држави.

Тоа што ќе следи ќе биде демонстрација и испробување на стратегијата за „управување со криза" и тоа првенствено во функција на остварување на нивните стратегиски интереси на Балканот, но и пошироко на глобален план.

Балканот во последната деценија на XX век кога повторно го зафатија крвави внатрешни конфликти, не е повеќе оној истиот од 1900 година, односно не е повеќе оној Балкан од пред двете години. Во суштина, ситуацијата во 2001 година, не е онаа истата од 1900, а уште помалку иста со онаа од почетокот на XX век. Динамичната и незадржлива трансформација на светот на политички, економски и технолошки план која беше сеопфатна, логично и неминовно го заплисна и Балканот. Во оваа смисла Балканот има „значајна" геостратегиска функција, но таа не е онаа истата од изминатото време. Балканот повеќе не може да биде толку геополитички интересен и посакуван за некои империи во чии рамки се наоѓал, а кои повеќе не постојат (иако имаат империјални амбиции за евентуално повторно враќање на Балканот). Денес под исти услови една криза на Блискиот, Далечниот Исток или во Јужна Африка може да биде посериозна, отколку некоја друга на Балканот (конфликтот во Сирија кои ги доведе големите светски играчи до работ на нова светска катастрофа, недвосмислено и целосно ја потврдува оваа сериозна констатација). Но тоа не значи, дека повторно на Балканот, односно во неговиот епицентар

Комбинирајќи ги империјалистичките стремежи интегрирани од минатото со националистичките екстремности диктирани од модерните идеологии и надворешните мешања и влијанија, лесно доаѓање до формулата за етничките конфликти и нивниот придружник – етничките чистења што ја карактеризираа историјата на современите балкански држави.

Според современите оценки на САД и НАТО кои се поклопуваат и со „старите оценки” за вредноста и геополитичкото и геостратегиското значење на нашиот простор низ историјата недвосмислено можеме да констатираме дека посебно просторот на Македонија заедно со Косовскиот геопростор го сочинуваат епицентарот на Балканот.

Сите наведени карактеристики на геостратегиската и воено-географската положба на Р. Македонија на Јужноевропското војувалиште укажуваат на нејзиното геостратегиско значење, на нејзината безбедносна осетливост во центарот на балканската ветрометина.

Од просторот на Македонија, големите светски играчи може да го контролираат целиот простор на Југоистокот на Европа – на запад до Виена, на север до Киев, односно на исток до Багдад и на југ до Каиро.

Балканот многу одамна на геополитичката карта на светот е одбележен како значаен геополитички јазол каде што се судираат интересите на светските играчи. Македонија е ситуирана во центарот на еден од светските геополитички јазли.[40]

Исто така, Македонија се наоѓа во балканската цивилизациско – контактна зона, како територија на взаемно влијание и непомирливо конфронтирање помеѓу трите големи цивилизации – романо – германската, источнохристијанската и исламската.

Според тоа, очигледно е и геостратегиски одлучувачко, дека интересите на околните простори морале да бидат упатени спрема таквото јадро (со огромно геостратегиско значење) во текот на сите историски и цивилизациски периоди. Геостратегиската позиционираност на централното јадро на македонскиот простор претставувало „црно злато” и трајна опасност за македонскиот простор која во крајна линија и во еден закономерен историски континуитет, неизбежно резултираше со негово распарчување и делење.

Балканската, а посебно македонската историја е посебно интересна како историја на еден крстопат што трпи различни и мошне опасни влијанија од регионалните и екстрарегионалните актери (точки на притисок).

Триаголникот Белград-Букурешт-Атина (ББА), кој ги има дунавските рамнини како своја основа и го допира Средоземното Море, е пресечен од триаголникот Загреб-

---

[40]Напомена: покрај Балканот, други најзначајни геополитички јазли се Кавказ, Блискиот Исток, Средна Азија чија геополитичка положба повеќе генерира несигурност, ризици и закани, за разлика од државите надвор од овие пространства ( меѓни конфликтни пространства)

Тирана-Истанбул (ЗТИ), кој ги поврзува Јадранското крајбрежје и протоците Босфор и Дарданели. Дихотомиите на двата триаголника создаваат една хоризонтална и една вертикална иска, чие меѓусебно дејствување е натпреварувачко и непријателско.

Точката на фокус на двата триаголници и кругот што ги опфаќа нив го претставува центарот (средиштето) што во историјата и денес се нарекува „македонско прашање". Центарот на геополитичкиот пресек на двата геостратегиски триаголници се наоѓа на просторот на Република Македонија.

Сериозната геополитичка анализа има целосна смисла доколку служи за формулирање на стратегија (геостратегија). Тоа е рамката која се исцртува со геополитичките фактори и во која се реализира конкретната геополитика на државата и коалицијата на држави. Во овој случај поимот на геополитика се користи во неговото друго значење – задолжително со доктрина за реално практично дејство – дејствување.

Во овој контекст неминовно треба да ја потенцираме и длабоката корелација помеѓу геополитиката, геополитичката анализа и геостратегијата, односно функцијата на геополитичката анализа, во дефинирањето и креирањето на геостратегијата на определена држава.

Во контекст на геополитичката и геостратегиската анализа за положбата на Р. Македонија неопходно е да потенцираме дека таа го зазема централниот дел на најопасниот, најнепредвидливиот и безбедносно најсензитивниот геополитички јазол во Европа и светот-Балканот.

Денес најзначајни и најсериозни геополитички јазли претставуваат Блискиот Исток, Средна Азија, Кавказот и најчесто како неизбежен регион – Балканот. Геополитичките јазли (региони) често пати го менуваат своето приоритетно значење низ фокусот на основните геополитички играчи (големите сили), националната безбедност на државите кои се наоѓаат во зафатот на геополитичките јазли (граничните конфликтни пространства). Соодветната геополитичка положба на државите лоцирани во овие региони закономерно генерира повеќе несигурност, поголем квантум на ризици и закани, отколку кај државите лоцирани надвор од овие ризични пространства.

Потенцијалната геостратегиска позиционираност на македонскиот простор во однос на големите пространства, геополитичките јазли и геополитичките клучни зони во текот на целата милениумска историја претставувало (црно злато) за судбината,

поделбите и страдањата на народот (народите) кои живееле во виорот на оваа опасна балканска ветрометина.

Анализата на геополитичката положба на Р. Македонија и на македонскиот етникум во минатото и денес недвосмислено ја потврдува констатацијата дека претставува единствен, специфичен и необично инструктивен од историски и современ аспект. Преку неговата анализа индиректно можеме да ги расветлуваме сите аспекти на меѓународните односи во Југоисточна Европа, во минатото и денес.

Сите историски и геополитички анализи недвосмислено укажуваат дека „македонскиот простор" во многу аспекти е единствен во Европа – практички готово никаде на Европскиот континент не постоеле такви територијални претензии на толу голем број мали и големи држави околу димензиите на толку релативно мало подрачје – и оваа констатација уште еднаш укажува на значењето на положбата и просторните односи за сфаќање на политичката историја и меѓународните односи во Европа". (Котовчевски, 1999, стр. 272)

Современата геополитичка положба на Р.Македонија ги носи сите јасни и препознатливи печати и белези од минатото, така што и новите современи тенденции се идентични со претходните геополитички и геостратегиски параметри и интереси.

Македонскиот простор географски е лоциран во зафатот на големата евроазиска табла која судбински ја определува светската геостратегиска и геополитичка, а во тој контекст и геостратегијата и геополитиката на Р. Македонија. На просторот на Евроазија и понатаму продолжува да се води борбата за светскиот примат во кои малите држави претставуваат само пиони во рацете на големите играчи од кои секој поСедува различна количина на моќ.

Р. Македонија географски е лоцирана во рамките на овој геополитички клучен континент, односно во рамките на неговата западна витална периферија, позиционираност која судбински влијаје врз историските настани, егзистирањето и опстанокот, подемите и падовите на Македонија на минатото и денес. Тоа ќе биде и „креатор" на нејзината судбина и иднина, тригер на војната и мирот, на безбедноста и стабилноста во регионот, а во тој контекст и во Р. Македонија.

Конфликтот во Р. Македонија кои по времето на Траењето, интензитетот на дејството, и бројот на жртвите спаѓа во категоријата на мал вооружен конфликт и

конфликт со низок интензитет, сепак е повеќеслоен, комплексен, комплициран, и тежок за прецизно и сеопфатно дефинирање без комплексна анализа на сите суштински детерминанти во конкретниот историски и геополитички контекст.

Од полемолошки и безбедносен аспект конфликтот по фази беше разгледуван како: инсурекција – тероризам од помал интензитет (во почетната фаза), тероризам со масовни размери (внатрешни и надворешни), прва фаза на вооружен бунт, атипичен пограничен вооружен судир, атипична воена интервенција. Од друг аспект беше разгледува и како мал вооружен конфликт, конфликт со низок интензитет, како „ транзициски конфликт“ (конфликт на идентитетот), како етнички конфликт, геополитички конфликт како етничко изразување.

Земајќи ги предвид влијанијата врз структурата и терминологијата на вооружените конфликти, дефинирањето на внатрешните вооружени конфликти станува се покомплексен предизвик.

Со анализата на конфликтот од 2001 година во Република Македонија од аспект на теориите за вооружените конфликти и конфликтологијата како посебна научна дисциплина ќе почнеме според теоретските детерминанти на Институтот за истражување на мирот и конфликтите на Универзитетот „Упсала“.

Според анализата и дефиницијата на „Милитари Баланс“ ОНА е прикажана во категоријата „недржавни вооружени групи“ и организации, кои се организирани и вооружени опозициони сили со добро позната политичка цел, и притоа дејствуваат независно без помош од државата или владата на истоимената држава. Групите се вклучени само ако тие имаат ефективна командна структура. Дефиницијата ги вклучува само оние групи кои најчесто се опишани како герилци, милициски сили, паравоени или самоодбранбени и терористички групи кои имаат политички цели кои предизвикале големи штети низ изминатите години. Исто така, од анализата произлегува и уште една констатација за варирањето на бројноста (јачината) на ОНА-приближните проценки. Во анализите од 2002-2003 година бројноста на ОНА изнесува 500-1000 припадници, додека во годишникот за 2005-2006 фигурира бројката „не повеќе од 2000-3000 луѓе“, што очигледно претставува значајна и недопустлива грешка за една сериозна анализа и студија претставена пред светот од угледниот „Милитари Баланс“. Исто така нивните ставови доста симптоматично „еволуираат“ и во врска со „целите, намерите и идеологијата“ на групите, посебно на ОНА.

Според сите неопходни критериуми (претходно презентирани) за детерминирање на конфликтите воопшто, во нашиот случај беспоговорно станува збор за вооружен конфликт. Бидејќи конфликтот се одвиваше во националните граници на територијата на Р. Македонија примарно станува збор за внатрешен вооружен конфликт (во кој според незванични и често експлоатирани внатрешни информации и извори бројот на жртви изнесуваше околу 200 од двете страни).

Според интензитетот на конфликтот врз основа на претходните податоци и квантитативни параметри, можеме да го дефинираме како вооружен конфликт со низок интензитет.

Врз основа на поделбата на конфликтите според типот од страна на Меѓународниот институт за истражување на мирот и конфликтите, конфликтот од 2001 година во Р. Македонија спаѓа во категоријата на конфликти од типот на интернационализиран внатрешен вооружен конфликт. Овој конфликт од самиот старт беше интернационализиран со фактот што најголемиот процент од неговите директно инволвирани „актери“ доаѓаа од државите од непосредното соСедство (Албанија и југот на Србија), од протекторатот Косово и од голем број на исламски држави од Блискиот Исток, Чеченија, Азербејџан и платеници од други европски држави и САД. Исто така, неговата интернационализација настапи и со директното и индиректното мешање на голем број други држави, меѓународни организации и институции посебно во неговата завршна фаза и во процесот на неговото разрешување.

Наместо заклучок, според овие анализи можеме да констатираме дека стануваше збор за интернационализиран внатрешен вооружен конфликт со низок (среден) интензитет.

Во овој конфликт примарно беше неговата геополитичка, а секундарно неговата интеретничка и политичка заднина/основа/заснованост, што беше посебно потенцирано и во првите комуникеа од ОНА, но и на нејзините поддржувачи.

Во овој контекст карактеристично е да потенцираме дека според друга (скоро идентична) поделба, конфликтот во Р. Македонија од 2001 година можеме да го класифицираме во категоријата мали, односно средни вооружени конфликти, во зависност од податоците за бројот на жртвите кои се идентични со податоците од претходната поделба.

Според анализата од аспект на т.н. „транзициски конфликт“ и неговиот примарен геополитички и геостратегиски аспект можеме да го детерминираме во категоријата на стратегиски вооружен конфликти, конфликт кој ги следеше во целост тогашните актуелни глобални текови и тенденции како „борба на инкомпатибилност“.

За поцелосно, попрецизно и објективно анализирање и дефинирање на современите внатредржавни (внатрешни) вооружени конфликти, на почеток е неопходно и суштински значајно да се елаборира концептот на инсурекција која претставува доминантен облик на внатредржавните вооружени судири во современиот свет.

Во тој контекст би констатирале дека според западната терминологија и учење (во конкретниот случај учењето на Пол Вилкинсон) дека покрај тероризмот, бунтот, конвенционалното војување (во револуционерните војни), гирилското војување како хипермобилна војна и саботажата претставуваат главни облици на вооружена борба во современите инсуркции и немаат никаква посебна позитивна конотација (независно дали ги нарекуваме или самите се нарекуваат терористи, бунтовници или герилци).

На крај, најважно е да се нагласи дека во историската и во општествена-научната истражувачка литратура за инсурекциите нема ништо што би водело до претпоставката дека вооружениот бунт е неизбежен, како ни тоа дека со точни методи на вооружената борба на бунтовничките групи може да се предвидат со примена на некоја општа формула.

Затоа, во теоријата, како и во праксата се појавуваат доста различни мислења и ставови кои се дијаметрално спротивни и спротивставени, нејасни, непрецизни, недоречени и во голема мера субјективистички детерминирани.

Со цел да се задржи било каква трајна вредност во овој широк и различно перципиран спектар на инсурекции во политичката наука и стратегиските студии, тие мораат конзистентно да се применуваат во склад со јасно дефинираните објективни научни критериуми.

Во денешно време, разликуваме четири типа на невладини вооружени формации како главна закана за безбедноста: бунтовници, терористи, милитанти и криминални организации. Тие претставуваат директна стратешка опасност за државите

во светот. Овие вооружени групи се разликуваат многу и спознавањето на тие разлики е од голема важност за борбата против спомнатите вооружени формации.

Успешниот бунт минува низ неколку фази на развој за процесот да биде окарактеризиран со терминот бунт мора да ја постигне и последната „фаза на зрелост", односно негова целосна трансформација во „отворена војна на бунтовничкото движење" (III фаза) што не беше случај во Р. Македонија.

Брзото и правовремено разрешување на конфликтот и енергичното запирање на неговата ескалација во самиот старт не дозволи негова трансформација и ескалација во повисоката (крајна) фаза, односно беше плански и смислено стопиран уште на почетокот на неговата втора фаза. Втората фаза – „фаза на герилска војна" не успеа да зајакне и да кулминира со изведување на пообемни операции (освен воените активности изведени од уфрлените претставници на КЗК, категорија што дава друг печат и квалификација на определени фази на конфликтот – атипична воена интервенција и атипичен пограничен судир).

Ескалацијата на конфликтот и негово прераснување во вооружен бунт кој ќе кулминира со отворена војна енергично беше попречен и со правовремената интервенција на ООН, САД, НАТО, ЕУ, бидејќи мошне е краток патот од целосната „полнолетност" на вооружениот бунт до отворена граѓанска војна која за краток временски интервал ќе се интернационализираше и ќе ескалираше во отворена регионална војна (нова балканска војна) со несогледиви последици за европската и светската безбедност. Овие прогнозирани опасности и проценки претставуваа најголема брана и силен мотив за правовремено разрешување на конфликтот во Р.Македонија од страна на сите инволвирани меѓународни и домашни актери. „Бунтот" во Р.Македонија остана во рамката на неговата прва фаза (селектирани и масовни терористички дејства), односно имаше негова релативно краткотрајна трансформација во почетните етапи на втората фаза, кратко време пред потпишувањето на договорот за прекин на огнот (помали герилски напади, поставување на заСеди и мини на патиштата итн).

Хипотетички, доколку вооружениот бунт ги постигнеше трите фази и целосно се трансформираше во вистински бунт според сите стандарди тоа ќе беше бунт во категоријата на традиционални и сецесионистички бунтови (според современата западна класификација).

Новите многубројни поделби и класификација на конфликтите (во најголем број случаи излишни и парафилозофски) направени врз основа на користените технологии, степенот на интензитет и насилство во борбите, важноста на населението и други специфични детерминанти, меѓусебно се контрадикторни, исклучиви и збунувачки.

Теориите и поделбите на конфликтите во последната декада на минатиот и двете декади на новиот век не се сосема прецизни и јасни како што не е јасна и анализата на конфликтите во насока дали се работи за војна, граѓанска војна, вооружен бунт, тероризам, организиран криминал или „прекршување на човековите права“.

Но без да навлегуваме во нова теоретска расправа околу „новиот терминолошки конфликт“ поврзан со карактерот и суштината на новите конфликти, прогресирањето на нерегуларното во однос на регуларното, ќе констатираме дека ниту еден од овие називи не е вистински задоволителен (некои се историски погрешни, други се непрецизни, некои претставуваат само новитети, други се однесуваат само на определен случај и тн.).

Но според нас, во овој временски контекст и ниво на развој на воената научна мисла и конфликтологијата, најприфатлив би бил терминот ирегуларно (неправилно) војување бидејќи во себе ги содржи и категориите „конфликти со низок интензитет“ и „конфликти со среден интензитет“ – категории што ги детерминиравме и прифативме како едни од типичните обележја на конфликтот во Република Македонија од 2001 година. Новите војни во овој контекст се претставени како комбинација на „традиционалната легитимност и модерната рационалност“. Во ова соѕвездие на конфликти на новото време како поинтересни, поспецифични и покарактеристични категории карактеристични за нашето истражување ќе ги издвоиме следните: „асиметрични конфликти“, „други операции освен војна“, „хибридни војни“, „нестандардна (валкана) војна“, „постмодерни војни“ и тн.

Во оваа насока неизбежно е да потенцираме дека оваа терминолошка шареноликост и конфузија се рефлектира и во научната заедница, во политичката, дипломатската и новинарската терминологија со определена доза на пристрасност и субјективизам.

Во спротивно, грешките било да се намерни или ненамерни, ќе бидат неизбежни, недопустливи, а понекогаш и фатални посебно во научната сфера, доколку

не се следат новите научни достигнувања во оваа мошне динамична и променлива сфера и мистериозен лавиринт обвиткан со велот на политичките игри и манипулации.

Инволвираноста и директното учество во извршување на борбени операции на КЗК во Македонија (нивно уфрлување во определени етапи на конфликтот) недвосмислено говори за изведување на атипчна (нестандардна) воена интервенција од територијата на протекторатот на ООН (територијата на Косово, попрецизно од просторот на секторот „Исток“ кое беше под надзор на американскиот контингент на КФОР.

Конфликтот што зафати определени делови од територијата на Р. Македонија во 2001 година претставува мошне комплексен феномен, последен во серијата продолжени внатрешни насилни конфликти што го зафатија регионот во последната декада на минатиот век и почетокот на првата декада на новиот век.

Со оглед на неговата сериозност и огромната потенцијална конфликтна енергија како и можноста за негова ескалација, трансформација и интернационализација, доби висок приоритет од страна на меѓународната заедница за спречување на неговото понатамошно проширување.

Меѓународната заедница со право стравуваше од можноста за неговото проширување со вклучувањето на некои, или на сите соСедни балкански држави на Македонија, потенцијална опасност што би значела вовед во нова, поопасна и поширока балканска (регионална) војна.

Сложеноста, непредвидливоста сериозноста и опасноста на овој навидум релативно мал воен конфликт непрекинато ќе иницира нови научни предизвици и ќе претставува комплексна основа за нови научни истражувања.

# 10 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


[1] Abercrombie, N., Hill, S. and Turner, B. S. (1994). *The Penguin Dictionary of Sociology*. London: Penguin.

[2] Agner, J. I. (1982). *The Quest for Victory: The History of the Principles of War*. Westport: Greenwood Publishing Group.

[3] Agnew, J. (1999). *Mapping Political Power beyond State Boundaries: Territory, Identity, and Movement in World Politics.* Millennium: Journal of International Studies 28 (3).

[4] Agnew, J. (2002). *Geopolitics*. London: Routledge (second edition).

[5] Agnew, J. (2003). *Geopolitics: Re-visioning World Politics, 2nd edn*. London: Routledge.

[6] Agnew, J. (2005). *Sovereignty Regimes: Territoriality and State Authority in Contemporary World Politics.* Annals of the Association of American Geographers vol.95,No. 2.

[7] Agnew, J. (2005). *Hegemony: The New Shape of Global Power.* Philadelphia: Temple University Press.

[8] Agnew, J. and Corbridge, S. (1995). *Mastering Space: Hegemony, Territory and International Political Economy.* New York: Routledge.

[9] Agnew, J. and Corbridge, S. (1989). *The New Geopolitics: The Dynamics of Geopolitical Disorder*. In: Johnston, R. and Taylor, P. ed., *A World in Crisis*. Oxford: Blackwell.

[10] Agnew, J., Mitchell, K. and Tuathail G.O. (eds.) (2003). *A Companion to PoliticalGeography*. Oxford: Blackwell.

[11] Anderson, B. (1992). *Imagined Communities.*New York: Verso.

[12] Arai, T. (2007). *Conflict and Development, Course Materials*. Vermont, USA.

[13] Arraguin-Toft, I. (2005). *How the Weak Win Wars. A Theory of Asymetric Conflict.* Cambridge: Cambridge University Press.

[14] Atkinson, D. and Dodds, K. (2000) *Introduction: Geopolitical Traditions: A Century of Geopolitical Thought. In K. Dodds and D. Atkinson (eds.) Geopolitical Traditions: A Century of Geopolitical Thought.* London: Routledge.

[15] Auranov, S. (1998). *Trilateralna komisija*. Veternik: IDI.

[16] Bell-Fialkoff, A. (1996).*Ethnic Cleansing*. London: Macmillan.

[17] Bennett, J. (1992). *Kundera, Coetzee and the Politics of Anonymity*. In: Seery, J. and Conway, D., ed.,*Politics and Irony*. New York: St. Martin's Press.

[18] Biddle, S. (2004). *Military Power: Explaining Victory and Defeat in Modern Battle*. Princeton: Princeton University Press.

[19] Blainey, G. (1988). *The Causes of War*. New York: Free Press.

[20] Bloom, W. (1990). *Personal Identity, National Identity and International Relations*. Cambridge: Cambridge University Press.

[21] Bodenski, J. (1998). Ofanziva na Balkan, Pretnja od shirenja rata kao posledica instrane intervencije u BIH.

[22] Boue, A. (1854*). Recueil d`itineraries la Turquie d`Europe* (Vol. 2). Vienna.

[23] Boulding, K. (1978). *Stable Peace*. Texas: University of Texas Press.

[24] Boyle, M. (2008). A Good Act of Contrition?: Geography, Civilizational Thinking and the Colonial Present, *Geopolitics*, Vol. 13.

[25] Brancoff, D. M. (1905). *La Macedoine et sa population chretienne*. Paris: Libraire Plon

[26] Brewer M. B. and Miller N. (1996). *Journal of Abnormal and Social Psychology*. New York: Brooks/Col.

[27] Brown, M. E. (ed.) (1993). *Ethnic Conflict and International Security*. Princeton: Princeton University Press.

[28] Bueno de Mesquita, B. and Lalman, D. (1992). *War and Reason: Domestic and International Imperatives*. New Haven: Yale University Press.

[29] Bueno de Mesquita, B. (1981). *The War Trap*. New Haven: Yale University Press.

[30] Brzezinski, Z. (2001). *Velika Shahovska tabla*. Podgorica, Banja Luka: Romanov.

[31] Cahnman, W. J. (1943). Concepts of Geopolitics. *American Sociological Review*, Vol. 8, No. 1.

[32] Campbell, D. (1993). *Politics without Principle: Sovereignty, Ethics, and the Narratives of the Gulf War*. Boulder: Lynne Rienner.

[33] Campbell, D. (1998). *Writing Security: United States Foreign Policy and the Politics of Identity, 2nd edn*. Minneapolis: University of Minnesota Press.

[34] Campbell, D. (1999). *Apartheid Geography: The Political Anthropology and Spatial Effects of International Diplomacy in Bosnia. Political Geography 18 (4).*Newcastle: Department of Politics, University of Newcastle.

[35] Canetti, E. (1973). *Crowds and Powers*. London: Penguin.

[36] Cashman, G. (1993). *What Causes War? An Introduction to Theories of International Conflict*. New York: Lexington Books.

[37] Chaliand, G. (2008). *Guerres irregilieres*. Paris: Gallimard.

[38] Chutrova, E., (2008). *"Extreme" Right Party in Macedonia*. Collège Universitaire de Sciences Po: Dijon.

[39] Clogg, R. (1976). *The Movement for Greek Independence, 1770-1821*. London: MacMillan.

[40] Clover, C. (1999). Dreams of the Eurasian Heartland, *Foreign Affairs*, Vol. 78., No.2. Ithaca: Cornell University Press.

[41] Covey, S. R. (2004). *Seven Habits of Highly Effective People*. London: Simon & Schuster.

[42] Cohen, S. B. (2003). *Geopolitics of the World System*. Lanham: Rowman and Littlefield.

[43] Coleman, M. (2004). *Geopolitics as a Social Movement: The Causal Primacy of Ideas. Geopolitics 9 (2).* London: Routledge Informa Ltd.

[44] Coleman, M. (2005). *US Statecraft and the US–Mexico Border as Security–Economy Nexus. Political Geography 24 (2).* Los Angeles: University of California.

[45] Coleman, M. (2007). *A Geopolitics of Engagement: Neoliberalism, the War on Terrorism, and the Reconfiguration of US Immigration Enforcement. Geopolitics 12*. Columbus: Ohio State University.

[46] Coleman, M. and Agnew, J. (2007) *The Problem with Empire*. In: Elden, S. ed.*Foucault and Geography*. Aldershot: Ashgate.

[47] Cowen, D. and Gilbert, E. (eds.) (2007). *War, Citizenship, Territory*. New York: Routledge.

[48] . Crousse, F. (1998). *La Peninsule Greco-Slave.* Brussels.

[49] Dalby, S. (1991). *Critical Geopolitics: Discourse, Difference and Dissent, Environment and Planning D: Society and Space*, No. 9. In: Toal, G. ed., *Critical Geopolitcs: The Politics of Writitng Global Space*. London: Routledge.

[50] Dalby, S. (1990). *Creating the Second Cold War: The Discourse of Politics*. New York: Guilford.

[51] Dalby, S. (2002). *Environmental Security*. Minneapolis: University of Minnesota Press.

[52] Dittmer, J. (2005). *Captain America's Empire: Reflections on Identity, Popular Culture, and Post-9/11 Geopolitics. Annals of the Association of American Geographers 95 (3).*Oxfordshire: Taylor & Francis, Ltd.

[53] Dodds, K.(2001). Political Geography III: Critical Geopolitics After Ten Years, *Progress in Human Geography,* Vol. 25, No. 3. Egham: University of London.

[54] Dodds, K. (2007). *Geopolitcs: A Very Short Introduction.* New York: Oxford University Press.

[55] Dodds, K. (2000). *Geopolitics in a Changing World.* Edinburgh: Pearson Education Limited.

[56] Dodds, K. (2002). *Pink Ice: Britain and the South Atlantic Empire.* New York: I.B. Tauris.

[57] Dodds, K. (2003). *Licensed to Stereotype: Popular Geopolitics, James Bond and the Spectre of Balkanism. Geopolitics 8 (2).* London: University of London.

[58] Dodds, K. (2005). *Global Geopolitics: A Critical Introduction.* Harlow: Pearson.

[59] Dodds, K. (2006). *Popular Geopolitics and Audience Dispositions: James Bond and the Internet Movie Database (IMDb). Transactions of the Institute of British Geographers 31 (2).*London: University of London.

[60] Dodds, K. and Atkinson, D. ed. (2000). *Geopolitical Traditions: A Century of Geopolitical Thought.* London: Routledge.

[61] Dodds, K. and Ingram, A. ed. (2009) *Spaces of In/Security: New Geographies of the War on Terror.* Aldershot: Ashgate.

[62] Dodds, K. and Sidaway, J. (2004). *Halford Mackinder and the "Geographical Pivot of History": A Centennial Retrospective. Geographical Journal 170 (4).*Singapore: University of Singapore.

[63] Dowler, L. and Sharp, J. (2001). A *Feminist Geopolitics? Space and Polity 5 (3).* Abingdon: Routledge.

[64] Durant, W. (1944). *Caesar and Christ.* New York: Simon and Schuster.

[65] Eldridge, A. E. (1979). *Images of Conflict.* New York: St. Martin's Press.

[66] Enloe, C.H. (2004). *The Curious Feminist: Searching for Women in an Age of Empire.* Berkeley: University of California Press.

[67] Ferguson, N. (1998). *The Pity of War.* London: The Penguin Press.

[68] Fischer, T. (1906). *Mittelmeerbilder.* Leipzig.

[69] Fleming, E. K. (2001*). Orijentalizam, Balkan i balkanska istoriografija. Filozofija i drustvo, XVIII.* New York: New York University.

[70] Flint, C. (2006). *Introduction to Geopolitics*. London: Routledge.

[71] Flint, C. ed. (2005). *The Geography of War and Peace: From Death Camps to Diplomats*. Oxford: Oxford University Press.

[72] Flusty, S. ed. (2008). *Banal Neoimperialism (discussion forum). Political Geography 27 (6).*Vancouver: University of British Columbia

[73] Freeman, E. A. (1877). *„Race and Language", Contemporary Review 29*. London: Macmillan.

[74] Friedman, N. (2000). *The Fifty-Year War: Conflict and Strategy in the Cold War*. Annapolis: Naval Institute Press

[75] Galula, D. (2006). *Counterinsurgency Warfare: Theory and Practice*. Westport: Praeger Security International.

[76] Gilmartin, M., and Kofman, E. (2004). *Critically Feminist Geopolitics*. In: Staeheli, L. A.,Kofman, E. and Peake, L. J. ed.*Mapping Women, Making Politics*. London: Routledge.

[77] Girard, R. (2009). Une presidentielle a un seul candidat, le grand gachis afghan. Le Figaro , 6.

[78] Gleny, M. (2001). *The Balkans: Nationalism, War and the Great Powers, 1804-1999*. London: Penguin Book.

[79] Goodall, B. (1987). *Dictionary of Human Geography*. London: Penguin Books.

[80] Goldsworthy, V. (2014). *Inventing Ruritania: The Imperialism of the Imagination*. London: Hurst Publishers.

[81] Gregory, D. (1994). *Geographical Imaginations*. Oxford: Blackwell.

[82] Gregory, D. (2004). *The Colonial Present*. Oxford: Blackwell.

[83] Gregory, D. and Pred, A. ed. (2006). *Violent Geographies: Fear, Terror and Political Violence*. New York: Routledge.

[84] Grondin, D. (2004). „Re(Writing) the 'National Security State': How and Why Realists (Re)Built the(ir) Cold War." Paper presented at the annual meeting of the Internatioanl Studies Association. Le Centre Sheraton Hotel, Montreal, Quebec, Canada.

[85] Guide to the Analysis of Insurgency, (1980). Central Intelligence Agency, n.d.

